**ЗАКОН ЗА ИНСОЛВЕНТНОСТ**

## Содржина


**ДЕЛ ПРВИ**

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

| | |
|---|---|
| **Член 1** | **Предмет на законот** |
| **Член 2** | **Значење на употребени поими** |
| **Член 3** | **Целта на постапката за превентивно преструктуирање и предстечајна реорганизација** |
| **Член 4** | **Целта на стечајната постапка** |
| **Член 5** | **Лица над чиј имот се спроведува постапка за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и стечајната постапка** |
| **Член 6** | **Лица над чиј имот не се спроведува постапка за превентивно преструктуирање предстечајна реорганизација и стечајна постапка** |

**ДЕЛ ВТОРИ**

**ОСНОВНИ ПРОЦЕСНИ ОДРЕДБИ**

| | |
|---|---|
| **Член 7** | **Месна надлежност и состав на судот** |
| **Член 8** | **Изземање на судија** |
| **Член 9** | **Примена на одредбите на Законот за парничната постапка** |
| **Член 10** | **Начела на постапките** |
| **Член 11** | **Доставување** |
| **Член 12** | **Јавно објавување** |
| **Член 13** | **Дозволеност на поведување на постапките** |
| **Член 14** | **Одлуки** |
| **Член 15** | **Правни лекови** |
| **Член 16** | **Постапка по поднесената жалба** |
| **Член 17** | **Враќање во поранешна состојба и вонредни правни лекови** |
| **Член 18** | **Трошоци на постапката** |

**ДЕЛ ТРЕТИ**

**ПОСТАПКА ЗА ПРЕВЕНТИВНО ПРЕСТУКТУИРАЊЕ**

| | |
|---|---|
| **Член 19** | **Целта на постапката за превентивно преструктуирање** |
| **Член 20** | **Договор за финансиско преструктуирање** |
| **Член 21** | **Услови за отворање на постапката за превентивно преструктуирање** |
| **Член 22** | **Овластен предлагач** |
| **Член 23** | **Процесни пречки за отворање на постапката за превентивно преструктуирање** |
| **Член 24** | **Предлог за отворање на постапка за превентивно преструктуирање** |
| **Член 25** | **Постапување на судот по непотполн предлог** |

| | |
|---|---|
| Член 26 | Одлучување по предлогот за отворање на постапка за превентивно преструктурање |
| Член 27 | Влијание на започнување на постапката за превентивно преструктуирање на предстечајната реорганизација и стечајната постапка |
| Член 28 | Правни последици од отворањето на постапката за превентивно преструктуирање |
| Член 29 | Влијание на отворање на постапката за превентивно преструктуирање на извршните постапки и постапките за обезбедување |
| Член 30 | Застој на застареноста и доспеаност на побарувањата |
| Член 31 | Влегување во сила на договорот за финансиско преструктуирање |
| Член 32 | Одобрување на договорот за финансиско преструктуирање |
| Член 33 | Уредување на барањето за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање |
| Член 34 | Одлучување по барањето за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање |
| Член 35 | Запирање на постапката за превентивно преструктуирање |
| Член 36 | Правно дејство на договорот за финансиско преструктуирање |
| Член 37 | Приоритет на наплата на побарувањата кои настанале во текот на постапката за превентивно преструктуирање и исклучување на побивање |
| ДЕЛ ЧЕТВРТИ | |
| | ПОСТАПКА ЗА ПРЕДСТЕЧАЈНА РЕОРГАНИЗАЦИЈА |
| Член 38 | Услови за отворање на постапката за предстечајна реорганизација |
| Член 39 | Органи на постапката за предстечајна реорганизација |
| Член 40 | Надлежности на судот |
| Член 41 | Повереник |
| Член 42 | Должности на повереникот |
| Член 43 | Предлагачи за отворање на постапката за предстечајна реорганизација |
| Член 44 | Процесни пречки за отворање на постапката на предстечајна реорганизација |
| Член 45 | Предлог за отворање на постапка на предстечајна реорганизација |
| Член 46 | Извештај за финансиската состојба и работењето на должникот |
| Член 47 | План за реорганизација |
| Член 48 | Авансирање на трошоци за спроведување на предстечајна реорганизација |
| Член 49 | Постапување на должникот по поднесување на предлог |
| Член 50 | Испитување на поднесениот предлог |

Член 51 Одлучување по предлогот за отворање на предстечајна реорганизација

Член 52 Правни последици од постапката за отворање на предстечајна реорганизација
Член 53 Работење на должникот по отворање на постапката
Член 54 Забрана за поведување и водење на парнични, извршни, управни и постапки за обезбедување
Член 55 Постапување на носителот на платен промет
Член 56 Застареност на побарувањата и течење на камата
Член 57 Постапка за потврдување на прегледот на побарувањата доставен од должникот
Член 58 Правно дејство на прегледот на побарувањата
Член 59 Разгледување на планот за реорганизација
Член 60 Рочиште за разгледување на планот за реорганизација
Член 61 Рочиште за гласање по планот
Член 62 Право на глас
Член 63 Потребно мнозинство
Член 64 Одобрување на планот за реорганизација
Член 65 Правни последици од одобрениот план за реорганизација и надзор над негово исполнување
Член 66 Запирање на постапката за предстечајна реорганизација
Член 67 Решение за запирање на постапката за предстечајна реорганизација

ДЕЛ ПЕТТИ

СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Прва глава УСЛОВИ ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА
Член 68 Услови за отворање стечајна постапка
Член 69 Неспособност за плаќање
Член 70 Презадолженост
Втора глава ОРГАНИ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА
Член 71 Органи на стечајната постапка
Член 72 Овластувања на судот

СТЕЧАЕН УПРАВНИК

Член 73 Положба и надлежности на стечајниот управник
Член 74 Обврски на стечајниот управник
Член 75 Извештаи на стечајниот управник
Член 76 Други извештаи на стечајниот управник
Член 77 Упатства на судот
Член 78 Одговорност за причинета штета
Член 79 Застареност на побарувањата за надомест на штета
Член 80 Осигурување од одговорност за штета
Член 81 Награда на стечајниот управник
Член 82 Трошоци на стечајниот управник
Член 83 Исплата на трошоци и обврските на стечајна маса

Член 84 Одмерување и исплата на наградата и трошоците во стечајната постапка
Член 85 Надзор над работата на стечајните управници
Член 86 Комисија именувана од министерот
Член 87 Стекнување лиценца за вршење на работите стечаен управник
Член 88 Одземање и престанување на лиценцата за вршење на работите стечаен управник
Член 89 Почетна обука
Член 90 Испит за стекнување уверение за овластен стечаен управник
Член 91 Обновување на лиценцата за стечаен управник
Член 92 Регистар на стечајни управници
Член 93 Избор на суд во кој стечајниот управник ја врши должноста стечаен управник
Член 94 Привремено мирување на именување на стечајниот управник во нови стечајни постапки
Член 95 Управување со регистарот на стечајни управници
Член 96 Услови за именување на стечајните управници
Член 97 Постапка за именување на стечајниот управник
Член 98 Именување на друг стечаен управник
Член 99 Разрешување на стечајниот управник
Член 100 Постапка за разрешување на стечајниот управник
Член 101 Правни последици од разрешување на стечајниот управник
Член 102 Должности на стечајниот управник

Комора на стечајните управници и дисциплинска одговорност на стечајните управници

Член 103 Комора на стечајните управници
Член 104 Надлежности на комората
Член 105 Начин на вршење надзор на комората над стечајните управници
Член 106 Надзор над работата на комората
Член 107 Положба на членовите на комората
Член 108 Органи на комората
Член 109 Статут и други акти на комората
Член 110 Дисциплинска одговорност на стечајните управници
Член 111 Дисциплински санкции
Член 112 Евиденција на изречени дисциплински мерки
Член 113 Орган на дисциплинската постапка
Член 114 Поведување на дисциплинската постапка
Член 115 Постапка пред дисциплинската комисија
Член 116 Застареност

ОДБОР НА ДОВЕРИТЕЛИ

Член 117 Одбор на доверители како орган на доверителите
Член 118 Основање на одбор на доверители по предлог на стечајниот управник
Член 119 Членови на одборот на доверители
Член 120 Број на членови на одбор на доверители
Член 121 Престанување на својството член на одбор на доверители

| | |
|---|---|
| **Член 122** | **Разрешување на членовите на одборот на доверители** |
| **Член 123** | **Одговорност на членовите на одборот на доверители** |
| **Член 124** | **Надлежности на одборот на доверители** |
| **Член 125** | **Постапка во врска со давање мислење или согласност од одборот на доверителите** |
| **Член 126** | **Постапка во врска со разгледување на извештај или мислење на стечајниот управник или согласност на одборот на доверителите** |
| **Член 127** | **Одлучување на одборот на доверители** |
| **Член 128** | **Претседател на одбор на доверители** |
| **Член 129** | **Застапување на членовите на одборот на доверители** |
| **Член 130** | **Присуство на седниците на одборот на доверители** |
| **Член 131** | **Свикување на седници на одборот на доверители** |
| **Член 132** | **Место на одржување на седниците на одборот на доверители** |
| **Член 133** | **Тек на седницата на одборот на доверители** |
| **Член 134** | **Награда за работата и надоместок на трошоците** |
| | **СОБРАНИЕ НА ДОВЕРИТЕЛИ** |
| **Член 135** | **Свикување на собранието на доверители** |
| **Член 136** | **Свикување на друго собрание на доверители** |
| **Член 137** | **Седници на собранието на доверители и одлучување** |
| **Член 138** | **Право на глас** |
| **Член 139** | **Укинување на одлука на собранието на доверители** |
| **Член 140** | **Овластувања на собранието на доверители** |
| **Трета глава** | **ПОВЕДУВАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА** |
| **Член 141** | **Овластени предлагачи** |
| **Член 142** | **Предлог за отворање на стечајна постапка** |
| **Член 143** | **Повлекување на предлог** |
| **Член 144** | **Испитување на предлог за отворање на стечајна постапка и авансирање на трошоци на стечајна постапка** |
| **Член 145** | **Постапка по предлогот поднесен од доверителот** |
| **Член 146** | **Постапка по предлогот поднесен од должникот** |
| **Глава четврта** | **ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА** |
| **Член 147** | **Поведување на претходна постапка во случај кога предлогот за отворање на стечајна постапка е поднесен од доверител** |
| **Член 148** | **Обврска за давање на известувања во текот на претходната постапка** |
| **Член 149** | **Мерки на обезбедување** |
| **Член 150** | **Привремен стечаен управник** |
| **Член 151** | **Објава на ограничување на располагање** |
| **Член 152** | **Правно дејство на ограничувањето за располагање** |
| **Член 153** | **Укинување на мерките на обезбедување** |
| **Член 154** | **Обврските на привремениот стечаен управник пред разрешувањето** |
| **Глава петта** | **ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА** |
| **Член 155** | **Рочиште за испитување на услови за отворање на стечајна постапка** |

Член 156 Преземање на долгот
Член 157 Одлучување по предлогот
Член 158 Случаи во кои отворената стечајна постапка не се спроведува
Член 159 Содржина на решението за отворање на стечајна постапка
Член 160 Закажување на испитно рочиште и извештајно собрание
Член 161 Оглас за отворање на стечајна постапка
Член 162 Доставување и објавување на решението за отворање на стечајна постапка
Член 163 Правни лекови
Член 164 Стечајна постапка од мала вредност
Глава шеста ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ОТВОРАЊЕТО НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА
ОСНОВНИ ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ
Член 165 Настапување на правните последици
Член 166 Преминување на овластувањата од должникот на стечајниот управник
Член 167 Располагање на должникот
Член 168 Фирма на должникот
Член 169 Сметки на должникот
Член 170 Сметка отворена за вршење на платниот промет за потребите на стечајната постапка
Член 171 Престанок на важност на должниковите понуди
Член 172 Застој на застареноста на побарувањата на должникот
ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ И ПОБАРУВАЊАТА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ
Член 173 Побарувања и права на доверителите
Член 174 Непристигнати побарувања
Член 175 Повремени давања
Член 176 Претворање на непарично побарување во парично побарување
Член 177 Претворање на побарувања изразени во странски валути
Член 178 Побарувања подложни на раскинлив или одложен услов
Член 179 Прекинување на застарување на побарувањата
Член 180 Одговорност на повеќе лица
Член 181 Права на солидарни содолжници и гаранти
Член 182 Право на пребивање во стечајна постапка
Член 183 Забрана на пребивање на побарувањата по отворање на стечајната постапка
Член 184 Забрана на пребивање на побарувањана стечајниот должник стеканти по отворање на стечајната постапка
Член 185 Недопуштеност на пребивање
Член 186 Камати
Член 187 Исклучување на другите облици на правно стекнување
Член 188 Забрана за отуѓување или оптоварување
ПРОЦЕСНО ПРАВНИ ПОСЛЕДИ ОД ОТВОРАЊЕТО НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА
Член 189 Прекинување на постапките
Член 190 Продолжување на постапките кога стечајниот должник е тужител или предлагач

Член 191 Продолжување на постапките кога стечајниот должник е тужен
Член 192 Продолжување на парницата и стечајната постапка
Член 193 Предлог за продолжување на парницата
Член 194 Влијание на продолжување на постапката на трошоците
Член 195 Влијание на правните последици на извршување и постапките за обезбедување
Член 196 Престанок на правата стекнати со извршување или во постапка за обезбедување
Член 197 Влијание на отворената стечајна постапка на започнатото извршување или постапки за обезбедување
Член 198 Недозволеност на извршување или обезбедување
Член 199 Решение за прекинување на присилно извршување по отворање на стечајната постапка
Член 200 Забрана на извршување заради остварување на побарувања спрема стечајната маса
Член 201 Наследство
Член 202 Поделба на имот на правна заедница
Член 203 Заедничка штета

ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ЛИЧНА ОДГОВОРНОСТ НА НЕОГРАНИЧЕНО ОДГОВОРНИТЕ СОДРУЖНИЦИ НА ДОЛЖНИКОТ

Член 204 Примена на правилата
Член 205 Лично одговорните содружници како странки на стечајната постапка
Член 206 Посебни правила за стечајната маса
Член 207 Правните последици од отворена стечајна постапка

ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ И ПРАВНИТЕ РАБОТИ

Посебни правила за взаемно неисполнети двострано товарни договори

Член 208 Исклучок на побарувањата врз основа на взаемно неисполнети двострано товарни договори
Член 209 Посебни правила за взаемно неисполнетите двострано товарни договори
Член 210 Право на стечајниот управник на неисполнување на двострано товарниот договор
Член 211 Правни последици од откажувањето од взаемно неисполнет двострано товарен договор
Член 212 Фиксни договори и термински договори
Член 213 Деливи чинидби
Член 214 Финансиски лизинг
Член 215 Задржување на правото на сопственост
Член 216 Закупни односи
Член 217 Откажување на договор за закуп
Член 218 Располагање со побарувања од закупен однос
Член 219 Договор за вработување
Член 220 Престанок на налогот и на договорот за извршување на работите
Член 221 Престанок на полномошно
Член 222 Ништовност на договорните одредби

| | |
|---|---|
| **Глава седма** | **ПОБИВАЊЕ НА ПРАВНИ ДЕЈСТВА НА СТЕЧАЈНИОТ ДОЛЖНИК** |
| **Член 223** | **Престанување на правото за побивање на правни дејствија според општите правила на облигационото право** |
| **Член 224** | **Правни дејства кои можат да се побиваат** |
| **Член 225** | **Дозволено намирување** |
| **Член 226** | **Недозволено намирување** |
| **Член 227** | **Правни работи со кои доверителите непосредно се оштетуваат** |
| **Член 228** | **Намерно оштетување** |
| **Член 229** | **Правни работи без надоместок или со безначаен надоместок** |
| **Член 230** | **Тајно друштво** |
| **Член 231** | **Исплата на менични и чековни обврски** |
| **Член 232** | **Блиски лица** |
| **Член 233** | **Засметување на роковите пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка** |
| **Член 234** | **Време на преземање на правното дејство** |
| **Член 235** | **Извршна исправа** |
| **Член 236** | **Плаќање во готово** |
| **Член 237** | **Правни средства и правни последици од побивањето** |
| **Член 238** | **Правата на противникот на побивање** |
| **Член 239** | **Побивање против правни следбеници** |
| **Член 240** | **Правни дејства по отворањето на стечајната постапка** |
| **ДЕЛ ШЕСТИ** | **СТЕЧАЈНА МАСА, УПРАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ ШТО ВЛЕГУВА ВО СТЕЧАЈНАТА МАСА** |
| **Глава прва** | **СТЕЧАЈНА МАСА** |
| **Член 241** | **Поим на стечајна маса** |
| **Член 242** | **Основна и посебна стечајна маса** |
| **Член 243** | **Делбена стечајна маса** |
| **Глава втора** | **ПРЕДАВАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИМОТОТ ШТО ВЛЕГУВА ВО СТЕЧАЈНАТА МАСА** |
| **Член 244** | **Преземање на имотот што влегува во стечајната маса** |
| **Член 245** | **Обврски на органите на управување и застапување на стечајниот должник** |
| **Член 246** | **Преземање на имот од стечајниот должник и трето лице** |
| **Член 247** | **Асистенција на полиција** |
| **Член 248** | **Управување со стечајната маса** |
| **Член 249** | **Склучување на договор за заем на имотот кој е дел од стечајната маса** |
| **Член 250** | **Вложување на финансиски средства на стечајниот должник** |
| **Член 251** | **Попис на имотот што влегува во стечајната маса** |
| **Член 252** | **Утврдување на правен статус на имот кој не е запишан во јавните книги** |
| **Член 253** | **Список на доверители и должници** |
| **Член 254** | **Преглед на имотот и обврските** |
| **Член 255** | **Депонирање во стечајното досие** |
| **Член 256** | **Чување и архивирање на трговските книги, сметководствените документи и финансиските извештаи** |

Член 257 Сметководство според законски прописи
Член 258
Завршување на започнатите, незавршени работи и продолжување на натамошното работење на стечајниот должник
Член 259 Општо правило за работење за време на отворена стечајна постапка
Член 260 Завршување на започнатите, незавршени работи
Член 261 Услови за продолжување на деловниот потфат на должникот
Член 262 Посебни правила кои се однесуваат на продолжување на деловната активност на стечајниот должник
ДЕЛ СЕДМИ ПРИЈАВУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ ВО СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА
Глава прва Стекнување и престанок на процесна легитимација на доверителите
Член 263 Стекнување на процесна легитимација на доверителот
Член 264 Престанок на процена легитимација на доверителот
Глава втора ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА
Член 265 Побарувања кои се пријавуваат во стечајна постапка
Член 266 Пријава на право на одвоено намирување од предмети и права
Член 267 Рок во кој се пријавува побарување
Член 268 Содржина на пријавата за побарување
Член 269
Член 270 Пријава за право на одвоено намирување
Член 271 Постапување по ненавремена и неуредна пријава
Член 272 Произнесување по пријавено побарување
Член 273 Приговор против табелата за испитани побарувања
Член 274 Дополнување на табелата за испитани побарувања
Член 275 Оспорување на побарување на друг доверител
Член 276 Испитно рочиште
Член 277 Утврдување на побарувањето
Член 278 Излачни права
Член 279 Оспорени побарувања
Член 280 Продолжување на парница
Член 281 Вредност на предметот на спорот
Глава трета Посебни процесни правила кои се однесуваат парниците поведени врз основа на овој закон
Член 282 Постапка по тужбите за утврдени побарувања
Член 283 Правно дејство на пресуда за утврдување
ДЕЛ ОСМИ ОДЛУКА ЗА НАЧИНОТ НА РАСПОЛАГАЊЕ
Глава Прва
Член 284 Извештај за економско-финансиската состојба на должникот
Член 285 Одлука за натамошното постапување
Член 286 Разгледување на иницијатива на доверител за реорганизација
Член 287 Одлука за впаричување на стечајната маса
Член 288 Решение на судот

| | |
|---|---|
| Глава втора | Начин и постапка за претворање на имотот од стечајната маса во пари |
| Член 289 | Впаричување на стечајната маса |
| Глава трета | Продажба на недвижниот и подвижниот имот кој преставува стечајна маса |
| Член 290 | Определување на вредноста на имотот кој влегува во стечајна маса |
| Член 291 | Постапка за продажба на имотот |
| Член 292 | Начин на продажба на имотот |
| Член 293 | Почетна цена на јавното наддавање и депозит |
| Член 294 | Постапка за продажба на имотот по електронски пат |
| Член 295 | Одлука за продажба |
| Член 296 | Одлука за постапување по неуспешна продажба |
| Член 297 | Посебни случаи на продажба на имот |
| Глава четврта | ВПАРИЧУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ВРЗ КОИ Е СТЕКНАТО ПРАВО НА ОДВОЕНО НАМИРУВАЊЕ |
| Член 298 | Располагање со недвижности |
| Член 299 | Продажба на подвижни предмети на кои постои право на одвоено намирување |
| Член 300 | Известување на доверителот |
| Член 301 | Известување за намера на продажба |
| Член 302 | Заштита на доверителот од одолжување на продажбата |
| Член 303 | Распределба на приходите |
| Член 304 | Пресметка на трошоците |
| Член 305 | Друга употреба на подвижните предмети |
| Глава петта | ИСПЛАТИ ОД СТЕЧАЈНАТА МАСА |
| Член 306 | Решение за исплата |
| Член 307 | Исплата на трошоците на стечајната постапка |
| Член 308 | Видови трошоци на стечајната постапка |
| Глава шеста | РАСПРЕДЕЛБА НА ВПАРИЧЕНАТА СТЕЧАЈНА МАСА ИСПЛАТА НА ПОБАРУВАЊАТА |
| Член 309 | Побарувања кои се земаат во предвид при распределба на оштата впаричена маса |
| Член 310 | Исплатни редови при исплата од општата впаричена делбена маса |
| Член 311 | Приоритени необезбедени побарувања |
| Член 312 | Обични необезбедени побарувања од повисок исплатен ред |
| Член 313 | Обични необезбедени побарувања од понизок исплатен ред |
| Глава седма | ВИДОВИ И ПОСТАПКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА |
| Член 314 | Авансна и конечна распределба |
| Член 315 | План за распределба |
| Член 316 | План за авансна распределба |
| Член 317 | Оспорените побарувања и планот за распределба |
| Член 318 | Намирување на доверителите со право на одвоено намирување |
| Член 319 | Намирување на побарувањата што подлежат на одложен услов |
| Член 320 | Дополнително намирување |
| Член 321 | Конечна распределба на средствата |

| | |
|---|---|
| **Глава осма** | **ЗАВРШНО СОБРАНИЕ НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ** |
| **Член 322** | **Завршно собрание на доверителите** |
| **Член 323** | **Депонирање на задржаните средства** |
| **Член 324** | **Вишок што произлегол од конечната распределба** |
| **Глава девета** | **ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА** |
| **Член 325** | **Решение за заклучување на стечајната постапка** |
| **Член 326** | **Права на стечајните доверители по заклучување на постапката** |
| **Глава десета** | **ДОПОЛНИТЕЛНА (ОДЛОЖЕНА) РАСПРЕДЕЛБА** |
| **Член 327** | **Решение за спроведување на дополнителна (одложена) распределба** |
| **Член 328** | **Спроведување на дополнителна распределба** |
| **Член 329** | **Дополнително сразмерно намирување** |
| **Глава единаесета** | **ЗАПИРАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА** |
| **Член 330** | **Запирање поради непостоење имот што влегува во стечајната маса** |
| **Член 331** | **Известување за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса** |
| **Член 332** | **Намирување на доверителите на стечајната маса** |
| **Член 333** | **Забрана за извршување** |
| **Член 334** | **Запирање на постапката по известувањето дека не постои имот што влегува во стечајната маса** |
| **Член 335** | **Запирање на постапката поради дополнително утврдено непостоење на основи за отворање стечајна постапка** |
| **Член 336** | **Запирање на постапката со согласност на доверителите** |
| **Член 337** | **Постапка по предлогот за запирање на стечајната постапка** |
| **Член 338** | **Објавување и правно дејство на запирањето на стечајната постапка** |
| **ДЕЛ ДЕВЕТИ** | **ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА** |
| **Глава прва** | **ПОДНЕСУВАЊЕ И СОДРЖИНА НА ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА** |
| **Член 339** | **Лица овластени за поднесување на план за реорганизација** |
| **Член 340** | **Начини на реорганизација на стечајниот должник** |
| **Член 341** | **Содржина на планот на планот за реорганизација** |
| **Член 342** | **Подготвителен дел на планот за реорганизација** |
| **Член 343** | **Содржискиот дел на планот за реорганизација** |
| **Член 344** | **Стварно правни односи** |
| **Член 345** | **Преглед на имотот и финансиски план и план на резултатите** |
| **Член 346** | **Натамошни прилози** |
| **Член 347** | **Групирање на доверителите** |
| **Член 348** | **Доверители со право на одвоено намирување** |
| **Член 349** | **Права на стечајните доверители** |
| **Член 350** | **Права на доверителите од пониски исплатни редови** |
| **Член 351** | **Одговорност на должникот** |
| **Член 352** | **Начело на еднакво постапување спрема сите учесници** |
| **Глава втора** | **ПОСТАПКА ПО ПОДНЕСЕНИОТ ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА** |
| **Член 353** | **Испитување на планот** |
| **Член 354** | **Изјаснување за планот** |

Член 355 Правно дејство на планот над имот со заложно право
Член 356 Јавно објавување на планот за реорганизација
Глава трета ПРИФАЌАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА
Член 357 Собрание за расправа и за гласање по предложениот план за реорганизација
Член 358 Спојување со испитното рочиште со собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација
Член 359 Гласачки права на стечајните доверители
Член 360 Гласачки права на доверителите со право на одвоено намирување
Член 361 Преглед на правата на глас
Член 362 Измени на планот за реорганизација
Член 363 Потребно мнозинство за усвојување на планот
Член 364 Забрана на опструкција
Член 365 Согласност на должникот
Член 366 Одобрување на планот за реорганизација
Член 367 Повреда на постапката
Глава четврта ПРАВНО ДЕЈСТВО НА ОДОБРЕНИОТ ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА И НАДЗОР ВРЗ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНОТ
Член 368 Овластување за извршување и правно дејство на планот за реорганизација
Член 369 Неисполнување на планот за реорганизација
Член 370 Оспорени побарувања - сé уште ненамирени обврски
Член 371 Извршување на основа на решението за одобрување на планот за реорганизација
Член 372 Заклучување на стечајната постапка
Член 373 Правно дејство на заклучувањето на стечајната постапка
Член 374 Надзор врз спроведувањето на планот за реорганизација
Член 375 Права и обврски на стечајниот управник
Член 376 Должност за известување на стечајниот управник
Член 377 Правни дејства што бараат претходно одобрение
Член 378 Кредит
Член 379 Пониско рангиран статус за новите доверители
Член 380 Објавување на надзорот
Член 381 Укинување на надзорот
Член 382 Трошоци за надзорот
Член 383 Отворање стечајна постапка
ДЕЛ ДЕСЕТИ ЛИЧНО УПРАВУВАЊЕ ОД ДОЛЖНИКОТ
Член 384 Претпоставки
Член 385 Дополнително определување на лично управување
Член 386 Укинување на решението за лично управување
Член 387 Јавно објавување
Член 388 Правен статус на повереникот
Член 389 Претходно одобрение на повереникот
Член 390 Согласност на одборот на доверители
Член 391 Условување на полноважноста на правните дејства со добивање претходно одобрение

Член 392 Средства за живот и за издршка на должникот
Член 393 Одговорност за причинета штета
Член 394 Известување на доверителите
Член 395 Располагање со предмети или права врз кои постои право на одвоено намирување
Член 396 Намирување на стечајните доверители
Член 397 План за реорганизација
ДЕЛ ЕДИНАЕСЕТИ ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПРЕОСТАНАТИТЕ ОБВРСКИ
Член 398 Основна одредба
Член 399 Барање на должникот
Член 400 Право на предлог
Член 401 Решение на судот
Член 402 Одбивање да се даде ослободување од преостанатите обврски
Член 403 Известување за ослободувањето од преостанатите обврски
Член 404 Правен статус на повереникот
Член 405 Награда за повереникот
Член 406 Рамноправен третман на доверителите
Член 407 Обврски на должникот
Член 408 Повреда на обврските
Член 409 Осуда за сторено кривично дело
Член 410 Минимална награда за назначениот повереник
Член 411 Правни последици кога судот одбил да го ослободи должникот од преостанатите обврски
Член 412 Решение за ослободување од преостанатите обврски
Член 413 Правно дејство на ослободувањето од преостанати обврски
Член 414 Иземени побарувања
Член 415 Одбивање да се даде ослободување од преостанати обврски
ДЕЛ ДВАНАЕСЕТИ ПОСЕБНИ ВИДОВИ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА
Глава прва СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ВРЗ ИМОТ НА УМРЕНО ЛИЦЕ -ТРГОВЕЦ
Член 416 Месна надлежност
Член 417 Можност за отворање на стечајна постапка
Член 418 Лица кои имаат право да предложат отворање на стечајна постапка
Член 419 Право да се поднесе предлог за отворање на стечајна постапка на заедничкиот брачен имот
Член 420 Рок за поднесување предлог за отворање на стечајна постапка
Член 421 Причини за отворање на постапката
Член 422 Извршување по наследувањето
Член 423 Побивање на правните дејства на наследниците
Член 424 Трошоци на наследникот
Член 425 Обврски на стечајната маса
Член 426 Обврски поврзани со оставината
Член 427 Побарувања на наследниците
Член 428 Пониско рангирани побарувања
Член 429 Враќање на предмети

| | |
|---|---|
| **Член 430** | **Наследни спорови** |
| **Член 431** | **Купување на оставината** |
| **Член 432** | **Истовремена инсолвентност на наследник** |
| **Глава втора** | **СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ВРЗ ЗАЕДНИЧКИ ИМОТ НА БРАЧНИ ДРУГАРИ** |
| **Член 433** | **Упатување на стечајна постапка отворена врз имот на умрено лице** |
| | **СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ВРЗ ЗАЕДНИЧКИОТ БРАЧЕН ИМОТ СО КОЈ ЗАЕДНИЧКИ И СПОГОДБЕНО УПРАВУВАЛЕ И РАСПОЛАГАЛЕ ОБАТА БРАЧНИ ДРУГАРИ** |
| **Член 434** | **Право да се поднесе барање и услови за отворање на стечајна постапка** |
| **Член 435** | **Лична одговорност на брачните другари** |
| **ДЕЛ ТРИНАЕСЕТИ** | **МЕЃУНАРОДЕН СТЕЧАЈ** |
| | **ОПШТИ ОДРЕДБИ** |
| **Член 436** | **Обем на примена** |
| **Глава прва** | **МЕЃУНАРОДНА НАДЛЕЖНОСТ НА СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** |
| **Член 437** | **Исклучива меѓународна надлежност** |
| **Член 438** | **Меѓународна надлежност спрема деловната единица, односно имотот на странскиот стечаен должник во Република Македонија** |
| **Член 439** | **Основни начела** |
| **Член 440** | **Излачни и разлачни права** |
| **Член 441** | **Договор за работа** |
| **Член 442** | **Пресметување** |
| **Член 443** | **Соработка на стечајни управници** |
| **Глава втора** | **ПРЕТПОСТАВКИ И ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ СТРАНСКА ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА** |
| **Член 444** | **Примена на општите правила за признавање странска судска одлука** |
| **Член 445** | **Месна надлежност и состав на судот** |
| **Член 446** | **Предлог за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка** |
| **Член 447** | **Претпоставки за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка** |
| **Член 448** | **Одредување привремени мерки и забрана на извршување и обезбедување** |
| **Член 449** | **Оглас по повод предлогот за признавање** |
| **Член 450** | **Испитување претпоставки за признавање** |
| **Член 451** | **Решение за признавање** |
| **Член 452** | **Жалба против решение за признавање** |
| **Член 453** | **Признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка како претходно прашање** |
| **Глава трета** | **ВАЖЕЊЕ НА ПРИЗНАТА СТРАНСКА ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА** |

| | |
|---|---|
| | ПРИЗНАВАЊЕ ПО ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
| Член 454 | Признавање странска одлука во случај на претходно отворена стечајна постапка во Република Македонија |
| Член 455 | Признавање без последици од отворање на стечајна постапка во Република Македонија |
| | Општо правило |
| Член 456 | Извршување и обезбедување |
| Член 457 | Располагање на стечајниот должник |
| Член 458 | Услуги во корист на стечајниот должник |
| Член 459 | Пребивање |
| Член 460 | Привилегирани побарувања, излачни и разлачни доверители |
| Член 461 | Признавање странска одлука со последица за отворање на стечајна постапка во Република Македонија |
| Член 462 | Отворање на посебна стечајна постапка во Република Македонија на предлог на доверителите |
| Член 463 | Овластувања на странскиот стечаен управник |
| Член 464 | Намирување на доверители |
| Член 465 | Посебна стечајна постапка во странска држава |
| Член 466 | Пријава на побарувањата во странската стечајна постапка |
| Член 467 | Соработка на стечајните управници |
| Глава четврта | НЕПРИЗНАВАЊЕ СТРАНСКА ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА |
| Член 468 | Одбивање предлог за признавање |
| Член 469 | Жалба |
| Член 470 | Предлог за отворање на стечајна постапка кога странската одлука за отворање на стечајна постапка не може да се признае |
| | СТРАНСКИ ПОРАМНУВАЊА И ДРУГИ СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ |
| Член 471 | Странска одлука за одобрување на порамнување или странски план за реорганизација |
| ДЕЛ ТРИНАЕСЕТИ | ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ |
| Член 472 | Примена на досегашното право |
| Член 473 | Примена на овој закон |
| Член 474 | |
| Член 475 | |
| Член 476 | |
| Член 477 | |
| Член 478 | |
| Член 479 | |
| Член 480 | |

**ЗАКОН ЗА ИНСОЛВЕНТНОСТ**

**Дел први**

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Предмет на законот**

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат:

- целите и условите за отворање и спроведување на постапката за превентивно преструктуирање, постапката за предстечајна реорганизација врз основа на предложен план за реорганизација(во понатамошниот текст: постапка за предстечајна реорганизација) и правните последици од отворањето на овие постапки;

- целите и условите за отворање и спроведување на стечајната постапка, органите на стечајната постапка, правните последици од отворање на стечајната постапка над должник правно лице, управувањето, располагањето и продажбата на имотот што влегува во стечајната маса; намирувањето на побарувањата на доверителите во стечајната постапка;

- спроведување на постапката по поднесен план за реорганизација во стечајната постапка;

- целите и условите за отворање и спроведување на стечајната постапка над должник поединец, правните последици од спроведување на стечајната постапка, ослободувањето од другите обврски; посебните видови стечајни постапки со статус на на трговец;

- личното управување

- стечајните постапки со странски елемент и други прашања во врска со стечајната постапка

**Значење на употребени поими**

**Член 2**

претпријатие ЗТД
поврзани друштва и лица согласно одредбите од Законот за трговските друштва

**Целта на постапката за превентивно преструктуирање и предстечајна реорганизација**

**Член 3**

Постапката на превентивно преструктуирање се води со цел да му се овозможи на должникот за кого е веројатно дека за период од една година ќе стане неспособен за плаќање согласно член 21 од овој закон, врз основа на договорот за финансиско преструктуирање склучен со доверителите да преземе мерки за преструктуирање на своите обврски и други мерки за финансиско преструктуирање потребни за надминување на причините за престојната неспособност за плаќање.

Постапката за предстечајна реорганизација се води со цел да се изврши финансиско преструктуирање на должниковиот потфат кој ќе овозможи:
1. сегашните содружници на должникот да можат да го задржат уделот во основната главнина кој одговара на вредноста на преостанатиот имот на должникот кој би го примиле во случај ако над должникот била отворена стечајна постапка;

2. поповолни услови за доверителите за исплата на нивните побарувања, од оние доколку над должникот е отворена стечајна постапка, имајќи го во предвид исплатниот ред на побарувањата.
3. дека ќе продолжи деловниот потфат на должникот односно рентабилниот дел на тој потфат.

**Целта на стечајната постапка**
**Член 4**

(1) Стечајната постапка има за цел колективно намирување на доверителите на стечајниот должник (во натамошниот текст: должник) со вparичување на должниковиот имот и распределба на остварените средства (приходи) на доверителите.

(2) Стечајната постапка може да се спроведе и преку реорганизација со поднесување на план за реорганизација во стечајна постапка под услови предвидени со овој закон.

**Лица над чиј имот се спроведува постапка за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и стечајната постапка**
**Член 5**

(1) Постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација како и стечајната постапка се спроведува над имотот на должник - правно лице и должник - поединец.

(2) Постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација како и стечајната постапка може да се спроведат и над имот на правно лице во кое државата Република Македонија или единиците на локална самоуправа се содружници односно акционери.

(3) Стечајна постапка може да се спроведе и над имот на стопанска интересна заедница, над имот на умрено лице и над заедничкиот имот на брачните другари.

(4) Стечајната постапка може да се отвори и по ликвидацијата на трговско друштво, сé додека не е започнато впаричување на имот кој влегува во ликвидационата маса.

**Лица над чиј имот не се спроведува постапка за превентивно преструктуирање предстечајна реорганизација и стечајна постапка**
**Член 6**

(1) Постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и стечајната постапка не можат да се спроведат над имотот на:

- Република Македонија,
- фондовите кои се финансираат од буџетот на Република Македонија,
- фондовите за пензиско и инвалидско осигурување,
- фондот за здравствено осигурување,
- органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа,
– други правни лица со јавно овластување, ако тие со посебен закон не се иземени од стечајната постапка.

(2) Постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација не може да се спроведе над банки, штедилници, друштва за осигурување, брокерски друштва, финансиски друштва, друштва за лизинг и други финансиски институции.

(3) Одредбите од овој закон кои се однесуваат на стечајната постапка се применуваат на стечајните постапка над банки, штедилници, друштва за осигурување и

брокерски друштва, финансиски друштва, друштва за лизинг и други финансиски институции, доколку поинаку не е уредено со друг закон.

## Дел втори
## ОСНОВНИ ПРОЦЕСНИ ОДРЕДБИ
### Месна надлежност и состав на судот
### Член 7

(1) Во постапката за превентивно преструктуирање и предстечајна реорганизација и стечајната постапка исклучиво месно е надлежен основниот суд на чие подрачје се наоѓа седиштето на должникот.

(2) Во постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и стечајната постапка, не може да се поднесе барање за определување на друг месно надлежен суд.

(3) Еднаш заснована месна надлежност на судот, од денот на поднесувањето на предлогот за поведување на постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и стечајна постапка, не може да се измени без оглед на околностите на случајот.

(4) Постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и стечајната постапка во прв степен ја спроведува судија поединец.

(5) Судот кој донел решение за отворање на постапката за превентивно преструктуирање и предстечајна реорганизација и стечајната постапка е исклучиво месно надлежен за решавање по тужбите кои настанале во врска со постапката за превентивно преструктуирање и предстечајна реорганизација и по одобрување на планот за реорганизација односно отворената стечајна постапка.

(6) Барањето од став 2 од овој член, судот ќе ги отфрли како недозволено.

(7) Против решението од став 6 од овој член не е дозволена жалба.

### Изземање на судија
### Член 8

(1) Во постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и стечајната постапка, барање за изземање на судија со образложени причини може да се поднесе најдоцна три дена пред одржувањето на закажаното рочиште.

(2) По барањето од ставот (1) на овој член, одлучува претседателот на судот во рок од три дена од поднесувањето на барањето. Доколку претседателот на судот не одлучи по поднесеното барање за изземање во оставениот рок, судијата може да продолжи со работа на предметот.

(3) Во текот на постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и стечајната постапка, ист подносител има право да поднесе само едно барање за изземање.

(4) Не е допуштено да се бара изземање на сите судии на судот како и претседателот на судот доколку тој не постапува по конкретен предмет.

(5) Барањето поднесено спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, ќе го отфрли претседателот на судот. Против решението за отфрлање не е дозволена жалба.

(6) Ако се прифати барањето за изземање на судијата согласно став (2), ќе бидат укинати сите дејствија кои судијата ги преземал.

**Примена на одредбите на Законот за парничната постапка**

**Член 9**

Во постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и стечајната постапка соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка, ако со овој закон поинаку не е определено.

**Начела на постапките**

**Член 10**

(1) Постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и стечајната постапка се поведува по предлог на овластено лице.

(2) Постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и стечајната постапка се итни. Судот е должен процесните дејствија да ги преземе во роковите определени со овој закон. При вршење на надзорот над работата на повереникот или стечајниот управник судот е должен да настојува сите дејствија во постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и стечајна постапка да бидат преземени во роковите определени со овој закон.

(3) Судовите и другите државни органи се должни приоритетно да ги земат во работа сите предмети кои се поврзани со постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и стечајна постапка во кои странка на постапката се повереникот и стечајниот управник.

(4) Судот може да ги донесува одлуките и без усна расправа.

(5) Судот може да се откаже од сослушување на должникот кога тоа е пропишано со овој закон, или ако лицата овластени за застапување на должникот врз основа на закон или лицата кои имаат удел или акции кај должникот, односно должникот - поединец, се со непознато престојувалиште или се наоѓаат во странство, ако нивното сослушување би довело до прекумерно одолжување на постапката.

(6) Предлози, изјави и приговори не можат да се даваат, односно да се поднесуваат, ако се пропушти рокот или рочиштето, односно собранието на кое требало да се дадат или поднесат, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

**Доставување**

**Член 11**

(1) Судските писмена што се упатени на широк круг лица се доставуваат, ако со овој закон поинаку не е определено, со прикачување на писмената на огласна табла за стечај во судот (во натамошниот текст: огласна табла), како и на огласната табла кај должникот. Доставувањето се смета за извршено по истекот на третиот ден на прикачувањето на писмената на огласна табла.

(2) Кога според одредбите од овој закон судски писмена или други писмена на стечаен орган треба да се достават на должникот или на некое друго лице кое има седиште запишано во трговскиот регистар, доставувањето се врши на адреса на седиштето на тоа лице запишано во регистарот. Ако доставувањето не може да се изврши на таа адреса,тогаш доставувањето се врши со прикачување на писмената на огласна табла во судот.Доставувањето се смета дека е извршено по истекот на третиот ден сметано од денот на прикачувањето на писмената на огласна табла.

(3) На лице со непознато место на живеење судот му определува привремен застапник за прием на писмената, ако нема полномошник за прием на писмена. Во

таков случај доставувањето се врши на полномошникот за примање на судските писмена или на привремениот застапник.

(4) За доставувањата извршени преку огласна табла се води евидентен регистар според временскиот редослед на објавувањето, посебно спрема секој должник. Овој регистар е јавен и мора да биде достапен на секое заинтересирано лице во текот на целото работно време на судот.

(5) За покана којашто треба да биде доставена на учесник во постапката за присуство на рочиште, односно собрание ако учесникот биде уредно поканет, а не се јави на рочиштето, односно собранието и не го оправда своето отсуство, судот нема натамошна обврска да го повикува. По негово барање судот е должен да му врачи покана во судот.

(6) Министерот за економија ја пропишува содржината и начинот на водење на евидентниот регистар.

(7) Доставувањето на судските писмена и на другите писмена на стечајните органи што ги врши судот, судот може да му ги довери на стечајниот управник.

(8) Стечајниот судија и стечајниот управник се одговорни за доставување на поканите до членовите на одборот на доверители за првата седница на одборот на доверители.

**Јавно објавување**

**Член 12**

(1) Судските писмена (одлуки, покани, известувања и друго) што треба јавно да се објават се доставуваат до Централниот регистар којшто ги објавува преку интернет на својата веб страница, а се објавуваат и во "Службен весник на Република Македонија", како и на огласната табла во судот, во целост или во дел што го определува судот. Во објавеното писмено треба точно да се наведе фирмата, односно името и презимето на должникот, неговото седиште, адресата, единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС), единствен даночен број (ЕДБ), сметката и предметот на работењето.

(2) Јавното објавување произведува дејство по истекот на осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија". По воспоставувањето на трговскиот регистар и регистарот на другите правни лица, јавното објавување за субјектите запишани во овие регистри ќе произведува правно дејство наредниот ден по објавувањето на веб страницата на Централниот регистар.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, одлуките за објавување на повик за одржување на собранијата на доверители, известувањето за вршење на увид во табелата за утврдени и оспорени побарувања, како и известувањето за вршење увид во планот за конечна распределба на стечајната маса, се објавува и на веб страницата на Централниот регистар преку системот на е-стечај и во еден од трите најтиражни дневни весници во претходната година кои се дистрибуираат на територијата на целата територија на Република Македонија.

(4) Во случај на погрешно објавен податок од ставот (1) на овој член се објавува исправка во истото гласило и на истата веб страница. Роковите почнуваат повторно да течат со денот на објавената исправка.

(5) Јавното објавување на судските писмена е доказ дека е извршено нивно доставување до сите учесници во стечајната постапка, ако е извршено во согласност со овој закон.

(6) Одлуките во врска со отворена, запрена и заклучена стечајна постапка и други судски одлуки кои имаат дејство врз податоците запишани во трговскиот регистар и

регистарот на други правни лица задолжително се запишуваат во регистарската влошка. Податоците издадени од Централниот регистар се сметаат за веродостојни.

**Дозволеност на поведување на постапките**
**Член 13**

(1) За време на спроведување на ликвидација над друштвото согласно одредбите од ЗТД над друштвото не е дозволено спроведување постапката за превентивно преструктуирање и предстечајна реорганизација.

(2) Ако е отворена постапка за превентивно преструктуирање или постапка за предстечајна реорганизација се до нејзино завршување не е допуштено отворање на стечајна постапка и впаричување на имотот на должникот.

(3) Ако доверителот поднел предлог за отворање на стечајна постапка пред поведување на постапката за превентивно преструктуирање односно предстечајна реорганизација по кои судот сеуште не одлучил или доверителот предлогот го поднел по отворањето или пред крајот на постапката за превентивно преструктуирање или предстечајна реорганизација, судот ќе го прекине одлучувањето по предлогот за поведување на стечајна постапка поднесен од доверителот до правосилно завршување на постапката за превентивно преструктуирање односно предстечајна реорганизација.

(4)Предлогот за отворање на стечајна постапка поднесен од доверителот согласно став 3 од овој член по правосилноста на решението за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање и одобрување на планот за реорганизација во предстечајна реорганизација, судот ќе го отфрли. Против решението за отфрлање на предлогот не е дозволена жалба.

**Одлуки**
**Член 14**

(1)Одлуките во постапката за превентивно преструктуирање, предстечајната реорганизација и стечајната постапка судот ги донесува во форма на решение и заклучок.

(2) Со заклучокот се издава налог на службено лице или на орган на стечајната постапка за вршење одделни дејства, кога тоа со овој закон е определено.

**Правни лекови**
**Член 15**

(1) Против решенијата на судот донесени во постапката за превентивно преструктуирање, предстечајната реорганизација и стечајната постапка може да се изјави жалба до второстепениот суд, ако со овој закон не е поинаку определено.

(2)Жалбата се поднесува во рок од осум дена по приемот на првостепено решение преку првостепениот суд до второстепениот суд, ако со овој закон не е поинаку определено.

(3)Жалбата против решението од ставот (1) на овој член не го задржува извршувањето, освен ако со овој закон поинаку не е определено

(4) Против процесните решенија со кои судијата од член 7 став 4 на овој закон раководи со постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и стечајна постапка не е дозволена жалба.

(5) Ако против решението е дозволено поднесување на посебна жалба согласно одредбите на овој закон, првостепениот суд е должен да ги умножи списите од предметот на кои жалбата се однесува и заедно со жалбата да ги испрати до

второстепениот суд на одлучување. За времето додека второстепениот суд не одлучи по поднесената жалба судот ќе ги преземе дејствијата во постапката кои можат да се преземат пред правосилноста на побиеното решение, ако со овој закон не е поинаку определено.

(6) Против заклучокот може да се изјави приговор во рок од три дена од приемот. По приговорот одлучува судот со решение против кое е дозволена жалба.

**Постапка по поднесената жалба**

**Член 16**

(1) Првостепениот суд со решение, ќе се ја отфрли, ненавремената, недозволената или нецелосната жалба. За нецелосна жалба се смета и жалбата, ако на денот на поднесувањето не е доставен доказ за платена такса.

(2)Навремената, дозволената и целосната жалба првостепениот суд ја доставува до спротивната страна.

(3) Второстепениот суд носи решение по поднесената жалба најдоцна во рок од 30 дена по приемот на жалбата, освен ако со овој закон не е утврден друг рок.

(4) Кога второстепениот суд ќе го укине решението и предметот го враќа на првостепениот суд на повторно судење, првостепениот суд е должен најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, да ги изведе сите дејствија и да ги расправи сите прашања на кои укажал второстепениот суд .

(6) Ако според овој закон доставувањето се врши со прикачување на судското писмено на огласна табла, рокот за жалба почнува да тече по истекот на третиот ден од денот на прикачувањето на писменото на огласна табла, освен ако доставувањето не е извршено и со јавно објавување.

(7) Ако според овој закон решението треба да се достави на одредени лица, рокот за поднесување на жалба тече наредниот ден од денот на доставувањето, освен ако доставувањето не е извршено и со јавно објавување.

.

**Враќање во поранешна состојба и вонредни правни лекови**

**Член 17**

Во постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и во стечајната постапка не може да се изјават предлог за враќање во поранешна состојба и вонредни правни лекови.

**Трошоци на постапката**

**Член 18**

Во постапката за превентивно преструктуирање, предстечајна реорганизација и во стечајната постапка секој доверител ги поднесува своите трошоци, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

## ДЕЛ ТРЕТИ
## Постапка за превентивно преструктуирање

### Целта на постапката за превентивно преструктуирање
### Член 19

Постапката за превентивно преструктуирање се спроведува со цел на должникот за кој е веројатно дека за време од една година ќе биде инсолвентен да му се овозможи врз основа на договор за финансиско преструктуирање да преземе одредени мерки за преструктурање на своите обврски и други мерки кои ќе бидат потребни за ги надмине причините заради кои може да стане неспособен за плаќање (инсолвентен).

### Договор за финансиско преструктуирање
### Член 20

(1)Договор за финансиско преструктуирање е договор кој го склучил должникот со доверителите со кој:

1. учесниците со договорот ги дефинирале
- обврските спрема доверителите
- потребните мерки за финансиско преструктуирање
- рокот на спроведување на тие мерки
- условите под кои се спроведуваaат тие мерки

2. се воспоставуваат други меѓусебни права и обврски во поглед на финансиското преструктуирање

(2)Кон договорот се приложува преглед на побарувања од член 24 став 2 на овој закон.

(3)Доколку, како мерка на финансиско преструктуирање, договорот определува намалување или одлагање на достасаноста на необезбедени побарувања, со него мора да се предвиди, дека сите необезбедени побарувања, ќе имаат ист процент на намалување на достасаното побарување и ист рок на одложување на настапување на достасаноста, освен ако одреден доверител изрично се согласи со поголем процент на намалување на достасаноста на побарувањето или подолг рок на одложеното достасување на неговите необезбедени побарувања.

(4)Ако договорот како мерка за финансиско преструктуирање предвидува запирање на достасаноста на обезбедените побарувања или промена на договорената каматна стапка, тогаш во договорот ќе треба за сите обезбедени побарувања да се одреди ист рок за запирање на достасаноста, но не повеќе од пет години сметано од правосилноста на решението за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање или промена на договорената каматна стапка, освен ако одреден доверител изрично се согласи на подолг рок на одложено достасување на своите обезбедени побарувања или уште поголемо намалување на каматните стапки на договорената камата.

(5) Достасаноста на побарувања на Република Македонија и локалните заедници во случај кога се согласиле да склучат договор за финансиско преструктуирање неможат да бидат одложени на подолг рок од пет години од денот на правосилноста на решението за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање.

## Услови за отворање на постапката за превентивно преструктуирање
## Член 21

(1)Постапката за превентивно преструктуирање може да се отвори ако судот утврди постоење на идна неспособност за плаќање.

(2) Идна неспособност за плаќање постои ако судот утврди дека кај должникот се уште не настапила неспособност за плаќање (инсолвентност) и е веројатно дека таа ќе настапи за период од една година.

(3) Се претпоставува дека се исполнети условите за отворање на постапката за превентивно преструктуирање од став 1 на овој член, ако со отворање на постапката за превентивно преструктуирање се согласуваат доверителите кои имаат побарувања спрема должникот кои заедно сочинуваат 30% од износот на сите побарувања на доверителите спрема должникот.

(4)Ако доверителите кои имаат побарувања спрема должникот кои заедно сочинуваат 30% од вкупниот износ на побарувањата на доверителите спрема должникот побараат постапката за превентивно преструктуирање да се прекине се смета дека не е исполнет условот од став 2 на овој член.

## Овластен предлагач
## Член 22

(1) По предлогот за отворање на постапката за превентивно преструктуирање поднесен од овластен предлагач одлучува судот.

(2) Предлог за отворање на постапка за превентивно преструктуирање е овластен да поднесе застапникот по закон на должниот.

## Процесни пречки за отворање на постапката за превентивно преструктуирање
## Член 23

(1) Предлогот за отворање на постапката за превентивно преструктуирање не е дозволен ако:

1. е вложен пред истекот на две години од денот кога судот со правосилно решение го одобрил договорот за превентивно преструктуирање на должникот и неговите доверители;
2. над должникот е отворена постапката за престечајна реорганизација, а која сеуште не е правосилно завршена;
3. е вложен пред истекот на две години од денот кога должникот ги исполнил сите обврски по одобрен план за реорганизација во постапката за предстечајна реорганизација;
4. над должникот е отворена стечајна постапка;

(2) Предлогот за поведување на постапката за превентивно реструктуирање ќе биде прифатен и покрај ограничувањата предвидени во точките 1, 2 и 3 од став (1) на овој член, ако со поведување на оваа постапка се согласни доверителите кои збирно имаат најмалку 75% од износот на сите побарувања спрема должникот

**Предлог за  отворање на постапка за превентивно преструктуирање**
**Член 24**

(1) Предлогот за отворање на постапката за превентивно преструктуирање  мора да содржи:
1. фирма, односно име и презиме на должникот, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот
2. опис на околностите  од кои произлегува веројатноста  дека должникот за  период од една година  ќе  стане  неспособен за плаќање;
3. барање судот да ја отвори постапката за превентивно преструктуирање

(2) Кон предогот за отворање на постапка за превентивно преструктуирање мора да се приложи:
1. преглед на побарувањата  на доверителите кои  не се наплатени од  должникот со состојба на  последното тромесечје  пред вложување на предлогот  за отворање на постапката за  превентивно преструктуирање (во натамошниот текст: основен преглед на  побарувања на доверителите);
2. ревизорски извештај за извршен преглед на  основниот преглед на побарувањата  на доверителите  за кој  ревизорот дал  ревизиско мислење  без забелешки;
3. заверени изјави кај нотар на доверителите за согласност  за почеток на постапката за превентивно преструктуирање и тоа:
- од доверителите  кои имаат  побарувања спрема должникот кои заедно  сочинуваат 30% од вкупниот износ на  побарувањата спрема должникот согласно  член 21 став 2 од овој закон;
- од доверителите  кои имаат  побарувања спрема должникот кои заедно  сочинуваат 75% од износот  на сите  побарувања  спрема должникот согласно член 23 став 2 од овој закон;

(3) Основниот  преглед  на побарувањата  за секое побарување мора да содржи:
1. фирма, односно име и презиме на доверителот, неговото седиште, адреса и единствен матичен број;
2. правен основ за настанување на побарувањето;
3. вкупниот износ  на побарувањето  и тоа главнина со камата  со состојба на последното календарско тромесечје  пред вложување на предлогот за отворање на постапката за превентивно преструктуирање;
4. податок за тоа дали побарувањето е обезбедено или необезбедено;
5. кога се работи за обезбедено побарување, податоци за  имотот  кој е предмет на заложното право;

(4) Предлагачот заедно со предлогот за отворање на постапка за превентивно преструктуирање е должен да уплати и аванс  на трошоците за  постапката за превентивно преструктуирање   во износ од 50.000,00 денари.

**Постапување на судот по непотполнт предлог**
**Член 25**

(1) Во случај кога содржината  на предлогот за отворање на постапката за превентивно реструктуирање  не е во согласност  со  член 24  од овој закон, ако не се доствени  прилозите од член 24 став 2 од овој закон, содржината на основиот преглед на  побарувањата на доверителите не е во согласност со член 24 став 3 од овој закон  и кога  предлагачот  не  уплатил аванс на трошоците согласно  член 24 став 5 од овој закон, судот со решение  ќе му наложи на предлагачот во рок од  8 дена од приемот  на

решението, да го дополни непотполниот предлог за отворање на постапката за превентивно преструктуирање.

(2) Судот решението за дополнување на предлогот за отворање на постапката за превентивно преструктуирање го носи во рок од осум дена, од денот на поднесување на предлогот за отворање на постапката за превентивно преструктуирање.

(3)Рокот за дополнување на предлогот за отворање на постапката за превентивно преструктуирање од став 1 на овој член неможе да биде продолжен.

(4) Доколку, предлагачот во рокот определен во став1 на овој член не го дополни непотполниот предлог за отворање на постапка за превентивно преструктуирање на начин на кој му било наложено со решението на судот за дополнување на предлогот, судот во рок од осум дена по протекот на тој рок го отфрла предлогот за отворање на постапка за превентивно преструктуирање.

**Одлучување по предлогот за отворање на постапка за превентивно преструктурање**

**Член 26**

(1) Судот одлучува по предлогот за отворање на постапка за превентивно преструктуирање вон расправа.

(2) Судот по поднесениот предлог за отворање на постапка за превентивно преструктуирање одлучува во рок од осум дена по протекот на рокот од член 25 став 1 на овој закон односно по приемот на предлогот за превентивно преструктуирање.

(2) Судот носи решение за отворање на постапка за превентивно преструктуирање кога:

1. предлогот го поднел овластен предлагач согласно член 22 на овој закон,
2. не се исполнети процесните пречки согласно на член 23 став 1 на овој закон,
3. содржината на предлогот е во согласност со член 24 став1 на овој закон,
4. се приложени сите прилози согласно член 24 став 2на овој закон,
5. основиот преглед на побарувањата е изготвен согласно член 24 став3 на овој закон,
6. уплатен е авансот на трошоци за водење на постапката за превентивно преструктуирање согласно член 24 став 4 на овој закон;

(3) Изреката на решението за отворање на постапката за превентивно преструктуирање содржи:

1. фирма, односно име и презиме на должникот, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот:
2. одлука на судот за отворање на постапката за превентивно преструктуирање;
3. укажување на судот дека отворањето на постапката за превентивно преструктуирање има правно дејство само на побарувањата кои се содржани во основниот преглед на побарувања.

(4) Судот ќе го отфрли предлогот за отворање на постапката за превентивно преструктуирање доколку:

1. предлогот не е поднесен од овластен предлагач согласно член 22 став 2 на овој закон;
2. доколку се исполнети процесните пречки од член 23 став 1 на овој закон;

(5) Судот решението за отворање на постапката за превентивно преструктуирање го објавува истиот ден кога го донел.

**Влијание на започнување на постапката за превентивно преструктуирање на предстечајната реорганизација и стечајната постапка**

**Член 27**

(1) Правните последици од започнувањето на постапката за превентивно преструктуирање определени со овој член, започнуваат од следниот ден од денот на поднесување на предлогот за отворање на постапка за превентивно реструктуирање до судот и траат се до нејзиното отворање.

(2) По поднесување на предлог за отворање на постапка на превентивно преструктуирање над должникот не е дозволено поднесување на предлог за предстечајна реорганизација.

(3) Ако доверител пред поднесување на предлог за превентивно реструктуирање поднел предлог за отворање за отворање на стечајна постапка за кој судот до поднесување на предлогот за превентивно преструктуирање сеуште не одлучил или доверителот предлогот за отворање на стечајната постапка го поднел пред завршување на постапката за превентивно преструктуирање, судот ќе ја прекине постапката за одлучување по предлогот на доверителот за отворање на стечајна постапка до завршување на постапката за превентивно преструктуирање.

**Правни последици од отворањето на постапката за превентивно преструктуирање**

**Член 28**

(1)Правните последици од отворањето на постапката за превентивно преструктуирање настануваат на денот на објавувањето на решението за отворање на постапката за превентивно преструктуирање.

(2) Правните последици од отворената постапка за првентивно преструктирање траат се до моментот на правосилноста на решението за завршување на постапката за превентивно преструктуирање.

(3)Правните последици од отворената постапка за превентивно преструктуирање се однесуваат само на побарувањата кои се вклучени во основниот преглед на побарувања.

(4) Отворањето на постапката на превентивно преструктирање како и одобрувањето на договорот за финансиско преструктуирање не влијаат на финансискиот колатерал, како и побарувањата кои се обезбедени со такво осигурување, освен ако носителот на таквото осигурување го прифатил договорот за превентивно преструктуирање.

**Влијание на отворање на постапката за превентивно преструктуирање на присилно извршување и постапките за обезбедување**

**Член 29**

(1) По отворањето на постапката за превентивно преструктуирање против должникот не е дозволено да се започне присилно извршување или постапка за обезбедување против должникот за побарувањата од член 28 став 3 од овој закон.

(2) Присилното извршување на побарувања од член 28 став3 од овој закон и постапките за обезбедување започнати пред отворање на постапката за превентивно преструктуирање, се прекинуваат со отворање на постапката за превентивно преструктуирање.

**Застој на застареноста и доспеаност на побарувањата**
**Член 30**

(1) За периодот на траење на правните последици на постапката на превентивно преструктуирање, не тече застарувањето на побарувањата на доверителите од член 28 став 3 на овој закон.

(2) Во периодот на траењето на правните последици од постапката за превентивно преструктуирање, се смета дека должникот не задоцнил со плаќање на главниот долг на побарувањата на доверителите од член 28 став 3 од овој закон.

**Влегување во сила на договорот за финансиско преструктуирање**
**Член 31**

(1) Договорот за финансиско преструктуирање влегува во сила кога за негово склучување ќе дадат согласност:
1.органите на должникот согласно закон, статут или договорот на должникот,
2 доверителите чиј збир на обични побарувања вклучени во основниот преглед на побарувања е најмалку 75% од износот на сите необезбедени побарувања вклучени во прегледот, и
3. кога со договорот се опфатени обезбедените побарувања , вклучени во основиот преглед на побарувања се најмалку 75% од износот на сите обезбедени побарувања вклучени во прегледот.

(2)Договорот за финансиско преструктуирање и условите за негово спроведување мора да биде анализирани од ревизор.

(3) За извршената анализа ревизорот изготвува извештај ( во понатамошниот текст ревизорски извештај за анализа на договорот за финансиско преструктуирање) согласно меѓународниот стандард кој се однесува на договорите со изразување на уверение и мора да содржи:

1. вовед, во кој е наведен договорот за финансиско преструктуирање кој е предмет на извештајот,
2. опис на делокругот на ревизијата,
3. ревизорско мислење, во кое треба да биде јасно наведено:
- дали договорот за финансиско преструктуирање е во согласност со член 20 став 3 и 4 од овој закон и
- дали се исполнети условите за стапување во сила на договорот согласно став 1 од овој член.

(4) Ревизорското мислење без резерва, овластениот ревизор дава кога смета дека договорот за финансиско преструктуирање е во согласност со член 20 став 3 и 4 од овој закон и дека се исполнети условите за стапување во сила на договорот согласно став 1 од овој член.

(5) При пресметување на мнозинството на доверители кои гласале за прифаќање на договорот за финансиско преструктуирање од став 2 точка 2 и 3 од овој член не се не се засметуваат побарувањата на доверителите кои во однос на должникот се поврзани друштва и лица согласно одредбите од Законот за трговските друштва.

**Одобрување на договорот за финансиско преструктуирање**
**Член 32**

(1) Должникот и доверителите кои го прифатиле договорот го потпишуваат Договорот за финансиско преструктуирање. Должникот по потпишувањето на

договорот во рок од осум дена поднесува до судот барање за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање.

(2) Кон барањето за одобрување на договорот должникот доставува до судот:
- изјави од доверителите кои го потпишале договорот заверени кај нотар дека се согласуваат со склучување на договор за финансиско преструктуирање и
- ревизорскиот извештај за анализа на договорот за финансиско преструктуирање во кој овластениот ревизор дал ревизорско мислење без резерва од член 31 став 3 и 4 од овој закон.

(3) Должникот барањето за одобрување на договорот од став 1 и 2 од овој член го доставува до судот:
- во рок од 90 дена од денот на донесувањето на решението за отворање на постапката за финансиско преструктуирање ако должникот е мал или микро трговец.
-во рок од 120 дена од денот на донесувањето на решението за отворање на постапката за финансиско преструктуирање ако должникот е среден или голем трговец

**Уредување на барањето за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање**

**Член 33**

(1)Ако кон барањето за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање не се доставени прилозите од член 32 став 2 алинеја 1 и 2, судот со решение ќе го задолжи должникот во рок од осум дена по приемот на решението да го уреди барањето за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање.

(2)Судот решението за уредување на барањето го носи во рок од осум дена од денот на приемот на барањето за потврдување на договорот.

(3) Судот рокот за уредување на барањето од став 1 на овој член неможе да го продолжи.

**Одлучување по барањето за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање**

**Член 34**

(1) Судот одлучува по барањето за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање вон рочиште.

(2) Судот ќе донесе решение со кое ќе го одобри договорот за финансиско преструктуирање ако:
- барањето било доставено во рокот од член 32 став 3 од овој закон;
- ако кон барањето за одобрување на договорот се доставени прилозите од член 32 став 2 од овој закон и од нив произлегува дека се исполнети условите за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање предвидени во член 31 од овој закон.

(3) Судот со решението за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање:
1. одлучува дали ќе го одобри договорот за финансиско преструктуирање,
2. констатира дека одобрениот договор за финансиско преструктуирање има дејство спрема:
- побарувањата на доверителите кои се согласуваат со договорот,
- на необезбедените побарувања, наведени во основниот преглед на побарувањата, и тоа на доверителите кои не се согласни со склучување на договорот,

- на обезбедените побарувања, наведени во основниот преглед на побарувања и тоа на доверителите кои не се согласуваат со договорот.

(4) Судот ќе го одбие барањето за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање ако:

1. барањето за одобрување на договорот должникот го вложил по истекот на рокот од член 32 став 3 од овој закон.

2. должникот не го уреди барањето за одобрување на договорот согласно член 33 став 1 од овој закон, а согласно решението на судот за дополнување на барањето за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање.

**Запирање на постапката за превентивно преструктуирање**

**Член 35**

(1) Судот со решение ќе ја запре постапка за превентивно преструктуирање во следниве случаи:

1.ако судот го одбие предлогот за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање согласно член 34 став4 од овој закон,

2. ако должникот во рокот определен во член 32 став 3 од овој закон не поднесе барање за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање,

3. ако запирање на постапката побараат доверителите со побарување од најмалку 30% од износот на сите побарувања кои се вклучени во основниот преглед на побарувања,

4. ако запирање побара должникот пред вложување на барање за одобрување на договорот за финансиско преструктуирање,

5. ако должникот повеќе од 15 дена задоцнил со исплата на плати на вработените до висина на минималната плата или со плаќање на даноци и придонеси кои бил должен да ги исплати заедно со платите на вработените.

(2)Кон барањето од точка 3 од ставот 1 од овој член, доверителите треба да приложат заверени изјави кај нотар.

(3) Ако настанат причините за запирање на постапката за превентивно преструктуирање од став (1) точка 1 до 4 судот ќе донесе решение со кое:

1.ќе констатира дека се исполнети причините за запирање на постапката за превентивно преструктуирање

2. ќе наведе дека дека со запирање на постапката за превентивно преструктуирање престанале правните последици кои настанале со отворање на оваа постапка.

(4) Судот решението од став 3 на овој член го носи во рок од осум дена од денот од кога настана причината за запирање на постапката за превентивно преструктуирање од став 1 на овој член.

(5) Барање за запирање на на постапката за превентивно преструктуирање поради причината предвидена во точка 5 од став 1 на овој член покрај секој доверител може да поднесе и секој вработен кај должникот.

(6) Судот по службена должност во рок од осум дена по приемот на барањето од став (5) на овој член ќе ги прибави сите докази за исплатената плата и придонеси од надлежнот даночен орган.

(7) Ако, судот утврди дека е исполнет условот од точка 5 од став (1) на овој член ќе ја запре постапката за превентивно преструктуирање.

**Правно дејство на договорот за финансиско преструктуирање**

**Член 36**

(1)Договорот за финансиско преструктуирање влегува во сила по правосилноста на решението за одобрување на договорот.

(2)Договорот за финансиско преструктуирање има правно дејство спрема побарувањата на доверителите кои се согласни со склучувањето на договорот на начин и во обем определен во договорот. Спрема овие доверители имаат правно дејство и другите обврски кои ги преземале со склучување на договорот.

(3) Намалувањето односно одложувањето на доспеаноста на необезбедените побарувања кои се дел на основниот преглед на побарувањата, определени во договорот за финансиско преструктуирање имат дејство и спрема доверителите кои имаат побарувања,а кои не се согласни со склучување на договорот.

**Приоритет на наплата на побарувањата кои настанале во текот на постапката за превентивно преструктуирање и исклучување на побивање**

**Член 37**

(1) Ако судот во постапката по поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка поднесен од доверител кој треба да го продолжи согласно член 27 став 3 од овој закон, отвори стечајна постапка над должникот, побарувањата на доверителите кои настанале за временскиот период од отворање на постапката за превентивно преструктуирање до отворање на стечајната постапка не се пријавуваат во стечајната постапка и во стечајната постапка имаат третман како трошоци на стечајната постапка.

(2) По исклучок од член 222 од овој закон, во случај на отворање на стечајна постапка над должникот не може да се побиваат правните дејствија кои ги преземал должникот заради исплата на побарувањата или исполнување на други обврски согласно одобрениот договор за финансиско преструктуирање.

**ДЕЛ ЧЕТВРТИ**
**Постапка за предстечајна реорганизација**

**Услови за отворање на постапката за предстечајна реорганизација**
**Член 38**

(1)Постапката за предстечајна реорганизација може да се отвори ако судот утврди постоење на идна неспособност за плаќање.

(2) Идна неспособност за плаќање кај постапката за предстечајна реорганизација постои ако судот утврди дека должникот постоечките обврски нема да може да ги исполни по нивната доспеаност.

**Органи на постапката за предстечајна реорганизација**
**Член 39**

Органи кои ја спроведуваат постапката за предстечајна реорганизација се судот и повереникот.

**Надлежности на судот**
**Член 40**

Судот во постапката за предстечајна реорганизација:
1) одлучува за отворање на предстечајната реорганизација;
2) го именува и разрешува повереникот и врши надзор над неговата работа;
3) го одобрува планот за реорганизација;
4) одлучува за сите други прашања, освен ако со овој закон не е предвидено дека одлучува друг орган

**Повереник**
**Член 41**

(1)Повереникот се именува од редот на стечајните управници кои се наоѓаат на листата на стечајни управници.

(2) На именувањето и разрешувањето на повереникот, надзорот на неговата работа и одговорноста се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на стечајниот управник.

(3) Повереникот престанува да ја извршува својата должност на денот на правосилноста на решението за прифаќање на планот за реорганизација односно нејзиното запирање.

**Должности на повереникот**
**Член 42**

Повереникот е должен да:
1) го испита пописот на имотот и обврските на должникот;
2) испита дали прегледот на обврските на должникот кон доверителите е веродостоен;
3) врши надзор над работата на должникот, особено неговото финансиско работење, создавањето на обврски спрема трети лица и внимава да не дојде до оштетување на имотот на должникот за време на траење на предстечајна реорганизација врз основа на предложен план;
4) врши надзор над исплата на платите и другите надоместоци на вработените согласно член 66 став 1 точка 4 од овој закон;
5) го извести судот ако должникот постапува спротивно на член 52 од овој закон;

6) врши надзор на навремено и целосно намирување на обврските чие достасување се очекува за време на постапката за предстечајна реорганизација;
7) врши и други работи согласно овој закон.

**Предлагачи за отворање на постапката за предстечајна реорганизација**
**Член 43**

(1)Предлог за отворање на предстечајна реорганизација врз основа на предложен план овластен е да поднесе застапникот по закон на должникот.

(2)Доверителот може да поднесе предлог за отворање на предстечајна реорганизација доколку со поднесување на предлогот се согласува должникот.

(3) Изјавата за согласност од став 2 на овој член, треба да биде заверена на нотар и доверителот е должен да ја достави до судот заедно со предлогот.

(4) Ако кон предлогот не е доставена изјавата за согласност на должникот, судот со решение го отфрла предлогот за отворање на предстечајна реорганизација поднесен од доверителот. Против ова решение не е дозволена жалба.

**Процесни пречки за отворање на постапката на предстечајна реорганизација**
**Член 44**

(1)Предлогот за отворање на предстечајна реорганизација нема да биде дозволен во следните случаи:
1)кога е поднесен пред истекот на две години од денот кога над должникот правосилно е завршена постапка за предстечајна реорганизација;
2) кога над должникот била отворена постапка за реорганизација во стечајна постапка и реорганизацијата била неуспешна, а не била отворена стечана постапка;
3) кога е поднесен пред истекот на две години од денот кога должникот ги исполнил сите обврски од претходно прифатен план за реорганизација во стечајна постапка;
4) кога над должникот била отворена стечајна постапка;
5) кога е поднесен пред истекот на две години од денот кога над должникот со правосилно решение на судот е завршена постапката за првентивно преструктуирање;

(2) По исклучок на став 1 точка 1, 2 и 3 и 5 од овој член предлогот за отворање на предстечајна реорганизација врз основа на предложен план е дозволен во случај кога со отворањето на постапка се согласни доверителите кои имаат 75% побарувања од износот на побарувањата спрема должникот.

**Предлог за отворање на постапка на предстечајна реорганизација**
**Член 45**

(1)Предлогот за отворање на постапка за предстечајна реорганизација мора да содржи:
1. фирма, односно име и презиме на должникот, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот;
2. опис на околностите од кои произлегува дека е веројатно дека на должникот му престои идна неспособност за плаќање согласно член 38 од овој закон;

(2) Кон предлогот за отворање на постапка за предстечајна реорганизација предлагачот приложува:
- доказ дека доверителите кои имаат 75% побарувања од вкупниот износ на побарувањата спрема должникот се согласуваат да се отвори постапка за предстечајна реорганизација согласно член 44 став 2 од овој закон;

- план за реорганизација согласно член 47 од овој закон;
- извештај за финансиската состојба и работењето на должникот согласно член 46 од овој закон;
- попис на имотот и правата на должникот кои се запишани во јавните киги;
- изјави од мнозинските доверители заверени кај нотар на секоја предвидена група, со планот, дека се согласни со содржината на планот и се спремни да гласаат за негово прифаќање. Доверителите кои согласно ЗТД се во својство на поврзано лице со должникот не доставуваат изјави;
- изјави од доверителите заверени на нотар за согласност во случај ако во планот се предвидува претворање на нивното побарување во акции или удели.
- одлука на надлежен орган на должникот за претворање на побарувањата во акции или удели кај должникот согласно ЗТД
- изјава на должникот дека податоците и информациите наведени во планот се веродостојни;
- опис на преговорите со доверителите, ако биле спроведени пред поднесување на предлогот за отворање на предстечајна реорганизација вклучувајќи ги податоците за испратени известувања, доставени до доверителите кои биле вклучени во постапката;
- извештај од овластен проценувач кој содржи процена на вредноста на друштвото согласно меѓународните стандарди за процена во услови на продолжување на деловниот потфат( претпријатието);
- вонреден извештај на ревизорите за состојба на трговските книги утврден најдоцна три месеци пред денот на поднесувањето на планот за реорганизација со преглед на сите побарувања и процентуално учество на секој доверител во секоја група на планот;
- ревизорскиот извештај за анализа на подготвениот план за реорганизација во кој овластениот ревизор дал ревизорско мислење без резерва по однос на неговата спроведливост;
-краток извештај за очекуваните битни случувања во работењето по денот на поднесување на планот за реорганизација и преглед на обврските чие достасување се очекува во наредните 90 дена, како и начинот на намирување на тие обврски.

(3)Преглед на побарувањата со тоа што за секое побарување мора да биде наведено:

1. фирма, односно име и презиме на доверителот, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот;
2. правниот основ за настанување на побарувањето;
3. збирен износ на побарувањето ( главница и камата) со состојба деведесет дена пред поднесување на предлогот за отворање на предстечајна реорганизација;
4. податок за тоа дали побарувањето е обезбедено со заложно право или не е обезбедено;
5. кога побарувањето е обезбедено, податоци за имотот на должникот кој е предмет на заложното право;

(4) прегледот на побарувањата мора да содржи уште и:

1. износите кои се однесуваат на
- вкупните необезбедени побарувања;
- вкупните обезбедени побарувања;
- збир на вкупните побарувања од претходните алинеи
2. податоци за секој доверител и тоа
- процентуално учество во вкупниот износ на необезбедените побарувања

- процентуално учество во  вкупниот износ на сите обезбедени побарувања

**Извештај за финансиската состојба и работењето на должникот**
**Член 46**

Извештајот за финансиската состојба и работењето на должникот содржи:
1) финансиски извештаи кои не се постари од три месеци од денот на поднесувањето на предлогот за отворање на предстечајна реорганизација;
2) докази за вкупната актива  и  вкупниот приход од претходната година;
3) бројот и организациона структура   на вработените со последниот ден во  месецот кој претходел на денот на поднесување на предлогот ;
3) висина на просечни месечни трошоци на работењето на должникот во последната година пред датата на составувањето на финансиските извештаи од точката 1 на овој став;
4)преглед на должниковите должници со податоци за фирма, односно име и презиме на должниковиот должник, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот за секоја поединечна обврска и вкупен износ на долгот со податоци за поведените постапки за наплата на побарувањата;

**План за реорганизација**
**Член 47**

(1) Планот за реорганизација подготвен од должникот кој е составен дел на предлогот  особено содржи:
- мерки и средства за реализација на планот, детален опис на мерките кои треба да бидат преземени и начин на кој ќе се спроведе реорганизацијата,
- листа на доверители со поделба на класи на доверители и критериуми врз основа на кои класите се формирани,
- висина на паричните износи или имот кој ќе служи за потполно или делумно намирување на класите на доверители, вклучувајќи ги и обезбедените и не обезбедените доверители, како и средствата кои се резервирани за доверителите на кои им е оспорено побарувањето, постапка за намирување на доверителите и временска динамика на плаќањето,
- опис на постапка за продажба на имотот со тоа што посебно да се наведе имотот кој ќе се продава со заложно право или без тој имот и намената на приходите кои ќе се остварат од таквата продажба,
- рокови за извршување на планот за реорганизација,
- јасно назначување дека со прифаќањето на планот за реорганизација сите права и обврски на доверителите од планот се дефинираат исклучиво согласно со одредбите на прифатениот план за реорганизација, вклучувајќи ја ситуацијата во која планот за реорганизација не е во потполност извршен, односно во која извршувањето на планот се запира,
- годишни финансиски извештаи од претходните пет години со мислење на ревизорот, ако биле предмет на ревизија,
- финансиски проекции, вклучувајќи ги проектираниот биланс на успех, билансна состојба и извештај за паричните текови за периодот на извршување на планот за реорганизација,
- датум за почеток на планот за реорганизација и
- рок на спроведување на планот за реорганизација кој не може да биде подолг од пет

години, освен во случај кога мерките за реализација на планот за реорганизација се однесуваат на предвидена отплата на побарувањата во рати, измена на роковите на достасување, каматни стапки или други услови на заемот, кредитот или друго побарување или инструменти за обезбедување, периодот на отплата на кредитот или заемот земен за време на траењето на претходната постапка или согласно со планот за реорганизација, како и роковите на достасување на издадените должнички хартии од вредност.

(2) Планот за реорганизација подготвен од должникот, покрај елементите предвидени во ставот (1) на овој член содржи и одредба со која се регулира начинот на намирување на побарувањата на доверителите кои не се опфатени со одредбите на планот. со тоа што овие доверителите ќе бидат намирени на ист начин и под исти услови како побарувањата на другите доверители од нивна класа;

(3) Кога планот за реоранизација како мерка предвидува намалување, односно одложување на исплата на необезбедените побарувања, мора за сите необезбедени побаруавања да се определи ист процент на намалување односно исти рокови на одложена исплата, освен ако одреден доверител изречно се согласи на повисок процент на намалување, односно подолг рок на исплата на неговите побаруавања.

(4) Кога планот за реорганизација содржи одложување на исплатата на обезбедените побаруавања или промена на каматаната стапка која се наплаќа главнината на обезбеденото побарување, со планот за реорганиација мора за сите обезбедени побарувања да се определи ист рок на одложена исплата, како и за намалување на каматната стапка освен ако одреден доверител изречно се согласи на подолг рок на исплата на неговите побарувања , односно дополнително намалување на каматната стапка.

(5) Рокот за исплата на обезбедените и необезбедените побарувања определен со планот а реорганизација неможе да биде подолг од пет години од правосилноста на решението на одобрување на планот за реорганизација, освен ако одреден доверител изречно се согласи на подолг рок на исплата на неговите побарувања.

**Авансирање на трошоци за спроведување на предстечајна реорганизација**

**Член 48**

(1) Предлагачот е должен заедно со поднесување на предлогот да поднесе и доказ дека уплатил аванс на трошоците на постапката за реорганизација во претходна постапка во износ од 100.000,00 денари.

(2) Ако предлагаот не уплатил аванс за трошоци на постапката судот ќе го отфрли предлогот. Против ова решение не е дозволена жалба.

**Постапување на должникот по поднесување на предлог**

**Член 49**

(1) Од денот на поднесување на предлогот за отворање на предстечајна реорганизација до денот на донесување на решението за отворање на оваа постапка, должникот може да врши плаќања кои се нужни за редовно работење.

(2) Во нужни плаќањата за редовно работење спаѓаат исплата на:

1) бруто плати за работниците;

2) оперативни трошоци на работењето (електрична енергија, вода и друго);

3) набавка на стока и услуги потребни за редовно работење;

4) данок на додадена вредност, и други даноци кои од страна на должникот мораат да

бидат пресметани и платени согласно со закон и
5) трошоци за постапките пред државните органи.

(3) Должникот во овој период не смее да презема активности со кои би предизвикал штета на доверителите и нивно доведување во нерамноправна положба.

(4) Под активности од ставот (3) на овој член особено се смета пренасочување на парични и финансиски текови на други лица, давање заем, исплаќање аванси за добивка или добивка, исплаќање на дивиденда и вршење пренос на права на трети лица, особено на поврзани друштва.

(5) Во периодот определен во став 1 должникот неможе да го отуѓува ниту да оптоварува својот имот.

**Испитување на поднесениот предлог**

**Член 50**

(1) Судот е должен да одлучи по предлогот за отворање на предстечајна реорганизација врз основа на предложен план во рок од осум дена од денот на поднесување на предлогот.

(2) Во случај кога предлогот за отворање на предстечајна реорганизација врз основа на предложен план не ги содржи сите податоци согласно член 44 од овој закон, Судот со решение ќе му наложи на предлагачот во рок од осум дена по приемот да го уреди предлогот . Овој рок, судот неможе да го продолжи.

(3) Доколку предлагачот во оставениот рок не постапи по налогот на судот за уредување на предлогот, судот во рок од осум дена по протекот на рокот ќе го отфрли предлогот за отворање на предстечајна реорганизација.

(4)Против решението со кое е отфрлен предлогот за отворање на постапка за престечајна реорганизација право на жалба има предлагачот.

**Одлучување по предлогот за отворање на предстечајна реорганизација**

**Член 51**

(1) Судот одлучува за предлогот за отворање на предстечајна реорганизација врз основа на предложен план надвор од рочиште.

(2) Судот ке донесе решение за отворање на постапката доколку утврди дека:

1. предлогот е поднесен од овластен предлагач согласно член 42 од овој закон

2. не постојат процесните пречки за спроведување на постапката од член 43 од овој закон

3. исполнети се условите по основ на идна инсолвентност согласно член 38 од овој закон

4. содржината на предлогот е во согласност со член 44 став 1 од овој закон

5. кон предлогот се приложени сите исправи од член 44 став 2 од овој закон

6. содржината на прегледот на побарувањата е во согласност со 44 став 3 од овој закон

(3) Изреката на решението за отворање на постапка за предстечајна реорганизација врз основа на предложен план содржи:

1. фирма, односно име и презиме на должникот, единствен матичен број неговото седиште и адреса;

2. одлуката на судот за отворање на постапката;

3. податоци за повереникот;

5. датум на рочиште за гласање за планот кој може да биде определен најдоцна 90 дена од денот на донесеното решение со повик доверителите кои имаат побарување да присуствуваат

6. повик до доверителите за тоа дека можат да извршат увид во планот за реорганизација кој е депониран во стечајното досие објавен на веб страната на судот и

7.повик до сите заинтересирани учесници кои имаат забелешки на доставениот план за реорганизација со кои ја оспоруваат неговата содржина, да достават забелешки најдоцна во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот.

8. повик до доверителите да извршат увид и во прегледот на побарувањата на доверителите со можност да приговараат на основот или висината на опфатените побарувања во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението на веб страната на судот

(3) Решението за отворање на предстечајна реорганизација врз основа на предложен план ќе се објави на веб страната на судот.

(4)Со решението за отворање на постапката за реорганизација, судот ќе се одреди отворањето на оваа постапка да се запише во трговскиот регистар кој го води Централниот регистар како и во другите јавни книги во кои должникот е запишан како носител на одредено право. Решението се доставува до носителите на платен промет кај кои должникот има отворено девизни или денарски сметки.

(5) Против решението за отворање на предстечајна реорганизација донеено од судот не е дозволена жалба ако предлогот за отворање на постапката го поднел должникот правно лице или поединец

(6) Против решението со кое е одбен предлогот за отворање на постапка за предстечајна реорганизација право на жалба има предлагачот.

**Правни последици од постапката за отворање на предстечајна реорганизација**

**Член 52**

(1)Правните последици од отворање на предстечајна реорганизација настануваат од денот кога решението за отворање на постапка е објавено.

(2)Правните последици од отворањето на предстечајна реорганизација траат се до запирање на постапката за предстечајна реорганизација.

(3)Отворањето на предстечајна реорганизација не влијае на обезбедените побарувања освен ако со планот за реорганизација не е опфатен имотот на кој е воспоставено обезбедувањето.

(4)Ако решението за отворање на постапката по повод жалба е укинато, а во повторната постапка повторно е отворена постапката се смета дека правните последици настанале во моментот на објавување на првото решение

(5) Правните последици од отворање на постапката настануваат за сите побарувања према должникот настанати до отворање на постапката, ако со овој закон поинаку не е уредено.

**Работење на должникот по отворање на постапката**

**Член 53**

(1)Правосилноста на решението за отворање на предстечајна реорганизација, не влијае на деловната активност на должникот.

(2)Од денот на отворање на постапката до нејзино завршување должникот врши плаќања кои се нужни и од кои зависи неговото редовно работење.

(3) Правните работи кои се однесуваат на оттуѓување или обезбедување на имотот, должникот може да ги преземе само со претходна согласност на повереникот.

(4) Правните работи кои должникот ги преземал спротивно на став 3 од овој член немаат правно дејство спрема доверителите ако третото лице знаело или морало да знае дека преземената правна работа го надминува редовното работење на должникот и преземањето на истата не ја одобрил повереникот.

(5)Во овој период должникот не смее да ги исполнува обврските кои настанале или доспеале пред отворањето на постапката, освен обврските предвидени во член 49 став 2 од овој закон.

(6)За секоја исплата од став 2 на овој член потребна е писмена согласност од повереникот. Повереникот е должен писмената согласност за плаќањата да ја даде веднаш по приемот на барањето од органите на должникот.

(7) Меници и чекови како и други налози за плаќање кои должникот ги издал пред отворање на постапката не се наплаќаат на товар на должникот за време на траење на постапката.

**Забрана за поведување и водење на парнични, управни и постапки за обезбедување**

**Член 54**

(1)За време на траењето на правните последици од отворената постапка на предстечајна реорганизација па се до нејзино завршување не е дозволено поведување и водење на парнични, управни, арбитражни и постапки за обезбедување како и присилно извршување против должникот.

(2)Постапките од став 1 на овој член кои се во тек се прекинуваат со денот на отворање на постапката за предстечајна реорганизација.

(3) Прекинатите постапки од став 2 на овој член ќе продолжат на предлог на доверителот:

- по одобрување на планот за реорганизација по однос на побарувањата или дел од побарувањата кои во постапката се оспорени;
- по правосилноста на решението за запирање на постапката за предстечајна реорганизација;

(4) Одредбите од став 1 и 2 на овој член не се применуваат на постапките на кои постапката за предстечајна реорганизација не влијае, како и заради наплата на побарување кое настанало по отворањето на постапката за предстечајна реорганизација.

**Постапување на носителот на платен промет**

**Член 55**

(1)По настанување на правните последици од отворањето на постапката на предстечајна реорганизација носителот на платниот промет кај кој должникот има отворено сметка е должен да ги изврши само налозите за плаќање кои ќе бидат доставени од овластените органи на должникот.

(2) Носителот на платен промет по поднесување на предлог за отворање предстечајна реорганизација па се до нејзиното заклучување не смее да врши плаќање по основите за плаќање на побарување кои биле доставени пред отворање на

постапката, освен ако тоа не му биде наложено од судот, а по претходна согласност на повереникот.

(3) Носителот на платен промет на должникот по одобрување на планот за реорганизација ги извршува налозите за плаќање на начин и динамика утврден во планот за реорганизација, а врз основа на налози доставени од должникот.

(4)По правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација и запирање на постапката за предстечајна реорганизација, носителот на платен промет не смее да ја блокира сметката на должникот за побарувањата на кои се однесува планот за реорганизација.

**Застареност на побарувањата и течење на камата**

**Член 56**

(1)За време на траење на правните последици од отворената постапка на предстечајна реорганизација не тече застареност на побарувањата.

(2) За време на траењето на правните последици од отворената постапка за предстечајна реорганизација врз основа на предложен план се смета дека должникот не задоцнил со плаќање на главнината на побарувањата.

**Постапка за потврдување на прегледот на утврдени и оспорени побарувања доставен од должникот**

**Член 57**

(1) Повереникот во рок од 8 дена од отворањето на постапката на предстечајна реорганизација е должен да ја провери веродостојноста на прегледот на утврдени и оспорени побарувања доставен од должникот со предлогот и да го спореди со неговата сметководствената документација. При тоа повереникот треба да го има во предвид и вонредниот извештај на ревизорот за состојба на трговските книги утврден најдоцна 60 дена пред денот на поднесувањето на планот за реорганизација со преглед на сите побарувања и процентуално учество на секој доверител во секоја група на доверители согласно планот. За извршената проверка повереникот изготвува посебен извештај.

(2)Судот во рок од осум дена по приемот на посебниот извештај од став 1 на овој член го објавува заедно со прегледот на должникот.

(3) Секој доверител во рок од 8 дена од денот на објавување на прегледот има право да поднесе приговор до судот, кој се однесува на основот и висината на побарувањето наведено во прегледот. Право на приговор во истиот рок имаат и доверителите ако сметаат дека имаат побарување спрема должникот, а не се наоѓаат во доставениот преглед, како и да оспорат побарување на друг доверител. Овие доверители кон приговорот треба да достават и докази за своето побарување.

(4)Ако ниту еден доверител од став (3) на овој член не поднел приговор и повереникот нема забелешки на утврдените и оспорени побарувања се смета дека побарувањата на доверителите се потврдени согласно прегледот, по што судот веднаш го објавува конечниот преглед.

(5) Во случај ако некој од доверителите од став (3) на овој член поднел приговор, судот веднаш по неговиот прием го доставува до должникот на одговор и до повереникот. Должникот и повереникот во рок од осум дена од приемот на приговорот се должни да дадат писмен одговор по приговорот на доверителот до судот. Писмениот одговор на должникот и повереникот, судот ги објавува.

(6) Ако приговорот на доверителот е прифатен од должникот во тој случај, заедно со одговорот е должен да достави и измена или дополнение на прегледот на побарувањата само по однос на доверителот чиј приговор е прифатен.

(7) Ако должникот не го прифатил приговорот, а повереникот смета дека е основан, судот ќе одлучи со решение. Ако судот го прифати мислењето на повереникот, по однос на поднесениот приговор на доверителот, со решението прави промена или дополнение во прегледот на побарувањата.

(8)Ако и должникот и повереникот не го прифатиле приговорот на доверителот судот носи решение со кое го одбива приговорот на доверителот како неоснован.

(9)Доверителот чиј приговор за утврдување на побарувањето или оспорување на побарување на друг доверител е одбиен со правосилно решение на судот, има право да поведе парница пред надлежниот суд во рок од 30 дена по правосилноста на решението.

**Правно дејство на прегледот на побарувањата**
**Член 58**

(1) По правосилноста на решението на првостепениот суд по поднесените приговори се смета дека постапката за потврдување на прегледот на побарувања на должникот завршила.

(2) Конечниот преглед на побарувањата, согласно член 57 од овој закон е составен дел на планот за реорганизација.

(3)Должникот доставува до судот измени и дополненија на прегледот за утврдени и оспорени побарувања кои се составен дел од планот за реорганизација во рок од осум дена од правосилноста на решението на судот за произнесуање по приговорите. Ако должникот не достави изменет преглед на побарувањата, судот ќе ја запре постапката.

(4) Повереникот врз основа на конечниот преглед на побарувањата го утврдува правото на глас.

**Разгледување на планот за реорганизација**
**Член 59**

(1) Доверителите и други заинтересирани учесници имаат право до судот да достават забелешки на доставениот план за реорганизација во рок од 15 дена од денот на неговото објавување. Забелешките можат само да се однесуваат на содржината на планот и прилозите кои се поднесени кон него.

(2) Судот забелешките од став 1 на овој член ги доставува на одговор до должникот и повереникот во рок од три дена по приемот. Должникот во рок од осум дена доставува до судот одговор на забелешките. Судот јавно ги објавува забелешките и одговорот на забелешките од должникот и мислењето на повереникот.

(3) Заедно со јавното објавување на забелешките и одговорот на забелешките од должникот и мислењето на повереникот, објавува оглас и покана со која се закажува рочиште за разгледување на планот за реорганизација кое ќе се одржи во рок од осум дена од денот на објавувањето.

(4) Ако не биле доставени забелешки и не било побарано изјаснување, судот закажува рочиште за гласање по предложениот план кое се одржува најдоцна во рок од осум дена по конечно утврдување на прегледот на побарувањата.

## Рочиште за разгледување на планот за реорганизација
## Член 60

(1) На рочиштето должникот го образлага планот за реорганизација и се произнесува по забелешките на планот за реорганизација дадени од доверителите или од повереникот.

(2) По излагањето на должникот, по планот за реорганизација се произнесува повереникот.

(3) По образлагање на должникот на планот за реорганизација, како и по произнесувањето по доставените забелешки се отвора расправа во која учествуваат доверителите кои поднеле забелешки, повереникот и должникот.

(4) Постапката на рочиштето завршува со гласање по предложениот план за реорганизација согласно член 60 став 3, а според правилата од член 61,62 и 63 од овој закон.

(5) Ако пак од расправата, произлегло дека е потребно планот за реорганизација да се измени, Судот ќе го задолжи должникот да направи измени на предложениот план за реорганизација во рок не подолг од осум дена од денот на одржувањето на рочиштето.

(6) Изменетиот план за реорганизација, Судот јавно го објавува. Ако во рокот од став 4 на овој член должникот не ги достави измените на планот, Судот ја запира постапка.

( 7) Судот по приемот на изменетиот план за реорганизација закажува рочиште за гласање по планот за реорганизација кое ќе се одржи во рок од осум дена од јавното објавување на планот.

## Рочиште за гласање по планот
## Член 61

(1)На рочиштето за гласање по должникот го образлага изменетиот план за реорганизација.

(2) Повереникот се произнесува по направените измени во планот за реорганизација согласно член 60 став 2 од овој закон.

(3) На рочиштето доверителите гласаат усно со јасно изјаснување дали го прифаќаат планот или не.

(4) Должникот и мнозинството на доверители со право на глас присутни на рочиштето за гласање можат да побараат од судот одложување на рочиштето за гласање во рок од осум дена. Рочиштето за гласање може да се одложи само еднаш.

## Право на глас
## Член 62

(1)Право на глас по предложениот план за реорганизација имаат доверителите чии побарувања се наоѓаат на конечниот прегледот, односно прегледот доставен од должникот согласно член 57 став 2 од овој закон.

(2) Гласачките права на рочиштето ги утврдува судот врз основа на конечниот преглед на побарувањата потврден од страна на повереникот.

(3)Судот, внимава по службена должност на правото на глас на доверителите кои во однос на должникот се поврзани друштва и лица согласно одредбите од ЗТД.

**Потребно мнозинство**

**Член 63**

(1)Секоја група на доверители со право на глас, гласа за планот за реорганизација одвоено. Правилата за групирање на доверителите кои се однесуваат на постапката за реорганизација во стечајна постапка се применуваат и во оваа постапка.

(2)Се смета дека доверителите го прифатиле планот за реорганизација ако за него гласале мнозинството од сите доверители со право на глас и ако во секоја група збирот на побарувањата на доверителите кои гласале за планот на рочиштето е поголем од збирот на побарувањата на доверителите кои гласале против прифаќање на планот

(3)Доверителите кои во однос на должникот се поврзани друштва и лица согласно одредбите од ЗТД немаат право на глас.

**Одобрување на планот за реорганизација**

**Член 64**

(1) Ако е постигното мнозинство за прифаќање на планот за реорганизација согласно член 62 од овој закон, судот со решение ќе утврди дека доверителите го прифатиле предложениот план за реорганизација и ќе го одобри планот, освен ако:

- некој од доверителите стори веројатно дека со планот за реорганизација се намалуваат правата на доверителите под нивото кое би било разумно да се очекува дека ќе се оствари во случај ако не била спроведена постапката за предстечајна реорганизација.
- од планот за реорганизација не произлегува веројатност дека со неговото спроведување ќе овозможи способност на должникот за плаќање во тековната, како и две следни календарско години.
- со планот за реорганизација не е одредено намирување на износот кој би го добиле ако нивното побарување се наоѓа во прегледот на побарувања;
- ако со планот за реорганизација е предложено претворање на побарувањата на еден или повеќе доверители во влог во основната главнина на должникот, содружниците односно акционерите не донеле одлука со која се дозволува

(2) Во случај ако не се исполнети условите за одобрување на планот за реорганизација, судот со решение ќе утврди дека не се исполнети условите планот за реорганизација да биде одобрен и ќе ја запре постапка за предстечајна реорганизација.

(3) Решението со кое се одобрува односно не се исполнети условите за одобрување на планот за реорганизација во престечајната постапка судот јавно го објавува. Судот правосилното решение со кое се одобрува планот за реорганизација во престечајната постапка го доставува до Централниот регистар на Република Македонија заради упис во трговскиот регистар.

(4) Правосилното решение со кое одобрува планот за реорганизација се доставува до банките кои за должникот се носители на платен промет.

**Правни последици од одобрениот план за реорганизација и надзор над негово исполнување**

**Член 65**

(1) Одобрениот план за реорганизација има правно дејство и спрема доверителите кои не учествувале во постапката за предстечајна реорганизација врз

основа на предложен план, како и спрема доверителите кои учествувале во постапката, а нивното побарување дополнително ќе биде утврдено.

(2) Доверителот на кој му е намалено побарувањето, нема правен основ за време на траењето на правните последици од планот за реорганизација да врши наплата на целото побарување.

(3) Должникот на кој со одобрениот план за реорганизација му се отпишани обврски на основа на кои остварил добивка, должен е настаната добивка да ја задржи се до истекот на рокот за исполнување на сите обврски кои произлегуваат од планот за реорганизација.

(4) На доверителот на кој врз основа на одобрениот план за реорганизација му се отпишува побарување кое го има спрема должникот, износот на отпишаното побарување му се утврдува како даночно признат расход.

(5) Одредбите од глава од овој закон со кој ги регулираат правните последици од одбрениот план за реорганизација во стечајна постапка и надзор на неговото спроведување се применуваат и во постапката за предстечајна реорганизација врз основа на предложен план.

**Запирање на постапката за предстечајна реорганизација**

**Член 66**

(1)Постапката за предстечајна реорганизација мора да заврши во рок од 90 дена од денот на поднесување на предлогот.

(2)По исклучок од став 1 на овој член на предлог на предлагачот, судот може да дозволи продолжување на рокот за уште најмногу 30 дена ако смета дека тоа е целосходно за спроведување на постапката.

(3) Судот ќе ја запре постапката ако не го одобри планот за реорганизација во роковите предвидени во став 1 и 2 од овој член.

**Решение за запирање на постапката за предстечајна реорганизација**

**Член 67**

(1) Судот со решение ќе ја запре постапката за предстечајна реорганизација ако:

1. утврди дека не се исполнети причините за отворање на постапката;

2.износот на оспорените побарувања заради чие утврдување, обезбедување или остварување против должникот започнале постапки пред суд или друг надлежен орган пред поднесување на предлогот за отворање на предстечајна реорганизација преоѓа 25% од износот на побарувањата кои се прегледет за пријавени побарувања;

3. должникот во текот на постапката постапува спротивно на член 58 од овој закон.

4. должникот повеќе од 30 дена во текот на предстечајна реорганизација доцни со исплата на платите на вработените согласно договорите за вработување

5. должникот ги исплати сите побарувања до денот на одржувањето на рочиштето за гласање

6. и во други случаи кога е тоа определено со овој закон

(2) Во случај од став 1 од овој член, судот ќе ја продолжи постапката како да е поднесен предлог за отворање на стечајна постапка, освен ако утврди дека должникот е способен за плаќање.

**ДЕЛ ПЕТТИ**

**СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА**

**Прва глава**

**УСЛОВИ ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА**

**Услови за отворање стечајна постапка**

**Член 68**

Стечајна постапка над должникот може да се отвори ако судот утврди постоење на неспособност за плаќање и презадолженост.

**Неспособност за плаќање**

**Член 69**

(1) Должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на извршна исправа.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член нема да се применуваат ако должникот, односно трето лице во текот на претходната постапка ги исплатил сите обврски кои требало врз основа на важечки основи за наплата да ги исплати од сите негови сметки, или ако дојде до преземање на долг. Намирената обврска должникот може да ја докаже само со јавна исправа или со потврда издадена од Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: Централниот регистар).

**Презадолженост**

**Член 70**

Презадолженост постои ако имотот на должникот - правно лице е помал од постоечките обврски.

**Втора глава**

**ОРГАНИ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА**

**Органи на стечајната постапка**

**Член 71**

Органи на стечајната постапка се: судот, стечајниот управник, одборот на доверители и собранието на доверители.

**Овластувања на судот**

**Член 72**

(1) Судот во стечајна постапка :

1) одлучува за поведување на претходна постапка заради утврдување на постоење услови за отворање на стечајна постапка и ја спроведува таа постапка;

2) определува мерки за обезбедување во претходна постапка

3) именува привремен стечаен управник од редот на стечајните управници

4) го определува износот на авансот за покривање на трошоците во претходната постапка;

5) одлучува за отворање на стечајната постапка и ја спроведува таа постапка;

6 именува и разрешува стечаен управник;

7) на предлог на одборот на доверители, а ако тој не е основан, на предлог на стечајниот управник, ги одобрува започнатите работи што треба да се завршат во текот на стечајната постапка или продолжување на водењето на деловниот потфат на должникот по отворање на стечајната постапка до првото извештајно собране на доверители;

8) врши надзор над работата на стечајниот управник;
9) ја одобрува пресметка на трошоците на стечајната постапка пред нивната исплата;
10) ја определува награда и надоместок на трошоци на стечајниот управник и на членовите на одборот на доверители;
11) одобрува исплата на побарувањата на доверителите;
12) донесува решение за заклучување на стечајната постапка и
13) одлучува и за други работи ако со овој закон не е определено дека се во надлежност на друг орган на стечајната постапка

(2) Судот согласно со ставот (1) точка 5 од овој член може по службена должност или по предлог на доверителите, а по претходно прибавено мислење на одборот на доверители или собранието на доверители, да ги менува одлуките на стечајниот управник, ако утврди дека се спротивни на закон.

(3) Судот во рамките на овластувањата определени со овој закон на стечајниот управник му дава писмени упатства за извршување на неговите обврски определени со овој закон, кои се задолжителни за стечајниот управник.

(4) Судот ја следи работата на одборот на доверителите и на собранието на доверителите кое е свикано од страна на претседателот на одборот на доверители.

**СТЕЧАЕН УПРАВНИК**

**Положба и надлежности на стечајниот управник**

**Член 73**

(1) Стечајниот управник е орган на стечајната постапка кој ги извршува должностите и овластувањата утврдени со овој закон со цел да ги реализира и заштити интересите на доверителите.

(2)Во стечајната постапка, стечајниот управник ги води работите на стечајниот должник, презема други правни дејствија согласно со потребите на постапката и го застапува должникот:
1. во постапката поврзана со испитување на побарувањата како и разлачните и излачните права.
2. во постапката за побивање на правните дејствија .
3. во преземање на правни дејствија кои се поврзани со преземањето и впаричувањето на стечајната маса.
4. во извршувањето на работите и другите права стекнати од стечајниот должник како последица на правните последици од отворената стечајна постапка и
5. извршува други правни дејствија кои стечајниот должник може да ги извршува согласно овој закон.

(3) Ако должникот - правно лице продолжува да работи во текот на стечајната постапка, работењето го води стечајниот управник.

(4) Стечајниот управник ги води само оние работи на должникот - поединец што се однесуваат на стечајната маса и го застапува како стечаен должник со овластувања на законски застапник.

(5) Стечајниот управник во вршење на должностите определени со овој закон се легитимира со легитимација што му ја издава Комората според нејзиниот статут. Форма и содржина на легитимацијата со акт ја пропишува министерот за економија.

**Обврски на стечајниот управник**

**Член 74**

(1)Стечајниот управник своите должности и обврски ги извршува согласно со :
1.овој закон како и донесените подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон;
2.други закони кои се применуваат и се однесуваат на стечајниот должник како и донесените подзаконски акти во врска со тие закони;
3. други правила на професијата и донесените професионални стандарди

(2) Во вршење на своите должности и обврски стечајниот управник постапува:
1. совесно и чесно;
2. со должно професионално внимание;
3.на начин што ги штити и остварува интересите на доверителите кои преставуваат основни начела за извршување на неговите должности и одговорности;

(3) Стечајниот управник мора доверителите кои се во однос на стечајниот должник во иста положба пред отворање на стечајна постапка, да ги третира еднакво и не смее да овозможи:
1. одредени доверители во стечајната постапка приоритетно да бидат исплатени или да примат други исплати на штета на останатите доверители кои во однос на стечајниот должник се во иста положба или
2. други лица да го добијат имотот на стечајниот должник кој влегува во стечајната маса без да обезбедат еквивалетна противчинидба или остварат други користи на штета на стечајната маса, а кои не во согласност со законот, другите прописи и правила на професијата од став 1 на овој член.

(4) Стечајниот управник, ги доставува до судот извештаите, табелата (шема) за утврдени и оспорени побарувања и сите други списи кои ги изработува согласно овој закон во писмена и електронска форма. Министерот за економија ќе пропише подетални правила за поднесување на писмената од страна на стечајниот управник.

**Извештаи на стечајниот управник**
**Член 75**

(1)Стечајниот управник по отворањето на стечајната постапка е должен на секој два календарски месеци да изготви извештај за текот на стечајната постапка и за состојбата на стечајната маса во рок од 8 дена по истекот на рокот.

(2) Извештајот од став 1 на овој член содржи:
1) список на имотот кој е продаден, пренесен или на друг начин отуѓен;
2) список на готовинскиот прилив и одлив извршен во текот на претходниот период;
3) почетна и крајната состојба на сметката отворена за потребите на стечајната постапка;
4) список на работите кои стечајниот управник ги извршил во текот на претходниот период;
5) список на ангажираните лица со назначување на стручните лица и износите кои им се исплатени, како и
6) податоци за други прашања за кои добил задолженија од стечајниот судија, односно од одборот на доверители.

(3) Ако во стечајната постапка е одобрено привремено продолжување на деловниот потфат или завршување на започнатите работите, стечајниот управник извештајот од став 1 на овој член го доставува секој календарски месец и тоа на крајот на месецот за тековниот месец. Покрај податоците од став 2 на овој член, стечајниот управник во извештајот ќе ги наведе склучените писмени договори со трети лица со список на приливите и одливи од сметката по овој основ.

(4) Ако во стечајната постапка доверителите на првото извештајно собрание одлучиле деловниот потфат да продолжи и се спроведува реорганизација во стечајна постапка, стечајниот управник во извештај доставува во рокот определен од став 3 од овој член и покрај податоците од став 2 на овој член ќе ги опише и дејствија кои се преземаат околу изготвување на планот за реорганизација.

(5) Стечајниот управник е должен извештаите, да ги подготви на образец според професионалните стандарди и писмено да го достави до судот, а електронски да го достави на членовите на одборот на доверители односно собранието на доверители. Судот извештајот од став 1 на овој член го објавува на својата веб страна и го депонира во стечајното досие во рок од три дена по приемот.

(6) Стечајниот управник на барање на доверител е должен во рок од осум дена од денот на приемот на барањето писмено да го достави извештајот од став 1 на овој член. Трошоците за подоготвување и доставување на извештајот ги сноси доверителот. Висината на трошоците ќе бидат уредени со актот кој го носи Министерот за економија согласно член 37 став 2 од овој закон.

**Други извештаи на стечајниот управник**

**Член 76**

Стечајниот управник е должен на барање на судот или одборот на доверители да изготви писмен извештај за одредено прашање кое е поврзано со спроведување на постапката или заштита на интересите на доверителите во стечајната постапка во рок од осум дена по приемот на барањето.

**Упатства на судот**

**Член 77**

(1) Судијата кој ја води стечајната постапка му дава на стечајниот управник упатства за неговата работа во писмена форма.

**Одговорност за причинета штета**

**Член 78**

(1) Стечајниот управник, трговец - поединец, односно друштвото стечаен управник (во натамошниот текст: стечаен управник), е одговорен за штетата која ја предизвикал со прекршување на своите обврски спрема доверителите или на друг учесник во постапката.

(2) Стечајниот управник одговара за штета која ја предизвикале и лицата кои за него ги извршуваат должностите само во случај ако пропуштил да изврши надзор над нивната работа.

(3) Стечајниот управник е ослободен од надомест на штета ако докаже:

1. дека штета за доверителот настанала поради неправилни или непотполни податоци наведени во пријавата за побарување или други дејствија или пропуштање кои ги предизвикал доверителот;
2. дека постапувал согласно решението, заклучокот или упатство даден од судот.
3. дека штетата била предизвикана од настани или однесување на лица која стечајниот управник иако постапувал совесно и со должно професионално внимание неможел ниту да ги спречи нити да ги ограничи штетните последици.

(4) Стечајниот управник не е ослободен од одговорноста за штета, кога постапил согласно решение, упатството или заклучок на судот, ако доверителот односно третото

лице ќе докажат дека стечајниот управник до решението, упатството или заклучок дошол:
1. на начин што на судот намерно или поради крајно невнимание му дал непотполни односно неточни информации
2. на друг нечесен начин.

(5) Штетата се утврдува во постапка пред надлежен суд.

**Застареност на побарувањата за надомест на штета**
**Член 79**

(1) Барање за надомест на штета причинета со повреда на должноста на стечајниот управник застарува по истекот на три години од сознанието на оштетениот за штетата и околностите на кои се заснова обврската на стечајниот управник за надомест на штета.

(2) Барање за надомест на штета застарува најдоцна по истекот на три години од правосилноста на одлуката за заклучување на стечајната постапка.

(3) Барање за надомест на штета причинета со повреда на должноста сторена во врска со дополнителна делба или со надзор над исполнувањето на планот за реорганизација застарува по истекот на три години од спроведувањето на дополнителната делба или донесувањето на решението за укинување на надзорот.

**Осигурување од одговорност за штета**
**Член 80**

(1) Стечајниот управник трговец - поединец, односно друштвото стечаен управник е должен да склучи договор за задолжително осигурување од професионална одговорност со осигурително друштво.

(2) Најниска сума на осигурувањето на стечајниот управник, трговец поединец изнесува 50.000 евра, а за друштво стечаен управник 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија. Со осигурувањето на друштвото се смета дека се осигурани и вработените стечајни управници во друштвото. Трошоците и премијата за осигурувањето паѓаат на товар на трговецот поединец односно друштвото стечаен управник

(3) На предлог од одборот на доверители, судот доколку оцени дека во конкретна стечајна постапка со оглед на висината на стечајната маса и постоење на посебни околности, како и поради постоечките или можните идни ризици, може да го задолжи стечајниот управник дополнително да се осигура. Износот на дополнителното осигурување кое судот може да го определи со решение не може да биде повисок од 500.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија. Против ова решение право на жалба не е дозволена.

(4) Стечајниот управник - трговец поединец, односно друштво на стечаен управник е должен по приемот на лиценцата за вршење на работите стечаен управник, да склучи договор со осигурително друштво за задолжително осигурување од професионална одговорност од сите ризици кои произлегуваат од вршењето на работите на стечаен управник. Договорот за задолжително осигурување стечајниот управник го доставува до Министерството за економија најдоцна во рок од осум дена по приемот на лиценцата за вршење на работите на стечаен управник, односно осум дена пред истекот на периодот за кој е склучен договорот.

(5) Во случај кога во рокот од ставот (4) на овој член нема да достави договор за задолжително осигурување се смета дека не ги исполнува условите за вршење на работите на стечаен управник предвидени со овој закон и министерот за економија ќе донесе решение со кое ќе му ја одземе лиценцата за вршење на работите на стечаен управник по службена должност. Примерок од решението за одземање на лиценцата се доставува до Централниот регистар на Република Македонија, најдоцна во рок од три дена.

(6) Трошоците за осигурување од ставовите (3) и (4) на овој член ги надоместува стечајниот управник.

**Награда на стечајниот управник**

**Член 81**

(1) Стечајниот управник има право на награда за својата работа. Министерот за економија со акт ги пропишува наградата и надоместокот на реално потребните трошоци на стечајниот управник и начинот на утврдување на нивната висина.

(2) Висината на наградата на стечајниот управник се утврдува според:

- височината на паричната вредност на намирувањето на побарувањето на стечајните доверители,
- процентот на намирување на стечајните доверители,
-сложеноста на стечајната постапка,односно големината на стечајната маса,
-времетраењето на стечајната постапка,
-начинот на спроведување на стечајната постапка, односно дали се врши впаричување на имотот или се спроведува план за реорганизација,
-успешноста од спроведувањето на планот за реорганизација

Покрај висината на наградата со актот се определува и максималниот износ на наградата на стечајниот управник.

(3) Во постапка на реорганизација во стечајна постапка кога планот за реорганизација го изработил и поднел стечајниот управник има право на награда и тоа:

1. 50% од висината на наградата:

- по правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација

2. 50% од висината на наградта

- по донесување на решението за укинување на надзорот ако е определен надзор
- ако не е определен надзор по поднесување на извештај на субјектот во реорганизација дека планот го исполнил

(4) Во постапка за реорганизација во стечајна постапка кога планот за реорганизација го изработил и поднел доверител односно доверителите стечајниот управник има право на 50% од наградата и тоа:

1. 25% од висината на наградата

- по правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација

2. 25% од висината на наградата

- по донесување на решението за укинување на надзорот ако е определен надзор
- ако не е определен надзор по поднесување на извештај на субјектот во реорганизација до судот дека планот го исполнил

(5) Во стечајна постапка стечајниот управник има право на исплата на наградата за својата работа и тоа:

1. 30% од претпоставената награда по завршувањето на првото извештајно собрание на доверители;

2. 70% од конечната пресметка на награда кога на судот ќе му го достави завршниот извештај

(6) Ако стечајниот управник во текот на стечајната постапка е разрешен поради неизвршување, односно неправилно извршување на своите обврски нема право на награда.

(7) Кога стечајниот управник е разрешен од должноста по свое барање или е сменет на првото извештајно собрание на доверители има право на дел од наградата сразмерно на обемот на должностите кои ги извршил до разрешувањето.

(8) Стечајниот управник кој бил именуван по разрешувањето на стечајниот управник има право на дел од наградата за извршената работа по неговото именување.

(9) Во случај од став 5 од овој член, стечајниот управник е должен да го врати примениот аванс на награда во рок од 8 дена по правосилноста на решението за разрешување од должноста, а врз основа на решение на судот. Против ова решение не е дозволено правото на жалба.

(10) Доколку, според правилата на стечајната постапка е извршена продажба на имот над кој е воспоставено заложно право, во тој случај стечајниот управник има право на награда според висината на паричната вредност вклучувајќи ја вредноста на имотот над кој е воспоставено заложно право. Доколку, доверителот со право на обезбедено побарување го реализирал заложното право надвор од стечајната постапка, стечајниот управник нема право на награда.

(11) Врховниот суд ги собира податоците за правосилно одмерени висини на наградата на стечајниот управник и со извештај кој содржи заклучоци од судската пракса до 30 јуни за мината година го доставува до доствува до министерството за економија.

**Трошоци на стечајниот управник**

**Член 82**

(1) Стечајниот управник има право на надомест на реално сторените трошоци кои настанале при извршување на должностите во стечајната постапка.

(2) Реално сторените трошоци се исплаќаат најмалку еднаш месечно според пресметката на трошоците на стечајната постапка доставена од стечајниот управник, а одобрена од Судот согласно со актот од член 80 став 1 на овој закон.

**Исплата на трошоци и обврските на стечајна маса**

**Член 83**

(1) Исплатата на трошоците на стечајната постапка и обврските на стечајната маса кои настанале поради отворањето на стечајната постапка се врши пред побарувањата на стечајните доверители.

(2) Во случај кога по отворањето на стечајната постапка продолжил деловниот потфат на должникот или било одобрено завршување на започнатите работи, судот во рок од три дена по приемот на пресметката на трошоците од стечајниот управник одлучува со решение за одобрување на трошоците на стечајната постапка и обврските на стечајната маса кои настанале со продолжување на деловниот потфат односно завршување на започнатите работи.

**Одмерување и исплата на наградата и трошоците во стечајната постапка**

**Член 84**

(1) Стечајниот управник во текот на стечајната постапка има право на авансна исплата на наградата и покрај тоа што не се исплатени побарувањата на доверителите. Висината на авансната испалата на наградата неможе да биде повисока од висината на исплатената просечна плата во државата во годината кога е отворена стечајната постапка. Авансна исплата на наградата може да се врши најмногу во првите шест месеци сметано од денот на отворање на стечајната постапка.

(2)Конечната висината на наградата на стечајниот управник ја определува судот со решение пред заклучувањето на стечајната постапка врз основа на предлог за исплата на наградата од стечајниот управник во кој е вклучена пресметка на исплатениот авансен износ во текот на стечајната постапка и одобрение од одборот на доверители.

(3) Во случај кога одборот на доверители не донел одлука или не го одобрил предлогот за исплата на наградата на стечајниот управник, судот со решение ја определува на наградата на стечајниот управник. Судот решението го носи во рок од три дена од приемот на одлуката на одборот на доверители со која е одбиен предлогот или известието дека одборот на доверители не донел одлука по предлогот. Доставата на решението за определување на награда на стечајниот управник се врши преку огласна табла на судот.

(4) Против решението на Судот за определување на награда на стечајниот управник право на жалба имаат одборот на доверители и стечајниот управник во рок од осум дена од денот на објавување на решението на огласна табла на судот.

**Надзор над работата на стечајните управници**

**Член 85**

(1) Министерство за економија е надлежно да го врши надзорот над работата на стечајните управници.

(2) Министерството за економија во обемот потребен за извршување на надзорот од став 1 на овој член има непосреден пристап кон податоците запишани во јавните книги и Централниот регистар на Република Македонија и други регистри кои се однесуваат на стечајните управници.

(3) При извршувањето на надзорот од став 1 на овој член Министерството ги презема следните дејствија:

1. врши преглед на документацијата на стечајниот должник кој ја презема стечајниот управник како правна последица од отворањето на стечајната постапка
2. врши преглед во книгите кои стечајниот управник ги води согласно законот во врска со дејствијата кои ги презема во стечајната постапка;
3. поднесува барање за поведуваање на дисциплинска постапка против стечајниот управник
4. одредува или презема други мерки кои се потребни за вршење на контрола дали стечајниот управник ги врши своите должности во стечајната постапка согласно закон или не.

(4) Прегледот на документацијата од став 3 точка 1 и 2 од овој член го врши министерството по претходно известување на стечајниот управник или без него. Прегледот го вршат стручни лица кои ќе ги определи министерството за економија. За извршениот преглед се изготвува извештај со тоа што еден примерок се доставува до

стечајниот управник. Наодите од извештајот може да се употребуваат за извршување на надлежностите на министертвото согласно овој закон.

(5) Покрај Министерството за економија надзор над работата на стечајниот управник вршат судот, одборот на доверителите, односно собранието на доверителите во рамките на своите надлежности определени со овој закон.

(6) Судот може, во секое време,покрај месечниот изветај да побара од стечајниот управник дополнителни информации или посебен извештај за текот на стечајната постапка и за состојбата и управувањето со стечајната маса.

**Комисија именувана од министерот**
**Член 86**

(1)Министерот за економија именува комисија како советодавно тело кое е соствено од:

1. двајца независни стручни и компетентни лица од областа на стечајното право
2. двајца судии кои судат во стечајите постапки
3. преставник на министерот за економија

(2) Членовите на комисијата се именуваа за период од пет години и можат по протекот на тој рок уште еднаш да бидат именувани.

(3) Комисијата во рамките на својата надлежност дава мислење за издавање и одземање на линценци за вршење на работите стечаен управник и врши други работи повранi со спроведување со овој закон

(4) Со работата на комисијата раководи претседател кого членовите на комисијата го избираат меѓусебе.

(5) Комисијата за својата работа носи деловник

(6) Министерство за економија обезбедува средства за работа и други админстративни, технички и други услови за работа на комисијата.

**Стекнување лиценца за вршење на работите стечаен управник**
**Член 87**

(1) Должноста стечаен управник може да ја извршува само лице кое се стекнало со лиценца за вршење на работите стечаен управник издадена од министерот за економија.

(2) Министерот за економија издава лиценца за вршење на работите стечаен управник на лица кои ги исполнуваат следните услови:

1. да е државјанин на Република Македонија
2.да има живеалиште во Република Македонија
3. да е деловно способно и да има општа здравствена способност
4. да поседува високо образование од правна или економска област (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со најмалку 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС)),
5. да има најмалку три години работно искуство по завршеното високо образование од точка 4 на овој член.
6. да се стекнал со уверение за овластен стечаен управник;
7. да е лице кое е достојно да ги извршува работите стечаен управник;

(3)За да може лицето кое стекнало лиценца да започне да ја врши должноста стечаен управник треба да ги исполни и следните услови:

1)склучил договор за осигурување од одговорност за штета;
2) спровел постапка за регистрирање на трговец поединец или друштво со ограничена одговорност и се пријавил како вработено лице.
3) се зачленил во Комората на стечајни управници
4) се изјаснил за тоа дека ќе ја врши должноста стечаен управник во најмалку еден од стварно надлежните судови.

(4) Во случај кога стечајниот управник дејноста стечаен управник ја врши како друштво со ограничена одговорност мора да достави и докази за тоа дека:
1) има вработено лице кое се стекнало со лиценца за вршење на работите на стечаен управник и
2) има вработено најмалку еден дипломиран правник со диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со најмалку 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) и еден дипломиран економист;

(5) По доставувањето на доказите од ставот (4) на овој член стечајниот управник се запишува во Регистарот за стечајни управници кој се води во Министерството за економија и може да ги извршува работите стечаен управник.

(6) Министерот за економија ќе го одбие барањето за издавање на лиценца ако:
1. подносителот на барањето не ги исполнува условите од став 2 на овој член,
2. ако на подносителот на барањето му е одземена лиценцата за вршење на должноста стечаен управник;
3. ако подносителот на барањето поднел барање за издавање на лиценца по протекот на една година од стекнувањето на уверение за овластен стечаен управник;
4.ако против подносителот на барањето е поведена кривична постапка заради сомневање за сторено кривично дело и во таа постапка обвинителниот акт станал правосилен или врз основа на обвинителниот предлог е закажан главен претрес
5.кога против подносителот на барањето е поведена кривична постапка заради кривично дело сторено со намера против имотот или против стопанството кои се гони по службена должност и во таа постапка обвинителниот акт станал правосилен;
6. без разлика на видот на кривичното дело, кога против подносителот на барањето правосилно е определен притвор.

(7) Ако подносителот на барањето е адвокат, не смее како адвокат да го застапува стечајниот должник во судски или други постапки кои се водат во врска со стечајната постапка во која бил именуван ниту да го употребува називот адвокат. Ако подносителот на барањето е овластен проценувач, овластен сметководител или вешто лице, не смее да врши проценка на имотот кој преставува стечајна маса, не смее да врши вештачење, односно да врши сметковоствени работи за потребите на стечајната постапка во која именуван за стечаен управник.

(8)Лиценцата за вршењето на работите стечаен управник е со времетраење од три години.

(9)Формата и содржината на образецот на лиценцата од став 1 на овој член ја пропишува министерот за економија.

**Одземање и престанување на лиценцата за вршење на работите стечаен управник**

**Член 88**

(1) Министерот за економија ќе му ја одземе лиценцата на стечајниот управник во следните случаи:

1) ако утврди дека стечајниот управник не ги исполнува условите од член 87 став 2 точка 4,5, 6 и 7, став 3, точка 1,2,3 и 4 и став 4 точка 1 и 2 од истиот член;
2) ако постапува спротивно на обврските предвидени во став 7 од член 87 на овој закон
3) ако потешко ги прекршил другите обврски кои се предвидени со овој закон;
4) ако правосилно е осуден за кривично дело од член 87 став 6 точка 4 и 5 од овој закон
5)ако со правосилна одлука му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност;

(2) Одлуката на министерот за економија за одземање на лиценцата е конечна.

(3) За одземање на лиценцата одлучува министерот за економија по службена должност или предлог на судот кој ја отворил стечајната постапка во која стечајниот управник ги повредил обврските кои се причина за одземање на лиценцата.

(4) Лиценцата за вршење на работите стечаен управник престанува да важи ако:
1) стечајниот управник го изгубил државјанството на Република Македонија;
2) со правосилна одлука на надлежен орган на стечајниот управник му е одземена деловната способност или не ги исполнува условите за општа здравствена способност;
3) стечајниот управник почине;
4) стечајниот управник ги исполни условите за старосна пензија согласно посебните законски прописи;
5) со правосилна одлука на дисциплинската комисија на стечајниот управник му е изречена дисциплинска мерка трајно одземање на правото за вршење на должностите стечаен управник;
6) не ги исполнил условите за обновување на лиценцата;
7) стечајниот управник побара бришење од регистарот на стечајни управници со изјава заверена кај нотар

(5) За престанување на важност на лиценцата министерот за економија носи одлука во рок од 8 дена.

(6) Кога на стечајниот управник со правосилна одлука на дисциплинската комисија му изречена дисциплинска мерка трајно одземање на правото за вршење на должностите стечаен управник, комората на стечајни управник е должна во рок од три дена од денот кога одлуката станала правосилна да го извести министерот за економија.

(7) Судот со проширена надлежност или кривичниот суд ќе го извести министерот за економија за правосилната одлука за кривично дело од член 86 на овој закон наредниот ден од настанување на дејствијето.

(8) Стечајниот управник на кого му е одземена, односно не му е обновена лиценцата за вршење на работите на стечаен управник, не може повторно да полага испит, како и да се стекне со нова лиценца наредните пет години од денот на приемот на решението донесено од страна на министерот за економија со кое му е одземена, односно не му е обновена лиценцата за вршење на работите на стечаен управник.

(9) Примерок од решението од ставот (1) на овој член веднаш се доставува до Централниот регистар и до Комората на стечајни управници.

**Почетна обука**
**Член 89**

(1) Кандидатите за стекнување со уверение за овластен стечаен управник пред полагањето на испитот имаат обврска да посетуваат почетна обука за вршење на работите стечаен управник.

(2) Почетната обука за вршење на работите стечаен управник во траење од најмалку 30 часа ја организира и спроведува Министерството за економија најмалку еднаш годишно според програмата од ставот (4) на овој член. На лицето кое ја посетувало почетната обука Министерството му издава потврда за завршена почетна обука.

(3)Почетната  обука за вршење на работите  стечаен управник се спроведува согласно програмата од член 90 став 5 на овој закон

(4) Трошоците за посетување на почетната обука ги определува Министерството за економија. и паѓаат на товар на кандидатот кој ја посетува обуката.

(5) Министерство за економија на кандидатите кои ја посетиле почетната обука ќе им издаде цертификат за присуство на почетниот курс кој важи 2 години.

**Испит за стекнување уверение за овластен стечаен управник**
**Член 90**

(1)Испитот за стекнување на уверение за овластен стечаен управник се полага по завршена почетна обука. Испитот се состои од два дела, и тоа:
1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатот и
2) втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста на кандидатот за практично познавање на законот.

(2) Испитот  за стекнување уверение за овластен стечаен управник  се полага пред комисија од три члена и нивни заменици формирана од  Министерот за економија и тоа:

- еден член од  редот на стручни и компетентни лица  од областа на стечајното право
- еден член од редот на судиите кој работат на стечајна материја
- еден член од редот  на стечајните управници

(3) На  членовите на комисијата за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за економија донесува решение

(4) Трошоците за полагање на испитот ги определува министерот за економија. Трошоците за полагање на испитот за овластен стечаен управник паѓаат на товар на кандидатот кој го полага испитот.

(5)Испитот се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литература. Програмата за полагање на испитот ја донесува министерот за економија и е составен дел на актот од  став 6 од овој член.

(6)Формата и содржината на цертификатот за присуство на почетниот курс, уверението за овластен стечаен управник, како и начинот на полагање на испитот  за овластен  стечаен управник го пропишува  Министерот за економија.

**Обновување на лиценцата за стечаен управник**
**Член 91**

(1) Лиценцата за вршење на работите на стечаен управник се обновува секоја трета година, врз основа на барање поднесено од стечајниот управник до Министерството за економија, најдоцна во рок од 30 дена пред истекот на лиценцата.

(2) Во случај кога стечајниот управник нема да поднесе барање за продолжување на лиценцата за вршење на работите на стечаен управник во овој рок, се смета дека истиот се откажал од лиценцата за вршење на работите стечаен управник и министерот за економија по службена должност носи решение за престанок на важење на лиценцата за вршење на работите на стечаен управник и ќе изврши бришење од Регистарот за стечајни управници.

(3) Министерот за економија ќе донесе решение за обновување на лиценцата во рок од осум дена, само доколку стечајниот управник заедно со барањето за обновување на лиценцата за вршење на работите на стечаен управник ја доставил и следнатв документација од која може да се утврди дека:

1) ги исполнува условите предвидени во членот 87 став 2 точка 4,5, 6 и 7, став 3, точка 1,2,3 и 4 и став 4 точка 1 и 2 од истиот член од овој закон ;

2) последните три години бил именуван како стечаен управник од страна на судот во конкретна стечајна постапка;

3) последните три години совесно и уредно ги извршувал работите на стечаен управник, согласно со одредбите од овој закон, Кодексот за етика на стечајните управници и професионалните стандарди, и не постапувал спротивно на обврските предвидени во член 87 став 7 на овој закон

4) секоја година присуствувал на 24 часа континуирана едукација од областа на стечајната постапка организирано од Комората на стечајни управници во соработка Министерството за економија.

(4) Во случај кога стечајниот управник не ги исполнува условите од ставот (3) на овој член, министерот за економија ќе донесе решение со кое ќе го одбие барањето за обновување на лиценцата и ќе го избрише од Регистарот на стечајни управници.

(5) Решението од ставот (4) на овој член е конечно во управна постапка и против него може да се води управен спор.

(6) Министерот за економија веднаш ги известува надлежните судови за промените во статусот на стечајните управници кои стекнале лиценца за вршење на работите на стечаен управник, како и за евентуалните промени во Регистарот за стечајни управници.

**Регистар на стечајни управници**

**Член 92**

(1) Министертвото за економија води регистар на стечајни управници;

(2) Регистарот на стечајни управници се води за секое лице кое добило лиценца и содржи:

1) идентификационите податоци на стечајниот управник;

2) број и датум на издавање на лиценцата

3) судовите во кои лицето ја извршува должноста стечаен управник

4) податоци за секоја стечајна постапка или постапка за реорганизација во која е именуван како стечаен управник и тоа:

- суд кој ја води постапката, име и презиме на стечајниот судија и број на предметот;
- фирма и седиште на стечајниот длжник;
- вид на постапката
- датум на отворање на претходна постапка
- датум на отворање на стечајната постапката
- датум и начин на завршување на постапката

5) датум кога е запишан во регистарот на стечајни управници
6)датум на бришење од регистарот на стечајни управници и причини за бришењето
7) период на привремено запирање на именување на стечајниот управник во нови предмети
8) податоци за осигурување од одговорност
9) важечка електронска пошта на стечајниот управник
10) податоци за обновување на лиценцата
11) податоци за престанување на лиценцата

(3) Идентификационите податоци на стечајниот управник се
1. име и презиме
2. адреса на живеалиште
3. датум и место на раѓање
4. ЕМБГ
5. фирма, седиште на трговец поединецот или друштвото
6. ЕМБС и даночен број

(4) Регистарот на стечајни управници се објавуваат на веб страната на министерство за економија. Се објавуваат сите податоци за стечајните управници освен податоците од став 3 точка 2, 3 и 4 од овој член.

(5) Податоците во регистерот на стечајните управници се запишуваат и објавуваат заради проверка на условите за именување на стечајните управници во стечајните постапки и вршење на надзор над стечајните управници.

(6) Министерството за економија одговара за точност на податоците, содржани во регистрот на стечајни управници.

(7) Министерството за економија во рамките на Регистарот за стечајни управници води и посебен Регистар за стечајни управници со специјалистички познавања од областа на планот за реорганизација.

(8) Формата и содржината на регистарот и листите на стечајни управници по судови кои се стекнале со лиценци, односно им биле одземени, како и начинот на нивното водење ги пропишува министерот за економија.

**Избор на суд во кој стечајниот управник ја врши должноста стечаен управник**

**Член 93**

(1) Стечајниот управник кој се стекнал со лиценца за вршење на работите на стечаен управник, може да избере најмалку еден од судовите кои се стварно надлежни за водење на стечајната постапка во кој ќе ги извршува работите на стечаен управник.

(2) Изјавата за избор на судовите во кои ќе ги врши работите на стечаен управник, стечајниот управник ја доставува до Министерството за економија во рок од осум дена од денот кога се здобил со лиценцата за вршење на работите на стечаен управник односно најдоцна до 15 декември секоја календарска година.

(3) Не доставување на изјавата за избор на суд во роковите согласно став 2 од овој член, има за последица мирување на вршење на должностите стечаен управник една година.

(4)Листите на стечајни управници по судови ги води Министерството за економија во електронска форма и се објавуваат на веб страницата на Министерството за економија и се доставуваат до сите судови кои се стварно надлежни за водењето на стечајните постапки кои го објавуваат на своите веб страница. Министерот за економија за секоја промена во листите на стечајни управници веднаш ги известува стварно надлежните судовите за водењето на стечајната постапка.

**Привремено мирување на именување на стечајниот управник во нови стечајни постапки**

**Член 94**

(1) Стечајниот управник кој е запишан во регистарот на стечајни управници може да побара именувањето во нови стечајни постапки да биде привремено запрено кога:

1. кога е именуван на државна или друга функција која бара целосен професионален ангажман за вршење на таа функција;

2. во други случаи за време наведено во барањето кое неможе да биде пократко од три месеци.

(2) Министерот за економија привремено ќе го запре именувањето на стечајниот управник во нови стечајни постапки кога:

1. против стечајниот управник е поведена кривична постапка заради основано сомнение дека било сторено кривично дело предвидено во член 86 став 6 точка 4,5 и 6 од овој закон и во оваа постапка обвинението станало правосилно или врз основа на обвинителен акт била закажана главна расправа;

2. кога против стечајниот управник е поведена кривична постапка заради кривично дело сторено со намера против имотот или против стопанството кои се гонат по службена должност и во таа постапка обвинителниот акт станал правосилен

3. без разлика на видот на кривичното дело кога против стечајниот управник правосилно е определена мерката притвор.

(3) Привременото запирање на именување од став 2 на овој член трае се до:

1. моментот кога кривичната постапка правосилно е запрена или е донесена ослободителна пресуда се до правосилноста на пресудата во кривичната постапка

2. кога во кривичната постапка стечајниот управник е правосилно осуден се до правосилноста на одлуката за одземање на лиценцата за вршење на должностите стечаен управник

3. кога е ослободен од притвор, а не се исполнети условите од точка 1 и 2 од став 2 на овој член се до правосилноста на решението за ослободување од притвор.

(4) Министерот за економија привремено ќе го запре именувањето на стечајниот управник во нови стечајни постапки кога против него во врска со поведена дисциплинска постапка, дисциплинската комисија изрекла привремена забрана на вршење на должноста стечаен управник. Привремена забрана трае се додека трае привремена забрана определена со одлуката на дисциплинската комисија.

(5)Министерот за економија носи решение и тоа:

1. на барање поднесено согласно став 1 на овој член во рок од осум дена по приемот на барањето од стечајниот управник;

2. за привремено мирување на именувањето согласно став 2 од овој член во рок од три работни дена сметано од денот кога ќе дозне за причината од став 2 на овој член;

(6) Министерот за економија следниот работен дена по исполнување на условите ќе ги извести:
1. судот за донесената одлука од став 2 и 3 од овој член
2. Комората на стечајни управници за донесената одлука од став 4 на овој член.

(7) Периодот на привременото запирање на именување на стечајниот управник во нови стечајни постапки започнува да се смета од уписот на привременото запирање во регистарот на стечајни управници

(8) Стечајниот управник чие именување е привремено запрено согласно став 2 и став 4 од овој член, судот ќе го разреши од сите стечајни постапки во кои бил именуван во рок од три работни дена по приемот на информацијата за упис на тоа правно дејствие во регистрот на стечајните управници.

**Управување со регистарот на стечајни управници**
**Член 95**

(1) Министерство за економија во рок од три работни дена по донесување на решението:
1. лицето кое добило лиценца го запишува во регистарот на стечајни управници
2. стечајниот управник на кој му е одземена лиценцата за вршење на работите стечаен управник или лиценцата престанала да важи согласно член 86 став 4 од овој закон ќе го избрише од регистарот на стечајни управници.

(2) Министерството за економија во рок од три работни дена ги известува судовите кои постапуваат по стечајните предмети за секој упис и за секоја промена во регистарот на стечајни управници.

(3) Судовите во рок од три работни дена по донесувањето на решението за именување или разрешување на стечајните управници го известува министерството за економија за податоците од член 87 став 1 точка 4 од овој закон.

**Услови за именување на стечајните управници**
**Член 96**

(1) Во отворена стечајна постапка за стечаен управник може да биде именувано лицето:
1. кое е запишано во регистарот на стечајни управници и
2. судот кој ја отворил стечајната постапка во регистарот на стечајни управници е запишан како суд во кој стечајниот управник ќе ја извршува должноста.

(2) И покрај тоа што се исполнети условите од став 1 на овој член, за стечаен управник неможе да биде именувано лице кое:
1. роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четвртиот степен (колено), роднина по сватовство до втор степен, или брачен другар на стечајниот судија;
2. е должник, солидарен должник со стечајниот должник или доверител на стечајниот должник
3. во последните две години пред отворање на стечајната постапка
- е акционер или содружник или член на органот на управување, член на органот на надзорот или прокуриста на стечајниот должник
- вработен кај стечајниот должник или
- врз основа на на договор или друг правен основ е во деловни односи со стечајниот должник

- е вработен кај доверителот на стечајниот должник;
-  конкурент на стечајниот должник или е вработено кај конкурентскиот правен субјект, односно кое има каков било конфликт на интерес во однос на стечајниот должник
- кое работело како советник на стечајниот должник во врска со имотот на стечајниот должник
4. кој во однос на лицето од од точка 1 или 2  од овој став  бил во положба на  блиско поврзано лице
5. кој веќе  е именуван за стечаен управник во  стечајна постапка  на друго друштво  кое во однос на стечајниот должник  е во положба на  поврзано друштво
6. ако постојат  други околности  кои предизвикуваат сомневање  за неговата непристрасност  во  извршување на  работите стечаен управник  во таа постапка

(3)Стечајниот управник при постоење на некој од  условите од став 2 на овој член го одбива именувањето за стечаен управник и неможе да биде именувано во конкретна стечајна постапка.  Друштвото стечаен управник не може да биде именувано за стечаен управник ако кој било од неговите вработени, ги исполнува условите од ставот (2) на овој член.

**Постапка за именување на стечајниот управник**

**Член 97**

(1) Судот го именува стечајниот управник со решението за отворање на стечајната постапка. Стечајниот управник се именува  како физичко лице, со тоа што  во решението за именување се  наведува и називот на трговец поединец или друштвото како  и податоците од член 91 став 3  од овој закон.

(2) Изборот на стечајниот управник се врши според методата на електронско избирање од регистарот на стечајни управници. Судот оваа метода ја применува и во случај кога именува нов стечаен управник при разрешување на претходниот стечаен управник.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во случај кога предлагач за отворање на стечајна постапка е доверител, односно кога на првото извештајно собрание, била донесена одлука стечајниот управник да биде сменет и да биде именуван нов стечаен управник, судот со решение го именува предложениот стечаен управник од кој е запишан во регистарот на стечајни управници дека  ги врши работите во судот кој ја отворил стечајната постапка. Пред да го именува предложениот стечаен управник, судот испитува дали има пречки за негово именување од членот 95 став 2 од овој закон.

(4) Во случај кога постојат пречки за негово именување од член 95 став 2 судот го одбива предлогот  со решение. Именувањето се спроведува според методот на електронски избор.

(5) Во случај кога се врши именување на повереник во постапка за пред стечајна реорганизација врз основа на изготвен план за реорганизација, изборот се врши по методот на електронски избор од редот на стечајните управници кои се пријавиле во судот и имаат специјалистички познавања од областа на планот за реорганизација.

(6) Министерот за економија го пропишува поблиску начинот на избор на стечаен управник според методот на електронски избор.

**Именување на друг стечаен управник**

**Член 98**

(1) Доверителите можат само на првото извештајно собрание да донесат одлука наместо стечајниот управник именуван од страна на стечајниот судија согласно член 97

од овој закон, да именуваат друг стечаен управник кој е запишан во регистарот на стечајни управници дека ги врши работите во судот кој ја отворил стечајната постапка.

(2) Стечајниот судија е должен во рок од три дена по заклучување на првото извештајно собрание да постапи по одлуката донесена од доверителите и да донесе решение со кое ќе го разреши стечајниот управник и ќе го именува новиот стечаен управник. Против ова решение не е дозволено право на жалба. Решението се доставува до Централниот регистар на Република Македонија во рок не подолг од три дена.

(3) Стечајниот судија може да донесе решение со кое ќе одбие именување на стечаен управник согласно со одлуката на доверителите донесена на првото извештајно собрание само во случај ако:

1) постојат ограничувања за негово именување согласно со членот 96 став 2 од овој закон и

2) е очигледно дека со оглед на бројот на стечајните постапки во кои е именуван и обемот на работите во постапките, постапувањето на стечајниот управник во роковите определени со овој закон, неговата стручност и компетентност нема да може успешно да ја спроведе стечајната постапка.

(4) Решението со кое се одбива именувањето на стечајниот управник од став 3 на овој член јавно се објавува. Против ова решение, право на жалба има секој доверител кој гласал за именување на нов стечаен управник.

**Разрешување на стечајниот управник**

**Член 99**

(1) Стечајниот управник може да биде разрешен од должноста и пред одржувањето на првото извештајно собрание на доверители, како и во текот на целата стечајна постапка кога:

1) не ги исполнува обврските предвидени со закон;

2) не ги почитува роковите утврдени со овој закон;

3) постапува пристрасно кон одделни доверители во стечајната постапка;

4) во постапката за утврдување на побарувања признал побарување на доверител кое не постоело;

5) не доставува извештаи за текот на стечајната постапка согласно одредбите од овој закон;

6) не го осигурал имотот на стечајниот должник најдоцна во рок од 30 дена по отворањето на стечајната постапка;

7) не побарал согласност или не постапил по добиената согласност во сите случаи кога со овој закон таква согласност од одборот на доверители е задолжителна;

8) доколку во текот на стечајната постапка со правосилна пресуда е осуден за кривично дело кое го прави неподобен за стечаен управник, се додека траат последиците од пресудата;

9) кога заради болест, работна неспособност или смрт не може да ги извршува работите на стечаен управник;

10) кога му е одземена лиценцата за вршење на работите стечаен управник

11) кога му престанала лиценцата за вршење на работите стечаен управник согласно овој закон

12) по барање на стечајниот управник

13) во други случаи кога е тоа определени со овој закон.

(2) Ако стечајниот управник не ги извршува своите обврски утврдени со овој закон, Судот може парично да го казни. Износот на поединечната парична казна не може да биде помал од 5.000 денари ниту поголема од 120.000 денари. Судот го доставува решението за изречената парична казна на стечајниот управник.

(3) Судот може во решението со кое го разрешува стечајниот управник да му наложи да го врати она што неосновано го примил во текот на постапката во рок од осум дена по правосилност на решението.

(4)Ако стечајниот управник не постапил по налогот, судот по службена должност ќе го спроведе извршувањето на решението за изречената парична казна и ќе го достави до носителот на платниот промет заради наплата од сметката на стечајниот управник.

**Постапка за разрешување на стечајниот управник**

**Член 100**

(1) Предлог за разрешување на стечајниот управник може да поднесат одборот или собранието на доверители и секој доверител. Судот може да го разреши стечајниот управник и по службена должност. Кога предлогот за разрешување на стечајниот управник го поднесува доверител, односно одборот или собранието на доверители, тој мора да биде образложен.

(2) Судот предлогот за разрешување на стечајниот управник, го доставува на стечајниот управник во рок од три работни дена од неговиот приемот. Стечајниот управник има право по предлогот за разрешување писмено да се произнесе во рок од осум дена по приемот на предлогот. Доставата на предлогот за разрешување може да се изврши и со закачување на известие на огласна табла на судот.

(3) Во случај кога стечајниот управник се разрешува по службена должност, судот пред да донесе решение, треба да го сослуша стечајниот управник. Судот со поканата задолжително му доставува и известување за причините за сослушување.

(4) Судот носи решение за разрешување на стечајниот управник во рок од осум дена по истекот на роковите од ставот (2) на овој член. Против решението со кое е разрешен од должност, стечајниот управник има право на жалба до второстепениот суд во рок од три дена од приемот на решението. Жалбата го одлага извршувањето на решението за разрешување на стечајниот управник.

(5) За време до правосилноста на решението, стечајниот управник може да ги врши оние должности кои ќе ги одобри судот, а се поврзани со заштита на стечајната маса.

(6) Правосилното решението за разрешување на стечајниот управник судот го доставува до стечајниот управник, предлагачот, Централниот регистар на Република Македонија и го известува Министерство за економија.

**Правни последици од разрешување на стечајниот управник**

**Член 101**

(1) Со донесувањето на решението за разрешување на именуваниот стечаен управник од страна на судот престануваат неговите овластувања и должности во стечајната постапка.

(2) Разрешениот стечаен управник е должен во рок не подолг од осум дена по приемот на решението да:

1) состави извештај за периодот од последниот извештај доставен до судот до денот на разрешувањето и

2) на новоименуваниот стечаен управник да му ја предаде целокупната писмена документација преземена од стечајниот должник, како и документацијата за извршените дејствија во стечајната постапка.

(3) Кога до разрешување на стечајниот управник дошло поради негова смрт, предавањето на списите од став 2 точка 2 на овој член ќе ги изврши лицето кое ќе го определи судот во рок од три работни дена по правосилноста на решението за разрешување, а доколку не определил лице кое ќе го изврши предавањето на документацијата, предавањато го врши судијата.

**Должности на стечајниот управник**
**Член 102**

(1) Стечајниот управник е должен особено:
1) да ги информира доверителите за текот на стечајната постапка
1) да ја ажурира сметководствената евиденција на должникот до денот на отворањето на стечајната постапка;
2) да состави предлог на пресметката на трошоците на стечајната постапка и да ја поднесе на одобрение кај стечајниот судија;
3) да започне попис (инвентар) на имотот во роковите определени со овој закон;
4) да го состави да го состави прегледот на имотот и обврските на должникот на денот на отворање на стечајната постапка; ;
5) да ја извести Клириншката куќа за интербанкарски работи и Берзата за хартии од вредност за отворањето на стечајната постапка;
6) да се извести Централниот депозитар за хартии од вредност ако должникот е акционерско друштво, како и за акциите кои ги поседува должникот;
7) како уреден и совесен трговец да се грижи за завршување на започнатите, незавршени работи на должникот, и за работите што се потребни за зачувување и заштита на имотот на должникот за да се спречи настапување на штета над средствата на должникот;
8) да преземе мерки за наплата на побарувањата на должникот и да ги впаричи со внимание на добар трговец предметите и правата што влегуваат во стечајната маса;
9) совесно да го води натамошното работење на должникот доколку тоа продолжува;
10) да ги користи ресурсите и своите овластувања со еднаква грижа за имотните интереси на сите доверители од стечајната маса;
11) кон стечајната маса да изразува неподелена грижа, совесност и одговорност за интересите на доверителите во стечајната маса, како и кон сите други страни кои се заинтересирани за стечајната маса;
12) својата позиција да ја користи единствено во полза на стечајната маса и да оневозможи остварување на каква било корист за себе или за друг;
13) да предложи план за распределба на средствата од стечајната маса на доверителите и по одобрение на судот да го изврши;
14) да достави до одборот на доверителите завршна сметка и завршен извештај;
15) да извршува натамошни исплати на доверителите;
16) да го извести надлежниот регистар за отворената стечајна постапка во случаите предвидени со овој закон;
17) да ја ажурира работата околу одбирањето и евидентирањето на архивската граѓа и нејзино предавање на надлежниот архив и да обезбеди средства во пресметката на трошоците на стечајната постапка заради средување на архивската граѓа, доколку не е

средена во согласност со прописите за архивско работење за што да го известува и е должен да побара мислење од Државниот архив на Република Македонија во поглед на исполнување на должностите од оваа точка;
18) да поднесе предлог до соодветните органи на државната управа или до правосудните органи во странство, како официјално овластен застапник на стечајната маса на стечајниот должник, со кој бара запленување, одземање, заштита или враќање на имотот на стечајниот должник кој се наоѓа во странство;
19) да ја прибави документацијата потребна за да се изврши упис во јавните книги врз основа на што се стекнува право на недвижност;
20) со одобрение на стечајниот судија, а на товар на стечајната маса, да го осигура имотот во целина или делумно, ако тоа е потребно заради заштита на имотот на стечајниот должник;
21) да вработува лица со одобрение на стечајниот судија и да врши контрола на нивната работа и
22) да врши и други работи согласно со овој закон.

(3) Со цел за добивање на податоци за состојбата на имотот на стечајниот должник во претходна постапка или при промена на сопственоста по конечна продажба на имотот на стечајниот должник во отворена стечајна постапка, стечајниот управник е должен да се поврзе по електронски пат со Агенцијата за катастар на недвижности. Исправите за правниот основ за промена на сопственоста, заедно со пријавите за запишување и доказот за платен надоместок по електронски пат се доставуваат до Агенцијата за катастар на недвижности во рок од три дена по правосилноста на актот за промена на сопственоста.

(4) Стечајниот управник ги внесува сите промени и одлуки донесени од органите на стечајната постапка во регистарот за е-стечај кој се води во Централниот регистар.

(5) Министерот за економија ќе ги пропише формата, содржината и начинот на водење на регистарот на е-стечај.

**Комора на стечајните управници и дисциплинска одговорност на стечајните управници**

**Комора на стечајните управници**

**Член 103**

(1) Лицата кои се стекнале и поседуваат лиценца за вршење на должноста стечаен управник задолжително се здружуваат во Комора на стечајните управници (во натамошниот текст: Комората).

(2) Комората е правно лице со надлежности и овластувања определени со овој закон или со статутот на комората.

(3) Во постапката за одлучување по прашањата кои се однесуваат на комората се употребува закон кој ја уредува општата управна постапка, ако со овој закон не е поинаку определено.

**Надлежности на комората**

**Член 104**

(1) Комората се грижи за угледот на професијата стечаен управник и за развој на добрите деловни практики на стечајните управници.

(2)Комората со цел да го заштити угледот на професијата стечаен управник и развој на добрите деловни практики на стечајните управници:
- утврдува програма за постојано стручна едукација на стечајните управници
- донесува кодекс на добрите деловни практики и етика на стечајните управници и
- им дава препораки на стечајните управници за примена на добрата деловна практика

**Начин на вршење надзор на комората над стечајните управници**
**Член 105**

(1) Комората врши надзор над работата на стечајните управници и тоа:
1) врши преглед на документацијата на стечајниот должник која ја преземал стечајниот управник во врска со стечајната постапка како и на документацијата која ја води стечајниот управник во врска со отворената стечајната постапка над стечајниот должник;
2) ќе презема други мерки потребни за проверка на работата на стечајниот управник околу вршење на неговите надлежности во стечајната постапка согласно законот и добрите деловни практики;
3) му наложува на стечајниот управник да ги острани неправилностите при своето работење и за тоа составува извештај

(2) Комората прегледот од став 1 точка 1 на овој член го врши кога тоа ќе го побара министерот за економија и за тоа поднесува извештај до министерот.

**Надзор над работата на комората**
**Член 106**

(1) Министерството за економија е овластено да врши надзор над работата на комората.

(2) Министертвото за економија при вршење на надзорот од став 1 на овој член може да:
1. врши преглед на работата на комората
2. побара извештај од комората за спроведен надзор над стечајниот управник во одредена стечајна постапка или за други задачи од надлежноста на комората согласно овој закон.
3. одреди или спроведе други мерки потребни да се создадат услови комората да ги извршува своите надлежности согласно законот

(3) Комората е должна секоја година најдоцна до 28 февруари да достави до министерот за економија извештај за својата работа за претходната година.

**Положба на членовите на комората**
**Член 107**

(1)Стечајниот управник станува член на комората со уписот во регистарот на стечајни управници, а престанува да биде член на комората во моментот на бришење од регистарот на стечајни управници.

(2) Министерството за економија ја известува комората за извршениот упис на секој нов стечаен управник во регистарот на стечајни управници или за неговото бришење од регистарот во рок од три работни дена по извршниот упис односно бришење

**Органи на комората**
**Член 108**

(1) Органи на комората се собранието, управниот одбор и претседателот на комората.

(2) Собранието на комората ја сочинуваат сите членови на комората.

(3) Управниот одбор и претседателот на комората ги избираат собранието на комората за период од четири години.

(4) Организацијата, надлежноста, составот, начинот на избор, правата и должностите на органите на комората се уредуваат со статутот и другите акти на комората.

**Статут и други акти на комората**
**Член 109**

(1) Собранието на комората го донесува статутот и другите акти на комората со кои се уредува организацијата и работењето на комората како и нејзината надлежност.

(2) Статутот на комората или неговите измени и дополненија стапуваат во сила кога министерот за економија ќе даде согласност за негово стапување во сила.

**Дисциплинска одговорност на стечајните управници**
**Член 110**

(1) Стечајниот управник е дисциплински одговорен:

1. кога при вршење на своите должности определени со закон постапува спротивно на обврските на стечајниот управник предвидени со овој закон или правилата на добра деловна практика на стечајните управници

2.кога доцни со исплата на членарината и другите трошоци на комората

3. ако не посетува едукација согласно програмата за професионална едукација која ја донесува комората

(2) Стечајниот управник ќе стори потешка дисциплинска повреда

1. кога постапува спротивно на обврските предвиден во член 73 став 3 од овој закон

2. кога при извршување на должностите на стечаен управник определени со овој закон постапува спротивно на должностите и поради тоа настанала штета врз имотот на стечајниот должник кој преставува стечајна маса.

3. ако стори повреда предвидена во точка 1 од став 1 на овој член по втор пат во рок од три години или повреда предвидена во точка 2 или 3 од став 1 на овој член по втор пат во иста година

**Дисциплински санкции**
**Член 111**

(1) За потешка дисциплинска повреда на стечајниот управник може да му биде изречена

1. парична казна не помала од 1000 евра, не повисока од 10.000,00 Евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ на денот на изрекување на казната;

2. условно одземање на правото на вршење на должностите стечаен управник, кое ќе се изврши ако стечајниот управник во рок од пет години од денот на изрекување на мерката повторно не стори дисциплинска повреда;

3. трајно одземање на правото на вршење на должностите стечаен управник:

(2) За дисциплински повреди кои не се потешки на стечајниот управник може да му биде изречена:
1. опомена;
2.парична казна не помала од 500,00 евра, не повисока од 5.000,00 Евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ на денот на изрекување на казната;

(3) При изрекување на дисциплинската мерка се зема во предвид тежината на сторените повреди, последиците од таа повреда, степенот на одговорноста, околностите под кои е сторена повредата, поранешното негово однесување како и други олеснители и отежителни околности, особено побудите од кои е сторена повредата, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, неговите лични прилики и неговото однесување по сторената повреда, како и други околности што се однесуваат на личноста на стечајниот управник како колку време поминало од поранешната дисциплинска мерка.

(4) Со одлуката со која се изрекува дисциплинска мерка, дисциплинската комисија може да му наложи на стечајниот управник да ги плати трошоците на дисциплинската постапка.

(5) Кога дисциплинската комисија ќе изрече дисциплинска мерка парична казна, мора да го определи и рокот за плаќање на таа казна кој неможе да биде пократок од 15 дена ниту подолг од три месеци.

(5) Правосилната одлука на дисциплинската комисија со која е изречена парична казна како и одлуката за трошоците на дисциплинската постапка се извршен наслов врз основа на кој на предлог на Комората може да се спроведе извршување.

**Евиденција на изречени дисциплински мерки**

**Член 112**

(1) Комората води евиденција за изречени дисциплински мерки на стечајните управници во која се внесуваат податоците за правосилно изречени дисциплински мерки:
- податоците за стечајниот управник согласно член 91 став 3 од овој закон
- податоци за одлуката на дисциплинската комисија
- изречената дисциплинска мерка

(2) Податоците внесени во евиденцијата за изречени дисциплински мерки се тајни.

(3) Податоците од евиденцијата на изречени дисциплински мерки се достапни за органите на Комората на стечајни управници и министерот за економија во врска вршењето на надзорот над стечајните управници согласно овој закон.

**Орган на дисциплинската постапка**

**Член 113**

(1) Орган на дисциплинската постапка е дисциплинската комисија составена од пет члена.

(3) Два члена на дисциплинската комисија ги именува министерот за економија. Тројца членови на дисциплинската комисија го избира собранието на комората од редот на стечајните управници.

(4) Претседателот и членовите на дисциплинска комисија имаат свои заменици кои се именуваат односно избираат како и членовите на комисијата. Претседателот и

членовите на дисциплинската комисија и нивните заменици се именуваат односно избираат за период од четири години и можат да бидат именувани односно избрани најмногу за уште еден мандат.

(5) Претседателот и членовите на дисциплинските комисии од став 3 и 4 на овој член, како и нивните заменици имаат право на надомест на патни трошоци.

**Поведување на дисциплинската постапка**

**Член 114**

(1) Дисциплинска постапка против стечаен управник пред дисциплинска комисија ја поведува претседателот на Комората по службена должност, на предлог на министерот за економија или на предлог на претседателот на основниот суд или претседателот на Апелациониот суд.

(2) Дисциплинска постапка против претседателот на комората ја поведува министерот за економија по службена должност, или на предлог на претседателот на основниот суд или претседателот на Апелациониот суд.

(3) Постапката од став 1 и 2 на овој член се поведува со одлука за поведување на дисциплинска постапка против која не е дозволена жалба.

(4) Кога е поднесен предлог за поведување на дисциплинска постапка од став 1 или став 2 на овој член претседателот на комората односно министерот за економија носи одлука за поведување на дисциплинска постапка во рок од 30 дена од приемот на предлогот.

(5) Одлуката за поведување на дисциплинска постапка содржи:

1. опис на дисциплинската повреда како причина за поведување на дисциплинска постапка.
2. докази за тоа дека дисциплинската повреда е сторена.

(6) Кога е поведена дисциплинска постапка заради повреда поради која може да се изрече дисциплинска мерка трајно одземање на правото за извршување на должноста стечаен управник, може органот на дисциплинската постапка односно министерот за економија на стечајниот управник да му изрече привремена забрана за извршување на должноста стечаен управник. Привремената забрана може да трае до завршување на дисциплинската постапка, односно најдолго една година.

**Постапка пред дисциплинската комисија**

**Член 115**

(1) Претседателот на дисциплинската комисија од прв степен одлуката за поведување на дисциплинска постапка ја доставува до стечајниот управник против кој се води дисциплинска постапка. Стечајниот управник има право во рок од 15 дена од приемот на одлуката за поведување на дисциплинска постапка писмено да се произнесе по донесената одлука. Претседателот на дисциплинската комисија за донесената одлука го известува министерот за економија.

(2) Претседателот на дисциплинската комисија во рок од осум дена по приемот на произнесувањето на стечајниот управник или по протек на рокот од став 1 на овој член да закаже седница на дисциплинската комисија.

(3) Поканата за седница се доставува до стечајниот управник против кој се води дисциплинска постапка во рок не пократок од осум дена пред денот на седницата со напомена за последиците од став 4 и правата од став 5 на овој член.

(4) Кога стечајниот управник против кого се води дисциплинска постапка е уредно повикан и не присуствува на расправата, расправата може да се одржи во негово отсуство.

(5) Стечајниот управник има право на одбрана без разлика дали ќе ја поднесе писмено пред одржувањето на седницата на дисциплинската комисија или усно на самата седница.

(6) Седницата на дисциплинска комисија не е јавна освен ако стечајниот управник против кој се води дисциплинска постапка побара истата да биде јавна.

(7) Претседателот на дисциплинската комисија во рок од 8 дена по завршување на седницата донесува писмена одлука која се доствува до:
- стечајниот управник против кој се води дисциплинска постапка
- претседателот на комората и
- министерот за економија

(8) Против одлуката на дисциплинска комисија со која на стечајниот управник му била изречена условно или трајно одземање на правото да извршува должностите стечаен управник може да се поведе управен спор.

(2) Тужба за управен спор може да поднесат и лицата од став 7 од овој закон.

**Застареност**
**Член 116**

(1) Рокот на застареност за поведување на дисциплинска постапка изнесува пет години од денот кога е сторена повредата.

(2) Кога дисциплинската повреда има карактер на казнено дело кое се гони по службена должност, рокот за застареност е ист како оној што е определен во законот.

(3) Застареноста на гонењето почнува да тече од денот кога е дознаено дека е сторена дисциплинската повреда.

(4) Застареноста се прекинува со секое процесно дејство што се презема заради поведување на дисциплинска постапка.

(5)Извршување на дисциплинската мерка застарува во рок од пет години од правосилноста на одлуката со која дисциплинската мерка била изречена.

(6) Во секој случај рокот за поведување на дисциплинска постапка застарува кога ќе поминат двапати од рокот кој е предвиден во став 1 и став 2 од овој член.

**ОДБОР НА ДОВЕРИТЕЛИ**
**Одбор на доверители како орган на доверителите**
**Член 117**

Одборот на доверители е орган на доверителите кој во стечајна постапка се основа заради заштита на интересите на доверителите и ги извршува процесните дејствија кои согласно со овој закон е надлежен да ги извршува за сметка на сите доверители кои се странки во постапката.

**Основање на одбор на доверители по предлог на стечајниот управник**
**Член 118**

(1) Одборот на доверители го формира судот по отворањето на стечајната постапка на предлог на стечајниот управник.

(2) Стечајниот управник предлогот за именување на членови на одбор на доверители го доставува во писмена форма до судот во најдоцна во рок од петнаесет

дена по истекот на рокот за пријавување на побарувањата на доверителите. Предлогот мора да биде образложен со тоа што стечајниот управник треба да ги наведе и причините поради кои се предлагаат доверителите за членови на одборот на доверители. При изготвувањето на предлогот за именување на одбор на доверители стечајниот управник е должен да ги почитува ограничувањата предвидени во членот 118 став (2) од овој закон.

(3) Судот, врз основа на поднесениот предлог на стечајниот управник, носи решение со кое го основа одборот на доверители со тоа што го определува бројот и ги именува членовите на одборот на доверители во рок од три дена од денот на поднесувањето на предлогот. Решението се доставува до именуваните членови на одборот на доверители и до Централниот регистар на Република Македонија и јавно се објавува.

(4) Одборот на доверители именуван од судот ги презема процесните дејствија определени со овој закон од моментот на донесувањето на решението за именување на одбор на доверители па се до одржување на седницата на првото извештајно собрание на доверители кога доверителите одлучуваат за неговиот состав.

**Членови на одборот на доверители**

**Член 119**

(1) За член на одборот на доверители може да биде избрани доверителите кои согласно со членот 264 став 1 од овој закон стекнал процесна легитимација и го пријавил своето побарување и за кое стечајниот управник се произнел дека е основано.

(2) Во одборот на доверители не може да биде именуван, односно избран доверител кој:

1) истовремено е и должник на стечајниот должник, со тоа што неговите обврски спрема стечајниот должник надминува 1% од вредноста на имотот кој влегува во стечајната маса;

2) последните две години пред отворањето на стечајната постапка бил именуван за член на органите на управување или на органот за надзор или прокурист на стечајниот должник или бил содружник или акционер кај стечајниот должник;

3) е трговско друштво кое во однос на стечајниот должник, односно должникот од точката 1 на овој став е поврзано трговско друштво согласно со членот 491 од Законот за трговските друштва;

4) е именуван за член на органот на управување или органот за надзор, односно прокурист на должникот или бил содружник или акционер кај должникот од точка 1 на овој став или друштвото од точка 3 на овој став;

5) во однос на стечајниот должник или лицето од точките 1, 2 и 3 на овој став има положба на блиско лице согласно со овој закон;

6) во стечајната постапка има положба на излачен доверител и

7) е стечаен управник, извршител, нотар, овластен проценувач или сметководител како доверител.

(3) Судот во одборот на доверители на предлог на било кој од членовите на одборот на доверители може да именува и лице кое со оглед на неговото стручно знаење може да придонесе во работата на одборот на доверители без право на глас при донесување на одлуките.Ова лице неможе да биде избрано за претседател на одборот на доверители ниту пак влегува во бројот на членови на одборот на доверители.

**Број на членови на одбор на доверители**

**Член 120**

(1) Бројот на членови на одборот на доверители, кој го именува Судот, мора да биде непарен и не може да биде помал од три, освен во случај кога бројот на доверители е помал од три ниту поголем од пет. Во бројот на членовите на одборот на доверители не влегуваат лицата член 118 став (3) од овој закон. Доверителите на првото извештајно собрание можат да изберат нови членови на одборот, со тоа што бројот на членовите не може да биде поголем од седум члена.

(2) При одредување на бројот на членовите на одборот на доверители, судот мора да го има во предвид вкупниот број на доверители во стечајната постапка.

**Престанување на својството член на одбор на доверители**

**Член 121**

(1) На доверителот му престанува својството член на одбор на доверители:

1. ако доверителот како член на одбор на доверители го пренел своето побарување на нов доверител
2. ако е разрешен од член на одбор на доверители согласно член 122 од овој закон
3. ако се откаже од член на одбор на доверители
4. ако одлуката на судот за именување на одбор на доверители за одреден доверител е укината или преиначена
5. ако на седницата на првото извештајно собрание бил сменет од член на одбор на доверители

(2) За преземеното правно дејствие од став 1 точка 1 на овој член стечајниот управник го известува, судот најдоцна во рок од осум дена од сознавањето.

(3) Изјавата за остапување од член на одбор на доверители, доверителот ја доставува до судот и влегува во правна сила на денот кога е примена од судот.

**Разрешување на членовите на одборот на доверители**

**Член 122**

(1) Именуваниот, односно избраниот член на одборот на доверители може да биде разрешен во текот на стечајната постапка, доколку не ги извршува неговите обврски предвидени со овој закон, не доаѓа на седниците и своето недоаѓање не го оправдал, без образложение одбива да гласа за донесување на одлуките кои се во интерес на доверителите и со нивно не донесување се одолговлекува или отежнува спроведувањето на стечајната постапка и во други случаи предвидени со овој закон.

(2) Предлог за разрешување на именуваниот, односно избраниот член на одбор на доверители може да поднесе секој доверител, собранието на доверители и одборот на доверители. Решението за разрешување на именуваниот, односно избраниот член на одборот на доверители го донесува судот во рок од три дена од денот на поднесувањето на предлогот. Судот може и по службена должност да донесе решение за разрешување на член на одбор на доверители кога постојат причините за разрешување од ставот (1) на овој член.

(3) Пред да донесе решение за разрешување на именуваниот, односно избраниот член на одбор на доверители, судот може да побара писмено изјаснување или ќе го сослуша членот на одборот на доверители. Против решението за разрешување право на жалба има разрешениот член на одборот на доверители или подносителот на

предлогот. Примерок од правосилното решение се доставува до Централниот регистар на Република Македонија во рок не подолг од три дена.

(4) Ако разрешениот член на одбор на доверители е именуван од судот пред одржување на првото извештајно собрание на доверители, судот во рок од три дена по правосилноста на решението за разрешување наместо разрешениот член на предлог на стечајниот управник именува нов член.

(5) Ако разрешениот член на одбор на доверители е именуван од страна на доверителите на првото извештајно собрание на доверители или на членот на одборот на доверители му престанало својството согласно член 120 став 1 точка 1 и 3 во тој случај, судот во рок не подолг од осум дена ќе ги повика доверителите да достават писмени предлози за нов член на одборот на доверители и свикува собрание на доверители на кое доверителите одлучуваат за именување на нов член на одборот на доверители.

**Одговорност на членовите на одборот на доверители**

**Член 123**

Ако членовите на одборот на доверители не ги извршуваат своите должности со внимание на совесен и чесен трговец, тогаш се должни да им ја надоместат штетата на доверителите. Одредбите за застарување на барањето за надоместок на штетата од спрема стечајниот управник на соодветен начин се применуваат и на застарувањето на барањето за надоместок на штета спрема членовите на одборот на доверители.

**Надлежности на одборот на доверители**

**Член 124**

(1) Одборот на доверители:

1. носи одлуки за мислење или дава согласност за надлежностите определени со овој закон;
2. ги разгледува извештаите кои согласно овој закон ги доставува стечајниот управник;
3. врши други надлежности определени со овој закон;

(2) Одборот на доверители заради остварување на своите права и извршување на надлежностите има право да изврши преглед во деловните книги и целата писмена документација која ја преземал стечајниот управник од должникот во стечајната постапка како и документацијата која ја води стечајниот управник во врска со спроведување на стечајната постапка.

(3) Одборот на доверители на барање на доверителите ги известува за состојбата на стечајната маса.

**Постапка во врска со давање мислење или согласност од одборот на доверителите**

**Член 125**

(1) Во случај кога судот согласно овој закон за одредена работа за да одлучи треба да прибави мислење на одборот на доверители или негова согласност, судот барањето за мислење или согласност јавно го објавува.

(2) Барањето за мислење или согласност на одборот на доверители ги содржи одлуката која треба судот да ја донесе по која одборот треба да се изјасни и причините на судот за таква одлука

(3) Кога за донесувањето на одлуката на судот е потребен предлог на стечајниот управник или на друго лице, судот јавно го објавува предлогот и доказите кои се приложени кон предлогот.

(4) Во случај ако судот мора одредена одлука согласно овој закон да донесе врз основа на претходно прибавено мислење или согласност од одборот на доверители и одборот на доверители во рок од 15 дена по објавувањето на објавата согласно став 1 од овој член мислење или согласност не донел се смета дека се исполнети процесните претпоставки за донесување на одлука од страна на судот.

**Постапка во врска со разгледување на извештај или мислење на стечајниот управник или согласност на одборот на доверителите**
**Член 126**

(1) Кога стечајниот управник согласно законот треба да предложи извештај на судот го доставува до сите членови на одборот на доверители.

(2) Заедно со извештајот или мислењето од став 1 на овој член стечајниот управник до одборот на доверители ја доставува и приложената документација.

(3) Стечајниот управник на седницата на одборот на доверители на кој се разгледува извештајот или мислењето на барање на секој од членовите на одборот на доверители ќе даде дополнително појаснување кои се важни за заштита и остварување на интересите на доверителите во стечајната постапка.

**Одлучување на одборот на доверители**
**Член 127**

(1) Одборот на доверители одлуките од својата надлежност ги носи на седница.

(2) Секој член на одборот на доверители има еден глас.

(3) Секој член на одбор на доверители може да гласа „за“ или „против“ предложената одлука. Членовите на одборот не можат да се воздржат од гласање. Членовите на одбор на доверители кои гласале „за“ донесување на некоја од одлуките кои се во надлежност на одборот на доверители, не можат по завршувањето на седницата да гласаат поинаку, ниту пак да бараат поништување на одлуката на одборот на доверители.

(4) Одлуката на одборот на доверители се смета за донесена кога за неа гласале членовите со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите со право на глас.

(5) Доколку одборот на доверители не донел некоја одлука поради тоа што некој од членовите на одборот на доверители побарал на самата седница да се одложи гласањето, во тој случај, судот на предлог на стечајниот управник со решение ќе го задолжи одговорното лице во правното лице - доверител член на одборот на доверители, да ги надомести трошоците кои настанале поради одложувањето на гласањето.

(6) По исклучок од ставот (5) на овој член, кога член на одборот на доверители е државниот правобранител, односно претставник на државен орган, истиот може да се произнесе по одлуката во рок од пет дена, со тоа што не се одржува нова седница на одборот на доверители. Доколку овој член на одборот во рокот од пет дена не се произнел, во тој случај, се смета дека гласал „за„ донесување на одлуката.

**Претседател на одбор на доверители**
**Член 128**

(1) Членовите на одборот на доверители меѓусебе на првата седница на одборот на доверители избираат претседател на одборот.

(2) Кога претседателот на одборот на доверители е отсатен или престанал да биде член на одборот на доверители, должностите на претседателот на одбор на доверители ги извршува членот на одборот на доверители кој има најголемо побарување.

**Застапување на членовите на одборот на доверители**
**Член 129**

(1) Кога член на одборот на доверители е доверител како физичко лице, може да работи во одборот на доверители сам или да овласти полномошник.

(2) Кога член на одборот на доверители е доверител како правно лице него во одборот на доверители го застапува неговиот застапник по закон или лице кое има овластувања.

(3) Полномошното за застапување на седниците на одборот на доверители мора да биде во писмена форма.

(4) Членот на одборот на доверители може да даде полномошно за застапување на седниците на одборот на доверители како општо полномошно или како полономошно за застапување на одредена седница на одборот на доверители.

(5) Член на одборот на доверители може да овласти друг член на одборот на доверители да го застапува на одредена седница на одборот на доверители.

**Присуство на седниците на одборот на доверители**
**Член 130**

(1) На седницата на одборот на доверители можат да присуствуваат само:

1. членовите на одборот на доверители или нивните полномошници
2. стечајниот управник и лице кое за стечајниот управник во конкретната стечајна постапка извршува одредени работи
3. судијата кој ја води стечајната постапка
4. во постапката за реорганизација во текот на стечајната постапка, застапникот или полономношник на стечајнот должник ако истиот ја продолжил потфатот.

(2) Стечајниот управник е должен да присуствува на седницата на одборот на доверители ако на неа се разгледува извештај или мислење или во други случаи ако тоа го бара лицето кое ја свикува седницата.

**Свикување на седници на одборот на доверители**
**Член 131**

(1) Првата седница на одборот на доверители ја свикува стечајниот управник најдоцна во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението за основање на одбор на доверители на членовите.

(2) Другите седници на одборот на доверители ги свикува претседателот на одборот на доверители.

(3) Претседателот на одборот на доверители е должен да свика седница кога одборот на доверители:

1. согласно овој закон треба да даде мислење односно согласност
2. согласно овој закон треба да се разгледа извештај на стечајниот управник или
3. тоа го побара член на одборот на доверители кој треба да наведе причината и целта за свикување на седница на одборот на доверители;
4. тоа го побара стечајниот управник

(4) Претседателот на одборот на доверители ја свикува седницата во рок не подолг од осум дена од приемот на барањето од судот за мислење или согласност на одборот на доверители, извештајот на стечајниот управник или барањето на членот на одборот на доверители или стечајниот управник.

(5) Доколку, претседателот не свика седница на одборот на доверители во рокот предвиден во став 4 од овој член, седницата ја свикуваат два члена на одборот на доверители или стечајниот судија.

(6) За другите седници на одборот на доверители, оној кој ја свикува седницата, членовите на одборот на доверители, стечајниот управник и судот ги известува со покана која треба да биде доставена најмалку три работни дена пред седницата на одборот на доверители.

(7) Поканата за седница на одборот на доверители содржи, ден, час и место каде ќе се одржи седницата, дневен ред на седницата и предлог на свикувачот на седницата на одборот на доверители за донесување на одлука по секаја точка од дневниот ред.

**Место на одржување на седниците на одборот на доверители**
**Член 132**

(1)Седниците на одборот на доверители се одржуваат во место кое се наоѓа на подрачјето на судот кој ја води постапката.

(2) Предлагачот за одржување на седницата со поканата го определува местото на одржување на седницата на одборот на доверители.

**Тек на седницата на одборот на доверители**
**Член 133**

(1) Со седниците на одборот на доверители раководи претседателот на одборот на доверители. Стечајниот судија нема право да ги води седниците на одборот на доверители.

(2) Секој член на одборот на доверители покрај тоа што има право да свика седницата може и даде предлог за донесување на одлука.

(3) Кога за определена точка од дневниот ред се поднесени повеќе предлози за донесување на одлука, по предлозите се гласа по редослед како се дадени.

(4) Резултатите од гласањето за одреден предлог за донесување одлука ги соопштува претседателот на одборот на доверители.

(5) Кога за одреден предлог за донесување на одлука , одборот на доверители донел одлука по другите предлози согласно став 3 од овој член не се гласа.

(6) За текот на седницата се води записник кој по секоја точка на дневен ред содржи

1. предлог или предлози на одлуки кои треба да се донесат по таа точка
2. резултати за гласањето за предлог одлука која била донесена и објавена од страна на претседателот на одборот

(7) Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на одборот на доверители кои присуствувале.

**Награда за работата и надоместок на трошоците**
**Член 134**

(1) Членовите на одборот на доверители имаат право на награда за својата работа, како и на надоместок за реално потребните трошоци.

(2) Наградата за работа и надоместок на трошоците на членовите на одборот на доверители ги определува судот според нормативите и стандардите определени во актот за определување на награда на стечајниот управник и за членовите на одборот на доверители.

## СОБРАНИЕ НА ДОВЕРИТЕЛИ

### Свикување на собранието на доверители

### Член 135

(1) Судот по службена должност ги свикува:

- првото (извештајно)собрание на доверители

- последното завршно собрание

- собрание на доверители на кое доверителите ќе се произнесат за продажбата на имотот кој преставува дел од стечајната маса кога е понудена пониска цена од проценетата вредност.

(2) Право на учество на собранијата имаат сите стечајни доверители, доверители со право на одвоено намирување кој се изјасниле дека ќе го реализираат заложното право според одредбите на овој закон, стечајниот управник.

(3) Покрај судот, собрание на доверители на кое ќе се разгледуваат прашања кои се од интерес од доверителите може да свика и одборот на доверители.

(4) Времето и местото на одржувањето, како и дневниот ред на собранијата на доверители од став 1 и 2 на овој член, јавно се објавува. Ако расправата на собранието на доверителите се одложува во тој случај, времето и местото на одржувањето, како и дневниот ред не се објавува јавно.

### Свикување на друго собрание на доверители

### Член 136

(1) Судот може да свика и други собранија на доверители на предлог на:

1) стечајниот управник;

2) одборот на доверители и

3) еден или повеќе стечајни доверители под услов збирот на нивните побарувања да надминува една петтина од износот на побарувањата на сите стечајни доверители.

(2) Ако е поднесен предлог согласно со ставот (1) од овој член, собранието се одржува во рок неподолг од 15 дена од поднесувањето на предлогот.

(3) Ако судот не го свика собранието согласно со ставот (2) на овој член, собранието според одлука на одборот на доверители го свикува претседателот на одборот на доверители во рок од осум дена. За свиканото собрание се известува стечајниот судија.

### Седници на собранието на доверители и одлучување

### Член 137

(1) Собранието на доверители го раководи стечајниот судија, а ако собранието е свикано согласно со членот 136 став (3) од овој закон со собранието раководи претседателот на одборот на доверители.

(2) Одлука на собранието на доверители се донесува со мнозинство од утврдените побарувања претставени од присутните доверители.

## Право на глас
## Член 138

(1) Право на глас имаат доверителите чии побарувања не ги оспорил ниту стечајниот управник ниту некој од доверителите со право на глас. Право на глас имаат и доверителите чии побарувања не се оспорени во целост и тоа сразмерно на неоспорениот дел од побарувањата. Секој доверител чии побарувања не ги оспорил ниту стечајниот управник ниту некој од доверителите со право на глас има право на глас сразмерно на учеството на вредноста на неговото побарување во вкупно утврдената вредност на побарувањата.

(2) Се смета дека доверител има право на глас и во случај кога неговото побарување е оспорено, ако постоењето на своето побарување го докажува со извршна исправа или ако неговото побарување е обезбедено со заложно право запишано во јавна книга, освен ако должникот со заверена исправа не докажал престанок на тоа побарување.

(3) На кои од доверителите определени во ставот (2) од овој член им се признава право на глас, одлучува судот пред почетокот на собранието на доверителите со решение против кое доверителите немаат право на жалба.

(4) На наредните собранија на доверители, само во случај ако се промениле околностите на предлог на стечајниот управник или на некој од присутните доверители со право на глас, стечајниот судија може да ја измени својата одлука за право на глас на доверителите со оспорени побарувања.

(5) Одредбата од ставот (2) на овој член на соодветен начин се применува и на доверителите чии побарувања се со одложен услов.

(6) Доверителите кои имаат обезбедено побарување и кои во пријавата за побарување се изјасниле дека ќе пристапат кон реализација на воспственото заложно право надвор од стечајната постапка, немаат право на глас за вредноста на обезбеденото побарување на првото извештајно собрание на доверителите, како и на другите собранија кои се одржуваат во текот на стечајната постапка.

## Укинување на одлука на собранието на доверители
## Член 139

(1) Ако доверителите на седница на собранието донеле одлука со која се повредуваат интересите на доверителите во стечајната постапка или ако се оневозможува еднаков пристап на сите доверители кон колективното намирување, судот може да ја укине одлуката по служена должност.

(2) Предлог за укинување на одлука на собранието на доверители може да поднесе стечајниот управник, секој доверител чии права се повредени и кој не гласал за одлуката која се оспорува а бил присутен на седницата или гласал против нејзино донесување, во рок од осум дена од денот на одржувањето на собранието на доверители до судот.

(3) Кога одлучува по службена должност или по поднесениот предлог, судот решението го донесува во рок од петнаесет дена од одржувањето на собранието и решението го објавува јавно.

(4) Против решението на судот со кое е укината одлуката од став 1 на овој член , право на жалба има секој доверител кој гласал за донесување на одлуката во рок од осум дена по јавното објавување на решението. Ако судот го одбил предлогот за укинување на одлуката право на жалба против решението има стечајниот управник и доверителите од став 2 на овој член.

**Овластувања на собранието на доверители**
**Член 140**

(1) Доверителите на првото извештајно собрание кое го свикува судот, со донесувањето на решението за отворање на стечајна постапка ги носат следните одлуки:
1) за тоа дали стечајниот управник, именуван од стечајниот судија, останува да ги врши работите на стечаен управник или ќе биде сменет и ќе биде избран нов стечаен управник;
2) за тоа дали одборот на доверители именуван од стечајниот судија ќе остане во ист состав, кои членови ќе бидат сменети и дали одборот на доверители ќе биде проширен со избор на нови членови или ќе биде избран нов одбор на доверители;
3) за тоа деловниот потфат на должникот ќе биде продолжен или затворен и ќе се пристапи кон впаричување на имотот на стечајниот должник и
4) за тоа ако деловниот потфат на должникот е продолжен кој ќе пристапи кон изготвување на план за реорганизација во стечајна постапка.

(2) Доверителите на седницата на првото извештајно собрание најпрво ги донесуваат одлуките од ставот (1) точки 1 и 2 на овој член. Во случај ако бил избран нов стечаен управник, судот може, по предлог на доверителите, да го одложи разгледувањето на извештајот за економско-финансиската состојба и донесувањето на одлуките од ставот (1) точки 3 и 4 на овој член во рок не подолг од 30 дена од денот на одржувањето на седницата на првото извештајно собрание. Против ова решение не е дозволена жалба.

(3) На другите собранија кои се одржуваат во текот на стечајната постапка доверителите можат да одлучуваат по други прашања за кои согласно со овој закон одлучува одборот на доверители. Доверителите на другите собранија не можат да донесуваат нити да ги менуваат одлуките од ставот (1) точка 1, 3 и 4 на овој член.

(4) Собранието на доверители во текот на стечајната постапка има право да побара од стечајниот управник да достави извештаи кои се однесуват на:
1) текот на стечајната постапка, како и состојбата и управувањето со стечајната маса и
2) прометот и износот на готовината со која располага стечајниот управник.

## Глава четврта
## ПОВЕДУВАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

**Овластени предлагачи**
**Член 141**

(1) Предлог за отворање на стечајна постапка до судот може да поднесат:
1. должникот
2. лично одговорниот содружник во друштвото
3. доверителот

**Предлог за отворање на стечајна постапка**

**Член 142**

(1) Предлогот за отворање на стечајна постапка треба да содржи:

1. фирма, единствен матичен број неговото седиште и адреса, податоци за застапникот по закон, податоци за трансакционата сметка
2. фирма, односно име и презиме на доверителот, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот, податоци за трансакционата сметка;
- правниот основ за настанување на побарувањето;
- извршна исправа со која го докажува побарувањето;
3. факти од кои произлегува дека должникот станал инсолвентен и докази за тие дејствија.
4. барање до судот над должникот да отвори стечајна постапка

(2) Кога предлогот за отворање на стечајна постапка е поднесен од должникот тој содржи само податоци од став 1 точка 1 и 3 на овој член. Предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот - правно лице, во име на должникот, може да поднесе секое лице овластено за застапување на правното лице по закон, како и секој ликвидатор.

(3) Органите на должникот овластени за неговото застапување според закон се должни да поднесат предлог за отворање на стечајна постапка најдоцна во рок од 21 ден од денот на настапувањето на условите за отворање на стечајна постапка.

(4) Предлогот за отворање на стечајна постапка кој го поднесува доверителот содржи факти и докази од кои произлегува дека доверителот има побарување за кое се стекнал со извршна исправа и дека должникот доцни со исплата на побарувањето повеќе од 45 дена.

**Повлекување на предлог**

**Член 143**

(1) Предлогот за отворање на стечајна постапка може да се повлече сé до донесување на решението за отворање на стечајната постапка, односно до донесувањето на решение за отфрлање или одбивање на предлогот.

(2) Ако предлагачот го повлече предлогот за отворање на стечајна постапка, судот ќе ја запре постапката. Во тој случај настанатите трошоци на постапката ги поднесува предлагачот. Против решението за запирање на постапката не е дозволена жалба.

**Испитување на предлог за отворање на стечајна постапка и авансирање на трошоци на стечајна постапка**

**Член 144**

(1) Судот ја испитува уредноста на предлогот и дали предлагачот ги доставил сите докази за да може да се постапува по него. Доколку утврди дека предлогот не е целосен и не се поднесени сите потребни докази согласно со овој закон, судот со решение ќе го врати на предлагачот истиот да го уреди во рок кој не може да биде подолг од осум дена.

(2) Ако предлагачот во оставениот рок од ставот (1) на овој член не го уреди предлогот или не ги достави потребните докази, судот со решение го отфрла предлогот.

(3) Доколку предлогот за отворање на стечајна постапка е уреден и заедно со него се поднесени сите потребни докази, судот во рок од три дена од денот на

поднесувањето на предлогот во судот, односно по уредувањето на предлогот, донесува решение за определување на аванс на трошоци за претходната постапка чија висина не може да биде повисока од 30.000,00 денари. Против решението за определување на аванс не е дозволена жалба.

(4) Предлагачот е должен во рок од осум дена од денот на приемот на решението да го уплати авансот на трошоци за претходната постапка кој ќе го определи судот. Ако во овој рок предлагачот не го уплати авансот, односно ненавремено го уплатил авансот судот со решение го отфрла предлогот.

(5) Уплатениот аванс влегува во трошоците на стечајната постапка и по отворањето на стечајната постапка се враќа на доверителот, освен ако судот по спроведување на претходната постапка утврди дека поднесениот предлогот за отворање на стечајна постапка над должникот е неоснован. Во тој случај од авансираниот износ се покриваат трошоците настанати во спроведување на претходната постапка.

**Постапка по предлогот поднесен од доверителот**

**Член 145**

(1) Судот во рок од три дена по приемот на предлогот за отворање на стечајна постапка, односно неговото уредување го доставува до должникот.

(2) Должникот може во рок од 8 дена по приемот на предлогот за отворање на стечајната постапка да достави одговор на предлогот и да приговори на околноста дека е инсолвентен или на основаноста на побарувањето на доверителот.

(3) Ако должникот изјави дека со предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот се согласува или во рок од осум дена од приемот на предлогот не вложи приговор согласно став 2 од овој член, се смета дека се исполнети условите за отворање на стечајната постапка. Во овој случај во претходната постапка се испитува дали должникот има имот над кој може да се спроведе стечајната постапка.

**Постапка по предлогот поднесен од должникот**

**Член 146**

(1) Кога должникот, односно ликвидаторот поднесе предлог за отворање на стечајната постапка и нејзино не спроведување поради недоволност на имот во тој случај судот ќе ги примени одредбите од член 147 на овој закон.

(2) Кога предлогот за отворање на стечајна постапка го поднел должникот, односно ликвидатор, и побара да се отвори стечајна постапка во тој случај заедно со предлогот е должен да достави докази и исправи од кои може да утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, потврда од банката која го извршува платниот промет за должникот за состојба на средствата на сметката и за ненамирените побарувања кои треба да бидат исплатени од сметката и дека има имот над кој може да се спроведе стечајната постапка. За вистинитоста на доставените докази и исправи членовите на органите на должникот, односно должникот - поединец одговараат кривично и материјално.

(3) Ако предлогот за отворање на стечајна постапка од ставот (2) на овој член не е поднесен од страна на сите лица овластени за застапување на правното лице според законот или ликвидатори, предлогот ќе биде дозволен само ако подносителот на предлогот го направи веројатно постоењето на условите за отворање на стечајната

постапка. Судот, во тој случај, може да ги сослуша другите лица овластени за застапување на правното лице или ликвидатори.

(4) Судот во случај од став 2 на овој член ќе одлучи по предлогот без одржување на рочиште во рок од осум дена по приемот на предлогот, односно уредување на предлогот.

## Глава петта

## ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА

### Поведување на претходна постапка во случај кога предлогот за отворање на стечајна постапка е поднесен од доверител

### Член 147

(1)Судот во рок од три дена по доставувањето на поднесок дека авансот е уплатен од страна на предлагачот - доверител, носи решение за поведување на претходна постапка за испитување на услови за отворање на стечајната постапка.

(2)Доколку по донесување на решението за поведување на претходна постапка се поднесени предлози за отворање на стечајна постапка од други доверители против истиот должник, судот носи решение со кое ќе ги спои постапките по подоцна поднесените предлози во единствена постапка.

(3) Со решението за поведување на претходна постапка, судот ќе закаже рочиште за испитување на услови за отворање на стечајната постапка најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на решението за поведување на претходна постапка. Против решението за поведување на претходна постапка не е дозволена жалба. Примерок од решението се доставува до Централниот регистар на Република Македонија и се објавува на веб страницата на судот кој го донел решението.

(4) Судот може да донесе решение за отворање на стечајна постапка без да спроведе претходна постапка, ако должникот со писмен поднесок потврди дека има неисплатени обврски спрема доверителот и истите не ги исплатил повеќе од 45 дена и дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка и има имот над кој може да се спроведе стечајната постапка.

### Обврска за давање на известувања во текот на претходната постапка

### Член 148

(1) По поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка, должникот односно членовите на органот на управување и на органот на надзор, како и лично одговорните содружници на должникот, кои имаат овластување за застапување ќе му ги стават на располагање и ќе му ги дадат на судот сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука во врска со поднесениот предлог.

(2) Доколку, судот во текот на претходната постапка донесе решение за определување на мерки за обезбедување и е именуван привремен стечаен управник во тој случај известувањата од став 1 на овој член органите на управување и органот за надзор како и лично одговорните содружници на должникот, кои имаат овластување за застапување ќе ги достават и до привремениот стечаен управник.

(3) Должникот има обврската да соработува со привремениот стечаен управник и да му допушти да влезе во деловните простории за да може да ги спроведе потребните дејства, како и да изврши увид во трговските книги, сметководствени документи, записи и пописи, годишна сметка и финансиски извештаи и други документи

во врска со организацијата, деловни писма и кореспонденции и да се воздржува од сите активности со кои би се отежнало исполнувањето на тие обврски.

(4) Обврските предвидени со ставот (1) на овој член, се однесуваат и на членовите на органите коишто, го изгубиле тоа својство во текот на последните две години пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка.

(5) Ако одговорните лица на должникот не ги исполнуваат должностите предвидени во овој член или трети лица одбиваат да ја достават документацијата, судот може да донесе решение со кое ќе им изрече парична казна која не може да биде помала од 30.000 денари ниту поголема од 300.000 денари. Судот го извршува решението за парична казна по службена должност.

(6) Доколку, трговските книги, сметководствени документи, записи и пописи, годишна сметка и финансиски извештаи и други документи во врска со организацијата, деловни писма и кореспонденции на должникот се наоѓаат кај трето лице, членовите на органот на управување и на органот на надзор,како и лично одговорните содружници на должникот, кои имаат овластување за застапување се должни за тоа да го известат судот и привремениот стечаен управник. По налог на судот, лицето кај кого се наоѓа документацијата ги доставува до привремениот стечаен управник.

**Мерки на обезбедување**

**Член 149**

(1) Судот може по барање на предлагачот или по службена должност, да определи мерки со кои, до донесувањето на одлука по предлогот за отворање на стечајна постапка, би се спречило да настанат промени во финансискиот статус и имотната положба на должникот кои за доверителите би можеле да бидат неповолни.

(2) Судот особено може:

1) да именува привремен стечаен управник од стечајните управници запишани во регистарот на стечајни управници кој го води Министерството за економија ;

2) да одреди општа забрана за располагање со имотот на должникот или да одреди дека должникот може да располага со својот имот само со претходно одобрение на судот или на привремениот стечаен управник;

3) да го забрани или привремено да го одложи започнување или спроведувањето на присилно извршување, или обезбедувањето, реализација на заложно право врз имот на должникот врз основа на присилна наплата на данок против должникот и

4) да ги забрани исплатите од сметката на должникот.

(3) Судот решението за определување на мерки за обезбедување го носи вон рочиште и може да го донесе заедно со решението за поведување на претходната постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка или по поднесување на предлогот за отврање на стечајната постапка пред да се донесе решението за поведување на претходна постапка. Против решението за определување на мерки за обезбедување не е дозволена жалба.

(4) Ако другите мерки не бидат доволни, судот може да определи присилно да се приведат одговорните лица на должникот.

(5) Правните последици од решението со кое се определуваат марки за обезбедување, настануваат наредниот ден од денот кога решението е објавено односно доставено.

**Привремен стечаен управник**

**Член 150**

(1) Ако судот со решение именува привремен стечаен управник и ако на должникот му одреди општа забрана за располагање, овластувањето за располагање со имотот на должникот преминува на привремениот стечаен управник. Во тој случај привремениот стечаен управник е должен:
1) да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства;
2) да дава согласност на органите на управување на должникот, односно на должникот поединец за водење на работењето сé до донесувањето на одлука за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и
3) да испита дали должникот е неспособен за плаќање или презадолжен како и дали има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка;

(2) Ако овластувањето за располагање со имотот на должникот преминало на привремениот стечаен управник, парниците и другите постапки во тек продолжуваат под надзор и контрола на привремениот стечаен управник.

(3) Судот во претходната постапка може покрај привремениот стечаен управник да определи едно или повеќе вешти лица да испитаат дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, ако тоа го побара должникот. Овластеното вешто лице е должно да го изготви вештиот наод и мислење во рок од осум дена по донесувањето на решението.

(4) Во случај ако деловната активност на должникот не престанала, а овластувањето за располагање со имотот преминало на привремениот стечаен управник, истиот продолжува под надзор и контрола на привремениот стечаен управник до моментот на отворање на стечајната постапка. За таа цел привремениот стечаен управник може да ги преземе сите правни дејствија и работи кои се потребни за продолжување на деловната активност под услов продолжувањето на тие активности да не се на штета на должникот ниту на идните доверители.

(5) Ако деловната активност на должникот по поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка продолжува, а во текот на претходната постапка не бил именуван привремен стечаен управник во тој случај деловната активност продолжува да ја води органот на управување на должникот со тоа што судот го одобрува преземањето на правните дејствија кои се потребни за непречено водење на деловниот потфат.

**Објава на ограничување на располагање**
**Член 151**

(1) Решението со кое се одредени ограничувањата со располагањето предвидени во членот 149 став (1) точка 1 и 2 од овој закон и со кое се поставува привремен стечаен управник, јавно се објавува. Решението му се доставува на должникот и на привремениот стечаен управник. Истовремено ќе се повикаат должниците на должникот да ги исполнат своите обврски, водејќи сметка за објавеното решение. Се повикуваат и должниковите солидарни содолжници и гаранти, да ги исполнат своите обврски кон должникот.

(2) Решението од ставот (1) на овој член, судот го доставува до регистарот кој го води Централниот регистар во кој е запишан должникот.

(3) За уписот на ограничувањето за располагање во јавните книги, во кои се врши упис на правата врз недвижностите (катастар), Централниот регистар и во други

соодветни регистри, на соодветен начин се применуваат одредбите од овој закон за упис на решението за отворањето на стечајната постапка во тие регистри.

(4) Решението со кое се одредени ограничувањата од член 149 став 2 точка 3 се доставува до Комората на извршители која ги известува сите извршители за донесенето решение на судот. Со доставувањето на решението, се забранува започнување на постапка за присилно извршување или привремено се одлагаат започнатите изврши дејствија против должникот се до укинување мерките а обезбедување или отворање на стечајната постапка.

(5) Решението со кое се одредени ограничувањата од член 148 став 2 точка 3, а се однесува постапката за обезбедување се доставува до судот и има за последица привремено одлагање на преземените дејствија.

(6) Судот, решението со кое се одредени ограничувањата од член 148 став 2 точка 4 од овој закон ќе го достави до банките кои се носители на платен промет на должникот. По приемот на решението, банката носител на платен промет не смее да врши било каква исплата на парични средства од сметката на должникот на трети лица по доставените налози.

**Правно дејство на ограничувањето за располагање**

**Член 152**

(1) Во случај на повреда на ограничувањето за располагање од членот 148 на овој закон на соодветен начин се применуваат одредбите од овој закон за правните последици од повредата на забраната за располагање по отворањето на стечајната постапка и ако се отвори стечајна постапка преземените правни дејствија се ништовни.

**Укинување на мерките на обезбедување**

**Член 153**

Решението за укинување на мерките на обезбедување ќе се објави, односно ќе се достави на начин на кој е објавено и доставено решението со кое се определени.

**Обврските на привремениот стечаен управник пред разрешувањето**

**Член 154**

(1) Пред разрешувањето привремениот стечаен управник има право и обврска во име и за сметка на должникот да ги намири настанатите трошоци и да ги исполни обврските што ги презел за должникот. Исто важи и за обврските од траен облигационен однос, ако привремениот стечаен управник примил противчинидба за имотот со кој управува по неговото именување.

(2) Ако се отвори стечајната постапка, судот може да ги определи правата и обврските од ставот (1) на овој член наместо привремениот стечаен управник да ги изврши стечајниот управник.

**Глава шеста**

ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

**Рочиште за испитување на услови за отворање на стечајна постапка**

**Член 155**

(1) Ако е донесено решение за поведување на претходна постапка, судот најдоцна во рок од 30 дена од денот на поведување на претходната постапка одржува рочиште заради испитување на условите за отворање на стечајна постапка.

(2) На рочиштето од ставовите (1) на овој член се повикуваат предлагачот, застапниците на должникот - правно лице, должникот поединец и привремениот стечаен управник ако е именуван и трето лице ако доставил предлог за преземање на долг.

(3) На рочиштето од ставот (1) на овој член се разгледува извештајот на привремениот стечаен управник, како и наодот и мислењето на вештото лице ако бил определен и се испитува можноста за преземење на долг ако таков предлог од трето лице бил доставен согласно со членот 156 од овој закон.

**Преземање на долгот**
**Член 156**

(1) Ако во текот на претходната постапка  или на рочиштето за изјаснување по предлогот некое трето лице даде изјава за преземање на долгот на должникот, лицето заедно со изјавата треба да достави и неотповиклива банкарска гаранција. Банкарската гаранција треба да е издадена од банка која при последната супервизија на Народната банка на Република Македонија била позитивно оценета со оценка од 1 до 3. Судот ќе ја оцени изјавата и по потреба ќе ја провери банкарската гаранција. За таа цел може да го одложи рочиштето, но не подолго од осум дена.

(2) Ако се покаже дека изјавата за преземање на долгот е без покритие, нејзиниот давател одговара за причинетата штета и за трошоците на постапката.

(3) Давателот на изјавата за преземање на долгот и неговите гаранти, откако судот ќе го одобри преземањето на долгот, одговараат солидарно со должникот за сите негови неисплатени обврски што настанале до давањето изјава за преземање на долгот.

(4) Со решението, со кое се одобрува преземањето на долгот, судот ќе ја запре претходната постапка. Примерок од решението се доставува до Централниот регистар.

**Одлучување по предлогот**
**Член 157**

(1) Судот решението со кое се усвојува или одбива предлогот за отворање на стечајната постапка го донесува на рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка и го објавува веднаш по неговото заклучување.

(2) Со решението со кое се одбива предлогот за отворање на стечајната постапка, судот покрај наведување на причините за одбивање на предлогот,  определува кој е должен да ги поднесе трошоците во постапката.

(3) Ако до завршувањето на претходната постапка должникот докаже дека станал способен за плаќање, судот носи решение со кое ја запира поведената претходна постапка. Трошоците сторени во текот на претходната постапка, ги сноси должникот. Примерок од решението се доставува до Централниот регистар на Република Македонија.

**Случаи во кои отворената стечајна постапка не се спроведува**
**Член 158**

(1) Доколку по спроведената претходна постапка, се утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, меѓутоа истата не може да се спроведе поради тоа што должникот нема имот или имотот кој би влегол во стечајната маса е недоволен и за намирување на трошоците на таа постапка, или е со незначителна вредност, судот носи решение за отворање на стечајната постапка и нејзино заклучување и наложува бришење на должникот од регистарот во кој е запишан. Во овој случај стечајната постапка не се спроведува.

(2) Решението од ставот (1) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија", на веб страницата на судот кој го донел решението и се доставува до Централниот регистар на Република Македонија во рок не подолг од три дена.

Огласот ги содржи следниве податоци:
1) назив на судот кој го донел решението;
2) име и презиме на стечајниот судија;
3) име и презиме на привремениот стечаен управник и
4) фирма, седиште, единствен матичен број на стечајниот должник (ЕМБС), даночен број и број на сметка.

(3) Во случај ако должникот има имот, меѓутоа тој не е доволен за намирување на трошоците на стечајната постапка, судот на предлог на привремениот стечаен управник, носи решение за спроведување на постапка за впаричување на имотот, согласно со членот 291 став (4) од овој закон и добиените средства ќе ги искористи за намирување на трошоците на претходната постапка, а доколку има вишок на средства истите се уплаќаат на сметката на Буџетот на Република Македонија. Постапката за впаричување на имотот ја спроведува привремениот стечаен управник во рок не подолг од 30 дена. По завршување на постапката за впаричување на имотот и намирување на трошоците, стечајниот судија носи решение за отворање на стечајната постапка, нејзино заклучување и наложува бришење на должникот од регистарот во кој е запишан.

(4) Против решение од ставовите (1) и (2) на овој член доверителите имаат право на жалба во рок од осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија". По правосилноста на решението должникот се брише од регистарот во кој е запишан.

(5) Во случај кога по заклучувањето на стечајната постапка согласно со ставот (1) на овој член е пронајден нов имот кој влегува во стечајната маса на стечајниот должник, судот носи решение со кое ја спроведува стечајната постапка над стечајниот должник. Против ова решение не е дозволена жалба. Стечајниот управник се определува според методот на електронски избор. Примерок од решението се доставува до Централниот регистар на Република Македонија.

**Содржина на решението за отворање на стечајна постапка**
**Член 159**

(1) Судот со решението за отворање на стечајна постапка над должникот го именува и стечајниот управник на начин и под услови утврдени со овој закон.

(2) Во решението за отворање на стечајна постапка ќе се наведат податоците за:

1) фирмата, предметот на работење, седиштето, адресата, единствениот матичен број

на субјектот на уписот (ЕМБС) и даночниот број и бројот на сметката на должникот;
2) името, презимето и адресата на стечајниот управник и
3) денот и часот на отворањето на стечајната постапка. Ако во решението не е утврден денот и часот на отворањето на стечајната постапка, како момент на отворање на таа постапка ќе се смета 12,00 часот напладне на денот кога е донесено решението.

(3) Со решението за отворање на стечајната постапка се повикуваат доверителите, во рок од 15 дена од објавувањето на решението во "Службен весник на Република Македонија", да ги пријават своите побарувања на адреса на стечајниот управник запишана во регистарот на стечајни упраџници.

(4) Со решението за отворање на стечајната постапка ќе се повикаат доверителите на стечајниот управник, во рок од 15 дена, да ги пријават своите заложни права на подвижните предмети и правата на должникот кои се запишани во регистрите како и оние кои не се запишани, како и заложните права на недвижностите на должникот што се запишани во јавните книги, односно не се запишани во јавните книги. Во пријавата мора јасно да се означат предметот над кој постои заложно право, начинот и правниот основ на засновање на тоа право, како и средствата за обезбедување на побарувањата. Ако доверителот, без оправдана причина, намерно пропушти да поднесе или одолговлекува со поднесувањето на пријавата, одговара за штетата која поради тоа би можела да настане. Доверителите со обезбедено право кои не поднеле пријава за одвоено намирување во рокот од овој став не го губат правото на одвоено намирување од предметот кад кое е воспоствено заложното право во стечајната постапка.

(5) Со решението за отворање на стечајната постапка се повикуваат должниците на стечајниот должник да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот на стечајниот управник.

(6) Во решението за отворање на стечајната постапка стечајниот судија ќе определи отворањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишани правата врз недвижностите и во други соодветни регистри.

**Закажување на испитно рочиште и извештајно собрание**

**Член 160**

(1) Со решението за отворање на стечајната постапка судот ќе закаже:
1) рочиштето за испитување на побарувањата (испитно рочиште) кое се одржува во рок не подолг од 45 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на побарувањата;
2) собрание на доверители на кое, врз основа на извештајот на стечајниот управник, ќе се одлучува за натамошниот тек на стечајната постапка (прво извештајно собрание).

(2) Рочиштето и собранието од ставот (1) на овој член можат да се спојат. Во тој случај најнапред се испитуваат пријавените побарувања, а потоа се одржува првото извештајно собранието на доверителите.

(3) Во случај кога испитното рочиште и собранието од ставот (1) точка 2 на овој член не се спојуваат, а нема услови истото да биде одржано истиот ден, првото извештајното собрание на доверители може да се одложи но не подолго од осум дена по денот на завршувањето на испитното рочиште.

**Оглас за отворање на стечајна постапка**

**Член 161**

(1) За отворањето на стечајната постапка доверителите се известуваат со оглас.

(2) Огласот се објавува на огласна табла на судот, во "Службен весник на Република Македонија", како и на веб страна на судот кој донел решение за отворање на стечајната постапка. Огласот мора да биде истакнат на огласната табла истиот ден кога е донесено решението за отворање на стечајната постапка.?

(3) Стечајниот управник е должен огласот, кој се објавува во "Службен весник на Република Македонија", да го достави на објавување во рок од три дена кога го приемил.

(4) Огласот за отворање на стечајната постапка содржи:

1) назив на судот што го донел решението за отворање на стечајната постапка;
2) име на судијата кој постапува по предметот;
3) денот на истакнувањето на огласот на огласната табла на судот;
4) име и адреса на стечајниот управник;
5) фирма, седиште, единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) и даночниот број и бројот на сметката на должникот;
6) известување за доверителите да ги пријават своите побарувања во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот;
7) место, ден и час на испитното рочиште и извештајното собрание, ако се спојат и
8) повик на должниковите должници да ги намират своите долгови без одлагање.

**Доставување и објавување на решението за отворање на стечајна постапка**
**Член 162**

(1) Решението за отворање на стечајна постапка судот го доставува до предлагачот, должникот и банката која за должникот ја води сметката.

(2) Решението за отворање на стечајната постапка ќе им се достави и на органите кои ги водат регистрите, односно јавните книги од членот 158 став (6) на овој закон. На тие органи ќе им се достави и решението за отворање на стечајната постапка од членот 157 на овој закон.

(3) Органите од ставот (2) на овој член се должни по службена должност врз основа на доставените решенија да го забележат отворањето на стечајната постапка.

(4) Ако должникот е поединец, судот ќе го упати дека, во согласност со овој закон, може да побара ослободување од своите преостанати обврски.

**Правни лекови**
**Член 163**

(1) Ако судот донесе решение со кое се одбива предлогот за отворање на стечајна постапка, право на жалба има предлагачот во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(2) Кога судот донел решение за отворање на стечајна постапка, право на жалба има должникот во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(3) По жалбата одлучува надлежниот второстепен суд во рок од 15 дена од приемот на жалбата од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Стечајна постапка од мала вредност**
**Член 164**

(1) Во случај кога вредноста на стечајната маса на стечајниот должник изнесува до 1.000.000 денари не се именува одбор на доверители.

(2) Доколку собранието на доверители одлучи да се спроведува впаричување на имотот, на начинот на впаричување на имотот се применуваат одредбите од членот 291 став (4) од овој закон.

## Дел петти
## ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ОТВОРАЊЕТО НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА
## Глава прва
## ОСНОВНИ ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ
### Настапување на правните последици
### Член 165

(1) Правните последици од отворањето на стечајната постапка настапуваат од денот кога огласот за отворање на стечајната постапка е јавно објавен.

(2) Ако решението за отворање на стечајната постапка по повод жалба е укинато, а во повторна постапка стечајната постапка е одново отворена, ќе се смета дека правните последици од отворањето на стечајната постапка настапиле од денот кога огласот по првото решение за отворање на стечајната постапка било јавно објавено.

### Преминување на овластувањата од должникот на стечајниот управник
### Член 166

(1) Со настапување на правните последици од отворањето на стечајната постапка престануваат овластувањата на членовите на органите на управување, управителот, односно директорот или друг орган на управување, прокуристи, застапници и полномошници, како и на членови на органите за надзор на должникот за застапување и управување со друштвото.

(2)Правата на членовите на органите на управување, управителот, односно директорот или друг орган на управување, застапниците и полномошниците во поглед на располагањето со имотот на стечајниот должник и на другите права кои соодветно се остваруваат заради спроведување на стечајната постапка преминуваат на стечајниот управник и тоа на начин, во обем и според условите утврдени во овој закон.

(3) Со отворање на стечајната постапка, стечајниот управник се стекнува со овластувања за застапување на стечајниот должник и ги презема дејствијата предвидени во член 73 став 2 од овој закон.

(4) Стечајниот управник е должен најдоцна следниот работен ден по отворање на стечајната постапка да го извести носителот на платен промет кои ја водат должниковата трансакциска сметка за отворање на стечајната постапка.

### Располагање на должникот
### Член 167

(1) Со настапување на правните последици од отворањето на стечајната постапка без правно дејство се располагањето на поранешните застапници на должникот - правно лице, со имотот од стечајната маса.

(2) Со отворањето на стечајната постапка без правно дејство се и налозите за извршување на правна работа или друго правно дејствие за сметка на должникот кои застапникот на должникот ги издал пред отворање на стечајната постапка.

(3) На барање на другата страна ќе и се врати нејзината противчинидба од стечајната маса, ако со неа е зголемена вредноста на стечајната маса.

(4) Ако поранешниот застапник на должникот - правно лице, односно должникот - поединец располага со имотот од стечајната маса спротивно на ставот (1) од овој член, за преземените обврски, одговара лично со својот имот.

(5) Ако по отворањето на стечајната постапка, а пред денот на објавувањето на огласот за отворање на стечајната постапка некое лице ја исполни обврската на застапникот на должникот - правно лице или на должникот - поединец, иако обврската требало да се исполни во корист на стечајната маса, со таквото исполнување се ослободува од својата обврска ако докаже дека во време на исполнувањето не знаел дека стечајната постапка е отворена.

**Фирма на должникот**
**Член 168**

(1) По отворањето на стечајната постапка покрај фирмата или името на должникот се додава ознаката "во стечај".

(2) Измената од ставот (1) на овој член се запишува во Централниот регистар на Република Македонија и во соодветниот регистар и се објавува на начин на кој се објавуваат податоците од соодветниот регистар.

**Сметки на должникот**
**Член 169**

(1) На денот на отворањето на стечајната постапка Централниот регистар ги известува банките во кои стечајниот должник има сметки дека се гаснат сметките на должникот и дека престануваат правата на лицата кои биле овластени да располагаат со средствата на должникот на тие сметки.

(2) Стечајниот управник по отворањето на стечајната постапка, не може да издава платни инструменти на товар на сметките отворени од стечајниот должник за периодот до нивното гасење.

**Сметка отворена за вршење на платниот промет за потребите на стечајната постапка**
**Член 170**

(1) По отворање на стечајната постапка врз основа на правосилното решение за отворање на стечајната постапка донесено од судот и барање на стечајниот управник, банката ќе отвори нова денарска сметка за вршење на платниот промет за потребите на стечајната постапка. Средствата кои се наоѓаат по било кој основ на било која од сметките на стечајниот должник кај која било банка се пренесуваат на ново отворената сметка веднаш по згаснување на сметки на стечајниот должник.

(2)Банката на сметката отворена за потребите на стечајната постапка не смее да ги пренесе:

- решенијата за присилна наплата на побарувањата примени од други правни субјекти пред отворање на стечајната постапка како и

- други решенија за забрани или мерки за обезбедување донесени во било која друга судска постапка, и постапка пред државните органи, а кои се однесуваат на исплати кои биле предмет за извршување врз сметката на стечајниот должник.

(5) По отворањето на стечајната постапка, банката може да врши плаќања од сметката отворена за потребите на стечајната постапка само врз основа на налог за плаќање доставен од стечајниот управник.

(6) По отворањето на стечајната постапка, банката не смее да ја блокира сметката отворена за вршење на платниот промет за потребите на стечајната постапка, врз основа на решение за присилна наплата за побарувањата на доверителите без разлика дали тоа е донесено пред или по отворањето на стечајната постапка.

(7) Банката, сметката отворена за вршење на платниот промет за потребите на стечајната постапка ќе ја затвори врз основа на решение за бришење на сметката донесено од судот, доставено од стечајниот управник.

(8) Во случај кога во текот на стечајната постапка е отворена постапка за реорганизација над стечајниот должник, сметка отворена за вршење на платниот промет за потребите на стечајната постапка стечајниот управник ќе ја затвори со донесување на решението за заклучување на стечајната постапка поради прифаќање на план за реорганизација, доколку нешто друго не е определено со планот за реорганизација.

(9) Стечајниот управник при управување со паричните средства и банкарските смеки е должен да го примени Професионалниот стандард за управување со парични средства и банкарско сметки кој го донесува Министерот за економија.

**Престанок на важност на должниковите понуди**

**Член 171**

Со отворање на стечајната постапка престануваат да важат понудите што ги дал должникот, освен ако понудениот до денот на отворање на стечајната постапка не дал изјава дека ја прифаќа дадената понуда.

**Застој на застареноста на побарувањата на должникот**

**Член 172**

Застарувањето на побарувањето на должникот спрема неговите должници не тече во период од една година по отворање на стечајната постапка.

## ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ И ПОБАРУВАЊАТА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ

**Побарувања и права на доверителите**

**Член 173**

(1) Стечајните доверители можат да ги остварат своите побарувања спрема должникот само во стечајната постапка.

(2) Со отворање на стечајната постапка, правото на одвоено намирување над имотот кој преставува посебна стечајна маса доверителите со обезбедено право можат да го реализаат според правилата на овој закон само во случај ако кон пријавата за побарување достават писмена изјава дека се согласуваат реализацијата на заложното право да се спроведе според одредбите на овој закон. Во спротивно реализацијата на заложното право ќе се спроведе според правилата определени со друг закон.

(3) Доверителите со право на издвоено намирување, своето излачно право на имотот кој е дел од стечајната маса можат да го остварат и во други постапки кои се водат надвор од стечајната постапка.

**Непристигнати побарувања**
**Член 174**

(1) Со денот на отворањето на стечајната постапка се смета дека непристигнатите побарувања кои ги имаат доверителите спрема стечајниот должник пристигнуваат.

(2) Ако на побарувањата од ставот (1) на овој член не започнала обврската да се плаќа камата, ќе се смета како на нив да се плаќала законска камата и побарувањата ќе се намалат за износот на пресметаната законска камата од времето од отворањето на стечајната постапка до пристигнатоста на побарувањето.

**Повремени давања**
**Член 175**

Побарувањата што имаат за предмет повремени давања, чиј износ и траење се определени, се пријавуваат во износ што се добива кога ќе се соберат сите идни периодични исплати, намалени за каматите наведени во членот 174 од овој закон.

**Претворање на непарично побарување во парично побарување**
**Член 176**

(1) Непаричните побарувања кои ги имаат стечајните доверители на денот на отворање на стечајната постапка се претвораат во парични побарувања според пазарна вредност на денот на отворање на стечајната постапка.

(2) Пазарната вредност на побарувањето од ставот (1) на овој член се утврдува според пазарните цени на средствата кои се предмет на непаричното побарување или услуги.

**Претворање на побарувања изразени во странски валути**
**Член 177**

Побарувањата изразени во странска валута се пресметуваат во побарувања изразени во денари по средниот курс определен од Народна банка на Република Македонија кој важи на денот на отворањето на стечајната постапка.

**Побарувања подложни на раскинлив или одложен услов**
**Член 178**

(1) Ако побарувањето на доверителот е подложно на раскинлив услов и тој услов до правосилно решение за авансна распределба на имотот не настапил се смета дека условот не постои и побарувањето станало безусловно.

(2) Кога побарувањето на доверителот е врзано за одложен услов и тој услов до правосилно решение за авансна распределба на имотот не настанал таквото побарување се гаси.

**Прекинување на застарување на побарувањата**
**Член 179**

Со пријавувањето на побарувањето во стечајна постапка се прекинува застарувањето на побарувањето на доверителот спрема стечајниот дожник.

**Одговорност на повеќе лица**
**Член 180**

Доверител на кого повеќе лица му одговараат за исполнување на иста чинидба во целост, може против секој од должниците без разлика дали е отворена стечајна постапка или не, да го истакнува, до наполно намирување, целиот износ што го побарувал во времето на отворање на стечајната постапка.

**Права на солидарни содолжници и гаранти**
**Член 181**

(1) Солидарните содолжници и гарантите на должникот можат да го пријават своето побарување што ќе го стекнат во иднина против должникот по основ на правото на регрес, само ако доверителот не го пријавил своето побарување.

(2) Солидарните содолжници и гарантите на должникот можат како стечајни доверители да бараат да им се врати она што за должникот го платиле пред или по денот на отворањето на стечајната постапка, ако им припаѓа право на регрес спрема должникот.

(3) Солидарните должници и гарантите можат да поднесат и барање да им се обезбеди и износот што ќе го платат за должникот сразмерно на износот што би им припаднал како стечајни доверители.

(4) Одредбите од ставот (3) на овој член соодветно се применуваат и на побарувањата на банките и на другите лица за обезбедување средства за наплата на можните побарувања и тоа по основ на банкарски гаранции или неотповикливи документирани акредитиви што ќе бидат платени за должникот.

**Право на пребивање во стечајна постапка**
**Член 182**

(1) Ако стечајниот доверител пред поднесување на предлогот за отворање~~то~~ на стечајната постапка стекнал право на пребивање на своето побарување со побарувањето на стечајниот должник спрема него, отворањето на стечајната постапка не го ограничува тоа право.

(2)Доверителот е должен во рокот за пријавување на побарувањето до стечајниот управник да поднесе пријава на целокупниот износ на побарување и изјава за пребивање. Во спротивно доверителот го губи правото на пребивање.

(3) По исклучок во случај кога права и обврски произлегуваат од еден или повеќе финансиски договори во кои една од страните е стечајниот должник, а кои се склучени врз основа на рамковен договор помеѓу исти страни и тоа во период пред поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка, правото на пребивање( нетирање) ќе постои исклучиво во однос на меѓусебните права и обврски и ако доверителот согласно со тој рамковен договор правото на пребивање(нетирање) го стекнал по поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка или најдоцна во моментот на отворање на стечајната постапка, по автоматизам или со поднесување на известување за тоа на стечајниот должник најдоцна во рок од три дена по отворање на стечајната постапка и тоа по основ на на постоење на услови за отворање на стечајната постапка, поднесување на предлог за отворање на стечајната постапка или отворање на стечајната постапка.

(4) За финансиски договор во смисла на став 3 на овој член се смета договор кој предвидува обврска на едната договорна страна или на двете договорни страни на

вршење на некое плаќање или испорака на стока која за предмет  има трансакции со финансиски деривати  како што се снопови, опции, фјучерси, форварди и други деривати, репо трансакции  или заем на хартии од вредност, кој е заклучен  во писмена форма или усмено  доколку за содржината на таквиот усмен финансиски договор постои писмен доказ согласно вообичаената  деловна практика за заклучување на договори од таков вид.

(5)Став 1 од овој член се применува и на непарични побарувања и побарувања кои до  денот на отворање на стечајната постапка сеуште не доспеале.

(6) За пребивање на побарувањата од став 5 на овој член се применуваат одредбите од член 173, член 176 и член 177 од овој закон.

**Забрана на пребивање  на побарувањата по отворање на стечајната постапка**
**Член 183**

Побарувањата на доверител кое настанало пред отворање на стечајната постапка не може да се пребие со побарување на стечајниот должник кое настанало спрема  тој доверител по отворање на стечајната постапка.

**Забрана на пребивање на побарувањана стечајниот должник стеканти по отворање на стечајната постапка**
**Член 184**

Побарување спрема стечајниот должник кое  настанало пред отворање на стечајната постапка  и кое новиот доверител го стекнал по отворање на стечајна постапка со цесија  неможе да  се пребие со побарувања кое го има стечајниот должник  спрема новиот доверител,  а кое настанало по отворање на стечајната постапка.

**Недопуштеност на пребивање**
**Член 185**

Пребивање не е допуштено, ако:

1) стечајниот доверител станал гарант во полза на стечајната маса дури по отворањето на стечајната постапка;

2) стечајниот доверител го стекнал своето побарување од друг доверител дури по отворањето на стечајната постапка;

3) стечајниот доверител го стекнал побарувањето последната година пред отворањето на стечајната постапка, а знаел или морал да знае дека должникот станал неспособен за плаќање или дека против него е поднесен предлог за отворање на стечајна постапка. По исклучок пребивање ќе биде дозволено ако се работи за побарување што е отстапено во врска со исполнување на неисполнети договори, или за побарување што оживеало со успешно побивање на правна работа на должникот;

4) стечајниот доверител ја стекнал можноста за пребивање со правна работа што може да се побива и

5) стечајниот доверител кое го стекнало побарувањето е поврзано лице со стечајниот должник

**Камати**
**Член 186**

(1)Со денот на отворањето на стечајната постапка престанува да тече каматата на необезбедените побарувања.

(2) На обезбедените побарувања се пресметува камата ако е договорена, но со право на наплата на каматата само до износот на вредноста на имотот којшто служи за обезбедување на побарувањето.

(3)Ако по намирувањето на сите останати побарувања на стечајниот доверителите од повисок исплатен ред, има расположливи средства за исплата, судот може да одобри пресметување и плаќање на камати и по отворањето на стечајната постапка.

(4)Каматата од ставовите (2) и (3) на овој член се пресметува според закон, освен ако поинаку не е договорено.

**Исклучување на другите облици на правно стекнување**
**Член 187**

(1) По отворањето на стечајната постапка не може полноважно да се стекнуваат права на делови од имотот што влегува во стечајната маса и кога тоа стекнување не се заснова на располагањето на должникот или на присилното извршување или обезбедување во корист на стечајниот доверител.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член не се однесува на случаите на стекнување врз основа на располагањето на стечајниот управник, на судска продажба, работи на излачните и на разлачните доверители во согласност со овој закон, како и на случаите на стекнување со доверба во јавните книги.

**Забрана за отуѓување или оптоварување**
**Член 188**

(1) Забраната за отуѓување или за оптоварување на имотот на должникот, која е определена со одредбите на други закони само заради заштита на интересите на определени лица, во стечајната постапка е без дејство.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член не се однесува на забраната за отуѓување и оптоварување на имотот на должникот до кое дошло во врска со присилно извршувањето или во постапката на обезбедување.

**ПРОЦЕСНО ПРАВНИ ПОСЛЕДИ ОД ОТВОРАЊЕТО НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА**
**Прекинување на постапките**
**Член 189**

(1) Со настанување на правните последици од отворената стечајна постапка, се прекинуваат сите парници, арбитражни постапки, управни постапки и даночни постапки кои се водат против стечајниот должник и неговиот имот, со цел да се спречи било какво намирување на доверителите од имотот на стечајниот должник.

(2)Постапките од став 1 на овој член кои се водат против стечајниот должник и неговиот имот за побарувања кои се пријавуваат во стечајната постапка неможат да продолжат пред за нив да биде одлучено во стечајната постапка.

**Продолжување на постапките кога стечајниот должник е тужител или предлагач**
**Член 190**

Постапките кои се воделе пред отворање на стечајната постапка во кои стечајниот должник е тужител, односно предлагач ќе продолжат кога стечајниот управник ќе го извести судот односно надлежниот орган, пред кој се води постапката дека ја презема постапката.

**Продолжување на постапките кога стечајниот должник е тужен**

**Член 191**

Парничната постапка во која стечајниот должник е тужен ќе продолжи ако:
1) стечајниот или разлачниот доверител ако е тужител поднел навремена и уредна пријава со која го пријавил побарувањето во стечајната постапка;
2) со правосилното решение на судот побарувањето му е оспорено;
3) со правосилното решение на судот за утврдени и оспорени побарувања тужителот како стечаен или разлачен доверител е упатен да ја продолжи прекинатата парнична постапка заради утврдување на оспореното решение;
4) тужителот како стечаен или разлачен доверител предложил продолжување на прекинатата парница во рок од осум дена од приемот на решението на судот од точка 3 на овој член.

**Продолжување на парницата и стечајната постапка**

**Член 192**

(1) Ако не е исполнети сите услови од член 191 на овој закон, парничниот суд со решение го отфрла предлогот за продолжување на постапката која е во прекин.

(2) Ако се исполнети условите од член 191 на овој закон парничниот суд со решение против кое не е дозволена посебна жалба одредува продолжување на постапката.

(3) Ако прекината парница се водел пред суд од општа надлежност, тој суд доколку ја продолжи прекинатата парница, со решение ќе се огласи за стварно и месно ненадлежен и предметот го остапува на судот која ја отворил стечајната постапка над должникот сега тужен.

(4) Ако прекината парница се води пред суд со проширена надлежност кој не ја отворил стечајната постапка на должникот сега тужен, тој суд доколку ја продолжи прекината парница со решение ќе се огласи за стварно и месно ненадлежен и предметот го остапува на судот која ја отворил стечајната постапка над должникот сега тужен .

(5) Против решенијата на судот од став 3 и 4 од овој член не е дозволена посебна жалба.

**Предлог за продолжување на парницата**

**Член 193**

Доколку во предлогот за продолжување на постапката доверителот чие побарување е оспорено и кој треба да ја продолжи прекината парница не го преиначи тужбеното барање, со тоа што ќе постави барање за утврдување на побарувањето, надлежниот суд ќе ја продолжи постапката и ќе ја отфрли тужбата како недозволена.

**Влијание на продолжување на постапката на трошоците**

**Член 194**

(1)Ако стечајниот управник по продолжувањето на постапката која била во прекин со писмен поднесок или усно на првото одржано рочиште го признае

тужбеното барање или се откаже од тужбеното барање, спротивната странка ќе може да ги оствари трошоците на постапката во стечајната постапка како стечаен доверител.

(2) Во спротивно, парничните трошоци ќе се намират како трошоци на стечајната маса.

(3) Спротивната страна побарувањата по основ на трошоци во постапката кои настанале по отворање на стечајната постапка од став (1) и (2) може да ги оствари само доколку писмено го извести судот во рок од осум дена за правниот основ за наплата на трошоците.

**Влијание на правните последици на извршување и постапките за обезбедување**
**Член 195**

(1) Одредбите од овој член се применува за присилното извршување како и постапките за обезбедување кое се води спрема стечајнот должник.

(2) Одредбите од оваа глава и други правила на овој закон за извршувањето и постапките за обезбедување се применуваат и на постапките на даночно извршување и други постапки за извршување и обезбедување кои ги води друг државен орган.

**Престанок на правата стекнати со извршување или во постапка за обезбедување**
**Член 196**

(1)Ако стечајниот доверител во текот на последните 90 дена пред поднесувањето предлог за отворање на стечајна постапка или потоа, со присилно извршување или во постапка за обезбедување, стекне некое разлачно или слично право над имотот на должникот што влегува во стечајната маса, тоа право престанува со отворањето на стечајната постапка.

(2) Предметните права ќе се бришат од јавните книги во кои се водат врз основа на решение на судот кој ја отворил стечајната постапка.

**Влијание на отворената стечајна постапка на започнатото извршување или постапки за обезбедување**
**Член 197**

(1) Отворањето на стечајната постапка ги има следните правни последици на извршувањето или постапката за обезбедување кои биле започнати пред отворање на стечајната постапка:

1. кога доверителот во присилно извршување или постапката за обезбедување со право на обезбедување на недвижност или подвижни предмети до отворањето на стечајната постапка, се уште не се стекнал со право на оддвоено намирување, присилното извршување или постапката за обезбедување се прекинува со денот на отворање на стечајната постапка.

2. кога доверителот при присилно извршување или постапката за обезбедување пред отворање на стечајната постапка се стекнал со право на одвоено намирување на подвижни предмети и недвижности и во извршувањето сеуште не била извршена продажбата на имотот кој е предмет на заложното право извршувањето и постапката за обезбедување се прекинуваат со денот на настанување на правните последици.

3. кога доверителот пред отворање на стечајната постапка се стекнал со заложно право и имотот над кој е воспоставено заложното право е продаден во извршување, отворањето на стечајната постапка не влијае на извршувањето.

4. со настанување на правните последици на отворената стечајна постапка постапките со обезбедување со привремена мерка или со претходна мерка се прекинуваат и се поништуваат сите дејствија преземени во таа постапка.

(2) Се смета дека е извршена продажба на имотот од став 1 точка 3 од овој член ако пред отворање на стечајната постапка во извршувањето:

1. извршителот дал налог за предавање на недвижноста на купувачот;

2. кога е склучен договор за купопродажба при продажба на хартиите од вредност преку берзата,

3. во други случаи ако купувачот депонирал средства или извршил плаќање на продажна цена.

(3) Доколку, во извршувањето од став 1 на овој член, извршителот дозволил извршувањето во однос на повеќе средства за извршување или во однос на повеќе предмети на извршување, правните последици од започнувањето на стечајната постапка се проценуваат според точките 1, 2 или 3 од ставот 1 на овој член одделно за секое средство за извршување и за секој предмет на извршување.

**Недозволеност на извршување или обезбедување**

**Член 198**

(1)По отворањето на стечајната постапка против стечајниот должник не е дозволено да се донесе решение за присилно извршување или да се води постапка за обезбедување.

(2) По отворањето на стечајната постапка стечајните доверители за своите утврдени побарувања не можат против должникот да водат постапка за обезбедување на побарувањата ниту извршување врз имотот што влегува во стечајната маса, ниту на друг имот на должникот.

(3) По отворањето на стечајната постапка доверители со обезбедено побарување, можат заради реализација на своето утврдено обезбедено побарување во стечајната постапка да поведат против должникот извршување според правилата за присилно извршување за реализација на заложното право во рок од осум дена по правосилноста на решението за утврдени и оспорени побарувања, само доколку во пријавата за утврдување на разлачно право се изјасниле дека реализацијата на заложното право ќе го спроведат надвор од стечајната постапка. Во овој случај, обезбедените доверители ја продолжуваат постапката на присилно извршување што ја повеле пред отворањето на стечајната постапка.

(4) Доколку, доверителите со обезбедено побарување во рок од осум дена по правосилноста на решението за утврдување и оспорување на побарувањето не повеле постапка или не ја продолжиле постапката од став (3) на овој член и за тоа не го известиле судот кој ја води стечајната постапка се смета дека се откажале од правото да го реализираат заложното право надвор од стечајната постапка и постапката за реализација продолжува во стечајна постапка.

(5) Остварување на правото на излачно намирување од предмет или право кое е утврдено во стечајната постапка се врши според правилата на стечајната постапка.

(6) Ставот 1 од овој член не се применува на извршување врз основа на:

1. правосилни решенија:

- кои судот кој ја води стечајната постапка ги носи во стечајната постапка;
- за кои со овој закон се предвидува дека се извршен наслов;

2.пресуди донесени по тужбено барање чиј предмет е побарување во стечајна постапка кое се однесува на трошоци во постапка;
3. решение со кое му се наложува на стечајниот должник да плати такси за дејствија извршени по отворање на стечајната постапка.

(5) Став 1 од овој член не се применува во постапка за обезбедување:
1. на побарување на доверител кој во отворената стечајна постапка пријавил излачно или разлачно побарување;
2. на побарувања кои во стечајната постапка се исплаќаат како трошок на стечајната постапка.

**Решение за прекинување на присилно извршување по отворање на стечајната постапка**

**Член 199**

(1) На барање на доверителот со обезбедено побарување или стечајниот управник, судот може да донесе решение со кое ќе го прекине присилното извршување кое започнало или продолжило по отворањето на стечајната постапка согласно со членот 197 став 3 од овој закон, ако на доверителот му обезбеди соодветна заштита на обезбеденото побарување.

(2) Под соодветна заштита на обезбедено побарување се подразбира обезбедување утврдено со решение на судот кој ја води стечајната постапка со кое вредноста на гаранциите е поголема од вредноста на побарувањата на доверителот, така што нема по која било основа да се намали можноста доверителот да го наплати своето побарување и да претрпи штета во текот на постапката.( нов став)

(3) Со заштитата од ставот (1) и (2) на овој член на разлачниот доверител мора да му се обезбеди:
1) соодветна компензација за секое можно намалување на обезбеденото побарување по пат на готовински исплаќања или
2) соодветна замена или дополнително обезбедување со поседување на дел од имотот или
3) гаранција за каматата која ќе се акумулира, така што вредноста на гаранцијата, во моментот на поднесувањето на барањето ќе го обезбеди побарувањето.

(3) Кога доверител или друго лице намири обезбедено побарување на обезбеден доверител според обврска преземена во план за реорганизација, на обезбедениот доверител му престанува правото да бара извршување на обезбеденото побарување. Судот носи решение со кое констатира дека обврската е исполнета и наложува бришење на запишаното заложно право од јавните книги.Против ова решение не дозволена жалба.

**Забрана на извршување заради остварување на побарувања спрема стечајната маса**

**Член 200**

(1) Во периодот од шест месеца од моментот на отворањето на стечајната постапка нема да се дозволи присилно извршување заради намирување на побарувањата што претставуваат обврски на стечајната маса во стечајната постапка, освен во случаите кога побарувањето произлегува од правна работа преземена од страна на стечајниот управник.

(2) Доверителот на стечајна маса по протекот на рокот од став (1) на овој член пред да пристапи кон присилно извршување е должен да достави известување до судот

за правниот основ за побарувањето. Судот во рок од осум дена по приемот на известието носи решение со кое го определува рокот во кој стечајниот управник треба да ја исполни обврската на стечајната маса. Ако стечајниот управник во оставениот рок кој неможе да биде подолг од 15 дена не ја исполни обврската, доверителот на стечајна маса може да поведе постапка за присилно извршување.

(3) Одредбата од ставот (1) на овој член не се однесува и на:

1) обврските на стечајната маса од двострано товарни договори што стечајниот управник одлучил да ги исполни;

2) обврските од траен облигационен однос за времето по првиот рок во кој стечајниот управник можел да го откаже договорот и

3) обврските од траен облигационен однос ако стечајниот управник примил противчинидба во корист на стечајната маса.

**Наследство**

**Член 201**

(1) Ако должникот пред отворањето или во текот на стечајната постапка наследил имот или примил легат, само тој има право да го прифати или да се откаже од наследството или од легатот. Исто така, само должникот има право да бара или да се откаже од деловите од оставината за кои тој може да бара издвојување врз основа на живеењето во заедничко домаќинство или врз основа на заедничкото стопанисување со оставителот.

(2) Кога на местото на должникот како наследник може да стапи некое друго лице, стечајниот управник не смее да располага со предметите што претставуваат дел од наследениот имот, ако според прописите што го регулираат наследувањето тој пренос би бил неполноважен во случај соодветниот наследник да успее во своето наследно-правно барање.

**Поделба на имот на правна заедница**

**Член 202**

(1) Ако должникот со некое трето лице е во сосопственичка или во некоја друга правна заедница или ортаклак, поделбата на имотот ќе се изврши надвор од стечајната постапка. За обврските од таквиот однос може да се бара одвоено намирување од уделот на должникот.

(2) Во стечајната постапка без дејство се одредбите од договорот со кој во правните заедници од ставот (1) на овој член, се исклучува трајно или за определено време правото на раскинување на таквата заедница или со кои за тоа се утврдува посебен отказен рок. Истото важи и за одредбите на тестаментот на кој се темели заедницата, како и за соодветниот договор на сонаследниците.

**Заедничка штета**

**Член 203**

Надомест на штетата што заеднички ја претрпеле стечајните доверители заради намалување на имотот што влегува во стечајната маса пред или по отворањето на стечајната постапка (заедничка штета), во текот на стечајната постапка може да бара само стечајниот управник. Ако барањата за надомест на штетата се насочени против стечајниот управник, таквите барања може да ги истакнува само новопоставениот стечаен управник.

## ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ЛИЧНА ОДГОВОРНОСТ НА НЕОГРАНИЧЕНО ОДГОВОРНИТЕ СОДРУЖНИЦИ НА ДОЛЖНИКОТ

**Примена на правилата**

**Член 204**

(1) Правилата од оваа глава се применуваат во стечајната постапка отворена над:

1. имотот на правно лице во кое постојат неограничено одговорни содружници, односно членови

2. други правни лица за кои со друг закон е определено дека за обврските на правното лице одговараат содружниците лично со својот имот;

**Лично одговорните содружници како странки на стечајната постапка**

**Член 205**

Лично одговорните содружници на стечајниот должнк се странки во стечајната постапка.

**Посебни правила за стечајната маса**

**Член 206**

(1) Во стечајната маса на стечајниот должник од член 204 на овој закон, влегува и имотот на неограничено одговорниот содружник, врз основа на неговата лична одговорноста за обврските на тоа правно лице.

(2) Стечајниот управник има обврска да испита со каков имот располагаат содружниците на стечајниот должник по отворањето на стечајната постапка и составува посебен извештај за состојбата со стечајната маса кој се доставува судот и одборот на доверители.

(3) Судот, врз основа на извештајот на стечајниот управник носи решение со кое констатира дека целокупниот недвижниот имот запишан во јавните книги, како и подвижниот имот со кој располага неограничено одговорниот содружник, удели во трети лица и побарувања преставува стечајна маса од кој се намируваат побарувањата на доверителите на стечајниот должник. Во решението се наведува недвижниот, подвижниот имот, уделите во трети лица и побарувања кој е во сопственост на неограничено одговорниот содружник кој преставува стечајна маса на стечајниот должник.

(4) Против решението на судот, право на жалба има неограничено одговорниот содружник. Жалбата не го задржува извршувањето на решението. Решението се доставува до јавните книги и катастарот заради упис.

**Правните последици од отворена стечајна постапка**

**Член 207**

(1)По отворањето на стечајната постапка, се прекинуваат сите постапки за обезбедување и извршување кои ги воделе доверителите против имотот на неограничено одговорните содружници заради наплата на побарувањата.

(2)Со денот на отворање на стечајната постапка престанува правото од став 1 на овој член на доверителите да поднесуваат предлози за извршување против неограничено одговорниот содружник за наплата на побарувањата кои ги пријавиле во стечајната постапка отворена над должникот.

(3)Ако пред отворање на стечајната постапка некој од доверителите на стечајниот должник водел постапка за присилно извршување спрема неограничено одговорниот содружник за наплата на побарување, по отворање на стечајната постапка стечајниот управник ја продолжува постапката за присилно извршување за сметка на стечајната маса

**Последиците на отворање на стечајна постапка на правните работи**
**Посебни правила за взаемно неисполнети двострано товарни договори**

**Исклучок на побарувањата врз основа на взаемно неисполнети двострано товарни договори**
**Член 208**

(1) Со отворањето на стечајната постапка за меѓусебните побарувања побарувања на доверителот и стечајниот должник врз основа на взаемно неисполнет двострано товарен договор, не настануваат правните последици кои се однесуваат на побарувањата на доверителите.

(2)Стечајниот управник може да ја исполни обврската спрема доверителот која произлегува од двострано товарен договор кој го склучил стечајниот должник пред отворањето на стечајната постапка согласно тој договор и тоа како трошок на стечајната постапка, освен ако не се откаже од исполнување на договорот.

(3) Доверителот побарувањето кое го има спрема стечајниот должник од взаемно неисполнет двострано товарен договор не ги пријавува во стечајната постапка и има право да ги наплати тие побарувања согласно одредбите од овој закон како трошок на стечајната постапка.

(4) Доверителот е должен во рок од 30 дена по објавувањето на огласот за отворање на стечајната постапка да го извести стечајниот управник за своето побарување кое го има по основ на взаемно неисполнет двострано товарен договор. Во спротивно доверителот е одговорен за штетата и трошоците кои ги имал стечајниот должник заради должниковото пропуштање на известување.

**Посебни правила за взаемно неисполнетите двострано товарни договори**
**Член 209**

(1) Ако другата договорна страна била должна прва да го исполни, неисполнетиот двострано товарен договор, со отворање на стечајната постапка има право да не ја исполни својата обврска од договорот се до моментот додека стечајниот управник не ја исполни својата обврска за стечајниот должник или не даде соодветно обезбедување.

(2) Кога рокот за исполнување на обврската на стечајниот должник врз основа на взаемно неисполнетиот двострано товарен договор кој е определен како суштинска карактеристика на тој договор истече по отворање на стечајната постапка и стечајниот должник во тој рок своите обврски не ги исполнил се смета дека договорот е раскинат и другата договорна страна нема право да инсистира стечајниот управник да го исполни договорот.

(3) Другата договорна страна е должна своето побарување за исплата на штета да го пријави во стечајната постапка и има право да ја наплати како стечаен доверител.

**Право на стечајниот управник на неисполнување на двострано товарниот договор**

**Член 210**

(1) Со отворање на стечајната постапка, стечајниот управник во име на стечајниот должник се стекнува со право да не ја исполни обврската која произлегува од неисполнетиот двострано товарен договор.

(2)Стечајниот управник по претходна согласност од судот може во рок од три месеци да се откаже од исполнување на обврската. Рокот од став 1 на овој член тече од:

1. од правосилноста на решението за отворање на стечајна постапка;
2. од денот кога стечајниот управник ќе го прими известување од член 207 став 4 од овој закон

(3) По протекот на овој рок изјавата за откажување од исполнување нема правно дејство.

(4) Судот ќе даде согласност за остварување на правото на откажување ако со неговото исполнување ќе се остварат поповолни услови за плаќање на доверителите.

(5) Изјавата за остварување на правото на откажување ќе произведува правно дејство од моментот кога решението на судот со кое дал согласност ќе стане правосилно.

(6) Ако судот го одбие барањето на стечајниот управник за давање согласност за остварување на правото на откажување или не донесе одлука за дозволување до истекот на рокот од став 2 на овој член изјавата за оставрување на правото на откажување нема правно дејство.

**Правни последици од откажувањето од взаемно неисполнет двострано товарен договор**

**Член 211**

(1) Ако стечајниот управник во име на стечајниот должник го оствари правото на откажување согласно член 209 од овој закон, се смета дека договорот е раскинат сметано од денот кога решението на судот со која е дадена согласност за остварување на право на откажување е правосилно.

(2) Ако стечајниот управник и другата договорна страна веќе делумно ги исполниле обврските од раскинатиот договор, нивните барања за поврат на делумно исполнетото се пребиваат.

(3) На пребивањето на побарувањата од став 2 на овој член се применува одредбата од член 181 став 1 од овој закон.

(4) Ако барањето на втората договорна страна за враќање на делумното исполнување заради пребивање по став 2 од овој член не престанува во целост, другата договорна страна мора да го пријави во стечајната постапка побарувањето кое произлегува од ненаплатената разлика и има право на наплата на побарувањето како стечаен доверител.

(5) Остварување на правото на откажување согласно член 209 од овој закон не го доведува во прашање правото на другата договорна страна да од стечајниот управник бара надомест на штета која ја претпел од раскинувањето на договорот поради остварување на правото на откажување.

(6) Втората договорна страна е должен да го пријави своето побарување за надомест на штета во стечајната постапка од став 5 на овој член со тоа што побарувањето во стечајната постапка ќе му исплати како стечаен доверител.

(7) Ставот 4 од овој член се применува и ако стечајниот управник или неговата втората договорна страна по отворањето на стечајната постапка го искористат правото на откажување од исполнување на неисполнетиот двострано товарен договор кои ги имаат според општите правила на облигационото право.

**Фиксни договори и термински договори**
**Член 212**

(1) Ако испораката на стока што има пазарна или берзанска цена е договорена за фиксно определено време или во фиксен рок, а тоа време или истекот на рокот настапи дури по отворањето на стечајната постапка, втората договорна страна не може да бара исполнување, туку само надоместок поради неисполнување на фиксните договори.

(2) Ако за финансиско исполнување што има пазарна или берзанска вредност е определено време или рок, а тоа време или истекот на тој рок настапи по отворањето на стечајната постапка, втората договорна страна не може да бара исполнување, туку само надоместок поради неисполнување на фиксните договори.

(3) За финансиско исполнување од ставот (2) на овој член, особено се сметаат:
1) испорака на благородни метали;
2) предавање на хартии од вредност или слични права, ако стекнување удел во некое трговско друштво не е сторено со намера за воспоставување тајна врска со тоа друштво;
3) плаќања во пари што се исполнуваат во странска валута или во некоја пресметковна единица;
4) плаќања во пари чии износи се директно или индиректно одредени со курсот на странската валута или пресметковната единица, со каматна стапка на побарувањето или со цената на други стоки или услуги и
5) опциите и другите права на испорака или парични чинидби во смисла на одредбите од точките 1 до 4 на овој став.

(4) Ако работите за финансиско исполнување се опфатени со еден рамковен договор за кој е предвидено дека во случај на повреда на договорните одредби тој може да биде раскинат само во целост, сите тие работи ќе се сметаат како еден двострано товарен договор во смисла на одредбите од членовите 209 и 210 на овој закон.

(5) Надоместокот поради неисполнување на работите наведени во овој член се состои во разликата меѓу договорената цена и пазарната или берзанската цена, што вториот работен ден по отворањето на стечајната постапка во местото на исполнување важи за договорите со договорено време на исполнување. Другата страна своето побарување на таквиот надоместок може да го оствари само како стечаен доверител.

**Деливи чинидби**
**Член 213**

Ако долгуваната чинидба е делива и ако втората договорна страна својата чинидба во времето на отворањето на стечајната постапка веќе делумно ја исполнила, таа своето побарување на противчинидбата што одговара на нејзината делумно исполнета чинидба ќе може да го оствари како стечаен доверител, дури и ако стечајниот управник побара исполнување на преостанатиот дел од чинидбата. Втората договорна страна нема право поради неисполнување на своето побарување на противчинидбата

од стечајната маса да бара враќање на она што со делумното исполнување на нејзината чинидба пред отворањето на стечајната постапка преминало во имотот на должникот.

**Финансиски лизинг**

**Член 214**

(1) Ако стечајната постапка е отворена над корисникот на лизингот, давателот на лизинг поднесува пријава за издвојување на предметот на лизингот според условите на овој член.

(2) Забрана на извршување и намирување од член 197од овој закон се применуваат и на остварување на правото на давателот на лизингот на излачување на предметот на лизингот од стечајната маса се до првото извештајно собрание на доверители. Обврските на стечајниот должник спрема давателот на лизингот кои доспеваат по отворање на стечајната постапка се сметаат за трошоци на стечајната постапка.

(3) Давателот на лизингот има право од судот да побара да ги укине или да ги услови мерките за обезбедување, односно укинување на забраната за извршување и намирување во случај ако стечајниот должник или стечајниот управник не го заштитиле предметот на лизингот и неговата безбедност е под ризик.

(4) Стечајниот судија може на предлог на стечајниот управник и пред донесување на одлуката на првото извештајно собрание да донесе решение за издвојување на имотот од стечајната маса по поднесената пријава, доколку имотот не е од значење за реорганизацијата на должникот. Ако излачно барање на давателот на лизингот е усвоено, стечајниот управник е должен да го предаде предметот на лизингот на давателот без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена по правосилноста на решението. Во спротивно давателот на лизингот има право да бара извршување на предметот на лизингот согласно договорот односно законот.

(5)Во случај ако предметот на лизингот е од значење за планот за реорганизација, потребна е согласност на давателот на лизингот за условите кои се предвидени во планот за реорганизација.

(6)По исклучок, Судот на предлог на стечајниот управник, а по претходна согласност на одборот на доверители може да го одбие барањето за излачување на предметот од стечајната маса и да одреди исплата во целост на договорениот износ на надоместот за лизинг. Доколку стечајниот управник не изврши исплата во рок од 15 дена од правосилноста на решението, давателот на лизинг има право да побара извршување на предметот на лизингот согласно договорот односно законот.

**Задржување на правото на сопственост**

**Член 215**

(1) Ако должникот пред отворањето на стечајната постапка продал подвижен предмет со задржување на правото на сопственост и на купувачот му го предал предметот во владение, купувачот може да побара исполнување на договорот за продажба. Истото важи и ако должникот презел натамошни обврски спрема купувачот, па во целост или делумно не ги исполнил.

(2) Ако пред отворањето на стечајната постапка должникот купил подвижен предмет, при што продавачот и по предавањето на предметот го задржал правото на сопственост, се применуваат одредбите од членовите од 209 и 210 од овој закон.

**Закупни односи**
**Член 216**

(1) По поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка договорот за закуп во  кој должникот е закупец, втората договорна страна не може да го откаже:
1) поради доцнењето на плаќањето на закупнината и
2) поради влошувањето на имотната состојба на должникот.

(2) Договорот за закуп на недвижности или на простории остануваат на сила по отворањето на  стечајната постапка. Тоа се однесува и на закупните односи кои должникот ги  склучил како закуподавач, а се однесуваат на предметите  кои заради осигурување се пренесени на  трето лице  кој ја финансирал нивната набавка или производство.

(3)Втората договорна страна своите права од договорот кои настанале  пред отворање на стечајната постапка, во стечајната постапка може да ги оствари  како стечаен доверител.

(4) Ако по отворање на стечајната постапка договорот  за закуп во кои стечајниот должник е закупец  остане  во сила,стечајниот управник  е должен уредно и навремено да ги плаќа обврските на товар на стечајната маса. Втората договорна страна  во овој случај своите права од договорот ги остварува како доверител на стечајна маса.

**Откажување на договор за закуп**
**Член 217**

(1) По отворање на стечајната постапка, стечајниот управник може да го  откаже договорот за закуп со отказен рок од 30 дена, без оглед на законските и договорните рокови.

*(2)* Ако  стечајниот управник изјави отказ, втората договорна страна може како стечаен доверител да побара надомест на штета која настанала поради предвремениот престанок на договорниот однос. Правото на надомест на штета поради  отказ на закупот, втората договорна страна може да ја оствари  во износ кој неможе да биде повисок од  износот на  полугодишна закупнина.

(3) Ако должникот во времето на отворањето на стечајната постапка се уште не ја презел недвижноста или просторијата, стечајниот управник и другата договорна страна можат да се откажат од договорот. Ако стечајниот управник го откаже договорот, втората договорна страна може како стечаен доверител да бара надоместок на штета причинета од предвремениот престанок на договорот. Секоја страна е должна во рок од 15 дена да ја извести другата страна на нејзино барање, за тоа дали има намера да се откаже од договорот. Ако тоа не го стори го губи правото на откажување.

(4)Стечајниот управник може  имотот  кој е  дел од стечајната маса да го издава под закуп се до продажбата на имотот кој е предмет на закупот, односно ако е овој имот е дел од планот за реорганизација до  правосилноста на решението за  одобрување на планот  за реорганизација  во стечајна постапка, освен ако во планот  не е  нешто друго предвидено.

(5) Учесник во стечајната постапка кое во текот на стечајната постапка  се појавува како купувач на недвижноста или просторијата која била дадена под закуп и поради тоа наместо должникот стапил во  закупен однос  може да го откаже тој однос  во законскиот отказен рок.

**Располагање со побарувања од закупен однос**

**Член 218**

(1) Ако должникот како закуподавач на недвижност или просторија пред отворањето на стечајната постапка располагал со побарувања од закупниот однос за некое подоцнежно време, тоа располагање е правно полноважно само во делот кој се однесува на закупнината за календарскиот месец што тече во времето на отворањето на стечајната постапка. Ако до отворањето на стечајната постапка дошло по петнаесеттиот ден во месецот, располагањето произведува правно дејство и за следниот календарски месец.

(2) Располагањето од ставот (1) на овој член, особено се однесува на наплатата на закупнината. Располагањето врз основа на присилно извршување е изедначено со договорното располагање.

(3) Закупопримачот може да ги пребие своите побарувања спрема должникот со побарувањата на должникот од закупниот однос во смисла на одредбата од ставот (1) на овој член. Одредбата од овој став  не влијае на примена на одредбите  забрана на пребивање.

**Договор за вработување**
**Член 219**

(1) Отворањето на  стечајната постапка преставува причина за престанок на договорот за вработување кој  стечајниот должник  ги склучил со  вработените.

(2) Престанокот на договорот за вработување  го констатира стечајниот управник без разлика на договорното траење  на договорот за вработување и законските и договорни одредби за заштита на работникот.

(3) Стечајниот управник заради остварување на правата на работникот, за престанокот  на договорот за вработување поради отворање на стечајната постапка над стечајниот должник  ја известува надлежната служба за посредување при вработување на чие подрачје се наоѓа седиштето на стечајниот должник во рок од три дена од денот на донесувањето.

(4) Со денот на отворање на стечајната постапка престанува и договорот со кои се уредуваат односите меѓу друштвото со извршните членови на одборот на директори, членовите на управниот одбор, односно управителите.

(5) Стечајниот управник може, по претходно добиена писмена согласност од стечајниот судија, да склучи нов договор за вработување на определено време за завршување на започнатите работи, продолжување на деловниот потфат и за отстранување на можните штети врз стечајната маса. Ако има потреба од склучување нов договор, приоритет имаат поранешните работници кои биле вработени кај должникот.

(6) Платите и надоместоците на работниците ги определува стечајниот управник во согласност со закон и колективен договор, а врз основа на претходно добиена писмена согласност од стечајниот судија.

(7) Платите и надоместоците од ставот (6) на овој член се намируваат како трошок во стечајната постапка.

**Престанок на налогот и на договорот за извршување на работите**
**Член 220**

(1)Налогот на должникот што се однесува на имотот што влегува во стечајната маса престанува со отворањето на стечајната постапка.

(2) Ако налогопримачот без своја вина не дознал за отворање на стечајната постапка, продолжи со вршење на работата се смета дека налогот е сеуште во сила. Побарувањата на налогопримачот во врска со така продолженото извршување на работата се намируваат како трошоци во стечајната постапка.

**Престанок на полномошно**

**Член 221**

(1) Со денот на отворањето на стечајната постапка престанува полномошното на должникот, кое се однесува на имотот што влегува во стечајната маса.

(2) Одредбите од членот 220 на овој закон на соодветен начин се применуваат и на полномошното.

**Ништовност на договорните одредби**

**Член 222**

Договорните одредби со кои однапред се исклучува или се ограничува примената на одредбите од членовите 208 до 221 на овој закон се без правно дејство.

**ПОБИВАЊЕ НА ПРАВНИ ДЕЈСТВА НА СТЕЧАЈНИОТ ДОЛЖНИК**

**Престанување на правото за побивање на правни дејствија според општите правила на облигационото право**

**Член 223**

(1) Со отворањето на стечајната постапка престануваат правата на доверителите за побивање на правните дејствија според основните правила на облигационото право за побивање на правите дејствија преземени од должникот и тие правни дејствија можат да се побиваат согласно правилата во оваа глава законот.

(2) Во случај ако доверителот пред отворањето на стечајната постапка поднел тужба за побивање на правни дејствија според правилата на облигационото право може по отворањето на стечајната постапка тужбеното барање да го оствари за сметка на стечајниот должник. За таква промена на тужбата согласност од тужениот не е потребна.

(3)Во постапката која е во тек согласно став 2 од овој член, се смета дека доверителот се согласил стечајниот управник да пристапи кон тужбата на доверителот. За пристапување на стечајниот управник согласност на тужениот не е потребна.

**Правни дејства кои можат да се побиваат**

**Член 224**

(1) Правно дејствие на стечајниот должник кое е преземено во времето на побивање може да се побива:

1. ако последицата на тоа дејствие е:

- намалување на вредноста на имотот на стечајниот должник поради што другите доверителите ќе примат исплата на своите побарувања во помал процент од оној кој би го добиле, ако тоа правно дејствие не било преземено или лицето во чија корист тоа дејствие било преземено , се стекнало со поповолна положба за исплата на своето побарување кое го имало спрема стечајниот должник;

2. кога лицето во чија корист дејствието е преземено, во моментот на преземање знаело или морало да знае дека должникот е инсолвентен.

(2) Правно дејствие преземено од стечајниот должник врз основа на кое друго лице примило имот на стечајниот должник, а не бил должен да изврши исполнување или кога се работи за исполнување од мала вредност, е побивно без разлика дали е исполнет условот од точка 2 на став 1 од овој член.

(3) За правни дејствија кои се побојни по став 1 или 2 од овој член, се смета и пропуштањето на правното дејствие поради кое стечајниот должник изгубил имот или за него настанала некаква имотна обврска

**Дозволено намирување**

**Член 225**

(1) Правна работа преземена во последните три месеца пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка, со која на еден стечаен доверител му се дава или му се овозможува обезбедување или намирување во согласност со содржината на неговите права, може да се побива ако во времето кога е преземена, должникот бил неспособен за плаќање и ако доверителот во тоа време знаел или морал да знае за таа неспособност.

(2) Може да се побива и правната работа со која на еден стечаен доверител му се дава или му се овозможува обезбедување или намирување во согласност со содржината на неговите права, ако правната работа е преземена по поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка и ако доверителот во времето на нејзиното преземање знаел или морал да знае за неспособноста за плаќање или за предлогот за отворање на стечајна постапка.

(3) Ќе се смета дека доверителот знаел за неспособноста за плаќање или за предлогот за отворање на стечајна постапка ако знаел за околностите од кои нужно можело да се заклучи дека постои неспособност за плаќање или дека е поднесен предлог за отворање на стечајна постапка.

(4) За лице кое со должникот било блиско во времето на преземањето на работата (член 232) се претпоставува дека знаело за неспособноста за плаќање или за предлогот за отворање на стечајна постапка.

**Недозволено намирување**

**Член 226**

(1) Правна работа со која на еден стечаен доверител му се дава или му се овозможува обезбедување или намирување, коешто тој немал право да го бара или немал право да го бара на тој начин или во тоа време, може да се побива ако работата е преземена во текот на:

1) последните 30 дена пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка или потоа, или

2) 90 дена пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка, а должникот во тоа време бил неспособен за плаќање или

3) 90 дена пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка, а доверителот во времето на нејзиното преземање знаел дека со неа се оштетуваат стечајните доверители.

(2) Ќе се смета дека доверителот знаел дека со работата се оштетуваат доверителите од ставот (1) точка 3 на овој член, ако знаел за околностите врз основа на кои нужно можело да се заклучи дека со неа доверителите се оштетуваат. За лице кое

со должникот било блиско во времето на преземањето на работата (член232 ) се претпоставува дека знаело за оштетувањето на стечајните доверители.

**Правни работи со кои доверителите непосредно се оштетуваат**

**Член 227**

(1) Правната работа на должникот со која стечајните доверители непосредно се оштетуваат може да се побива, ако:

1) е преземена во текот на последните 90 дена пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка, ако во времето на нејзиното преземање должникот бил неспособен за плаќање и ако другата страна во тоа време знаела за таа неспособност или

2) е преземена по поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка, а другата страна во времето на правната работа знаела или морала да знае за неспособноста за плаќање или за предлогот за отворање на стечајна постапка.

(2) Со правната работа со која стечајните доверители непосредно се оштетуваат се изедначува правното дејство на должникот со кое должникот губи некое од своите права или поради што повеќе не може да ги оствари, или дејство врз основа на кое може да остане во сила или да се оствари некое имотно-правно побарување против должникот.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член на соодветен начин се применуваат одредбите од членот 225 ставови (3) и (4) на овој закон.

**Намерно оштетување**

**Член 228**

(1) Правна работа што должникот ја презел во последните десет години пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка или потоа со намера да ги оштети своите доверители, може да се побива ако другата страна во времето на преземањето на таа работа знаела за намерите на должникот. Знаењето за намерата се претпоставува ако другата страна знаела дека на должникот му се заканува неспособност за плаќање и дека со таа работа се оштетуваат доверителите.

(2) Двострано товарен договор склучен меѓу должникот и нему блиско лице, согласно со членот 232 од овој закон, може да се побива ако со него непосредно се оштетуваат стечајните доверители. Тој договор не може да се побива ако е склучен две години пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка или ако другата страна докаже дека во времето на склучувањето на договорот не и била позната намерата на должникот да ги оштети доверителите.

**Правни работи без надоместок или со безначаен надоместок**

**Член 229**

(1) Правна работа на должникот без надоместок или со безначаен надоместок може да се побива, освен ако е преземена четири години пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка.

(2) Ако се работи за вообичаен пригоден подарок со незначителна вредност, работата не може да се побива.

**Тајно друштво**

**Член 230**

(1) Може да се побива правна работа со која на таен содружник во тајно друштво влогот во целост или делумно му е вратен или со која во целост или делумно му е

простен неговиот удел во настанатата загуба, ако договорот врз кој се темели работата е склучен во последната година пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка над имотот на јавниот содружник или потоа. Оваа одредба ќе се применува и кога договорот предизвикал, или кога како последица од договорот е предизвикана ликвидација на тајното друштво.

(2) Правната работа од ставот (1) на овој член не може да се побива ако причината за отворањето на стечајната постапка настапила дури по склучувањето на договорот.

**Исплата на менични и чековни обврски**
**Член 231**

(1) Од примателот во случај на дозволено намирување согласно со членот 224 од овој закон, не може да се бара враќање на она што должникот му го исплатил врз основа на меница, ако според меничното право во случај да одбие да го прими плаќањето примателот би го изгубил меничното барање спрема другите менични должници.

(2) Исплатениот меничен износ мора да го намири последниот регресен должник, или, ако тој меницата ја продал за сметка на трето лице, тоа трето лице, ако последниот регресен должник или третото лице во времето кога меницата ја продало или ја дало да се продаде, знаеле за неспособноста на должникот за плаќање или за предлогот за отворање на стечајна постапка. Одредбите од членот 224 ставови (3) и (4) на овој закон се применуваат на соодветен начин.

(3) Ставовите (1) и (2) на овој член на соодветен начин се применуваат на исплатите на должникот врз основа на чекови.

**Блиски лица**
**Член 232**

(1) За блиски физички лица на должникот - поединец, во смисла на овој закон, се сметаат:
1) брачниот другар на должникот, дури и ако бракот е склучен по правната работа или ако престанал во последната година пред преземањето на работата;
2) роднини на должникот или на брачниот другар во права линија, браќата и сестрите, односно полубраќата и полусестрите на должникот или брачниот другар од точката 1 на овој став, како и брачните другари на тие лица и
3) лица кои живеат во заедничко домаќинство или во трајна животна заедница со должникот или живееле со должникот во последната година што ѝ претходела на работата.

(2) За блиски лица на должникот - правно лице, во смисла од овој закон, се сметаат:
1) управителот, односно управителите, членовите на органите на управувањето и членовите на надзорните органи и лично одговорните содружници на должникот и лицата кои во капиталот на должникот учествуваат со повеќе од една четвртина;
2) лице кое поради својата статусно-правна или трудово-договорна врска со должникот има можност да биде запознаено со економската положба на должникот и
3) лица кои имаат лични врски наведени во ставот (1) од овој член со едно од лицата наведени под точката 1 или 2, освен ако лицата наведени под точката 1 или 2 на овој став се со закон обврзани да ја чуваат тајноста на фактите во врска со работењето на должникот.

(3) За поврзани лица се сметаат лицата определени со Законот за трговските друштва.

**Засметување на роковите пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка**

**Член 233**

(1) Роковите определени во одредбите од членовите 225 до 233 на овој закон се пресметуваат од почетокот на денот во месецот што по број одговара на денот на кој предлогот за отворање на стечајната постапка е примен во судот. Ако тој ден со тој број не постои, рокот се пресметува од почетокот на наредниот ден.

(2) Ако се поднесени повеќе предлози за отворање на постапка, за предлог се смета предлогот поднесен во согласност со овој закон врз основа на кој е отворена стечајната постапка.

**Време на преземање на правното дејство**

**Член 234**

(1) Се смета дека правното дејство е преземено кога ќе настапат неговите правни последици.

(2) Кога заради полноважност на некоја правна работа е потребен упис во јавна книга или во соодветен регистар, ќе се смета дека правната работа е преземена кога ќе бидат исполнети другите претпоставки за нејзината полноважност, кога изјавата на волја за упис ќе стане обврзувачка за должникот и кога другата страна ќе поднесе барање за упис на правната промена.

(3) Ако е поднесено барање за упис на прибелешка заради обезбедување на право на правна промена, на соодветен начин ќе се примени одредбата од ставот (2) на овој член.

(4) Ако правното дејство е со услов или со рок, меродавно е времето на негово преземање, а не времето на настапување на условот или истекот на рокот.

**Извршна исправа**

**Член 235**

Може да се побива и правно дејство за кое постои извршна исправа и дејствие кое е преземено при присилно извршување.

**Плаќање во готово**

**Член 236**

Ако должникот за својата чинидба примил противчинидба со еднаква вредност, што директно (непосредно) влегла во неговиот имот, правното дејство по повод кое чинидбата е извршена може да се побива само под условите од членот 227 на овој закон.

**Правни средства и правни последици од побивањето**

**Член 237**

(1) Стечајните доверители и стечајниот управник, во име на стечајниот должник, можат да ги побиваат правните дејства на стечајниот должник.

(2) Тужбата за побивање на правни дејствија се поднесува против лицето спрема кое е преземено побиваното дејство и против должникот ако тој не е тужител.

(3) Ако барањето од ставот (3) на овој член е усвоено, побиеното правно дејство е без дејство спрема стечајната маса и спротивната страна е должна да ги врати во стечајната маса сите имотни користи стекнати врз основа на побиеното дејство.

(4) Примателот на чинидбата без надомест или со незначителен надомест мора да го врати она што го примил, ако знаел или морал да знае дека со таква чинидба ги оштетува доверителите.

(5) Правните дејства на должникот можат да се побиваат и со истакнување приговор во парница без временското ограничување.

**Правата на противникот на побивање**
**Член 238**

(1) Ако противникот на побивањето го врати назад она што го примил, неговото побарување повторно може да се намири.

(2) Противникот на побивањето има право да бара неговата противчинидба да му се врати од стечајната маса, ако од таа маса се уште може да се издвои или ако масата е збогатена со вредноста на чинидбата. Инаку противникот на побивањето може своето право на враќање на противчинидбата да го оствари како стечаен доверител.

**Побивање против правни следбеници**
**Член 239**

(1) Правно дејство на должникот може да се побива и против наследник или друг универзален правен следбеник на противникот на побивањето.

(2) Правно дејство може да се побива против другите правни следбеници на противникот на побивањето, ако:

1) правниот следбеник во времето на стекнување знаел за околностите врз кои се темели можноста за побивање на стекнувањето на неговиот правен претходник;

2) правниот следбеник во времето на стекнување спаѓал во лицата кои се блиски на должникот согласно со членот 231 од овој закон, освен ако докаже дека во тоа време не знаел за околностите на кои се темели можноста за побивање на стекнувањето на неговиот правен претходник и

3) на правниот следбеник му е отстапено она што е стекнато без надоместок или со незначителен надоместок

**Правни дејства по отворањето на стечајната постапка**
**Член 240**

Правно дејство преземено по отворањето на стечајната постапка што останува во сила според правилата за веродостојност на она што е запишано во јавните книги, може да се побива според правилата за побивањето на правно дејство преземено пред отворањето на стечајот.

**Дел шестти**
**СТЕЧАЈНА МАСА, УПРАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ ШТО ВЛЕГУВА ВО СТЕЧАЈНАТА МАСА**

## Глава прва
## СТЕЧАЈНА МАСА
### Поим на стечајна маса
### Член 241

(1) Стечајната маса е целокупниот имот на должникот на денот на отворањето на стечајната постапка без разлика каде се наоѓа, кој во стечајна постапка ќе се вparичи заради намирување на трошоците во постапката и исплата на побарувањата на доверителите.

(2) Во стечајна маса спаѓа:
1. имотот на стечајниот должник на денот на отворање на стечајната постапка:
2. целиот имот стеканат од:
- впаричување на стечајната маса
- управување со стечајната маса и
- со побивање на правните дејствија на стечајниот должник како и
3. имотот кој е стекнат со продолжување на работењето по отворање на стечајата постапка во случај кога стечајниот должник ќе продолжи со работа по отворање на стечајната постапка

### Основна и посебна стечајна маса
### Член 242

(1) Во основна стечајна маса спаѓа целиот имот на стечајниот должник освен оној имот кој спаѓа во посебна стечајна маса.

(2) Посебна стечајна маса е имот на стечајниот должник кој е предмет на обезбедено право или паричен износ добиен со впаричување на тој имот.

(3) За секој имот кој е предмет на заложно право треба да се формира посебна стечајна маса и со тој имот треба да се управува одвоено од имотот:
1. кој спаѓа во општата стечајна маса
2. имотот кој спаѓа во другата посебна стечајна маса

### Делбена стечајна маса
### Член 243

(1) Делбена стечајна маса преставува впаричен дел на стечајната маса од кој се намируваат побарувањата на доверителите.

(2) Општа делбена маса е впаричен износ добиен од впаричување на општата стечајна маса намален за трошоците во постапката, освен трошоците наведени во став 3 на овој член.

(3) Посебна делбена маса, е паричен износ добиен од впаричување на посебната стечајна маса, намален со трошоците од таа продажба.

(4) Трошоци во врска со впаричување на посебната стечајна маса се:
1. трошоци за проценка на вредноста на имотот од овластен проценувач;
2. данок на промет на недвижности или друг данок, како и трошоци кои се плаќаат при продажбата;
3. наградата на стечајниот управник во процентуален износ утврден сразмерно на висина на продажната вредност на делот на имотот кога имотот се продавал во стечајна постапка;
4. трошоци за спроведување на постапката за продажба на имотот кој спаѓа во посебна стечајна маса;

5. трошоци пропишани за управување со отпад согласно посебните прописи за заштита на човековата околина во случај кога се работи за подвижен и недвижен имот кој е загаден;
6. трошоци настанати со управување на недвижноста која спаѓа во посебна стечајна маса од денот на отворање на стечајната постапка до денот на продажбата кои се однесуваат на електичана енергија, комунални трошоци, вода и други трошоци. Овие трошоци ќе бидат намалени за примениот износ во стечајната маса од закупнина за предметниот имот;

## ПРЕДАВАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИМОТОТ ШТО ВЛЕГУВА ВО СТЕЧАЈНАТА МАСА

### Преземање на имотот што влегува во стечајната маса

### Член 244

По отворањето на стечајната постапка, стечајниот управник *е должен* веднаш *да* го преземе во владение и управување целиот имот што влегува во стечајната маса.

### Обврски на органите на управување и застапување на стечајниот должник

### Член 245

(1) Лицата овластени за управување и застапување на стечајниот должник во рок од 3 работни денови по правосилноста на решението за отворање на стечајната постапка се должни на стечајниот управник:
1. да му овозможат пристап во деловните простории и недвижности каде што стечајниот должник ја врши својата дејност и ги чува своите предмети;
2. да ги предадат клучевите и друга опрема потребна за пристап и заштита на тој простор;
3. да го предадат другиот имот кој го имаат во сопственост , како и опрема и документација, потребни за преземање на тој имот;

(2) Лицата од став 1 на овој член се должни да му ја предадат на стечајниот управник целокупната деловна и друга документација поврзана со стечајниот должник, како и трговските книги, сметководствени документи, годишните сметки и и финансиски извештаи.

(3) За примопредавањата извршени согласно став 1 и 2 од овој член, стечајниот управник изготвува записник кој го попишуваат лицата од став 1 на овој член и стечајниот управник.

(4) Ако лицето од став 1 одбие да го потпише записникот од став 3 на овој член или не е достапно, стечајниот управник тоа го наведува во записникот.

(5) Членовите на органите на управување и надзор, содружниците и лицата кои биле вработени кај стечајниот должник се должни на стечајниот управник во секое време по налог на судот да му дадат сите потребни информации за околностите што се однесуваат на склучените договори на стечајниот должник како и за други дејствија и околности кои се важни за водење на стечајната постапка или за составување на смеководствената и даночна документација. Тие се должни да се воздржува од сите активности со кои би се отежнало исполнувањето на тие обврски.

(6) Обврските предвидени со ставот (5) на овој член, соодветно ќе се применат и на членовите на органите коишто биле избрани пред изборот на последните органи.

(7) На должностите на органите на стечајниот должник од став 1 до 5 од овој член соодветно се применуваат одредбите од законот кој ја уредува парнична

постапка кои се однесуваат на должноста на сведокот и правни последици од повредите на должностите.

**Преземање на имот од стечајниот должник и трето лице**

**Член 246**

(1) Доколку, лицата од став 1 на член 245 на овој закон, одбијат да го предадат владението и управувањето со имотот кој влегува во стечајната маса на предлог на стечајниот управник, судот со решение ќе определи предавање на имотот. Против ова решение не е дозволена жалба.

(2) Стечајниот управник може по правосилноста на решението за отворање на стечајната постапка да побара судот да им наложи на трети лица кои без правен основ држат во владение имот кој е дел од стечајната маса или сметководствена документација, да го предадат имот, односно сметководствена документација. Стечајниот управник должен е кон барањето да достави и исправи со кои ќе ја докаже сопственоста на тој имот. По барањето на стечајниот управник, судот одлучува со решение. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(3) Правосилното решение од став 1 и 2 од овој член преставува извршна исправа.

(4) Ако лицата од став1 и 2 од овој член не постапат по налогот на судот, судот на предлог на стечајниот управник ќе донесе решение за спроведување на потрага по имотот кој влегува во стечајна маса, а на лицето од кое имотот бил присилно одземен ќе му наложи плаќање на надомест за неовластено користење односно употреба од денот на отворање на стечајната постапка до денот на одземање на имотот.

(5) Надоместот за неовластено користење односно употреба од став 4 неможе да биде помал од 600,00 денари ниту поголем од 6.000,00 денари на ден.

(6) Доколку за време на неовластеното користење односно употреба, имотот од стечајна маса пропадне, судот на лицето поради кое предметот пропаднал ќе му наложи плаќање на надоместок во висина на вредноста на имотот и надоместок за неовластено користење и употреба. Во тој случај се применуваат одредбите од став 4 и 5 од овој член.

(7) Одговорните лица на стечајниот должник солидарно одговараат за обврските од став 4 и 6 на овој член.

**Асистенција на полиција**

**Член 247**

(1)Стечајниот управник со оглед на околностите на случајот посебно кога ќе наиде на отпор или очигледно е дека до отпор може да дојде може да побара асистенција на полицијата при преземањето на просторот, имотот и документација на стечајниот должник од лицата од став 1 и 2 од член 245 и 246 став 2 од од овој закон.

(2) Трошоците за асистенција на полицијата се сметаа за трошоци на стечајната постапка.

**Управување со стечајната маса**

**Член 248**

**(**1) Во управување со стечајната маса спаѓа:

1. склучување на договор за закуп на имотот на стечајниот должник;

2. склучување на договори за обезбеден или необезбеден заем на товар на стечајната маса во случај на продолжување на работењето на стечајниот должник;
3. вложување на финансиски средства на стечајниот должник;
4.склучување на судски и вонсудски спогодби или порамнувања, како и поднесување тужба или вмешување во судска постапка, кога се работи за голема вредност на спорот или неподнесување таква тужба кои имаат влијание на стечајната маса;

(2) За секое дејствие кое е поврзано со управување со стечајната маса од став 1 на овој член, стечајниот управник пред склучување на договор или преземање на друго правно дејствие треба да добие согласност од одборот на доверители и одобрение на судот. Ако одборот на доверители не бил основан или не донел одлука, одлуката ја носи собранието на доверители. Жалбата против решението на судот со кое се дава одобрение го задржува извршувањето на решението.

(3) Правна работа која стечајниот управник ќе ја склучи или преземе спротивно на став 2 од овој член е без правно дејство.

(4)Поднесување на тужба за побивање на правно дејствие на стечајниот должник не спаѓа во управување на стечајната маса за кое треба да се добие согласност од став 2 на овој член

**Склучување на договор за заем на имотот кој е дел од стечајната маса**
**Член 249**

(1) Стечајниот управник може по отворање на стечајната постапка да го издава имотот кој преставува стечајна маса под закуп, под услов со тоа да не се пролонгира продажбата на имотот и траењето на стечајната постапка .

(2) Договорот за закуп од став 1 може да склучи само на одредено време кое неможе да биде подолго од една година односно до продажбата на имотот кој е предмет на закупотили до правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација, ако со планот не е предвидено нешто друго.

(3) Закупопримачот од став 1 на овој член со склучувањето на договорот не се стекнува со право на предност пред останататите учесници при продажба на имотот кој е предмет на договорот.

**Вложување на финансиски средства на стечајниот должник**
**Член 250**

Доколку при отворање на стечајната постапка во стечајната маса на стечајниот должник се пронајдени пари, стечајниот управник може да ги вложи во
1. хартии од вредност издадени од:
- Република Македонија
- Народна банка на Република Македонија
2. хартии од вредност освен субординирани хартии од вредност издадени од банка со седиште во Република Македонија
3. банкарски депозити во Република Македонија

**Попис на имотот што влегува во стечајната маса**
**Член 251**

(1) По преземањето на имотот на стечајниот должник, најдоцна во рок од 15 дена по отворање на стечајната постапка стечајниот управник е должен да направи попис на сите предмети и права што претставуваат имот којшто влегува во стечајната маса. По

барање на стечајниот управник, судот овок рок може да го продолжи. При спроведување на пописот, стечајниот управник е должен да го примени професионалниот стандард за попис на имотот.

(2) Во случај кога при пописот стечајниот управник пронашол недвижен имот на должникот кој не е запишан во катастарот на недвижности, тој е должен во рок од осум дена по завршувањето на пописот да започне постапка за предбележување на овој имот во посебен регистар во јавните книги

(3) Доколку стечајниот должник е носител на право на градба врз основа на договор за соинвеститорство или заедничка градба склучен пред отворањето на стечајната постапка, а објектот не е изграден, стечајниот управник е должен истиот да го евидентира како имот кој влегува во стечајната маса.

(4) Со цел да ги обезбеди предметите што претставуваат дел од имотот што влегува во стечајната маса, стечајниот управник може да спроведе постапка за запечатување на предмети. За таа цел стечајниот управник може да формира комисија која ќе изврши запечатување на предметите. Записникот што го потврдува и го докажува таквото запечатување или отпечатување, стечајниот управник го депонира во стечајното досие. Судот го става на увид записникот на секој учесник во постапката.

**Утврдување на правен статус на имот кој не е запишан во јавните книги**
**Член 252**

(1) Со денот на отворање на стечајната постапка се прекинуваат управните постапките за утврдување на правен статус на имот кој ги водел стечајниот должник пред надлежните органи на управата согласно посебен закон. Судот од став 2 на овој член исклучиво е надлежен за спроведување на постапката за утврдување на правен статус по отворањето на стечајната постапка над должникот.

(2)Во случај ако стечајниот управник при спроведување на пописот пронајде имот на стечајниот должник кој не е со утврден правен статус за кој не била *водена* постапка за утврдување на правен статус пред отворање на стечајната постапка или постапката за утврдување на правен статус не била завршена пред надлежниот орган, тој е должен во рок од 15 дена да започне постапка за утврдување на правен статус на имотот на стечајниот должник и упис во соодветните јавни книги во Агенцијата за катастар на недвижности, согласно одредбите од член 2 став и 2, член 3,4,5 од Законот за заклучување на стечајните постапки отворени согласно со Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/14 од 06.02.2014 година)

(3)Поведената парнница за утврдување на право на сопственост или излачно право од трето лице над имотот кој е предмет на постапката за утврдување правен статус нема правно дејство и не влијае на постапката за утврдување на правен статус на имотот која се води пред надежниот суд согласно став 2 од овој член.

(4) Ако во текот на стечајната постапка е започната постапка за реорганизација, лицето кое е овластено со планот има право да поведе постапка за утврдување на правен статус или започната постапка од страна на стечајниот управник или стечајниот должник да ја продолжи согласно став 2 од овој член.

(5) Одредбите од овој член се однесуваат на имот кој влегува во стечајната маса и кој е предмет на вапричување заради намирување на доверителите или спроведување на постапка за реорганизација.

**Список на доверители *и должници***
**Член 253**

(1) Врз основа на податоците во сметководствената документација и трговските книги на стечајниот должник стечајниот управник во рок од 15 дена по настапувањето на правните последици од отворањето на стечајната постапка е должен да состави:
1.список на доверители
2. список на должници на стечајниот должник

(2) Во списокот на доверители стечајниот управник посебно ќе наведе доверителите со право на одвоено намирување и стечајните доверители класифицирани според исплатните редови. За секој доверител треба да се наведе правниот основ на побарувањето и износот на побарувањето. За доверителите со право на одвоено намирување треба уште да се наведе предметот на заложното право, како и веројатниот износ кој нема да биде намирен по реализацијата на заложното право.

(3) Во списокот на должници на стечајниот должник согласно со ставот (1) точка 2 на овој член, стечајниот управник ја наведува висината на побарувањето кое не е наплатена, основ и причините поради кои не е наплатено побарувањето, дали се води постапка за наплата на побарувањето, во кој стадиум е таа постапка, веројатноста за наплатата на секое побарување поединечно како и процена на судските трошоци за наплата на секое побарување.

(4) Во списокот стечајниот управник ќе ја наведе и можноста да се изврши меѓусебно пребивање (компензација) на побарувањата.

(5) Список е составен дел на извештајот за економско финансиска состојба на должникот .

**Преглед на имотот и обврските**
**Член 254**

(1) Стечајниот управник е должен *најдоцна* во рок од 45 дена по преземањето на имотот на стечајниот должник да состави преглед во кој ќе ја наведе вредноста на имотот кој влегува во стечајната маса *од една страна* и вредноста на должниковите обврски.

(2) По составувањето на прегледот на имотот и обврските, на предлог на стечајниот управник или било кој доверител, стечајниот судија со решение ќе го задолжи должникот да даде писмена изјава во врска со сеопфатноста, целосноста и веродостојноста на така составениот преглед. Во овој случај на соодветен начин се применуваат одредбите од обврски на органите на управување и застапување на стечајниот должник.

(3) Прегледот на имотот и обврските е составен дел на извештајот за економско финансиска состојба на должникот.

**Депонирање во стечајното досие**
**Член 255**

(1)Стечајниот управник е должен во стечајното досие да ги депонира: пописот на имотот на стечајниот должник, извештајот за процена на имотот, преглед на имот и обврски , списокот на доверители и должници, табелата (шема) на утврдени и оспорени побарувања, извештајот за економско-финансиската состојба на стечајниот должник,

извештаите на стечајниот управник, предлог на план за распределба, завршен извештај и планот за реорганизација, во рок од осум дена од нивното изготвување.

(2) Содржината и начинот на водењето на стечајното досие ќе ги пропише министерот за економија.

**Чување и архивирање на трговските книги, сметководствените документи и финансиските извештаи**

**Член 256**

(1) По отворањето на стечајната постапка стечајниот управник ги презима од должникот и ги чува трговските книги, сметките и другите деловни документи и извештаи согласно со овој закон се до заклучувањето на стечајната постапка.

(2)Пред заклучувањето на стечајната постапка, стечајниот управник е должен да ја среди архивската граѓа и да предаде на трајно чување согласно одредбите член 474 од Законот за трговските друштва и одредбите од Законот за архивски материјал ( „Службен весник на Репубика Македонија“ бр. 95/2012,41/2014, 72/2015,148/2015,169/2015 и 53/2016) (член 200став5 и 6 а во врска со член 69 од ЗАМ)

(3) Стечајниот управник при вршење на оваа должност постапува и согласно професионалниот стандард за чување на документацијата кој го донесува Министерот за економија.

**Сметководство според законски прописи**

**Член 257**

(1) Стечајниот управник во рок од 60 дена од отворањето на стечајната постапка е должен да изготви годишна сметка за периодот од денот на поднесувањето на последната доставена годишна сметка од страна на должникот пред отворање на стечајната постапка до денот на отворањето на стечајната постапка и истата да ја достави до регистарот на годишни сметки кој го води Централниот регистар.

(2)Стечајниот управник не е одговорен за било какви неправилности искажани во финансиските извештаи и врз основа на нив е изготвена завршна сметка од став1 на овој член ако причина за тие неправилности се:

- неточни или лажни податоци кои стечајниот управник ги добил од управителот или органите на управување
- погрешна или нецелосна деловната документација на стечајниот должник која била водена пред отворање на стечајната постапка
- други дејствија или пропусти на стечајниот должник или управителот или органите на управување.

(3) Од денот кога е отворена стечајната постапка престанува својство на стечајниот должник како даночен обврзник согласно посебните законски прописи. Даночниот долг и другите побарувањата кои настанале пред отворање на стечајната постапка, Управата за јавни приходи може да ги наплати само според одредбите на овој закон.

(4) По отворање на стечајната постапка неможе да дојде до пребивање на обврските кои ги има Управата за јавни приходи спрема стечајниот должник и ненаплатените обврски кои ги има Управата за јавни приходи спрема стечајниот должник по основ на даночен долг.

(5)По отворањето на стечајната постапка, се прекинува поведената даночна постапка како и надворешна контролата која се водела против стечајниот должник.По

отворање на стечајната постапка неможе да се продолжи ниту пак да се поведе нова даночна постапка и надворешна контрола против стечајниот должник.

(6) По отворање на стечајната постапка, управата за јавни приходи може да поведе надворешна контрола чиј предмет ќе биде само плаќањето на даноците за време на отворената стечајна постапка посебно ако должникот продолжил со деловниот потфат по отворањето на стечајната постапка или ги завршувал незавршените работи. За надворешната контрола се известува стечајниот управник и истата може да се врши по претходно одобрение на судот која ја отворил стечајната постапка.

**Член 258**

(1)Стечајниот управник по отворањето на стечајната постапка составува и ги доставува до Управата за јавни приходи даночниот биланс по отворање на стечајната постапка кој се однесува на стечајната маса,само доколку продолжил со деловните активност на стечајниот должник и завршување на започнатите работи во роковите и начин определен со закон.

(2) Во врска со имотот што влегува во стечајната маса, стечајниот управник води посебни трговски книги и други извештаи.

(3) Судот може на предлог на стечајниот управник како и на одбор на доверители или собранието на доверители да назначи ревизор кој ќе изврши оценка на прегледот на имотот и обврските и завршната сметка и завршниот извештај. Кога за деловната година пред отворањето на стечајната постапка бил назначен ревизор, таквото назначување останува полноважно и по отворањето на стечајната постапка.

(4) Банките, Управата за јавни приходи, Централниот регистар, катастарот и други органи кои управуваат со регистри се должни на барање на стечајниот управник управник да му дадат податоци од регистрите на податоци со кои располагаат, а кои се однесуваат за утврдување на правната положба на имотот на стечајниот должник како и дејствија кои се поврзани со можноста за побивање на правни дејствија преземени од стечајниот должник пред отворање на стечајната постапка.

**Завршување на започнатите, незавршени работи и продолжување на натамошното работење на стечајниот должник**

**Општо правило за работење за време на отворена стечајна постапка**

**Член 259**

**(**1)По отворање на стечајната постапка дозволено е склучување само на договори односно извршување други работи или дејствија кои се потребни заради управување и впаричување на стечајната маса согласно одредбите од овој закон.

(2) По исклучок од став 1 на овој член, стечајниот управник може да склучи други договори односно да презема и други дејствија по претходна согласност на одборот на доверители само доколку оцени дека тоа ќе доведе до зголемување на стечајната маса и во случај кога постојат услови за реорганизација на стечајниот должник или доверителите предложиле иницијатива за план за реорганизација односно донеле одука за реорганизација на деловниот потфат на стечајниот должник во стечајна постапка.

**Завршување на започнатите, незавршени работи**

**Член 260**

(1)По отворање на стечајната постапка дозволено е завршување на започнатите работи кои стечајниот должник ги започнал со извршување пред отворање на стечајната постапка кога судот кој ја отворил стечајната постапка ќе даде одобрение за завршување на незавршените работи.

(2) Судот за завршување на работите ќе одлучи со решение врз основа на предлог на стечајниот управник и согласност на одборот на доверители.

(3) Стечајниот управник е должен предлогот од став 2 на овој член да го достави најдоцна во рок од 15 дена по отворање на стечајната постапка.

(4) Судот предлогот став 3 на овој член поднесен по протекот на рокот од 15 дена, со решение го одбива.

(5) Судот ќе дозволи завршување на започнатите работи од став 1 на овој член доколу:

1. нивното завршување е неопходно да се спречи намалување на стечајната маса, и

2. со нивното завршување не се одолговлекува впаричување на стечајната маса

3. овозможува да се спроведе реорганизација на стечајниот должник во стечајна постапка.

(6) Судот решението за завршување на започнатите работи ќе го достави до стечајниот управник.

(7) На првото извештајното собрание доверителите ќе одлучат дали започнатите работи ќе завршат или ќе продолжат.

**Услови за продолжување на деловниот потфат на должникот**

**Член 261**

(1) По отворање на стечајната постапка, стечајниот должник може да продолжи со своите деловни активности или да извршува други работи од својата дејност до првото извештајно собрание на доверители, кога судот тоа ќе го дозволи.

(2) Судот за продолжување на деловните активности ќе одлучи по предлог на стечајниот управник, а врз основа на согласност на одборот на доверители.

(3) Стечајниот управник е должен да достави предлог за продолжување на деловниот потфат најдоцна во рок од 45 дена по денот на отворање на стечајната постапка.

(4) Предлогот на стечајниот управник мора да содржи причини за да може да се донесе одлука дали продолжувањето на деловните активности на стечајниот должник е можно и дали со продолжување на деловните активности ќе се постигнат подобри услови за намирување на побарувањето на доверители и ќе се постигне повисока вредност при продажбата на имотот на стечајниот должник кој ќе се употреби при таа дејност како деловна целина. Исто така потребно предлогот да содржи причини за тоа дали и како продолжувањето на деловните активности на должникот ќе влијае на реорганизацијата на стечајниот должник во стечајна постапка.

(5) Судот ќе дозволи продолжување на деловната активност на стечајниот должник ако со:

1. тоа се согласил одборот на доверители

2. се создаваат подобри услови за продажба на имотот на стечајниот должник како деловна целина

3. се создаваат услови за намирување на побарувањата на доверителите во повисок износ

4. се создаваат услови за реорганизација на стечајниот должник во стечајна постапка.

(7)Решението на судот се доставува до стечајниот управник.

(8) На првото извештајно собрание доверителите одлучуваат дали деловната активност на должникот ќе продолжи или ќе престане.Во случај, доверителите да одлучиле да го затворат вршењето на деловната активност, судот носи решение.

**Посебни правила кои се однесуваат на продолжување на деловната активност на стечајниот должник**

**Член 262**

(1) Ако продолжување на деловните активности е одобрено, стечајниот управник е должен еднаш месечно да поднесува извештај за работењето на стечајниот должник. Месечниот извештај се доставува до судот и одборот на доверители.

(2) Стечајниот управник е должен заедно со извештајот да доставува и месечен биланс на состојба и информација за приливот и одливот на паричните средства од вршењето на деловната активност.

(3) Стечајниот управник е должен да прибави одобрение од судот, за склучување на секоја правна работа со која има намера да:

1. земе кредит или заем

2. даде обезбедување или гаранција

3. воспостви заложно право над имотот на должникот

4. за секоја друга правна работа која ќе ја определи судот со решението со е одобрено продолжување на деловната активност.

(4) На согласноста на судот соодветно се применува член 263 став 6 од овој закон.

**Дел седми**

**ПРИЈАВУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ ВО СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА**

**Глава прва**

**Стекнување и престанок на процесна легитимација на доверителите**

**Стекнување на процесна легитимација на доверителот**

**Член 263**

(1) Доверителот кој пријавил побарување во рокот за пријавување на побарување определен со член 160 на овој закон се здобива со овластување да ги извршува сите процесни дејствија во стечајната постапка и постапката за реорганизација во стечајна постапка.

(2) Доверителот може пријавеното побарување да го пренесе на нов доверител, според условите определени во Законот за облигациони односи и овој закон.

(3) Доверителот кој го пренел побарувањето или новиот доверител се овластени да го известат судот и стечајниот управник за извршениот пренос и да достават договор солемизиран кај нотар. Судиите кои постапуваат по стечајните предмети, стечајниот управник и нивните полномошници, како и нивните блиски лица, не можат да купуваат побарувања.

(4) Врз основа на доставениот договор за пренос на побарувањето, новиот доверител се стекнува со овластувањата од став 1 на овој член. Истовремено престануваат овластувањата на претходниот доверител. Ова не се однесува на пренос на правата кои претходниот доверител ги стекнал како член на одбор на доверители.

**Престанок на процесна легитимација на доверителите**

**Член 264**

(1) Овластувањата на доверителот да ги извршува процесните дејствија во стечајната постапка престануваат:

1. во случај ако пријавата за побарувањето на доверителот е правосилно отфрлена како неуредна или ненавремена.
2. ако ги пропуштил роковите за преземање на одредено процесно дејствие
3. побарувањето во целост му било исплатено
4. ако со правосилна одлука на судот било утврдено дека нема услови неговото побарување да биде утврдено

**ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА**

**Побарувања кои се пријавуваат во стечајна постапка**

**Член 265**

(1) Доверителите се должни во стечајна постапка да ги пријават сите свои побарувања кои ги имаат спрема стечајниот должник и кои настанале пред отворањето на стечајната постапка, освен оние за кој овој закон предвидува дека не се пријавуваат.

(2) Доверителот кој одговара за обврските на стечајниот должник како солидарен содолжник или гарант е должен да го пријави своето побарување ако има право на регрес, кое до отворањето на стечајната постапка не доспело под одложен услов, ако врз основа на плаќање на тоа побарување кое го сторил по отворањето на стечајната постапка се стекнал со регресно побарување спрема стечајниот должник.

(3) Кога за исполнување на побарувањето на доверителот покрај стечајниот должник одговорни се и други солидарни содолжници или гаранти, доверителот во стечајната постапка може да го пријави побарувањето во целост под раскинлив услов, се до моментот додека не е целосно исплатен кој ќе биде исполнет ако побарувањето на доверителот ќе го исплати друг солидарен содолжник или гарант.

(4) Во стечајна постапка се пријавува и побарување кое ќе настане по отворањето на стечајната постапка, ако со закон е определено дека тоа се наплаќа од делбената маса.

**Пријава на право на одвоено намирување од предмети и права**

**Член 266**

(1) Во стечајната постапка пријава поднесуваат и доверителите кои пред отворањето на стечајна постапка се стекнале со побарување и право на одвоено намирување од имот кој влегува во стечајната маса без разлика дали тоа право е запишано или не е запишано во јавни книги (во Државниот завод за геодетски работи, Централниот регистар, во други соодветни регистри и слично).

(2) Со доверителите наведени во став 1 од овој закон изедначени се доверителите:

- на кои должникот поради обезбедување на нивните побарувања им предал некој подвижен предмет или им пренел некое право;
- кои имаат право на задржување на некој предмет, бидејќи нешто употребиле во корист на тој предмет, во мера во која нивното побарување по таа основа сé уште не ја

преминува постојната корист;
- кои правото на задржување го имаат врз основа на закон и
- Република Македонија или од неа овластено правно лице, ако предметот за кој постои обврска за плаќање царина или данок служи за нивно обезбедување ако такво право е утврдено со закон.

(3)Доверители со право на одвоено намирување од предмет или право кои се дел од стечајната маса се и доверители кои стекнале заложно право ( хипотека и рачна залога), а немаат парично побарување спрема стечајниот должник кое со тоа право е обезбедено.

(4) Доверителот кој заложното право го стекнал пред отворањето на стечајната постапка и започнал со реализацијата на заложното право согласно член 193 став3 точка 3 од овој закон заложното право не се пријавува во стечајната постапка туку ја продолжува изврш увањето.

**(**4) Став 3 од овој член не се употребува за необезбедениот дел на побарувањето на заложниот доверител кога износот на побарувањето е поголемо од вредноста на имотот кој е предмет за заложното право**.**

(5) Доверителот со обезбедено побарување можат до впаричување на имотот на кој имаат заложно право да се одрекнат од обезбеденото право со писмена изјава заверена кај нотар која се доставува со судот и стечајниот управник. Заедно со писмената изјава за одрекнување од заложно право треба да поднесат и барање за бришење на на товарот до катастар или централниот регистар. Во овој случај во стечајната постапка имаат право да го намират своето парично побарување сразмерно од стечајната маса како стечајните доверители.

(6) Доверителот со обезбедено побарување кои поднеле пријава и истото му било утврдено, а без своја вина неможат да го намират своето обезбедено парично побарување поради тоа што предметот пропаднал или стечајниот должник го продал пред отворање на стечајната постапка во тој случај во стечајната постапка своето парично побарување го намирува како стечаен доверител. Ако предметот е продаден од страна на привремениот стечаен управник во претходна постапка или по отворање на стечајната постапка тогаш своето парично побарување го намирува како доверител на стечајната маса.

**Рок во кој се пријавува побарување**

**Член 267**

(1) Доверителите побарувањата кои ги имаат спрема стечајниот должник до денот на отворањето на стечајната постапка писмено ги пријавуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот, ако поинаку не е определено со став 2, 3 и 4 од овој член.

(2) Доверител против кој била поднесена тужба за побивање на правни дејствија е должен во рок од 15 дена од денот кога му била доставена тужбата на одговор, да поднесе пријава за побарување со одложен услов во случај ако судот донесе правосилна пресуда со која се усвојува тужбеното барање за побивање и доверителот задолжен да ја врати имотната корист во стечајната маса, согласно член 238 од овој закон.

(3) Доверителот кој доброволно пред приемот на тужбата од став 2 на овој член ја вратил користа кој ја прибавил со побивање на правното дејствие исто така е должен да поднесе пријава за побарување во рок од 15 дена од денот на враќањето на примената корист во стечајната маса.

(4) Доверителот е должен побарувањето за штета која ја претпел поради откажаниот договор за закуп од член 216 став 2 од овој закон и поради неисполнување на двостранотоварен договор согласно член 209 од овој закон да го пријави во стечајната маса во рок од 15 дена по приемот на изјавата на стечајниот управник за откажување од исполнување на договотот.

**Содржина на пријавите за побарување**
**Член 268**

(1) Пријавата за побарување во стечајната постапка содржи:

1. определено барање за утврдување на побарувањето во стечајната постапка:

2. опис на дејствијата од кои произлегува основаноста на барањето и докази

(2) Барањето за утврдување на побарувањето содржи:

1) назив, седиште, единствен матичен број и единствен даночен број на правните лица, име и презиме, адреса и единствен матичен број за физичките лица;
2) назив на носителот на платен промет кај кој доверителот има сметка и број на сметката;
3) правниот основ на побарувањето;
4) износ на главниот долг на побарувањето;
5) кога доверителот во стечајната постапка покрај главниот долг побарува и камата и пресметана камата од денот на доспеаност на главниот долг до денот на отворањето на стечајната постапка;
6) кога доверителот во стечајната постапка побарува и трошоци на постапката кои настанале заради остварување на побарувањето во судска или друга постапка пред отворање на стечајната постапка и износ на трошоците
7) кога доверителот пријавува побарувањето кое се исплаќа како побарување со приоритет во пријавата треба да биде истакнато барање за утврдување на побарувањето во стечајната постапка како приоритетно побарување
8) кога доверителот пријавува побарување како условно побарувањена:опис на околностите поради кои ќе дојде до одложниот услов или раскинливиот услов со кој е поврзано побарувањето.

(3) Доверителот кон пријавата треба да приложи и докази за дејствијата од точка 2 од став 1 на овој член.

(4)Кога пријавата за побарување не содржи опис на дејствијата како и доказите од став 1 точка 2 од овој член, или не се приложени доказите од став 3 на овој член, не се применуваат правилата за неуредна пријава, туку доверителот ќе биде задолжен со трошоците од можната парница за утврдување на побарувањето, во случај ако побарувањето е оспорено.

(5)Кога со пријавата за побарување доверителот покрај главниот долг побарува и камата, а не доставил каматни листи за пресметана камата согласно став 1 точка 5 од овој член, не се применуваат правилата кои се однесуваат на неуредна пријава, туку се смета дека доверителот во стечајната постапка не побарува камата на главниот долг.

(6) Кога пријавата за побарување на доверителот не содржи износ на трошоци на постапката од став 1 точка 6 на овој член не се применуваат правилата кои се однесуваат на неуредна пријава туку се смета дека доверителот во стечајната постапка не побарува трошоци кои настанале во врска со побарувањето.

**Член 269**

(1) Пријавите за побарување се доставуваат во два примерока на адресата на стечајниот управник објавена во ог.

(2) Доверителот кој пријавил побарување во стечајната постапка должен е во пријавата за побарување да ги наведе сите гаранти за обврската на стечајниот должник и за поднесената пријава навремено да го извести гарантот.

(3) Доверителот во текот на стечајната постапка во рок од осум дена од денот на извршената наплата е должен да го извести стечајниот управник за секоја наплата на побарувањето од гарантот.

(4) Доверителот во стечајната постапка може да поднесе повеќе пријави за побарување.

(5) По протекот на рокот од петнаесет дена од објавување на огласот доверителите неможат да поднесуваат дополнителни пријави.

(6) Ако се пријавуваат побарувања за кои се води парница или друга постапка, во пријавата треба да се наведе судот или другиот орган пред кој се води парницата или другата постапка со означување на бројот на списот.

**Пријава за право на одвоено намирување**

**Член 270**

(1) Доверителот кој има право на одвоено намирување од член 266 од овој закон ,пријавата за побарување ја поднесуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот.

(2) Доверителот со право на одвоено намирување, кој нема да поднесе пријава за одвоено намирување во рокот од став 1 на овој член не го губи правото на одвоено намирување на паричниот износ од предметот предмет на заложното право.

(3) Доверителот со право на одвоено намирување кој ненавремено поднел пријава го губи право да:

- презема процесни дејствија во стечајната постапка согласно член 263 од овој закон

- го реализира заложното право според правилата на стечајната постапка. Реализација на заложното право ќе продолжи според правилата кои важат надвор од стечајната постапка по правосилното решение на судот за утврдување на одвоеното намирување. Судот во стечајната постапка ќе го задолжи доверителот со обезбедено побарување да ги намири трошоците на постапка за дополнително спроведената постапка за утврдување на побарувањето.

- го губи правото како стечаен доверител да го наплати делот од паричното побарување кое нема да наплати како обезбеден доверител од вредноста на имотот.

(2) Доверителот со право на одвоено намирување во пријавата ги означува предметите над кои постои обезбеденото право, начинот и основата на засновање на тоа право, како и средствата за обезбедување на побарувањата. Доколку има парично побарување во пријавата ги наведува податоците од член 270 став2 точка 4,5 и 6 од овој закон. Кон пријавата доставува писмени докази за паричното побарување и за воспоставеното заложно право.

(3) Во пријавата, доверителот со право на одвоено намирување, ги наведува и другите средства за обезбедување на паричното побарување со кои располага спрема стечајниот должник. Доколку во текот на стечајната постапка обезбеденото

побарување го наплати од  гарант, за тоа без одлагање го известуваат  стечајниот управник.

(4) Во пријавата, доверителот со право на одвоено намирување, ја наведува и можната висина  на  делот од паричното побарување кое нема да  намири како обезбеден доверител. Правото за намирување  на овој износ го  остварува  како стечаен доверител, кое  јасно се наведува во пријавата.

(5) Во пријавата од став 2 на овој член доверителите со право на одвоено намирување посебно се изјаснуваат  за тоа дали  реализацијата на заложното право ќе го спроведат според правилата кои се применуваат  надвор од  стечајната постапка или ќе го реализираат според  одредбите од овој закон .

(6)Доколку, во пријавата од став 3 на овој член  не е содржана  ваква изјава се смета дека доверителите со право  на одвоено намирување заложното право ќе го реализира според правилата  кои се однесуваат на реализација надвор од стечајната постапка, веднаш по правосилното  на решението за утврдени и оспорени побарувања. Ако пред отворањето на стечајната постапка  постапка за реализација на заложното била  во прекин,  доверителот со обезбедено побарување е овластен да ја  продолжи.

(7) Во случај кога  стечајниот управник предложил или друг доверител поднел иницијатива за план за реорганизација, во рок предвиден со овој законм а имотот над кој е воспоствено заложното право  е  неопходно потребен за  реализација на планот за реорганизација, тогаш најдоцна  до денот на одржувањето на првото извештајно собрание, доверителот со обезбедено побарување може да ја промени изјавата за реализација  на заложното право надвор од стечајната постапка.

(8) Доверителот со право на одвоено намирување  кој нема парично побарување спрема стечајниот должник кое со тоа заложно право е обезбедено поднесува пријава во рокот од став 1 на овој член. Овие доверители немаат право да  преземаат  процесни дејствија во стечајната постапка.

**Постапување по ненавремена и неуредна пријава**

**Член 271**

(1) Стечајниот управник во рок од осум дена по истекот на рокот за пријавување на побарувањето составува табела за ненавремени пријави во која ќе ги евидентира пријавите на сите стечајни доверители кои го пропуштиле рокот за пријавување на побарувањето согласно со член 267  од овој закон и ја доставува до судот.

(2) Судот во рок од три дена од приемот на табелата за ненавремени пријави доставена од стечајниот управник носи решение за отфрлање на поднесените пријави како ненавремени. По жалбата второстепениот суд одлучува во рок од осум дена од приемот на жалбата.

(3)  Се смета дека стечајниот доверител ја изгубил процесна  легитимација согласно член 263  од овој закон како и правото да го наплати побарувањето во стечајна постапка, ако решението со кое  пријавата за побарување е отфрлена како ненавремена станало правосилно.

(4) Доколку доверителот достави пријава за побарување до стечајниот управник која не ги содржи податоците предвидени во член 268 од овој закон, стечајниот управник во рок од три дена од денот на приемот ќе ја врати пријавата на доверителот на уредување во рок од осум дена. Доколку доверителот во овој рок не ја уреди пријавата, стечајниот управник доставува барање до судот поднесената пријава да биде отфрлена како неуредна. Судот во рок од три дена од доставениот предлог носи

решение со кое ја отфрла пријавата како неуредна. По жалбата второстепениот суд одлучува во рок од осум дена од приемот на жалбата.

(5) Доколку, судот не ја отфрли пријавата како неуредна, во рок од став 2 на овој член му наложува на стечајниот управник да ја продолжи постапката за утврдување и оспорување на пријавеното побарувањето. Против заклучокот на стечајниот судија не е дозволен приговор.

(6) Се смета дека стечајниот доверител ја изгубил процесна легитимација согласно член 263 од овој закон како и правото да го наплати побарувањето во стечајна постапка, ако решението со кое пријавата за побарување е отфрлена како неуредна станало правосилно.

**Произнесување по пријавени побарувања**

**Член 272**

(1) Стечајниот управник е должен во рок од 15 дена по истекот на рокот определен во член 267 став 1 од овој закон да се произнесе дали го признава или оспорува побарувањето на доверителот.

(2) Ако поради голем број на навремено поднесени пријави за утврдување на побарување во стечајната постапка,или поради тоа што не завршила постапката со правосилни решенија од член 271 став и 5 од овој закон, стечајниот управник неможе во рокот од став 1 на овој член да ги испита сите пријавени побарувања, судот може на негов предлог да го продолжи рокот не повеќе од 15 дена.

(3) Стечајниот управник за навремено пријавените побарувања на доверителите ја утврдува основаноста, обемот и исплатниот ред на секое побарување на начин што до судот доставува табела на испитани побарувања.

(4) Табелата за испитани побарувања,мора за секое навремено пријавено побарување да ги содржи следните податоци:

1.реден број;

2.назив и седиште на доверителот правно лице, единствен матичен број на друштвото, број на сметка, назив на носителот на платен промет

3.износ на главниот долг на пријавеното побарување

4. износ на пресметана камата до денот на отворање на стечајната постапка и износ на трошоците

5.правен основ на побарувањето

6. предмет врз кој е засновано заложно право, хипотела или рачна залога

7. податоци за предметот врз кој е засновано заложно право ако доверителот нема парично побарување

8. износ на ненаплатениот дел од обезбеденото побаривање

9. податоци за предметот над кој доверителот има излачни права

10. процентуално учество на пријавеното побарување во однос на вкупно пријавените побарувања

11. изјава на стечајниот управник дали го признава побарувањето или оспорува

12. износ на побарувањето кој стечајниот управник го признал и исплатен ред

13. ако го признал делумно побарувањето износ на оспореното оспореното побарување

14.ако стечајниот управник го оспорува побарувањето, опис на причините од кои произлегува дека побарувањето или дел од побарувањето не постои

15. исплатниот ред

16. вкупен износ на побарувањата на доверителите од повисок исплатен ред

17.вкупен износ на побарувањата на доверителите со обезбедено побарување
18. вкупен износ на побарувањата на стечајните доверители

(5) Стечајниот управник табелата од ставот (1) на овој член ја доставува до судот, и ја депонира во стечајното досие заедно со сите приложени документи, исправи и докази доставени по секоја пријава и ја објавува преку системот на е-стечај во рок од пет дена по истекот на рокот од ставот (1) на овој член. Стечајниот управник е должен да објави известување на огласна табла на судот и во еден дневен весник за тоа дека табелата на утврдени и оспорени побарувања е депонирана во стечајното досие. Стечајниот управник е должен да изврши лична достава на табелата на доверителите кои навремено пријавиле побарување преку електронскота пошта која ја доставиле.

(6) По извршената достава на табелата до судот, стечајниот управник побарувањата на доверителите кои ги признал неможе повторно да ги оспорува.

(7) Побарување пријавено врз основа на извршна исправа може да се оспори ако:

1. извршната исправа е укината, поништена, преиначена или ставена вон сила;
2. побарувањето престанало врз основа на факти кои настапиле по извршноста;
3. извршната исправа може да биде предмет на побивање согласно со овој закон.

**Приговор против табелата за испитани побарувања**
**Член 273**

(1)Доверителот има право против изјаснувањето на стечајниот управник во табелата за испитани побарувања да поднесе приговорот во рок од осум дена по неговиот прием.

(2) Доверителот има право на приговор против табелата за испитани побарувања ако:

1. во табелата не е содржано неговото навремено пријавено побарување
2. податоците за побарувањето од став 4 точка 2,3,4,5 од член се неправилно внесени

(3) Право на приговор има и доверителот чие побарување во табелата е оспорено во целост или делумно.

(4) Доверителите приговорите во рокот од став 1 на овој член ги доставуваат до судот.

**Дополнување на табелата за испитани побарувања**
**Член 274**

(1)Во случај кога против табелата за испитани побарувања е поднесен приговор од член 273 став 2 точка 1 од овој закон и таквиот приговор е основан, стечајниот управник веднаш ќе пристапи кон изработка на дополнување на табелата.

(2)Табела со дополнително испитани побарувања, стечајниот управник изготвува и во случај кога доверителот со обезбедено побарување го пропуштил рокот за пријавување на побарувањето.

(3) Табела со дополнително испитани побарувања, стечајниот управник ја доставува до судот и ја депонира во стечајното досие заедно со сите приложени документи, исправи и докази доставени по секоја пријава и ја доставува преку електронско пошта на сите доверители. Рокот на приговори тече од наредниот ден од доставената дополнителна табела.

(4) Стечајниот управник е должен да изврши промени во табелата за испитани побарувања во следните случаи:

- согласно член 279 став 4 од овој закон

- новоутврдени побарувања по правосилно завршени парници за оспорени побарувања

- промени настанати на страната на доверителите поради промет на побарувањето

**Оспорување на побарување на друг доверител**

**Член 275**

(1) Секој доверител може да оспори навремено пријавно побарување на друг доверител само доколку поднесе посебен приговор во рокот од ставот (1) на член 273 и ставот 3 од член 274 на овој закон.

(2) По протекот на рокот од став 1 од член за поднесување на приговор против навремено пријавено побарување на друг доверител веќе неможе да се оспорува навремено пријавено побарување на друг доверител.

(3) Посебниот приговор за оспорување на побарување на друг доверител покрај основите податоци кој треба да ги содржи секој поднесок, треба да содржи и:

1. податоци за побарување од став 4 точка 1,2,3 и 4 од член 272 од овој закон.

2. изјава на доверителот дека го оспорува побарувањето

3. ако доверителот го оспорува побарувањето во дел се наведува износот на оспореното побарување

4. причини од кои произлегува дека побарувањето или оспорениот дел од побарувањето не постои и докази за тоа.

(4) Доверителот кој оспорува побарување на друг доверител кон приговорот доставува и писмени докази во врска со став 3 точка 4 од овој член.

**Испитно рочиште**

**Член 276**

(1) На испитното рочиште судот ги разгледува само поднесените приговори против навремено поднесени пријави од доверителите и се утврдува конечната табела на испитани побарувања.

(2) Судот, на испитното рочиште ќе одлучи дали приговорот на доверителот со кој се оспорува побарување на друг доверител кое е признато од стечајниот управник е уреден и навремен.

(3) Испитното рочиште, ќе се одржи и во случај ако не се присутни сите доверители кои поднеле приговори.

(4) На испитното рочиште, стечајниот управник се произнесува по приговорите на начин што наведува кои приговори ги прифаќа, а кои не ги прифаќа со наведување на причините поради кои го прифатил приговорот или предлага истиот да се одбие.

(5) Доколку стечајниот управник прифати некој од поднесените приговори, во тој случај, таквата промена ја евидентира во табелата за испитани побарувања.

**Утврдување на побарувањето**

**Член 277**

(1)Побарувањето се смета за утврдено ако е признато од стечајниот управник и не е оспорено од доверител.

(2) Судот во рок од три дена по заклучувањето на испитното рочиште, донесува решение во кое се наведуваат доверителите на кои им е утврдено побарувањето и во кој износ и доверителите на кои им е оспорено побарувањето и во кој износ.

(3) Против решението од став 2 на овој член право на жалба има секој доверител во делот кој се однесува на неговото пријавено побарување, односно побарување кое го оспорил и стечајниот управник. Второстепениот суд ќе одлучи по жалбата во рок од 8 дена по нејзиниот прием.

(4) Судот ќе одржи дополнително испитно рочиште и ќе донесе решение за утврдени или оспорени побарување или право за доверителот со обезбедено побарување кој го пропуштил рокот за пријавување на побарувањето.

**Излачни права**

**Член 278**

(1) Лице кое врз основа на свое стварно или лично право може да докаже дека некој предмет не спаѓа во стечајната маса, е должен да поднесе пријава до стечајниот управник во рок од 15 дена по објавувањето на огласот за отворање на стечајната постапка со која ќе побара судот да утврди дека предметот или правото не се дел од стечајната маса.

(2) Ако лицето од став 1 не поднесе пријава во оставениот рок, може да го оствари своето право во други постапки согласно закон за што го известува судот која ја отворил стечајната постапка.

(3) Лицето во пријавата освен податоците од член 268 став 2 точка 1 и 2 од овој закон треба да ги наведе податоците за предметот и докази од кои произлегува личното или стварно право врз предметот или правото.

(4) Стечајниот управник е должен да се произнесе по навремено поднесената пријава за излачно право врз предмет или право, дали го признава или оспорува излачното право. Судот носи посебно решение за утврдување или оспорување на излачните права на доверителот. Против ова решение право на жалба има лицето кое пријавило излачни права, односно стечајниот управник. Второстепениот суд ќе одлучи по жалбата во рок од 8 дена по нејзиниот прием. Правосилното решение има својство на извршна исправа.

(5) Стечајниот управник е должен врз основа на правосилното решение за утврдување на излачно право најдоцна рок од 8 дена записнички да го предаде предметот или правото.

(6) Ако судот донел правосилно решение со кое го оспорува излачното право, во тој случај лицето може своето право да го остварува во други судски постапки, за што го известува судот кој ја отворил стечајната постапка.

(7) Ако правото на лицето од ставот (1) на овој член е запишано во јавна книга, стечајниот должник мора да докаже дека предметот на кој тоа право се однесува спаѓа во стечајната маса.

(8) Ако пред отворањето на стечајната постапка стечајниот должник неовластено го отуѓил предметот, чие издвојување можело да се бара, излачниот доверител може да бара да му се пренесе правото на противчинидба, ако таа сé уште не е извршена. Тој

може да бара противчинидба и од стечајната маса ако таа сé уште може да се издвои од таа маса.

(9) Излачниот доверител може да бара и надомест на штета што ја претрпел со неовластеното отуѓување и тоа ако:

- отуѓувањето го извршил стечајниот должник пред отворањето на стечајната постапка како стечаен доверител,
- отуѓувањето го извршил привремениот стечаен управник по поведувањето на стечајната постапка, односно стечајниот управник по отворањето на стечајната постапка како трошок на стечајната постапка.

(10) Ако не се исполнети условите од ставот (9) на овој член, излачниот доверител може како стечаен доверител да бара надомест за претрпена штета ако предметот е неовластено отуѓен пред отворањето на стечајната постапка.

**Оспорени побарувања**
**Член 279**

(1) Ако стечаен управник оспорил побарување, судот доверителот чие побарување е оспорено ќе го упати да поведе парница заради утврдување на оспореното побарување во рок од осум дена од денот на правосилноста на решението со кое е упатен на парница. На правото да поведе парница не влијае тоа што доверителот не поднел приговор против изјаснувањето на стечајниот управник во табелата за испитани побарувања изготвена од страна на стечајниот управник.

(2) Ако доверителот оспорил побарување на друг доверител чие побарување е признато од стечајниот управник, судот на парница ќе го упати доверителот кој го оспорил побарувањето заради утврдување на оспореното побарување. Доверителот кој го оспорил побарувањето во парницата настапува во име и за сметка на стечајниот должник.

(3)Доверителот кој го оспорува побарувањето на друг доверител чие побарување е признато од стечајниот управник и е упатен на парница е должен заедно со тужбата да достави и доказ за обезбедување на надомест на штета што може да биде предизвикана со водењето на парницата ако тужбеното барање биде одбиено како неосновано во износ од 5000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на поднесување на тужбата без оглед на вредноста на спорот.

(4) Ако доверителот кој го оспорува побарувањето на друг доверител чие побарување е признато од стечајниот управник не достави доказ за обезбедувањето, заедно со тужбата, се смета дека доверителот се откажал од оспорување на побарувањето.

(5) Во случај кога е оспорено пријавеното побарување врз основа на извршна исправа, стечајниот судија со решение ќе го упати стечајниот управник, односно доверителот на парница да ги докажат околностите од член 272 став 7 од овој закон.

(6) Доколку доверителот, односно стечајниот управник не поведе парница во рокот од ставот (1) на овој член, ќе се смета дека се одрекле од правото за водење на парницата. Во тој случај стечајниот управник е должен да направи промена во табелата од членот 274 став 4 од овој закон.

**Продолжување на парница**
**Член 280**

(1) Ако на денот на отворањето на стечајната постапка веќе се води парница за побарување пријавено во стечајната постапка, која е во прекин, а стечајниот управник го оспорил побарувањето, во тој случај доверителот, односно оној кој го оспорува побарувањето е должен да достави предлог за продолжување на парницата во рокот од член 279 став (1) од овој закон. Стечајниот управник ја презема парницата во состојба во која се наоѓала во моментот на отворањето на стечајната постапка.

(2) Доверителот кој го оспорува побарувањето парницата ја продолжува за име и сметка на должникот.

(3) Ако парницата од ставот (1) на овој член не се води пред судот кој ја отворил стечајната постапка, судот пред кој се води парницата ќе ја прекине постапката, а по доставување на предлогот за продолжување на парницата ќе донесе решение со кое ќе се огласи за ненадлежен и предметот со сите списи ќе ги достави до судот кој ја води стечајната постапка. Против ова решение не е дозволена жалба.

(4) Ако пред отворање на стечајната постапка за оспореното побарување се водела постапка пред арбитражен суд, која поради отворање на стечајната постапка е во прекин, доверителот е должен да поднесе тужба пред судот за утврдување на оспореното побарување во рокот од член 279 став (1) од овој закон.

(5) Доколку доверителот, односно стечајниот управник не ја продолжат парницата во рокот од ставот (1) на овој член, или не започнале нова парница согласно став 4 од овој член се смета дека се одрекле од правото за водење на парницата. Во тој случај стечајниот управник е должен да направи промена во табелата од член 272 став (2) од овој закон.

**Вредност на предметот на спорот**
**Член 281**

Кога е поднесена тужба за утврдување на побарувањето чија правна основа била оспорена од страна на стечајниот управник или од страна на доверител во стечајната постапка, вредноста на предметот на спорот ќе се утврди според износот на побарувањето.

**Посебни процесни правила кои се однесуваат парниците поведени врз основа на овој закон**
**Постапка по тужбите за утврдени побарувања**
**Член 282**

(1)Постапките по тужбите за утврдување на оспорените побарувањата, за побивање на правни дејствија, утврдување на излачни права се итни и предметите мора да бидат земени во работа најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на тужбата, односно предлогот за продолжување на парницата.

(2)Постапката од ставот (1) на овој член се води според одредбите на парничната постапка со тоа што рокот за поднесување на одговор на тужба е осум дена. Постапката пред првостепениот суд мора да заврши во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на тужбата, односно предлогот за продолжување на парницата. Против пресуда донесена во прв степен рокот за поднесување на жалба е осум дена од денот на доставувањето на преписот на пресудата.

(4) Во споровите од став (1) на овој член второстепениот суд е должен да донесе одлука по жалба поднесена против одлуката на првостепениот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата, ако со овој закон поинаку не е определено.

(5) Во споровите од став (1) кога тоа е дозволено со закон против правосилна пресуда, донесена во втор степен странките можат да изјават ревизија во рок од 15 дена од денот на доставувањето на препис на пресудата. Врховниот суд на Република Македонија одлуката по ревизијата ќе ја донесе најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на предметот во работа.

**Правно дејство на пресуда за утврдување**

**Член 283**

(1) Правосилната пресуда со која се утврдува или се одбива побарувањето има дејство спрема стечајниот управник и спрема сите стечајни доверители.

(2) Странката во чија полза била донесена правосилната пресуда ќе ја достави до судот и до стечајниот управник ако не учествувал во парницата заради евидентирање во табелата за испитани побарувања.

(3) Доверителите кои воделе парница без учество на стечајниот управник, можат да бараат надомест на сите трошоци од стечајната маса, ако водењето на парницата придонело таа маса да се зголеми, најмалку за висината на трошоците.

## ДЕЛ ОСМИ

## Глава прва

## ОДЛУКА ЗА НАЧИНОТ НА РАСПОЛАГАЊЕ

**Извештај за економско-финансиската состојба на должникот**

**Член 284**

(1)Стечајниот управник на првото собрание на кое се поднесува извештај (прво извештајното собрание), ќе поднесе извештај за економско-финансиската состојба на стечајниот должник во писмена форма.

(2)Стечајниот управник извештајот за економско-финансиската состојба на должникот го доставува до судот најдоцна 8 дена пред одржување на закажаното прво собрание на доверители со огласот за отворање на стечајната постапка.

(3)Извештајот од став 1 на овој член, судот ќе го депонира во стечајното досие на увид на доверителите и го доставува до членовите на одборот на доверители најдоцна осум дена пред одржување на собранието.

(4) На барање на доверител стечајниот управник е должен да му достави и копија од извештајот.

(5) Стечајниот управник е должен извештајот од став 1 на овој член да го состави согласно професионалниот стандард за составување на извештајот на стечајниот управник за извештајно собрание која го донесува Министерот за економија

(6) Стечајниот управник е должен во рок од три дена од извршената достава да објави известување веб сајтот на судот кој ја отворил стечајната постапка дека извештајот е депониран во стечајното досие.

**Одлука за натамошното постапување**

**Член 285**

(1)На првото извештајно собрание на доверители стечајниот управник е должен да го образложи извештајот од член 283 став 1 на овој закон.

(2) Пред да биде извршено гласањето, доверителите можат да се изјаснат по по поднесениот извештај и по предлогот на стечајниот управник даден во извештајот.

(3) На собранието од ставот (1) на овој член доверителите врз основа на извештајот на стечајниот управник ќе одлучат дали деловниот потфат (претпријатието) на должникот ќе биде затворен или продолжен и дали стечајниот управник ќе го задолжат да изготви план за реорганизација согласно одредбите на овој закон.

**Разгледување на иницијатива на доверител за реорганизација**
**Член 286**

(1) Ако во текот на стечајната постапка, доверител поднел иницијатива за подготовка на план за реорганизација, пред да се гласа по поднесената иницијатива, подносителот на седницата на првото извештајно собрание накратко ќе образложи на кој начин ќе биде извршена реорганизацијата на стечајниот должник.

(2) Во случај ако се поднесени повеќе иницијативи или предлог планови за реорганизација од доверителите, доверителите се изјаснуваат според денот на приемот на иницијативите во судот. Доверителите кои поднеле иницијативи и нивни поврзани друштва – доверители немаат право на глас на седницата на првото извештајно собрание за нивната иницијатива односно предлог план за реорганизација.

(3) Ако доверителите на седницата на првото извештајно собрание прифатиле повеќе иницијативи од доверители за изготвување на план за реорганизација или предложени планови за реорганизација, ќе гласаат и за тоа дали во стечајната постапка ќе бидат поднесени планови за реорганизација од секој доверител чија иницијатива била прифатена или ќе биде поднесен само еден план за реорганизација.

(4) Ако не биле поднесени иницијативи за изработка на план за реорганизација односно предлог план за реорганизација, доверителите гласаат по предлогот на стечајниот управник содржан извештајот.

**Одлука за впаричување на стечајната маса**
**Член 287**

(1) Во случај ако доверители не прифатиле ниту една од иницијативата за подготовка на план за реорганизација, односно предлог на план за реорганизација поднесена од доверителите или предлогот на стечајниот управник за реорганизација, се смета дека донеле одлука за затворање на деловниот потфат и започнување на постапка за впаричување на имотот кој влегува во стечајната маса.

(2) Ако била донесена одлука за впаричување на имотот, собранието на доверители ќе одлучи и за начинот на спроведување на продажбата, односно дали имотот кој влегува во стечајната маса ќе се продава во целина или во делови. Доверителите можат да задолжат одборот на доверители во рок од осум дена од денот на одржувањето на извештајното собрание да донесе одлука за начинот на впаричување на имотот што влегува во стечајна маса.

**Решение на судот**
**Член 288**

Судот во рок од три дена по одржувањето на седницата на првото собрание на доверители ќе донесе решение со кое ќе констатира дека се донесени:

- одлуките предвидени во член 139 од овој закон,

-одлука за започнување на постапка за реорганизација на стечајниот должник и кој од доверителите или стечајниот управник е задолжен во рок од 45 дена да изготви план за реорганизација или

- одлука за започнување на постапка за впаричување на имотот кој влегува во стечајната маса и начинот на впаричување на имотот. Против ова решение не е дозволено право на жалба.

**Начин и постапка за претворање на имотот од стечајната маса во пари**

**Впаричување на стечајната маса**

**Член 289**

(1) Впаричување на стечајната маса преставува:

1. продажба на недвижниот и подвижниот имот на стечајниот должник;

2. наплата на побарувањата на стечајниот должник кои ги има спрема трети лица;

3. секој друга правна работа со која се остваруваате имотните права на стечајниот должник.

**Продажба на недвижниот и подвижниот имот кој преставува стечајна маса**

**Определување на вредноста на имотот кој влегува во стечајна маса**

**Член 290**

(1) Стечајниот управник е должен за имотот кој влегува во стечајната маса да прибави вредност на имотот заради продажба.( во натамошниот текст проценка на имот). Предмет на проценка покрај подвижниот и недвижниот имот се и имотните права (побарувањата на стечајниот должник спрема трети лица, уделот кој стечајниот должник го има кај трети лица и др.)

(2) Проценката на имотот ја врши проценувач кој е овластен да врши процена за видот на имотот кој е предмет на процена кој изготвува извештај.

(3) Извештајот за проценетата вредноста на имотот мора да содржи пазарна вредност и ликвидациона вредност согласно меѓународните стандарди за процена. Во извештајот за процена на имотот се наведува опис на проценетата вредност и методот врз основа на кој е извршена процената. За точноста на податоците во извештајот за процена овластениот проценувач е лично и неограничено одговорен, со сиот свој имот.овластениот проценувач подлежи на кривична одговорност, ако не го применува Кодексот за етиката на овластените проценувачи и меѓународните стандарди за процена.

(4)Одлуката за тоа ќе биде ангажиран проценувач да изготви процена на имотот кој влегува во стечајната маса по објавен јавен оглас ја донесува судот по претходно мислење на одборот на доверители, ако е формиран.

(5) Судот врз основа на одлука на одборот на доверители носи решение за повторна процена на имотот, ако смета дека извештајот за проценетата вредност е несоодветна на вредноста на имотот кој е предмет на продажба, или поминал подолг временски период, а имотот не е продаден. Изборот на проценувач во овој случај се врши со примена на одредбата од став 4 на овој член.

**Постапка за продажба на имотот**

**Член 291**

(1)Постапката за продажба на имотот започнува со решение за продажба на имотот која ја носи судот, врз основа на одлуката за начинот на спроведување на продажбата, односно дали имотот кој влегува во стечајната маса ќе се продава во целина или во делови донесена од доверителите на првото извештајно собрание или одборот на доверители.

(2) Во решението за продажба на недвижниот имот од став 1 на овој член, судот ќе наложи од јавната книга кадешто е запишана недвижноста да се избришат сите прибелешки по налози на извршители за намирување на стечајните доверители кои не стекнале заложно право, а го пријавиле побарувањето во стечајна постапка.

(3) Во решението судот ќе му наложи на стечајниот управник најдоцна во рок од три дена по приемот на решението за продажба да објави оглас, во најмалку еден дневен весник од трите најтиражни весници кои се дистрибуираат на целата територија на Републиката, а по потреба и во странски весник во кој ќе се наведе:

1. начинот на спроведување на продажбата
2. опис на имотот кој е предмет на продажба;
3. местото каде се наоѓа имотот;
4. износот на гаранцијата која треба да се положи;
5. времето во кое ќе може да се разгледа имотот;

(3) Стечајниот управник не смее да започне продажба на подвижниот и недвижниот имот кој влегува во стечајна маса пред донесувањето на решенето од став 1 на овој член.

(4) По исклучок од став 1 на овој член стечајниот управник може да започне продажба на подвижни предмети чија вредност според проценката не надминува 10.000 Евра кои не се поврзани со производниот процес на стечајниот должник и пред донесувањето на решението од став 1, од овој член. За продажбата, судот носи посебно решение врз основа на мислење на одборот на доверители ако е основан.

(5) По исклучок од став 1 на овој член, по мислење на одборот на доверители врз основа на решение на судот, стечајниот управник е должен да започне продажба на подвижни предмети веднаш по извршената проценка, ако во имотот која е дел на стечајната маса, има предмети на кои ќе им помине рокот на употреба, или се подложни на брзо расипување или постои опасност од значително паѓање на цената и со тоа да се предизика штета на стечајната маса.

(6) Кога излачниот доверител навремено ги пријавил своите излачно право на имот кое било оспорена од страна на стечајниот управник, продажба на имотот кој е предмет на излачното право не е дозволено да започне се додека:

- пријавата на излачниот доверител во стечајна постапка не е правосилно прифатена и
- се додека постапката која ја води надвор на стечајната постапка не е правосилно завршена и излачниот доверител го известил судот дека води постапка.

**Начин на продажба на имотот**
**Член 292**

(1) Продажбата на недвижниот и подвижниот имот, без разлика дали во целина или во делови кој е дел од стечајната маса се врши по пат на јавно надавање.

(2) Јавното наддавање секогаш се спроведува по електронски пат, освен кога со овој закон не е определено нешто друго.

(3) Јавното наддавање се спроведува на тој начин што се очекува да се постигне највисоката цена за имотот кој е предмет на продажба.

(4) По исклучок од став 1 на овој член продажба на подвижни предмети од член 293 став 4 и 5 од и член 157 став 3 од овој закон ќе се изврши по пат на јавно собирање на писмени понуди или непосредна спогодба. Во овие случаи, судот носи решение за продажба пат на јавно собирање на писмени понуди во рок од 8 дена по поднесеното барање на стечајниот управник и дадената согласност од одборот на доверители.

(5) Продажбата на акциите кои ги стекнал стечајниот должник кај трети лица и се дел од стечајната маса се врши преку берза согласно со закон и правилата на берзата.

(6)Уделите кои ги има стечајниот должник во друго друштво се дел од стечајната маса исто така се предмет на продажба. Тие се продаваат на начин што стечајниот управник ќе го понуди уделот на лицата кои имаат право на првенствено купување најпрво на останатите содружници. Ако тие одбијат да го купат уделот по проценетата вредност, или не се изјаснат во рок од 15 дена од понудата, стечајниот управник уделот ќе го понуди на лицето определено од друштвото. Ако и ова лице одбие или не се изјасни во рок од 15 дена за купувањето на уделот, тогаш стечајниот управник во рок од 8 дена по протекот на рокот објавува оглас за продажба на начин предвиден во ставот (1) на овој член.

(7) Побарувањата кои стечајниот должник ги има спрема трети лица се предмет на продажба на начин согласно став 1 од овој член.

(8) Стечајниот должник не е одговорен за материјалните недостатоци на имотот кој е предмет на продажба.

(9) Начинот и постапката на спроведување на продажбата на недвижниот и подвижниот имот во стечајна постапка го пропишува министерот за економија.

**Почетна цена на јавното наддавање и депозит**

**Член 293**

(1) Во случај кога се врши продажба на имотот по електронски пат, продажбата секогаш се врши со почетна цена од 1 денар.

(2) Во огласот не се наведува проценетата вредност на имотот нити таа треба да биде достапна на учесниците во јавното наддавање.

(3) Право на учество во јавната продажба имаат учесниците кои ќе уплатат депозит:

- ако проценетата вредност на имотот не е повисока од 200.000,00 евра во денарска противвредност тогаш депозитот изнесува 10% од вредноста на имотот кој е предмет на продажбата.

- ако проценетата вредност на имотот кој се продава е повисока од 200.000.Евра во денарска противвредност тогаш депозитот изнесува 5% од вредноста на имотот кој се продава.

(4) Кога износот на депозитот е повисок од 20.000 Евра во денарска противвредност во тој случај учесникот на јавното наддавање наместо да уплати паричен депозит на сметката отворена за потребите за спроведување на стечајната постапка, може да достави неотповиклива банкарска гаранција во корист на стечајниот должник како корисник на прв повик од банка со седиште во Република Македонија која гласи на износот кој е определен во огласот како депозит за учество на јавното наддавање.

(5) Ако учесникот не успее на јавното наддавање, стечајниот управник му го враќа уплатениот износ или банкарската гаранција во рок од три дена по завршувањето на јавното наддавање.

**Постапка за продажба на имотот по електронски пат**
**Член 294**

(1) Стечајниот управник во рок од осум дена по завршувањето на рокот за разгледување на имотот од член 290 став 3, ја објавува првата продажба на имотот. Огласот трае најмногу 15 дена.

(2) Во огласот не се наведува проценетата вредност на имотот.

(3) Доколку при продажба на имотот со јавно наддавање е понудена цена, која е пониска од проценетата, на предлог на стечајниот управник, во рок од три дена судот свикува собрание на доверители кое треба да се одржи најдоцна во рок од 8 дена од денот на свикувањето. Собранието на доверители носи одлука дали имотот ќе биде продаден по постигната цена.

(4) Доколку доверителите на собранието на доверители нема да ја прифатат понудената цена која е пониска од проценетата се смета дека продажбата е неуспешна.

(5) Во случај кога собранието на доверители нема да донесе одлука, односно не е одржано, решение за продажбата носи судот во рок од три дена по денот за кој било свикано собранието на доверители.

(6) Доколку при продажбата на имотот со јавно наддавање е понудена цена, која е повисока од проценетата, судот не свикува собрание на доверители, туку носи решение за продажба.

(7) Во случај на неуспешна продажба истиот се повторува најмногу уште три пати со тоа што целата продажба треба да заврши во рок од 180 дена од денот кога е донесена одлуката за продажба на имотот.

(8)Ако на јавното надавање учествувал доверител кој стекнал право на глас или негово поврзано лице , го губи правото на глас на собранието на доверители од став 3 на овој член.

(9) Ако за имотот кој бил предмет на продажба по пат на јавното наддавање по електронски пат најдобра цена дал доверител кој навремено пријавил побарување во стечајната постапка и се стекнал со право на глас или негово поврзано лице тие немаат право на глас на собранието на доверители од став 3 на овој член.

**Одлука за продажба**
**Член 295**

(1) Доколку, доверителите на седницата на собрание на доверители од член 293 став 3 донеле одлука за прифаќање на понудената цена, судот носи решение со кое констатира дека понудена цена на јавното наддавање е прифатена од доверителите и го задолжува учесникот понудената цена заедно со ДДВ да ја плати во рок од 15 дена по правосилноста на решението. Решението се доставува/ јавно објавува до учесниците во постапката за јавно наддавање по електронски пат кои имаат право на жалба во рок од три дена по приемот / јавната објава. Второстепениот суд носи одлука по поднесената жалба во рок од осум дена по приемот.

(2) Во жалбата, учесниците можат да истакнат причини поврзани со постапката за продажба на имотот по електронски пат.

(3) Учесникот на јавното наддавање е должен да ја плати цената во рок од 15 дена од приемот на правосилното решение.

(4) Ако учесникот ја уплатил постигната цена во оставениот рок, стечајниот управник наредниот работен ден по извршената уплата го известувва судот. Во рок од три дена,по приемот на известието судот носи решение со кое констатира дека имотот е продаден. Против ова решение не е дозволено правото на жалба.

(5) Ако учесникот на јавното наддавање го пропуштил рокот од став 3 на овој член и не ја платил постигната цена, стечајниот управник нема обврска да му го врати депозитот во пари од член 292 став 3 од овој закон односно започнува постапка за реализација на банкарската гаранција.

(6) Решението на судот од ставот (4) на овој член претставува основ за пренос на сопственоста и за запишување во јавните книги. За извршената продажба не се склучува писмен договор за купопродажба.

(7) Со плаќање на цената престануваат следните права на трети лица врз имотот предмет на продажба:

- рачна залога или хипотека
- забрана на продажба и обезбедување
- прибелешки по налози на извршители за намирување на доверителите

(8) Стечајниот управник е должен да го предаде имотот на купувачот и за тоа се составува записник.

**Одлука за постапување по неуспешна продажба**
**Член 296**

(1) Доколку продажбата на имотот од стечајната маса завршила неуспешно согласно член 293 став 4 од овој закон, судот по предлог на стечајниот управник, а по прибавено мислење од одборот на доверители во рок од осум дена, го свикува собранието на доверители заради донесување на одлука за понатамошно постапување.

(2) Доверителите на собранието носат одлука за понатамошно постапување со имотот кој не бил продаден, а кој влегува во општата стечајна маса, по предлог на стечајниот управник. Тие можат да одлучат да се направи нова процена на имотот кој влегува во стечајната маса и продажбата да продолжи по пат на јавно прибирање на писмени понуди или непосредна спогодба уште најмногу два пати во рок од 90 дена или доверителите да бидат намирени со распределба на имотот, правата и побарувањата кои влегуваат во стечајна маса.

(3) Во случај ако понатамошната продажба на имотот е неуспешна, судот носи решение за распределба на имотот на доверителите на начин определен од страна на одборот на доверители врз основа на одлука на собранието на доверители.

**Посебни случаи на продажба на имот**
**Член 297**

(1) Во случај кога предмет на продажба е имот на стечајниот должик кој се состои од трајни вложувања (долгогодишни насади, објекти, иригациони системи и друга инфраструктура) кои се наоѓаат на земјиштето во сопственост на државата купувачот во рок од три месеца од решението од 293 став 6 од овој закон склучува договор со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството, заради уредување натамошниот начин на користење на земјоделското земјиште.

(2) Кога предмет на продажба е имот на стечајниот должик кој се состои од правото на градење за неизграден објект за кое е издадено одобрение за градење, по предлог на стечајниот упарваник со решение на судот истото се предбележува во јавната книга во која се запишуваат правата на недвижностите.

(3) Во содржината на огласот кога предмет на продажба е правото на градба, освен основните податоци за предметот на продажба, се наведува дали имотот е вклопен во урбанистичките планови на соодветната општина, Исто така се наведува дека купувачот ги презема сите права и обврски утврдени согласно со договорот за заедничка градба или соинвеститорство кој го склучил стечајниот должник со сопствениците на градежното земјиште.

(4) Претпријатието или дел од претпријатието на должникот може да се продаде само со претходно одобрение на собранието на доверители, ако купувачот или лицето поседува најмалку една петтина од капиталот на должникот:
1) им припаѓа на блиски лица на должникот согласно со членот 180 од овој закон или
2) ако е доверител со право на одвоено намирување или доверител во стечајната постапка со повисоко рангирани побарувања, за чии права на одвоено намирување или побарувања стечајниот судија проценил дека достигаат вкупно една петтина од износот на сите права на одвоено намирување или една петтина од вкупниот износ на побарувањата на сите доверители во стечајната постапка со повисоко рангирани побарувања.

(2) Во смисла на ставот (1) од овој член, исто така, ќе се смета дека лицето поседува удели или акции на купувачот, ако има непосредно или посредно превладувачко влијание.

## Глава четврта

## ВПАРИЧУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ВРЗ КОИ Е СТЕКНАТО ПРАВО НА ОДВОЕНО НАМИРУВАЊЕ

### Располагање со недвижности

### Член 298

(1) Ако доверителот со обезбедено побарување се произнел дека ќе го реализира своето заложно право според одредбите на стечајната постапка, на продажба на недвижите и подвижите предмети воспоставено заложно право се применуваат одредбите од оваа глава.

(2) На продажбата на имотот од посебната стечајна маса се применуваат општите одредби за продажба на стечајната маса на стечајниот должник.

(3) Доколку постапката за впаричување на имотот била неуспешна продажбата согласно став1 на овој член, доверителот со обезбеденото побарање има право да ја продолжи постапката за реализација на заложното право според одредбите на законот кој го регулира присилното извршување .

(4) Во случај кога доверителот со обезбедено побарување го реализира заложното право утврдено во стечајната постапка со присилно извршување, тогаш се применуваат посебните законски прописи за продажба. По впаричување на имотот или правото над кое постои право на одвоено намирување запишано во јавна книга, прво ќе се намират трошоците од спроведеното извршување, потоа трошоците кои настанале во стечајната постапка поради управување со недвижниот имот од страна на стечајниот управник и даноците со кои продажбата е оптеретена. По намирувањето на тие трошоци, преостанатиот износ без одлагање ќе биде употребен за намирување на

доверителот со право на одвоено намирување. Ако има остаток на средства ги предава на стечајниот управник на сметката отворена за потребите на стечајата постапка.

(5)Доколку, доверителот со право на одвоено намирување при продажбата од став 4 на овој член целосно не се намирил со продажба на имотот над кој има воспоставено право на одвоено намирување, тој е должен во рок од 15 дена од денот на извршената продажба да го извести стечајниот управник. Ако доверителот не го извести навреме стечајниот управник и не му поднесе докази за ненамирениот дел, ненамиреното побарување на тој доверител нема да биде земено предвид при распределба на општата маса како стечаен доверител.

**Продажба на подвижни предмети на кои постои право на одвоено намирување**

**Член 299**

(1) Подвижен предмет на кој постои обезбедено право, кога тој предмет се наоѓа во владение на стечајниот управник и доверителот со обезбедено побарување се изјавил дека продажбата ќе се врши според правилата на стечајната постапка, стечајниот управник ќе го впаричи со примена на правилата на впаричување на стечајната маса.

(2) Стечајниот управник може да го наплати или на друг начин да го впаричи побарувањето или друго право кое стечајниот должник го остапил заради осигурување на некое право.

**Известување на доверителот**

**Член 300**

Ако стечајниот управник има право да го впаричи подвижниот предмет согласно член 298 став1 од овој закон, должен е во рок од осум дена на разлачниот доверител на негово барање да даде:

- известување за состојбата во која се наоѓа подвижен предмет врз кој постои право на одвоено намирување
- да му дозволи да изврши преглед на предметот

(2) Во случај кога стечајниот управник има право да го наплати побарувањето над кое е воспоставено заложно право согласно член 298 став 2 од овој закон должен *е* по барање на доверителот со обезбедено пбарување, да го извести за побарувањето. Наместо известување, стечајниот управник може да му дозволи на доверителот самиот да изврши преглед на трговските книги и на другите деловни документи на должникот.

**Известување за намера на продажба**

**Член 301**

(1) Пред да се изврши продажба на предметот наведен во членот 298 став 1 од овој закон на некое трето лице, стечајниот управник ќе го извести доверителот со право на одвоено намирување за начинот на кој планира да ја изврши таа продажба. Доверителот може во рок од осум дена, да предложи некој друг, за него поповолен начин за продажба на предметот.

(2) Кога доверителот во рок од осум дена пред продажбата, го доставил бараното известување со кое тој предлага некој друг за него поповолен начин за продажба, стечајниот управник ќе го прифати предлогот за поповолна продажба.

(3) Поповолната можност од ставот (2) на овој член, може да се состои во предавање на предметот на самиот доверител. Поповолен начин се смета и можноста за продажба со која се смалуваат трошоците.

**Заштита на доверителот од одолжување на продажбата**
**Член 302**

(1) Додека предметот кој стечајниот управник е овластен да го продаде согласно одредбите од член 298 став 1 од овој закон не биде впаричен доверителот има право на камата од стечајната маса која тече од денот на извештајното собрание.

(2) Ако доверителот пред отворање на стечајната постапка поради определени мерките на обезбедување од судот, е спречен во впаричување на предметот, каматата почнува да тече 90 дена од одредување на мерката.

(3) Одредбите од овој член нема да се применуваат кога, со оглед на износот на побарувањето на доверителот со обезбедено побарување и вредноста на други права што го товарат тој предмет, приходот што би бил остварен со продажба на предметот веројатно нема да бидат доволни за намирување на разлачниот доверител.

**Распределба на приходите**
**Член 303**

(1) По впаричување на подвижниот предмет или побарување од приходот, најпрво ќе се наплати износот на трошоците кои настанале поради продажба на предметот како наградата на стечајниот управник. Стечајниот управник е должен во рок од три дена остатокот од впарičениот износ да го пренесе на доверителот со обезбедено побарување во висина на неговото утврдено побарување.

(2) Во случај, доверителот со обезбедено побарување реализацијата на заложното право го извршил според правилата надвор од стечајната постапка, од оставерениот приход најправо се исплаќаат трошоците на таа постапка, трошоците кои настанале во стечајната постапка порад управување со предметот од страна на стечајниот управник и даноците со кои продажбата е оптеретена. По намирувањето на тие трошоци, преостанатиот износ без одлагање ќе биде употребен за намирување на доверителот со право на одвоено намирување.

**Пресметка на трошоците**
**Член 304**

(1) Стечајниот управник е должен да достави пресметка на трошоците за впаричување на предметот на кој постои обезбедено право во рок од осум дена по правосилноста на решението за извршената продажба.

(2) Трошоците на впаричување на предметот од став 1 на овој член ќе ги опфатат сите настанати трошоци и останати обврски на стечајната маса. Ако поради впаричувањето стечајната маса е оптеретена со данок, износот на данокот ќе се засмета во трошоците на впаричување.

**Друга употреба на подвижните предмети**
**Член 305**

(1) Стечајниот управник може да го користи подвижниот предмет кој има право да го впаричи за стечајната маса, со тоа што евентуално смалување на вредноста на

предметот до кое може да дојде поради користењето ќе му го надомести на доверителот со обезбедено побарување од стечајната маса.

(2) Стечајниот управник може тој предмет да го спои, измеша или преработи, само под услов со тоа да се загрозува обезбеденото право на доверителот на тој предмет.

(3) Ако поради дејствијата од став 2 на овој член кој ги презема стечајниот управник доверителот со обезбедено побарување стекне обезбедување на друг предмет на тој предмет неговото осигурување ќе се ограничи во вредност на поранешниот предмет на осигурување.

## Глава петта
## ИСПЛАТИ ОД СТЕЧАЈНАТА МАСА
### Решение за исплата
### Член 306

Стечајниот управник може да врши плаќања или друго исполнување на товар на стечајната маса само врз основа на решение донесено од судот ако во законот не е поинаку определено.

### Исплата на трошоците на стечајната постапка
### Член 307

(1) Трошоци на стечајната постапка се обврски на стечајниот должник кои ќе настанат по отворање на стечајната постапка, освен тие обврски за кои законот предвидува дека се плаќаат од делбената маса по правила за плаќање на побарувањата на доверителите.

(2) Ако стечајниот управник за извршување на одредени дејствија кои согласно законот мора самиот да ги изврши ( испитување на побарувања, изготвување на нацрт делба и др.) освен дејствијата од став 3 на овој член ангажирал друго лице надоместокот за тие услуги не е дозволено да се плаќаат како трошок на стечајната постапка туку стечајниот управник ги плаќа од сопствени средства.

(3) Дејствијата кои се поврзани со:
- сметководствени услуги во врска со водење на деловните книги, составување на сметководствените документи и даночните пресметки во стечајната постапка,
- услугите на овластениот проценувач,
- посредничките услуги при продажба на имотот на берза или друга организиран пазар на кои можат да учествуваат само овластени лица,
- услугите за архивирање на документација согласно прописите за архивирање
- адвокатски услуги поврзани со предметите кои ги води стечајниот управник и
- други услуги за кои стечајниот управник нема посебно специјалистичко познавање

преставуваат трошоци на стечајната постапка.

(4) За дејствијата од став 3 на овој член за кои е пропишана или во деловната пракса е утврдена тарифа, како трошок на стечајната постапка не е дозволено да се плаќаат цени во износи кои се повисоки од износите предвидени во тарифата и да се определуваат задачи кои ја надминуваат рамката на нужно потребни во рамките на тие дејствија.

(5) За извршувањето на дејствијата од став 3 на овој член не смеат да бидат ангажирани лица кои во однос на стечајниот управник се поврзани лица.

### Видови трошоци на стечајната постапка

**Член 308**

(1) Трошоците на стечајна постапка може да бидат тековни трошоци и повремени трошоци на стечајната постапка.

(2) Во тековни трошоци на стечајната постапка спаѓаат:

1) процесните трошоци на стечајниот должник од постапките кои се поведени согласно овој закон;
2) наградите и надоместоците за трошоците на привремениот стечаен управник, на стечајниот управник и на членовите на одборот на доверители;
3) трошоците за електрична енергија, вода, греење, телефон и други трошоци во врска со употреба на деловните простории за потребите на стечајната постапка;
4) платите и другите надоместоци на лицата кои ги извршуваат работите за потребите на стечајната постапка, заедно со даноци и придонеси кои се пресметуваат и плаќаат согласно посебни законски прописи;
5) трошоците за сите објавени јавни огласи согласно овој закон
6) осигурителни премии за осигурување на имотот кој спаѓа во стечајната маса;
7) трошоците за сметководствените, административни и други услуги кои ќе настанат по отворање на стечајната постапка;
8)обврски по основ на даноци кои настанале по отворањето на стечајната постапка
9) други трошоци кои настануваат месечно или во друг период во текот на стечајната постапка.

(2) Повремени трошоци на стечајната постапка се:

1) побарувања на доверителите кои склучиле договор за заем или други кредити дадени за време на надзорот на спроведување на планот а реорганизација, ако биле предвидени во содржинскиот дел на планот за реорганизација, а била отворена стечајната постапка поради неспроведување на планот за време на траењето на надзорот.
2) побарувања на доверителите кои дале необезбеден кредит на стечајниот должник по отворање на стечајната постапка.
3) побарување на доверителите кои дале обезбеден кредит на стечајниот должник по отворањето на стечајната постапка
4) исполнување на обврски од неисполнети двострано товарни договори;
5) обврските врз основа на неоснованото збогатување на масата или стекнување без основа
6) трошоци за проценка на вредноста на имотот кој влегува во стечајната маса и други дејствија во врска со спроведување на продажбата.

## Глава шеста
## РАСПРЕДЕЛБА НА ВПАРИЧЕНАТА СТЕЧАЈНА МАСА
### Побарувања кои се земаат во предвид при распределба на општата впаричена маса

**Член 309**

При распределба на општа впаричената стечајна маса се земаат во предвид необезбедените побарувања кои во стечајната постапка се навремено пријавени и биле утврдени со решение на судот освен:

1. оспорените побарувања кои до изготвување на нацрт планот за распределба престанале поради тоа што доверителот не повел парница за утврдување на побарувањето или започната парница не ја продолжил

2. побарувања со одложен услов кај кој бил исполнет условот до изготвување на нацрт распределбата.

**Исплатни редови при исплата од општата впаричена делбена маса**
**Член 310**

(1) Побарувањата од општата впаричена делбена маса се исплаќаат според следниот редослед:
1. приоритетни необезбедени побарувања
2. обични необезбедени побарувања од повисок исплатен ред
3. обични побарувања од понизок исплатен ред

(2) Се додека делбената маса не е доволна за целосно намирување на побарувањата на одреден исплатен ред не е дозволено да се започне со намирување на побарувањата на подоцнежниот исплатен ред.

(3) Ако делбената маса не е доволна за целосно намирување на побарувањата на доверителите од определен исплатен ред, во тој случај се врши исплата на побарувањата пропоционално на висината на делбената маса и вкупно утврдените побарувања од определениот исплатен ред .

**Приоритени необезбедени побарувања**
**Член 311**

(1) Приоритетни необезбедени побарувања се следни побарувања:
1. плати и надоместоци на платата за последните три месеци пред отворање на стечајната постапка
2. обештетување за повредите при работа коишто работникот ги претрпел кај должникот и професионални заболувања;
3. неисплатени отпремнини за престанување на работниот однос пред отворањето на стечајната постапка кои на вработените им припаѓаат согласно законот кој ги уредува работните односи
4. даноци и придонеси кои се исплаќаат согласно посебните прописи во случај од точка 1 од овој член
5. неисплатени надоместоци на платите за времетраењето на неискористениот редовен годишен одмор за тековната календарска година

**Обични необезбедени побарувања од повисок исплатен ред**
**Член 312**

Во обични необезбедени побарувања од повисок ред спаѓаат сите побарувања на доверителите кои не се приоритетни или од понизок исплатен ред

**Обични необезбедени побарувања од понизок исплатен ред**
**Член 313**

(1) Обичните необезбедени побарувања од понизок исплатен ред се намируваат по следниов редослед:
1) каматите на побарувањата на обичните необезбедени побарувања што пристигнале по денот на отворањето на стечајната постапка;
2) трошоците што за одделни доверители ќе настанат со нивното учество во

постапката;
3) паричните казни за кривично дело или прекршок како споредни последици од кривично дело или прекршок со кои се наметнува обврска за плаќање пари;
4) побарувањата за бесплатна чинидба на должникот и
5) побарувањата за враќање на заем или друго соодветно барање со кои се надоместува имотот на содружник, односно акционер.

(2) Каматите на обичните необезбедени побарувањата од пониският исплатен ред и трошоците во постапката се од ист ред како и побарувањата.

**Глава седма**
**Видови постапка за распределба**
**Авансна и конечна распределба**
**Член 314**

(1) Намирувањето на приоритетните и обичните необезбедени побарувања може да започне по правосилноста на решението за утврдени и оспорени побарувања донесено од судот.

(2)Намирувањето на приоритените и обичните необезбедени побарувања се врши преку авансна распределба на делбената маса, кога висината на впаричената делбената маса е доволна за исплата до 50% од приоритените или обичните необезбедени побарувања.

(3) Подоцнежната авансна распределба на делбената маса може да се изврши и кога впаричената делбена маса е доволна за исплата на 10% од приоритените или обичните необезбедени побарувања.

(4) Конечната распределба на делбената маса може се изврши веднаш по целосно впаричување на имотот што влегува во стечајната маса.

**План за распределба**
**Член 315**

(1) Пред да започне со распределбата на средствата од впаричената делбена маса, стечајниот управник ќе состави предлог на план за распределба.

(2) Предлогот на планот за распределба содржи:
- вкупен износ на побарувањата,
- износот на паричните средства достапен за распределба од стечајната маса,
- список на побарувањата што ќе се земат предвид при распределбата,
- процентот на намирување на доверителите, како и
-износот на паричните средства кои ќе бидат издвоени за намирување на побарувањата на доверителите чии побарувања биле оспорени. Овој план ќе биде депониран во стечајното досие за увид на учесниците во стечајната постапка.

**План за авансна распределба**
**Член 316**

(1) По пристигнување на средствата на сметката, стечајниот управник е должен во рок од осум дена да состави предлог на план за авансна распределба. Овој предлог на план веднаш се доставува до членовите на одборот на доверители на одобрување и до судот. По одобрувањето од одборот на доверители, стечајниот управник јавно го објавува планот за авансна распределба. Во предлогот на планот стечајниот управник

издвојува соодветен износ којшто е потребен за исплата на неисплатените и предвидени трошоци на стечајната маса.

(2) Во рок од осум дена од денот на јавното објавување на планот за авансна распределба,доверителите имаат право на приговор до судот.

(3) Судот ги разгледува приговорите на доверителите, доколку има потреба може да направи одредени исправки во планот и да донесе решение со кое ќе го одобри планот за авансна распределба. По поднесената жалба второстепениот суд одлучува во рок од 15 дена од денот на приемот на навремената и целосната жалба.

(4) Правосилното решение со кое се одобрува планот за авансна распределба се доставува до стечајниот управник кој е должен во рок од осум дена да изврши исплата на паричните средства на сметките на доверителите.

(5) По извршената исплата на средствата стечајниот управник е должен да состави посебен извештај за извршената исплата и да го достави до судот, одборот на доверители, како и да го депонира во стечајното досие на должникот за увид на доверителите и јавно го објавува.

**Оспорените побарувања и планот за распределба**

**Член 317**

(1) Доверителот, чие побарување не било утврдено и бил упатен на парница со правосилно решение на судот, во рок од осум дена од денот на јавното објавување на планот за авансната распределба, на стечајниот управник му доставува доказ за тоа дека поднел тужба за утврдување на побарувањето или ја продолжил постапката и за кој износ, или дека се вмешал во постапката што веќе се води во врска со тоа побарување.

(2) Ако доверителот од ставот (1) на овој член го достави доказот од ставот (1) на овој член, стечајниот управник ќе издвои сразмерен дел на средства за намирување на соодветното побарување. Вака издвоениот дел нема да се распределува, а ќе биде задржан додека не биде донесена правосилна пресуда во врска со оспореното побарување.

(3) Ако доверителот не го доставил доказот во рокот предвиден во ставот (1) од овој член до стечајниот управник, го губи правото да биде намирен во стечајната постапка за побарувањето што не е утврдено.

**Намирување на доверителите со право на одвоено намирување**

**Член 318**

(1) Доверителот со право на одвоено намирување, кој целосно не се намирил со продажба на имотот над кој има воспоставено право на одвоено намирување, е должен за тоа во рок од 8 дена од денот на извршената продажба да го извести стечајниот управник.

(2) Стечајниот управник врз основа на известието од став 1 на овој член е должен да го внесе доверителот во планот за распределба за остатокот на ненаплатеното побарување како доверител со необезбедено побарување. Ако доверителот не го извести навреме стечајниот управник и не му поднесе докази, ненамиреното побарување на тој доверител нема да биде земено предвид при натамошната распределба.

(3) Ставот (1) од овој член нема да се применува ако стечајниот управник е овластен да располага со предметот врз кој постои правото за одвоено намирување или

доверителот се произнел продажбата на предметот да се врши според одредбите на овој закон.

## Намирување на побарувањата што подлежат на одложен услов

## Член 319

(1) При авансната распределба ќе биде земен предвид целиот износ на побарувањето врзано за одложен услов. При таа распределба ќе се издвои од средствата наменети за распределба и ќе се задржи делот потребен за намирување на тоа побарување.

(2) При конечната распределба нема да се земат предвид побарувањата врзани за одложен услов ако можноста за настапувањето на тој услов е толку далечен и неверојатен што тоа побарување на денот на распределбата е безвредно. Во таков случај, делот што според ставот (1) од овој член бил издвоен и задржан за намирувањето на тоа побарување се пренесува во средствата наменети за конечната распределба.

(3) Побарувањата врзани за раскинлив услов се земаат предвид при распределбата ако доверителот даде средства за обезбедување дека ќе го врати она што го примил од стечајната маса кога ќе настапи тој услов.

## Дополнително намирување

## Член 320

На доверителите кои не биле земени предвид при авансната распределба, а кои ги исполнуваат условите наведени во членовите 317 и 318 од овој закон, при следната дополнителна распределба ќе им биде авансиран износ од остатокот на впаричената стечајната маса на начин што нив ќе ги стави на исто рамниште со другите веќе авансирани доверители. Дури потоа ќе може да се пристапи кон намирување на другите доверители.

## Конечна распределба на средствата

## Член 321

(1) Конечната распределба на средствата ќе биде извршена со план за конечна распределба веднаш по целосно впаричување на имотот што влегува во стечајната маса.

(2) Предлогот на планот за конечна распределба се подготвува по истата постапка и на начин, како и предогот на планот за авансна распределба.

(3) Стечајниот управник го подготвува предлогот на планот од ставот (1) на овој член во рок од осум дена од денот на пристигнување на средствата на сметката на стечајниот должник. Стечајниот управник е должен да состави и завршна сметка и завршен извештај.

(4) Стечајниот управник веднаш ги доставува предлогот на планот за завршна распределба, завршната сметка и завршниот извештај до членовите на одборот на доверители на согласност. По дадената согласност, стечајниот управник ги доставува предлогот на планот, завршната сметка и завршниот извештај до судот кој јавно ги објавува.

(5) Против доставениот предлог на план за конечна распределба стечајните доверители имаат право на приговор во рок од осум дена од денот на јавното објавување. Приговорот се поднесува до стечајниот судија.

(6) Судот вонрочиште одлучува по приговорите од ставот (5) на овој член во рок од осум дена по нивниот прием по што со решение го одобрува предлогот на планот за конечна распределба. Решението се доставува до доверителите кои поднеле приговор против предлогот на планот за конечна распределба и до стечајниот управник, а се депонира и во стечајното досие за увид на сите доверители.

(7) Против решението од ставот (6) на овој член право на жалба имаат доверителите чии приговори биле одбиени. Жалбата го одлага извршувањето на решението. По поднесената жалба второстепениот суд одлучува во рок од 15 дена од денот на приемот на навремената и целосната жалба.

## Глава осма
## Завршно собрание на доверителите
### Член 322

(1) Судот во наредните три дена од денот на правосилноста на решението за одобрувањето на планот за конечна распределба свикува завршно собрание на кое доверителите:

1) расправаат за завршната сметка и за завршниот извештај;
2) го потврдат планот за конечна распределба на средствата и
3) решаваат за предметите и правата што претставуваат дел од имотот што влегува во стечајната маса што не биле отуѓени, наплатени или претворени во пари.

Завршното собрание се одржува во рок од 15 дена од денот на неговото свикување

(2) Одлуките на завршното собрание се донесуваат со мнозинство од утврдените побарувања претставени од присутните доверители.

(3) Ако доверителите на завршното собранието на доверители не донеле одлука или одбиле да донесат одлука со која го потврдуваат планот за конечна распределба, судот со решение одлучува за потврдување на планот за конечна распределба. При донесувањето на решението судот ќе ги цени причините за одбивање на планот за конечна распределба, односно недонесувањето на одлуката.

(4)Против решението од ставот (3) на овој член со кое судот го потврдува планот за конечна распределба право на жалба имаат доверителите на завршното собрание гласале против донесување на одлука за потврдување на планот за конечна распределба. По поднесената жалба второстепениот суд одлучува во рок од 15 дена од денот на приемот на навремената и целосната жалба.

(5) Планот за конечната распределба на средствата и одлуките на завршното собрание на доверители го извршува стечајниот управник. Стечајниот управник е должен веднаш по потврдувањето на планот да изврши исплата на паричните средства на сметките на доверителите. По извршената исплата на средствата стечајниот управник е должен да состави посебен извештај за извршената исплата и да го достави до судот, до одборот на доверители, и јавно да го објави.

## Депонирање на задржаните средства
### Член 323

Средствата што во конечната распределба биле издвоени и задржани, стечајниот управник врз основа на одобрение на судот ќе ги депонира во банка заради натамошна распределба, на начин и според условите утврдени во овој закон.

**Вишок што произлегол од конечната распределба**
**Член 324**

(1) Ако побарувањата на доверителите од сите исплатни редови во стечајната постапка со конечната распределба бидат намирени во целост, стечајниот управник врз основа на решение на судот ќе го пренесе на должникот поединец сиот преостанат вишок од стечајната маса или паричните средства.

(2) Ако должникот е правно лице, стечајниот управник врз основа на решение на судот на сите лица кои поседуваат удели или акции во основната главнина на должникот, ќе им го пренесе делот од тој вишок што би им припаднал на тие лица при ликвидација на должникот согласно со Законот за трговските друштва.

**Глава деветта**
**ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА**
**Решение за заклучување на стечајната постапка**
**Член 325**

(1) Веднаш по извршувањето на конечната распределба на средствата, односно на другиот имот на должникот, судот ќе донесе решение за заклучување на стечајната постапка.

(2) Решението од ставот (1) на овој член јавно се објавува. Во решението за заклучување на стечајната постапка, судот определува заклучувањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите и во други соодветни регистри. Примерок од решението им се доставува на органите кои ги водат регистрите, односно јавните книги. Запишувањето во трговскиот регистар и јавни книги се врши по службена должност.

(3) Со заклучувањето на стечајната постапка и бришењето од трговскиот, односно од друг регистар, во кој е запишан должникот, правното лице - должник престанува да постои.

(4) Должникот - поединец со заклучувањето на стечајната постапка го губи својството трговец - поединец. Совесниот должник - поединец со заклучувањето на стечајната постапка може да побара ослободување од преостанатите обврски, под условите предвидени со овој закон.

(5) Судот со решението за заклучување на стечајната постапка може да го задолжи стечајниот управник да продолжи да ги води започнатите постапки кои се од значење за стечајната маса.

(6) Стечајниот управник по конечната распределба е должен да ја извести банката и да побара бришење на сметката, а ако има остаток на средства кои сеуште не биле распределени по кој било основ на овој закон, да ги депонира како судски депозит

(7) Стечајниот управник пред донесување на решение за заклучување на стечајната постапка има обврска да постапи согласно професионалните стандарди за чување на документацијата.

**Права на стечајните доверители по заклучување на постапката**
**Член 326**

(1) Стечајните доверители можат по заклучување на стечајната постапка против должникот поединец неограничено да ги остваруваат своите преостанати побарувања.

(2) Стечајните доверители со утврдени побарувања од став 1 на овој член можат против должникот поединец да побараат извршување врз основа на решението со кое нивното побарување е утврдено.

(3) Одредбите од став 1 и 2 од овој член не влијаат на можноста за ослободување од преостанатиот долг.

## Глава десетта
## ДОПОЛНИТЕЛНА (ОДЛОЖЕНА )РАСПРЕДЕЛБА
### Решение за спроведување на дополнителна (одложена) распределба
### Член 327

(1) По барање на стечајниот управник или по барање на доверител со необезбедено побарување или по службена должност, судот ќе донесе решение за спроведување на дополнителна или одложена распределба, ако по завршното собрание:
1)издвоените и задржаните средства станале достапни за распределба;
2)средствата исплатени од стечајната маса повторно биле вратени назад;
3) е пронајден имот ли права кои влегуваат во стечајната маса (новопронајден имот).

(2) Решението за заклучувањето на стечајната постапка и бришењето на должникот од регистарот во кој е запишан не преставува пречка судот да донесе решение за спроведување на одложена распределба и да ја спроведе оваа постапка.

(3) Судот може да не донесе вакво решение и да ги пренесе достапните средства или идентификуваните предмети на должникот поединец , ако смета дека со оглед на малата вредност на износот или на предметот и трошоците на евентуалната дополнителна распределба, предавањето на должникот би било многу посоодветно.

(4) Судот може донесувањето решение за одложена (дополнителна) распределба, да го услови со авансирање на средства за намирување на трошоците на таквата дополнителна распределба чиј износ неможе да биде повисок од авансирање на средства при поведување на претходна постапка.

(5) Имотот од став 1 на овој член преставува стечајна маса и на неа на соодветен начин се применуваат одредбите на овој закон.

(6) Средствата од ставот (1) на овој член се чуваат на судскиот депозит.

(7) Против решението со кое се одбива спроведување на дополнителна распределба право на жалба има предлагачот, а против решението со кое се дозволува спроведување на дополнителна распределба право на жалба има должникот.

### Спроведување на дополнителна распределба
### Член 328

Кога судот донел решение за спроведување на дополнителна распределба, стечајниот управник ќе ја распредели достапната сума или приходите остварени од продажбата на новопројдениот имот врз основа на завршен извештај. За таквата распределба, стечајниот управник ќе му поднесе посебен извештај и посебна сметка на судот.

**Дополнително сразмерно намирување**

**Член 329**

Доверителите на стечајната маса за чии побарувања стечајниот управник дознал:
1) дури по утврдувањето на делот наменет за авансна распределба;
2) за време на конечната распределба, по завршување на завршното собрание или
3) кога било донесено решение за спроведување на дополнителна (одложена) распределба, по нејзиното објавување, можат да побараат намирување на своите побарувања само од средствата што преостанале во стечајната маса.

**Глава единаесета**

**ЗАПИРАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА**

**Запирање поради непостоење имот што влегува во стечајната маса**

**Член 330**

(1) Ако по отворањето на стечајната постапка се утврди дека имотот што влегува во стечајната маса нема да биде доволен за намирување на трошоците на постапката, судот ќе ја запре отворената стечајна постапка и ќе донесе решение за нејзино заклучување. Судот нема да ја запре постапката, ако биде авансиран доволен износ на средства од доверител.

(2) Пред да ја запре стечајната постапка, судот ќе побара мислење од собранието на доверители, стечајниот управник и доверителите на стечајната маса.

(3) Сите парични средства достапни во стечајната маса, пред запирањето на постапката, стечајниот управник ќе ги употреби за намирување на дотогаш направените трошоци во постапката, сразмерно на нивните износи. Стечајниот управник веќе нема да биде обврзан да располага со имотот што влегува во стечајната маса, односно тој веќе нема да биде обврзан тој имот да го претвори во пари, а распределбата се врши без впаричување.

**Известување за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса**

**Член 331**

(1) Ако трошоците на стечајната постапка се покриени, но имотот што влегува во стечајната маса не е доволен за намирување на другите пристигнати обврски на стечајната маса, стечајниот управник ќе го извести судот за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса. Оваа одредба ќе се применува и тогаш кога постои само веројатност дека на денот на нивното пристигнување, имотот нема да биде доволен за намирување на другите постојни обврски на стечајната маса.

(2) Обврските на стечајниот управник да управува и да располага со имотот што влегува во стечајната маса продолжуваат и по известувањето за недоволноста на имотот.

(3) Судот јавно го објавува известувањето за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса. Ова известување ќе им биде доставено лично на доверителите на стечајната маса.

**Намирување на доверителите на стечајната маса**

**Член 332**

(1) Стечајниот управник ги намирува обврските на стечајната маса по следниов редослед и сразмерно на износот на обврски:
1) трошоци на стечајната постапка;

2) обврски на стечајната маса што станале правно обврзувачки по известувањето за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса, што не преставуваат трошоци на стечајната постапка и
3) други обврски на стечајната маса, вклучувајќи ја дадената последна издршката.

(2) За обврски на стечајна маса според ставот (1) точка 2 од овој член се сметаат:
1) обврски од двострано товарни договори, за чие исполнување стечајниот управник се изјаснил дури по доставувањето на известувањето за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса;
2) обврски што произлегуваат од договори за закуп, договори за дело, договори за работа или од други слични потрајни обврзни односи, за периодот по првиот ден на кој стечајниот управник имал право да го раскине таквиот договор, по известувањето за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса и
3) обврски што произлегуваат од договори за закуп, договори за дело, договори за работа или од други слични потрајни обврзни односи, ако и до мерката до која стечајниот управник барал нивно исполнување за сметка на стечајната маса, по известувањето за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса.

**Забрана за извршување**
**Член 333**

Ако стечајниот управник дал известување за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса, веднаш по тоа известување нема да се дозволи извршување заради намирување на побарувањата од имотот што влегува во стечајната маса наведени во членот 332 став (1) точка 3 од овој закон.

**Запирање на постапката по известувањето дека не постои имот што влегува во стечајната маса**
**Член 334**

(1) Откако стечајниот управник ќе го распредели имотот што влегува во стечајната маса, според одредбите на членот 332 од овој закон, судот веднаш ќе донесе решение за заклучување на стечајната постапка.

(2) За своето работење по доставеното известување за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса, стечајниот управник ќе поднесе посебна завршна сметка и посебен завршен извештај.

(3) Ако по заклучувањето на стечајната постапка биле пронајдени одредени предмети или права што претставувале составен дел на имотот што влегува во стечајната маса, стечајниот судија, по барање на стечајниот управник или по барање на доверител на стечајната маса или по службена должност, ќе нареди одложена, односно дополнителна распределба. На оваа одложена распределба соодветно се применуваат членовите 327 став 3 и 328 од овој закон.

**Запирање на постапката поради дополнително утврдено непостоење на основи за отворање стечајна постапка**
**Член 335**

По барање на должникот, судот ќе ја запре стечајната постапка ако должникот докаже дека по отворањето на таа постапка тој не е инсолвентен или презадолжен, ако стечајната постапка е отворена поради тие причини. Судот ќе го прифати предлогот на

должникот за запирање на стечајната постапка ако биле поднесе соодветни докази дека повеќе не постојат причините според кои е отворена стечајната постапка.

**Запирање на постапката со согласност на доверителите**
**Член 336**

(1) На барање на должникот, судот ќе ја запре стечајната постапка, ако должникот, по истекот на рокот за пријавување на побарувањата поднесе заверени писмени изјави кај нотар за согласност за запирање на постапката на сите стечајни доверители што ги пријавиле своите побарувања.

(2) На предлог на должникот, судот може да ја запре стечајната постапка и пред истекот на рокот за пријавување на побарувањата, ако не се познати други доверители, освен оние кои дале согласност според ставот (1) на овој член.

**Постапка по предлогот за запирање на стечајната постапка**
**Член 337**

(1) Судот јавно го објавува барањето за запирање на стечајната постапка што должникот го поднел според членовите 335 и 336 од овој закон. Во случаите наведени во членот 336 од овој закон, барањето ќе биде придружено со изјави за согласност дадени од страна на доверителите. Секој стечаен доверител може да изјави приговор против барањето за запирање на постапката во рок од осум дена од денот на објавувањето на барањето за запирање на стечајната постапка.

(2) Пред да донесе решение по барањето од ставот (1) на овој член, судот ќе ја сослуша странката што го поднела барањето, стечајниот управник и ќе побара мислење од одборот на доверители, ако таков одбор бил основан. Ако некој од стечајните доверители изјавил приговор против таквото барање, судот пред да донесе решение, ќе го сослуша и тој доверител.

(3) Пред запирањето на стечајната постапка, стечајниот управник ќе ги исполни сите обврски и ќе ги намири сите неоспорени побарувања што претставуваат обврски на стечајната маса. За оспорените побарувања што претставуваат обврски на стечајната маса стечајниот управник ќе даде соодветно обезбедување.

**Објавување и правно дејство на запирањето на стечајната постапка**
**Член 338**

(1) Судот јавно го објавува решението со кое ја запрел, односно ја заклучил стечајната постапка според членовите 330, 334, 335 или 336 од овој закон и причините за запирање на таа постапка. Судот пред донесувањето на решението за запирање и неговото јавно објавување ќе ги извести должникот, стечајниот управник и одборот на доверители за датумот од кој ќе започне запирањето на стечајната постапка да произведува правно дејство.

(2) По запирањето на стечајната постапка соласно член 335 и член 336 од овој закон, должникот повторно стекнува право слободно да управува и да располага со имотот што влегол во стечајната маса.

(3) Правосилното решение со кое судот ја запрел, односно ја заклучил стечајната постапка, согласно со овој закон, го доставува до Централниот регистар заради упис во трговскиот регистар, односно до друг соодветен регистар, со барање да се изврши соодветен упис во регистарот.

## ДЕЛ ДЕВЕТТИ
## ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА
### Глава прва
### ПОДНЕСУВАЊЕ И СОДРЖИНА НА ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА
#### Лица овластени за поднесување на план за реорганизација
#### Член 339

(1) По отворање на стечајната постапка постапка за реорганизација може да се спроведе врз основа на план за реорганизација поднесен во писмена форма согласно одредбите од оваа глава на законот од:

- стечајниот управник согласно извештајот за економско-финансиската состојба, а врз основа на одлука на доверителите на прво извештајно собрание на доверители или
- доверител по поднесена иницијатива за подготвување на план за реорганизација, односно изготвен предог план за реорганизација согласно одредбите од овој дел на законот доставена до судот најдоцна во рок од 15 дена пред одржувањето на првото извештајно собрание на доверители согласно член 286 од овој закон.

(2) Во случај кога во текот на стечајната постапка доверителите на првото извештајно собрание ќе го одобрат предлогот на стечајниот управник односно спроведување на постапка за реорганизација согласно иницијативата за подготовка на план за реорганизација поднесена од доверител планот за реорганизација се доставува до судот најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката согласно член 286 од овој закон. По барање на стечајниот управник, односно доверителот, само во случај на исклучително сложени околности, судот може да го продолжи рокот за подготвување на планот за уште 30 дена.

(3) Ако во определениот рок од ставот (2) на овој член план за реорганизација не е поднесен, судот носи решение со кое констатира дека планот за реорганизација не бил доставен во рокот од став 2 на овој член, деловниот потфат е затворен и започнува постапката за впаричување на имотот што влегува во стечајната маса. Во овој случај одборот на доверители одлучува за начинот на спроведување на продажбата. Жалбата го одлага извршување на решението. Второстепениот суд одлучува по жалбата во рок од 8 дена по приемот на предметот.

#### Начини на реорганизација на стечајниот должник
#### Член 340

(1) Со план за реорганизација може да се:

1) препушти на должникот управување или располагање со целиот или со еден дел од неговиот имот, освен ако со овој закон поинаку не е уредено;

2) пренесе имотот или дел од имотот на должникот на едно или на повеќе лица кои постојат или кои ќе бидат основани;
3) спои должникот со едно или со повеќе лица;
4) продаде цел или дел од имотот на должникот, со или без правата на одвоено намирување;
5) подели целиот или дел од имотот на должникот меѓу доверителите;
6) определи начинот на намирување на стечајните доверители;
7) определи начинот на намирување или ќе се изменат правата на доверителите со право на одвоено намирување;
8) намалат или одложат исплатите на обврските на должникот;
9) обврските на должникот ќе се претворат во кредит;
10) намири некоја или сите обврски на должникот кон доверителите со удел или со акции кои ги поседуваат содружниците, односно акционерите;
11) преземе гаранција или ќе се даде друго обезбедување за исполнување на обврските на должникот;
12) ќе се претвори некоја или сите обврски на должникот кон доверителите во удел или акции во реорганизираниот должник,
13) дополнително вложување;
14) ќе се дозволи зголемување на основната главнина на друштвото преку издавање на акции и удели за доверителите или за нови инвеститори;
17) секој друг начин или мерка која е во согласност со закон.

(2) Преносот на акциите се врши без посредување на берзата. За издавањето на новите акции не е потребна согласност од Комисијата за хартии од вредност.

(3) По правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација, овластеното лице во планот за реорганизација поднесува барање за промена на уписите во Централниот депозитар за хартии од вредност за преносот на акциите, како и за акциите издадени според планот за реорганизација и ја известува Комисијата за хартии од вредност за извршеното зголемување на основната главнина.

**Содржина на планот за реорганизација**
**Член 341**

(1)Планот за реорганизација содржи подготвителен и спроведбен дел.

(2)Во зависност од начинот на реорганиациja предвиден со планот за реорганизација, со планот се приложуваат и исправите наведени во членовите 344 и 346 од овој закон.

**Подготвителен дел на планот за реорганизација**
**Член 342**

Подготвителниот дел на планот за реорганизација ќе ги опише мерките што се преземени и мерките што треба да се преземат по отворањето на стечајната постапка со цел да се создаде основа за задоволување на правата на учесниците, податоци за основите и за ефектите на планот за реорганизација, други информации што би можеле да бидат релевантни за одлуката на доверителите во врска со прифаќањето на планот и за неговото одобрување од страна на судот.

**Содржискиот дел на планот за реорганизација**
**Член 343**

(1) Во содржинскиот (спроведбен ) дел на планот за реорганизација ќе бидат наведени:
1) мерките и средствата за реализација на планот, како и детален опис на мерките кои е потребно да се преземат и начинот на кој ќе се спроведе реорганизацијата;
2) висината на паричните износи или имотот кој ќе служи за целосно или делумно намирување според исплатниот ред, вклучувајќи ги и обезбедените и необезбедените доверители, како и постапката за намирување на побарувањата и временската динамика на нивното плаќање (намирување);
3) описот на постапката за продажба на имотот со наведување на имотот кој ќе се продава со заложно право или без него и намена на приходите од таа продажба, роковите во кои ќе се изврши планот за реорганизација и роковите за реализација на главните елементи на плановите за реорганизација;
4) анализа на годишните финансиски извештаи за претходните пет години;
5) финансиските проекции, вклучувајќи ги проектираните биланси на успех, билансите на состојба и извештајот за паричните текови за наредните пет години;
6) процената на паричните износи кои се очекуваат по продажбата на имотот во стечајната постапка, ~~ако лицето е во стечај~~;
7) можноста за создавање нов долг од страна на должникот и видовите на гаранции кои можат да бидат понудени на доверителите - кредитори и инвеститори;
8) износот до кој должникот ќе биде ослободен од постојните обврски;
9) дефинирањето на начинот и дистрибуцијата на понудената компензација;
10) дефинирањето на организациски, менаџерски, законски, финансиски, техничко-технолошки и други мерки за спроведување на планот за реорганизација;
11) деловите кои можат да продолжат со работа, вработувањето и обемот на задоволувањето на доверителите ако планот за реорганизација содржи делумно впаричување на имотот и ефектите што ќе бидат постигнати со тоа;
12) можноста еден или повеќе доверители да ги намират побарувањата на другите доверители, заради остварување на некои од начините на спроведување на планот за реорганизација утврдени во членот 339 став 2 од овој закон;
15) датумот на почетокот на примената на планот за реорганизација и
16) други податоци и содржини, како што е тоа определено со овој закон.

(2) Ако планот за реорганизација предвидува само еден доверител, односно санатор да го продолжи работењето на должникот, во тој случај кон планот се приложува и писмена изјава во која тој изјавува дека ќе ја продолжи работата на должникот и ќе биде одговорен за обврските што ќе произлезат во иднина од ваквото работење.

**Стварно правни односи**

**Член 344**

Кога согласно планот за реорганизација треба да бидат прибавени, изменети, пренесени или отуѓени сопственички или други стварни права врз подвижни предмети или врз недвижности, содржинскиот дел од планот за реорганизација мора да биде придружен со сите потребни правни изјави за волјата на учесниците. Изјавите кои треба да бидат предмет на запишување во јавните книги мораат да бидат изготвени согласно посебните законски прописи. Кога планот за реорганизација се однесува на недвижности и права врз недвижности, тој мора да ги содржи неопходните упатства за сите дејства што треба да бидат преземени во врска со регистрацијата на тие права или товари во соодветните јавни книги во кои се укнижени правата врз недвижностите. Оваа

одредба соодветно ќе се применува и кога се работи за права регистрирани во други соодветни регистри.

**Преглед на имотот и финансиски план и план на резултатите**
**Член 345**

Доколку, во планот за реорганизација е предвидено дека доверителите ќе се намират од приходите на претпријатието кое ќе продолжи да го води должникот или трето лице во планот за реорганизација се приложува и преглед на имотот заедно со извршената проценка на неговата вредност како и обврските кои треба да бидат намирени ако планот за реорганизација стапи на сила. Покрај тоа неопходно е во финансискиот план за перидот за кој се очекуваат доверителите да бидат намирени посебно да бидат наведени приходите кои се очекува претпријатието да ги оствари како и расходите и во кој редослед на приходите и расходите се гарантира способноста на носителот на претпријатието за плаќање во текот периодот предвиден со планот за реоранизација.

**Натамошни прилози**
**Член 346**

(1) Кога планот за реорганизација предвидува дека должникот поединец ќе продолжи да го води својот деловен потфат (претпријатието), планот ќе биде придружен со изјава на должникот за неговата подготвеност да продолжи да го води деловниот потфат (претпријатието) на начин и под услови утврдени во предложениот план за реорганизација. Ако должникот е трговско друштво во кое постојат неограничено одговорни содружници, планот за реорганизација ќе биде придружен со слични изјави на сите неограничено одговорни содружници.

(2) Кога планот за реорганизација предвидува дека доверителите треба да стекнат удели во должникот правно лице или ќе станат негови членови или да стекнат одредени права во дејноста на должникот поединец акции, удели, права или интереси во трговско друштво, без оглед на тоа дали се работи за акции, удели, права или интереси во должникот или во трето лице, планот за реорганизација ќе биде придружен со изјави за согласност од доверители.

(3) Кога некое трето лице се согласило да ги преземе обврските спрема доверителите по прифаќањето на планот за реорганизација, планот за реорганизација ќе биде придружен со изјава за согласност на тоа трето лице.

**Групирање на доверителите**
**Член 347**

(1) Учесниците во планот за реорганизација се групираат според утврдување на нивните права во групата. Доверителите со различна правна положба се групираат во планот за реорганизација во посебни групи. Притоа треба да се разликуваат:

1) доверители со право на одвоено намирување, само доколку планот зафаќа во нивните права

2) стечајни доверители кои се со понизок исплатен ред

3) стечајните доверители од одредени пониски исплатен ред, ако нивните побарувања не престануваат.

(2) Посебна група ја сочинуваат работниците како доверители.

(3) Ако според планот за реорганизацијата неговите ефекти се еднакви спрема сите стечајни доверители, тие нема да бида поделени во посебни групи.

**Доверители со право на одвоено намирување**
**Член 348**

(1) Со планот за реорганизација не смее да се доведе во прашање правото на оддвоено намирување на побарувањето на доверителите со право на одвоено намирување од предметите врз кои е утврдено заложно право, освен ако планот за реорганизација не утврдува нешто друго.

(2) Ако во планот за реорганизација е утврдено нешто друго, во содржинскиот дел од планот за реорганизација за доверителите со право на одвоено намирување посебно ќе биде наведен степенот до кој нивните права ќе бидат намалени, рокот до кој се одложува наплатата на нивните побарувања и кои други одредби од планот за реорганизација се обврзувачки за нив.

**Права на стечајните доверители**
**Член 349**

Во содржинскиот дел на планот за реорганизација за доверителите кои не се од понизок исплатен ред мора да се наведе во кој дел нивното побарување се намалува, на кое време исплата се одлага, како е обезбедена нивната исплата и на кој начин другите одредби од планот за реорганизација делуваат на нив

**Права на доверителите од пониски исплатни редови**
**Член 350**

(1) Ако со планот за реорганизација не е поинаку определено, се смета со неговото прифаќање престанале побарувањата на стечајните доверители од понизок исплатен ред.

(2) Ако со планот за реорганизација се остапува од одредбата на став 1 од овој член, во содржинскиот дел треба да бидат наведени податоците од член 349 на овој закон.

(3) Со планот за реорганизација неможе да се ограничи одговорноста на должникот по заклучување на стечајната постапка за парични казни и слични обврски.

**Одговорност на должникот**
**Член 351**

(1) Должникот односно третото лице со намирување на доверителите согласно содржинскиот дел на планот за реорганизација се ослободува од неговите преостанати обврски кон тие доверители, ако во планот а реорганизација не е поинаку определено.

(2) Кога должникот е трговско друштво во кое постојат неограничено одговорни содружници, ставот(1) од овој член соодветно ќе се применува и на личната неограничена одговорност на тие содружници.

**Начело на еднакво постапување спрема сите учесници**
**Член 352**

(1) Со планот за реорганизација на сите учесници на одредена група мора да им се обезбедат исти права.

(2) Различно постапување спрема учесниците на иста група дозволено е само со согласност на сите учесници на кои има влијание различното постапување. Во тој

случај потребно е кон планот за реорганизација да се поднесат изјави на согласност на овие учесници.

(3) Ништовен е секој договор помеѓу стечајниот управник, должникот поединец и други лица со учесниците со кој на тие учесници за нивното однесување при гласањето или во врска со спроведување на стечајната постапка им се гарантира одредена погодност која со планот за реорганизација не е предвидена.

## Глава втора
## ПОСТАПКА ПО ПОДНЕСЕНИОТ ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА
### Испитување на планот
### Член 353

(1) Судот по службена должност ќе го отфрли планот за реорганизација ако е
- поднесен недвор од рокот од член 339 став2 од овој закон,
- не се почитуван одредбите од овој закон кои се однесуваат на правото на поднесување и содржината на планот за реорганизација и ако подносителот на планот тој недостаток неможе да го отклони или не го отклонил во рокот кој судот го одредил, а кој неможе да биде подолг од осум дена.

(2) По поднесената жалба второстепениот суд одлучува во рок од осум дена по приемот на предметот.

(3)По правосилноста на решението за отфрлање на планот за реорганизација, доколку не бил поднесен друг план за реорганизација, судот носи решение за впаричување на имот и ја подолжува стечајна постапка.

### Изјаснување за планот
### Член 354

Ако планот за реорганизација нема да биде отфрлен, судот ќе побара за него во рок 15 да дадат мислење

1. одборот на доверители, ако е основан

2.стечајниот управник ако планот за реорганизација бил поднесен од доверителите.

3. должникот поединец

### Правно дејство на планот над имот со заложно право
### Член 355

(1) Ако предложениот план за реорганизација го опфаќа имотот над кој постои заложно право, а доверителот со обезбедено побарување започнал со реализација на заложното право над тој имот надвор од стечајната постапка, судот по предлог на доверителот или стечајниот управник, со решение ќе наложи запирање со продажбата на имотот над кој е воспоставено заложно право, до степенот до кој продажбата може да ја загрози или да му наштети на поднесениот план за реорганизација.

(2) По барање на стечајниот управник, или доверителот кој поднел план за реорганизација, судот со решение ќе наложи да не се покренува постапка на одземање на правото на користење на градежно неизградено земјиште,од должникот ако градежното земјиште е дел од планот за реорганизација.

(3) Ако е усвоен план за реорганизација, правото на користење на земјоделското земјиште во државна сопственост, заедно со трајните вложувања, преминува на лицето определено со планот за реорганизација кој бил усвоен и тоа е должно во рок од два месеца од денот на прифаќање на планот за реорганизација, да склучи договор за закуп за натамошно користење на земјоделското земјиште, со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството.

**Јавно објавување на планот за реорганизација**

**Член 356**

Судот, планот за реорганизација, заедно со сите свои прилози и заедно со примените мислења, јавно ќе го објави. Јавната објава трае осум дена.

## Глава трета

## ПРИФАЌАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

**Собрание за расправа и за гласање по предложениот план за реорганизација**

**Член 357**

(1) Судот ќе свика собрание на доверителите за расправа и за гласање по планот за реорганизација (во натамошниот текст: собрание за расправа и за гласање по планот за реорганизација) во наредните три дена од денот кога истекол рокот за увид ~~на~~ планот за реорганизација согласно член 356 од овој закон. Собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација се одржува во рок не подолг од 30 дена, од денот на свикувањето на собранието на доверители. Во јавното објавување на повикот за одржување на собрание за расправање и гласање по планот за реорганизација, судот ќе назначи дека планот за реорганизација и примените мислења се јавно објавени.

(2) На свиканото собрание од ставот (1) на овој член се утврдуваат гласачките права на доверителите, се разгледува предложениот план за реорганизација и се гласа по предложениот план за реорганизација.

**Спојување со испитното рочиште со собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација**

**Член 358**

Собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација не смее да биде свикано пред да се одржи испитното рочиште. Испитното рочиште и собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација можат да се одржат истовремено.

**Гласачки права на стечајните доверители**

**Член 359**

(1)На првото на глас на стечајните доверители при гласањето за планот за реорганизација соодветно се применуваат правилата од овој законза право на глас . Доверителите со право на одвоено намирување можат да гласаат само како стечајни доверители имаат право на одвоено намирување од имотот на должникот а немаат паричното побарување и ако тие се откажале од своето право на одвоено намирување или ако нивните побарувања не биле целосно намирени преку правото за одвоено намирување само за ненамирениот дел.

(2) Доверителите на чие побарување планот за реорганизација не се однесува немаат право на глас.

**Гласачки права на доверителите со право на одвоено намирување**

**Член 360**

(1) Ако во планот за реорганизација е уредена и правната положба на доверителите со право на одвоено намирување, на собранието за расправа и гласање по планот за реорганизација ќе се расправа и за правата на секој од овие доверители одделно. Право на глас имаат оние доверителите со право на одвоено намирување ако тоа право не било оспорено ниту од страна на стечајниот управник, ниту од страна на доверителите со право на одвоено намирување, ниту од страна на стечајните доверители. На оспорените, на одложените и на се уште непристигнатите права на одвоено намирување соодветно ќе се применуваат правилата од овој закон со кој се уредува правото на глас и побарувања подложни на одложен и расклинлив услов.

(2) Доверителите кои до појавувањето на условите за отворање на стечајната постапка едно одредено право го поседувале заеднички или чии права претставувале едно единствено право, при гласањето ќе се сметаат како еден доверител. Одредбата од овој став ќе се применува и кога врз правото постои право на залога или право на плодоуживање.

(3) Доверителите со право на одвоено намирување на чии побарувања планот за реорганизација не произведува правно дејство немаат право на глас.

**Преглед на правата на глас**

**Член 361**

Врз основа на расправата на собранието за расправање и гласање планот за реорганизација, судот утврдува преглед на доверителите и правото на глас кое им припаѓа.

**Измени на планот за реорганизација**

**Член 362**

Врз основа на расправата за планот за реорганизација на собранието на доверители, подносителот на планот за реорганизација може содржински да измени одредени одредеби од планот за реорганизација. За изменетиот план за реорганизација може да се гласа на истото собрание.

**Потребно мнозинство за усвојување на планот**

**Член 363**

(1) Секоја група на доверители со право на глас одвоено гласа за планот за реорганизација

(2) Се смета дека планот за реорганизација е усвоен во секоја група на доверители со право на глас, ако е прифатен со просто мнозинство од вкупниот износ на побарувања на доверителите присутни на собранието, освен ако со планот не е определено поголемо мнозинство.

(3) Ако со планот за реорганизација не е опфатен имотот над кој е воспоставено заложно право и ако за побарувањата на стечајните доверители не се формирани посебни групи, се смета дека доверителите го прифатиле планот за реорганизација ако

за него гласале мнозинство на доверителите од вкупниот износ на побарувањата на доверителите присутни на собранието.

**Забрана на опструкција**
**Член 364**

(1) Се смета дека одредена гласачка група го прифатила планот за реорганизација и покрај тоа што потребното мнозинство не е постигнато ако доверителите кои ја формираат таа група со планот за реорганизација не се во полоша положба од она што би биле ако планот за реорганизација не е поднесен, ако соодветно учествуваат во економските вредности кои би требало да им припаднат врз основа на планот за реорганизација и ако мнозинството на гласачки групи го прифатиле планот за реорганизација со потребното мнозинство.

(2) Се смета дека соодветно учествуваат во економските вредности на доверителот на некоја од групите во смисла на став 1 на овој член постои, ако според планот за реорганизација ниту еден друг доверител не треба да прими имотна корист која го надминува полниот износ на неговото побарување, ако имотната корист нема да ја прими ниту еден доверител кој во случај ако планот за реорганизација не е поднесен бил во исплатен ред позади групата на доверителите, ниту должник или лице која во него има удел, ако ниту еден доверител кој во случај ако планот за реорганизација не е поднесен бил во ист исплатен ред со доверителите на таа група, не се доведени во подобра положба од оној во кој се наоѓаат доверителите.

**Согласност на должникот**
**Член 365**

(1) Ќе се смета дека должникот се согласил со предложениот план за реорганизација, ако тој најдоцна до денот на одржувањето на собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација не се спротивставил на планот во писмена форма, ниту дал посебна писмена изјава до стечајниот судија.

(2) Должникот не може да се спротивстави на планот за реорганизација, ако:
1) со прифаќањето на планот за реорганизација должникот не е ставен во понеповолна положба во споредба со неговата ситуација без тој план и
2) ниту еден доверител нема да прими имотна корист или друга погодност што го надминува полниот износ на неговото побарување.

**Одобрување на планот за реорганизација**
**Член 366**

(1) По заклучувањето на собранието за расправа и за гласање по предложениот план за реорганизација и прифаќањето на планот за реорганизација од страна на доверителите, судот најдоцна во рок од три дена носи решение за одобрување на планот за реорганизација се одобрува или негово одбивање. треба да биде одобрен од страна на стечајниот судија. Решението се доставува до стечајниот управник, до должникот и до стечајните доверители.

(2) Ако го одобри планот за реорганизација решението со кое се одобрува планот за реорганизација го содржи спроведбениот дел од планот што доверителите го прифатиле.

(3) Второстепениот суд одлучува по жалбата на доверителите во рок од осум дена од денот на приемот на предметот.

**Повреда на постапката**

**Член 367**

Судот по службена должност нема да го одобри предложениот план за реорганизација, ако:

1) во основа не биле почитувани одредбите што ја регулираат содржината на планот за реорганизација и постапката за неговото донесување, како и одредбите што го регулираат прифаќањето на планот од страна на доверителите и од страна на должникот, а недостатоците не можат да се отстранат;

2) предложениот план бил прифатен на недозволен начин или со помош на недозволени средства, а посебно ако предложниот план за реорганизација става во поповолна положба одредени доверители~~те~~;

3) не е почитувано правото на приоритет, освен ако доверителите поинаку не се согласат;

4) сите доверители од една група не биле подеднакво третирани;

5) некоја група доверители е полошо третирана во случај ако должиникот би бил ликвидиран, односно имотот на должникот бил впаричен

**Глава четврта**

**ПРАВНО ДЕЈСТВО НА ОДОБРЕНИОТ ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА И НАДЗОР ВРЗ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНОТ**

**Овластување за извршување и правно дејство на планот за реорганизација**

**Член 368**

(1)Решението за одобрување на планот за реорганизација има правно дејство спрема сите учесници по неговата правосилност. Правосилното судско решение со кое се одобрува планот за реорганизација е извршна исправа. Лицето овластено со планот за реорганизација за извршување на планот врз основа на правосилното решение со кое се усвојува планот за реорганизација има право и обврска да го спроведува планот и обврска да поднесе барање за упис во трговскиот регистар, во други регистри и во други јавни регистри, односно јавни книги, во Централниот депозитар за хартии од вредност, во Комисијата за хартии од вредност и во други организации и органи, ако е тоа определено со посебен пропис.

(2) По правосилноста на решението со кое се одобрува предложениот план за реорганизација, одредбите од содржинскиот дел на планот стануваат задолжителни за сите учесници. Изјавите дадени според овој закон стануваат извршни.

(3) Ставовите (1) и (2) од овој член се применуваат и на сите кои на кој било начин се вклучени во планот за реорганизација, а врз кои се темели создавањето, измената, преносот, ограничувањето или пренесувањето на правата врз предметите или правата, или преносот на акциите или уделите.

(4) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се применуваат и на лицата кои не ги пријавиле своите побарувања, како и на учесниците кои гласале против предложениот план за реорганизација.

(5) Планот за реорганизација нема да зафаќа во правата што доверителите во стечајната постапка ги имаат против должниковите солидарни содолжници и гаранти, како и врз правата на тие доверители врз предметите или правата што не претставуваат дел од имотот што влегува во стечајната маса.

(6) Со планот за реорганизација должникот ќе се ослободи од побарувањата на своите солидарни содолжници и гаранти, како и од сите други регресни побарувања против него, на ист начин како што бил ослободен од побарувањата на доверителите во стечајната постапка.

(7) Кога доверителот примил повеќе од она што било ~~гарантирано~~ предвидено со планот за реорганизација, односно кога доверителот се намирил во поголем процент или во пократок рок од оној што бил утврден во планот, тој е обврзан да го врати примeнoтo.

**Неисполнување на планот за реорганизација**

**Член 369**

(1) Кога врз основа на содржинскиот дел од планот за реорганизација роковите за наплата биле одложени или било определено дека побарувањата на доверителите во стечајната постапка ќе се исплаќаат во намален износ, одложените рокови за наплата или утврдениот процент за исплата на побарувањата повеќе нема да бидат обврзувачки за доверителот ако должникот во значителна мера не ги извршува своите обврски во однос на тој доверител на начинот и под условите утврдени со планот за реорганизација. Неизвршувањето на обврските во значителна мера ќе постои само кога должникот нема да изврши исплата за намирување на пристигнато побарување, иако претходно доверителот со писмено известување го повикал да го стори тоа оставајќи му рок за исполнување од најмалку 15 дена.

(2) Кога пред целосното спроведување на планот за реорганизација е отворена нова стечајна постапка врз должниковиот имот, одложените рокови за наплата или процентот за исплата на побарувањата утврдени во неуспешниот план за реорганизација повеќе нема да бидат обврзувачки за ниту еден доверител во стечајната постапка.

(3) Планот за реорганизација може да содржи и поинакви одредби и да предвиди нешто друго, меѓутоа планот во ниту еден случај не смее да ја исклучи примената на одредбите од ставот (1) на овој член на штета на должникот.

**Оспорени побарувања - сé уште ненамирени обврски**

**Член 370**

(1) Кога побарувањето на доверителот било оспорено на испитното ~~(верификационото)~~ рочиште или кога си уште не е утврден делот од побарувањето на разлачниот доверител што нема да биде намирен преку одвоеното намирување, за целите на членот 240 став (1) од овој закон нема да се претпостави дека при спроведувањето на планот за реорганизација должникот во значителна мера не ги извршувал своите обврски кон овие ~~релевантните~~ доверители, ако должникот или трето лице ги земал предвид тие побарувања до конечното утврдување на оспореното побарување или до конечното утврдување на делот од побарувањето на разлачниот доверител што не бил намирен ни по одвоеното намирување, до степенот што соодветствува на одлуката на стечајниот судија во врска со правото на глас на тие доверители при гласањето за планот. Ако судијата си уште не донел одлука во врска со гласачките права на наведените доверители, по барање на должникот или на доверителот, стечајниот судија дополнително ќе го утврди степенот до кој должникот привремено ќе ги земе предвид тие побарувања.

(2) Ако конечното утврдување на износот на побарувањето покаже дека должникот не извршил целосна исплата на ~~својот долг~~ побарувањето, тој ќе мора да го

плати ~~заостанатиот долг~~ преостанатиот дел на доверителот, ~~односно утврденото побарување што претходно било оспорено и делот од побарувањето на различниот доверител што не бил намирен со одвоеното намирување~~. Ќе се претпостави дека должникот односно трето лице во значителна мера не ги извршил своите обврски што произлегуваат од планот за реорганизација само ако должникот односно трето лице не го плати заостанатиот долг, иако претходно доверителот со писмено известување го повикал да го стори тоа, оставајќи му рок за исполнување од најмалку 15 дена.

(3) Ако конечното утврдување на износот на побарувањето покаже дека должникот односно третото лице исплатил поголем износ од износот на побарувањето или од процентот утврден со планот за реорганизација, или дека должникот исплатил сеуште непристигнато побарување, тој може да бара враќање (реституција) на претплатениот износ или на износот што бил платен за намирување на побарувањето што според одредбите на планот за реорганизација се уште не било пристигнато.

**Извршување на основа на решението за одобрување на планот за реорганизација**
**Член 371**

(1) Врз основа на правосилното решение за одобрување на планот за реорганизација стечајните доверители кои имаат утврдени побарувања, со решението на судот за утврдено и оспорено побарување можат да поведат присилно извршување против должникот односно трето лице наведено во планот за реорганизација како според извршна пресуда. Оспорените побарувања што подоцна биле правосилно утврдени ќе се третираат подеднакво како и побарувањата што воопшто не биле оспорувани.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член, се применува и на извршувањата против трето лице, ако тоа со посебна писмена изјава доставена до судот дало гаранција или заедно со должникот презело некоја друга обврска во врска со спроведувањето на планот за реорганизација.

(3) Кога доверителот тврди дека должникот во значителна мера не ги извршува своите обврски од планот за реорганизација, тој прво треба да му докаже на судот дека по писмен пат го повикал должникот да ја исполни својата обврска и дека изминал предвидениот рок за тоа, но тој не мора да докажува никакви други факти.

**Заклучување на стечајната постапка**
**Член 372**

(1) Судот ќе донесе решение за заклучување на стечајната постапка по правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација. Против ова решение не е дозволено правото на жалба.

(2) Пред заклучувањето на постапката, стечајниот управник ќе ги намири побарувањата на доверителите на стечајната маса, ако тие не биле оспорени и ќе даде обезбедување за оспорените побарувања.

(3) Судот го објавува решението со кое ја заклучил стечајната постапка, заедно со причините за нејзиното заклучување и го доставува до трговскиот регистар, односно до соодветниот регистар, за да биде извршен соодветен упис во регистарот.

(4) Ако со планот за реорганизација не се опфатени недвижни и подвижни предмети на кои има воспоставено заложно право и доверителот со обезбедено побарување започнал постапка за реализација на заложното право со продажба на

имотот, решението за заклучување на стечајната постапка отворена над должникот не влијае на постапката за  реализација на заложното право надвор од стечајната постапка.

**Правно дејство на заклучувањето на стечајната постапка**
**Член 373**

(1)Со донесувањето на решението за заклучување на стечајната постапка поради спроведување на план за реорганизација  престануваат должностите и овластувањата на стечајниот управник и одборот на доверители.  По заклучувањето на стечајната постапка должникот или трето лице според планот за реорганизација стекнува право непречено да располага и да управува со имотот освен со имотот и правата кои не се содржани во усвоениот план за реорганизација.

(2) Одредбите од став 1 на овој член, не се однесуваат на одредбите за надзор над исполнување на планот.

(3) Кога стечајниот управник во текот на стечајната постапка поднел тужба за побивање на должниковите правни дејства, тој може да ја продолжи постапката по тужбата дури и по заклучувањето на стечајната постапка, ако тоа било предвидено во содржинскиот дел на планот за реорганизација и решението за одобрување на планот за реорганизација . Во тој случај, постапката во врска со тужбата ќе се води за сметка на должникот, освен ако планот за реорганизација не предвидува нешто друго.

**Надзор врз спроведувањето на планот за реорганизација**
**Член 374**

(1) Содржинскиот дел од планот за реорганизација може да содржи одредби што ќе го регулираат надзорот врз спроведувањето на планот по заклучувањето на стечајната постапка.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член, по заклучувањето на стечајната постапка, се врши надзор врз намирувањето на побарувањата на доверителите против должникот според одредбите на содржинскиот дел на планот за реорганизација.

(3) Ако содржинскиот дел од планот за реорганизација предвидува надзор, тој ќе го опфати и намирувањето на побарувањата на доверителите согласно содржинскиот дел од планот за реорганизација кој треба да го извршат трговските друштва, односно други правни лица формирани по отворањето на стечајната постапка со цел да го преземат или да продолжат да го водат должниковиот деловен потфат (претпријатие) или некој негов дел.

**Права и обврски на стечајниот управник**
**Член 375**

(1) Надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација по заклучувањето на стечајната постапка го врши стечајниот управник. За таа цел и натаму ќе постојат овластувањата и обврските на стечајниот управник и на членовите на одборот на доверители, ако таков одбор бил основан, како и судот.

(2) Додека трае надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација, стечајниот управник е должен  најмалку еднаш годишно, да поднесе извештај до одборот на доверители, ако таков одбор бил основан и до судот за исполнување на планот за реорганизација  и за натамошните очекувања за негово исполнување. Одборот на доверители и стечајниот судија имаат право во секое време да побараат

други посебни информации во врска со исполнување на планот за реорганизација или периодични извештаи од стечајниот управник.

**Должност за известување на стечајниот управник**
**Член 376**

Кога стечајниот управник ќе утврди дека побарувањата врз чие намирување врши надзор не се намирени или дека не можат да бидат намирени, тој без одлагање ќе ги извести одборот на доверители и судот ~~за тоа~~. Ако не бил основан одборот на доверители, стечајниот управник ќе ги извести сите доверители кои според содржинскиот дел на планот за реорганизација имаат утврдени права против должникот односно трговското друштво, или другото правно лице што го презело или продолжило да го води должниковиот деловен потфат или некој негов дел.

**Правни дејства што бараат претходно одобрение**
**Член 377**

Содржинскиот дел на планот за реорганизација може да предвиди дека за време на надзорот врз неговото спроведување, преземањето на одредени правни дејства од страна на должникот или од страна на трговското друштво, односно другото правно лице што го презело должниковиот деловен потфат, ќе бара претходно одобрение на стечајниот управник.

**Кредит**
**Член 378**

(1) Во содржинскиот дел од планот за реорганизација може да се предвиди понизок ранговен статус за стечајните доверители и повисок ранговен статус за доверителите чии побарувања произлегуваат од заеми или други кредити дадени за време на надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација на должникот или на трговското друштво,односно правното лице што го презело должниковиот деловен потфат. Во таков случај, во содржинскиот дел од планот за реорганизација точно треба да се утврди максималниот износ на заемот или кредитот. Наведениот максимум не смее да ја надмине вредноста на предметите и правата во сопственост на должникот наведени во пописот на стечајната маса што претставува составен дел на планот за реорганизација.

(2) Стечајните доверители од став 1 на овој член можат да бидат пониско рангирани, , само во однос на оние доверители чии побарувања произлегуваат од заеми или кредити дадени по заклучувањето на стечајната постапка и за време на надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација, само ако збирот на главнината, каматата и трошоците на заемот даден од нивна страна не го надминува утврдениот максимален износ. Договорот за заемот мора да биде склучен во писмена форма и претходно мора да биде писмено одобрен од страна на стечајниот управник.

**Пониско рангиран статус за новите доверители**
**Член 379**

Доверителите чии побарувања произлегуваат од двострано товарни договори склучени по заклучувањето на стечајната постапка за време на надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација, исто така, ќе имаат пониско рангиран статус во споредба со доверителите чии побарувања произлегуваат од заеми или

кредити дадени според членот 378 од овој закон. Побарувањата настанати пред заклучувањето на стечајната постапка, што произлегуваат од договори за закуп, договори за дело или работа и од други слични потрајни облигации, исто така, ќе добијат пониско рангиран статус ако по заклучувањето на стечајната постапка стечајниот управник можел да ги откаже или раскине, но тој не го сторил тоа. Овие побарувања ќе го добијат тој пониско рангиран статус од моментот кога стечајниот управник можел да го откаже или да го раскине договорот.

**Објавување на надзорот**
**Член 380**

(1) Кога содржинскиот дел на планот за реорганизација предвидува дека по заклучувањето на стечајната постапка стечајниот управник, врши надзор врз спроведувањето на планот, тој факт ќе биде објавен заедно со решението со кое стечајниот судија ја заклучил стечајната постапка.

(2) При објавувањето на решението со кое се заклучува стечајната постапка, судот ќе ги објави и:

1) фактите дека надзорот се однесува и на трговското друштво или друго правно лице што го презело или продолжило да го води должниковиот деловен потфат или некој негов дел;

2) критериумите за утврдување на правните дејства што бараат претходно одобрение на стечајниот управник, и

3) максималниот износ на заемот или кредитот.

(3) Решението за заклучување на стечајната постапка поради одобрен план за реорганизација се запишува во регистрите и јавните книги во кои се запишува и решението за отворање на стечајната постапка .

**Укинување на надзорот**
**Член 381**

(1) Судот со решение ќе го укине надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација, ако:

1) надзорот се однесувал на побарувања што веќе се намирени во целост или на побарувања за чие намирување е дадено соодветно обезбедување или

2) изминале три години од заклучувањето на стечајната постапка, а не било побарано отворање на нова стечајна постапка.

(2) Решението од став (1) од овој член ќе биде јавно објавено и доствено до регистрите во кој се врши упис на заклучувањето на стечајната постапка поради одобрен план за реорганизација.

**Трошоци за надзорот**
**Член 382**

Трошоците за надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација ќе ги сноси должникот., односно трговското друштво, односно правното лице што го презело должниковиот деловен потфат.

**Отворање стечајна постапка**
**Член 383**

(1) Ако во текот на надзорот се утврди дека планот за реорганизација не се спроведува, било кој стечаен доверител, односно стечајниот управник, може да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка. Барањето се поднесува до судот. Предлогот мора да се образложат причините за повторно отворање на стечајната постапка, а кои се однесуваат на неспроведување на планот за реорганизација.

(2) Судот ќе донесе одлука за отворање на стечајната постапка над должникот или трговското друштво, односно правното лице што го презело должниковиот деловен потфат без спроведување на претходна постапка за отворање на стечајна постапка определена со овој закон.

(3) Со огласот за отворената стечајна постапка судот ги повикува доверителите да ги пријават побарувањата кои настанале за време на спроведување на планот за реорганизација.

## ДЕЛ ДЕСЕТИ
## ЛИЧНО УПРАВУВАЊЕ ОД ДОЛЖНИКОТ

### Претпоставки
### Член 384

(1) При разгледувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка, судот може да му дозволи на должникот - правно лице и поединец да управува и да располага со имотот што влегува во стечајната маса под надзор на повереник. Оваа постапка ќе подлежи на општите одредби за стечајната постапка утврдени со овој закон, освен кога овој дел од овој закон не пропишува нешто друго.

(2) Судот ќе донесе решение со кое дозволува лично управување под надзор на повереник:

1) по барање на должникот;

2) ако отворањето на стечајната постапка било побарано од страна на доверителот, со согласност на доверителот во врска со барањето наведено во точката 1 од овој став;

3) кога судот е уверен дека со оглед на околностите на случајот ваквото решение веројатно нема да доведе до одлагање на постапката или до предизвикување штета за доверителите.

(3) Во случајот од ставот (1) на овој член, наместо стечаен управник ќе биде назначен повереник. Доверителите во стечајната постапка ќе ги пријавуваат своите побарувања кај назначениот повереник. Во овој случај нема да се применуваат одредбите од членовите 158 став (6) и 161став (2) на овој закон.

### Дополнително определување на лично управување
### Член 385

И покрај тоа што суд го одбил барањето на должникот за лично управување со имотот што влегува во стечајната маса под надзор на повереник, судот дополнително може да го дозволи тоа, ако по отворањето на стечајната постапка собранието на доверителите побара од судот да дозволи лично управување на должникот. Во ваков случај претходно назначениот стечаен управник може да биде назначен за повереник.

### Укинување на решението за лично управување

**Член 386**

(1) Судот ќе го укине решението со кое дозволил лично управување, по барање на:

1) собранието на доверители;

2) доверител со право на одвоено намирување или стечаен доверител, но само ако не постои опасноста наведена во членот 384 став (2) точка 3 од овој закон и

3) должникот.

(2) Судот ќе го прифати барањето на доверителот ако тој го увери дека личното управување на должникот под надзор на повереник ја одолжува постапката или предизвикува штета за доверителите.

(3) Во случајот од ставот (1) на овој член, повереникот може да биде назначен за стечаен управник.

**Јавно објавување**

**Член 387**

(1) Судот по службена должност ќе го објави решението со кое се дозволува личното управување на должникот и решението со кое се укинува таквото лично управување.

(2) Примерок од решенијата од ставот (1) на овој член ќе им достави на органите кои ги водат регистрите, односно јавните книги.

**Правен статус на повереникот**

**Член 388**

(1) На постапката за назначување на повереник, на надзорот на судот, како и на одговорноста и на наградата за работата, соодветно се применуваат одредбите од овој закон за стечајниот управник.

(2) Повереникот ќе ја утврди економско-финансиската состојба на должникот и ќе врши контрола врз начинот на управувањето со деловниот потфат (претпријатие) и врз расходите што должникот ги прави за сопствено издржување и живеење.

(3) Ако повереникот утврди или дознае за одредени околности што упатуваат на заклучок дека натамошното лично управување од страна на должникот може да доведе до нанесување штета на доверителите или нивно ставање во понеповолна положба, за тие околности повереникот веднаш и без одлагање ќе го извести одборот на доверители и судот. Ако не бил основан одбор на доверители, за постоењето на околностите повереникот ќе ги извести сите стечајни доверители кои ги пријавиле своите побарувања и сите доверители со право на одвоено намирување.

**Претходно одобрение на повереникот**

**Член 389**

(1) Кога повереник е назначен по отворањето на стечајната постапка, должникот не смее да преземе ниту едно правно дејство или работа што не спаѓа во редовното работење без претходно одобрение на назначениот повереник. Должникот не смее да ги преземе дури ни оние правни дејства или работи што спаѓаат во редовното работење, ако повереникот се спротивставил на преземањето на тоа правно дејство или работа.

(2) Повереникот може да побара тој да ги врши сите парични исплати и уплати.

**Согласност на одборот на доверители**

**Член 390**

Должникот мора да добие претходно одобрение од одборот на доверители за преземањето на сите правни дејства или работи што имаат посебно значење за стечајната постапка.

**Условување на полноважноста на правните дејства со добивање претходно одобрение**

**Член 391**

(1) По барање на собранието на доверители, судот ќе го услови преземањето на одредени правни дејства од страна на должникот со добивање претходно одобрение од назначениот повереник. Кога повереникот дал претходно одобрение за преземање правна работа што создава обврски за стечајната маса, соодветно ќе се применува членот 27 став (3) од овој закон.

(2) Судот, исто така, може да го услови преземањето на одредени правни дејства од страна на должникот со добивање претходно одобрение од назначениот повереник, по барање на доверител со право на одвоено намирување или по барање на стечаен доверител, ако ваквото условување е итно неопходно со цел да се спречи штета за доверителите или нивно ставање во понеповолна положба. Судот ќе го прифати барањето на доверителот ако тој го увери судот во итноста и неопходноста на ваквото условување.

(3) Судот јавно го објавува решението со кое е условено преземањето на одредени правни дејства од страна на должникот со претходната дозвола на повереникот и го доставува до органите кои ги водат регистрите заради упис. Кога претходната дозвола на повереникот е потребна за преземањето правни дејства во врска со преносот на недвижности, односно предмети кои се запишуваат во соодветни регистри, во врска со правата врз такви предмети или во врска со правата, соодветно се применуваат членовите 158 став (6) и 161 став (2) од овој закон.

**Средства за живот и за издршка на должникот**

**Член 392**

(1) Должникот - поединец може од стечајната маса да користи средства за нужна издршка за него и за членовите на неговото семејство.

(2) Кога должникот е трговско друштво, односно друго правно лице во кое постојат неограничено одговорни содружници, ставот (1) од овој член соодветно ќе се применува на неограничено одговорните содружници што биле овластени да го застапуваат должникот.

**Одговорност за причинета штета**

**Член 393**

Само повереникот ќе има право да побара одговорност за причинетата штета според членовите 202 и 203 од овој закон во корист на стечајната маса и само повереникот може да ги побива должниковите правни дејства според членовите од 222 до 240 на овој закон.

**Известување на доверителите**

**Член 394**

(1) Должникот ќе направи попис (инвентар) на имотот што влегува во стечајната маса,список на доверителите и преглед на имотот согласно со членовите од 251,253 и 254 на овој закон. Веродостојноста и сеопфатноста на пописот (инвентарот), на списокот на доверителите и на прегледот на имотот ќе бидат потврдени од страна на повереникот кој ќе даде посебни изјави во писмена форма за секој од наведените документи и за тоа дали резултатите на неговата проверка даваат основи за сомнение во веродостојноста или сеопфатноста на тие документи.

(2) На собранието за поднесување извештај, должникот поднесува извештај за економско-финансиската состојба и за причините за таквата состојба. На истото собрание повереникот ќе се изјасни за поднесениот извештај.

(3) Водењето и чувањето на трговските книги, сметките и другите деловни документи и извештаи претставува обврска на должникот. Повереникот ќе ја потврди веродостојноста и сеопфатноста на должниковите годишни сметки со давање посебна изјава во писмена форма. Повереникот ќе биде обврзан во писмената изјава да ги изнесе сите причини што даваат основа за сомнение во веродостојноста и сеопфатноста на тие годишни сметки.

**Располагање со предмети или права врз кои постои право на одвоено намирување**
**Член 395**

(1) Правото на стечајниот управник да располага со предметите врз кои постои право на одвоено намирување ќе биде дадено на должникот согласно со членовите од 297 до 304 на овој закон. Меѓутоа, должникот не може да бара намирување на трошоците за определувањето на предметот и за утврдување на правата што го товарат тој предмет согласно со членот 303 став (1) од овој закон. Како трошоци за располагање со предметот можат да се засметаат само оние трошоци што реално настанале при располагањето и со износот на данокот на промет.

(2) Правото да располага со предметите врз кои постои право на одвоено намирување должникот ќе го врши заедно со повереникот.

**Намирување на стечајните доверители**
**Член 396**

(1) Пријавените побарувања можат да ги оспоруваат стечајните доверители, должникот и назначениот повереник. Побарувањето што било оспорено од страна на стечајниот доверител, од страна на должникот или од страна на назначениот повереник ќе се смета дека не е утврдено.

(2) Распределбата ќе ја врши должникот. Планот за распределбата и плановите за авансната, конечната или дополнителната распределба мораат да бидат потврдени од страна на назначениот повереник, кој во секој од наведените случаи ќе даде посебна изјава во писмена форма во врска со начинот на распределбата и ќе ги назначи сите факти што можат да водат кон основано сомнение дека постојат одредени неправилности при таа распределба.

**План за реорганизација**
**Член 397**

(1) Кога при разгледувањето на предлог за отворање на стечајна постапка стечајниот судија му дозволил на должникот - правно лице самиот да управува и да

располага со имотот што влегува во стечајна маса под надзор на повереник, собранието на доверители може да го овласти должникот или повереникот да состави план за реорганизација. Ако собранието на доверители го овластило должникот, повереникот ќе има својство на одговорно лице кое може да дава задолжителни упатства и да врши контрола.

(2) Контрола врз спроведувањето на планот за реорганизација по заклучувањето на стечајната постапка ќе врши назначениот повереник.

**Дел Единаесети**

**ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПРЕОСТАНАТИТЕ ОБВРСКИ**

**Основна одредба**

**Член 398**

Во согласност со одредбите во членовите од 398 до 415 на овој закон, ако должникот е поединец може да побара и да биде ослободен од преостанатите обврски кон стечајните доверители што не биле намирени во таа постапка.

**Барање на должникот**

**Член 399**

(1) За да биде ослободен од преостанатите обврски должникот мора да поднесе посебно барање. Ова барање мора да биде доставено до судот во писмена форма најдоцна до првото извештајно собрание. Барањето може да биде доставено и заедно со предлог за отворање на стечајна постапка.

(2) Кон барањето се доставува и изјава со која должникот ги отстапува своите побарувања на плати, надоместоци или други слични периодични исплати што му се должат според договор за работа, договор за дело или според други слични договори што нив ги заменуваат, на повереникот кој ќе биде назначен од страна на судот за период од три години по завршувањето на стечајната постапка. Ако должникот пред да го поднесе барањето за ослободување од преостанатите обврски веќе ги отстапил или ги заложил тие побарувања на трето лице, во својата изјава тој ќе го назначи тоа отстапување или заложување.

(3) Договорите со кои се исклучува, се условува или на друг начин се ограничува отстапувањето на побарувањата од страна на должникот на исплати што произлегуваат од договор за работа, договор за дело или од други слични договори ќе бидат ништовни и неважечки ако ја оневозможуваат или на друг начин штетат на изјавата наведена во ставот (2) од овој член со која се отстапуваат побарувањата.

**Право на предлог**

**Член 400**

Должникот и доверителите можат да му предложат на судот физичко лице за повереник од редот на лиценцираните стечајни управници , кое ќе биде подобно со оглед на околностите во конкретниот случај.

**Решение на судот**

**Член 401**

(1) По барање на должникот, на завршното собрание на доверителите судот ќе ги сослуша стечајните доверители и стечајниот управник. Стечајниот судија со посебно решение ќе донесе одлука во врска со должниковото барање за ослободување од преостанатите обврски.

(2) Должникот и сите стечајни доверители што на завршното собрание барале да се одбие барањето за ослободување од преостанатите обврски, во рок од осум дена можат да изјават жалба против решението наведено во ставот (1) од овој член. Стечајниот судија нема да ја заклучи стечајната постапка пред правосилноста на решението донесено во врска со барањето за ослободување од преостанатите обврски. Правосилното судско решение ќе биде објавено заедно со решението со кое стечајниот судија ја заклучил стечајната постапка.

(3) Кога стечајната постапка била заклучена поради немање на имот што би влегол во стечајната маса, стечајниот судија може да одобри ослободување од преостанатите обврски само ако по заклучувањето на стечајната постапка се дошло до дополнителна распределба на начин утврден во членот 327 од овој закон.

**Одбивање да се даде ослободување од преостанатите обврски**

**Член 402**

(1) Судот судија ќе го одбие барањето на должникот и нема да донесе решение за ослободување од преостанатите обврски, ако на завршното собрание тоа било побарано од страна на стечајниот доверител и ако:

1) должникот со правосилна пресуда бил огласен за виновен за сторено кривично дело против имотот или кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството додека траат правните последици на пресудата;

2) должникот во последните три години пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка или по поднесувањето на тој предлог, намерно или од крајно невнимание во писмена форма дал лажна или нецелосна изјава во врска со својата економско-финансиска состојба, со цел да добие заем или неповратни средства од буџетот или од другите јавни фондови или со цел да избегне уплата во буџетот или во другите јавни фондови;

3) должникот добил ослободување од преостанатите обврски во последните десет години пред да биде поднесен предлогот за отворање на стечајната постапка или по поднесувањето на тој предлог, или ако барањето за ослободување од преостанатите обврски било одбиено според членот 407 или 408 од овој закон;

4) должникот намерно или со крајно невнимание го загрозил намирувањето на доверителите во стечајната постапка во последната година пред да биде поднесен предлогот за отворање на стечајна постапка или по поднесувањето на тој предлог преку стапување во несоодветни облигации, преку расипничко однесување кон имотот или преку одложување на отворањето на стечајната постапка, без притоа да постојат какви било изгледи дека ќе дојде до подобрување на неговата економско-финансиска состојба;

5) должникот намерно или со крајно невнимание, за време на стечајната постапка, ги прекршил обврските да соработува и да ги стави на располагање сите неопходни информации на начинот и под условите утврдени со овој закон или

6) во пописот на достапниот имот и приходите, во списокот на доверителите или во списокот на своите долгови што треба да ги достави, должникот намерно или со крајно невнимание дал лажни или нецелосни податоци.

(2) Судот ќе го прифати барањето на доверителот со кое се бара да не го ослободува должникот од преостанатите обврски, само ако тој доверител достави до судот веродостоен доказ за постоењето на причини поради кои треба да одбие да даде ослободување од преостанатите обврски.

**Известување за ослободувањето од преостанатите обврски**

**Член 403**

(1) Кога не постои ниту еден од условите наведени во членот 401 од овој закон, судот ќе донесе посебно решение во кое ќе наведе дека должникот ќе биде ослободен од своите преостанати обврски ако ги исполнува своите обврски според членот 406 од овој закон и ако не постојат предуслови за одбивање наведени во членот 408 или 409 од овој закон.

(2) Со решението наведено во ставот (1) од овој член стечајниот судија ќе назначи повереник кому ќе му бидат отстапени должниковите побарувања на плати, надоместоци или други слични побарувања што нив ги заменуваат, согласно со изјавата на должникот наведена во членот 398 став (2) од овој закон.

**Правен статус на повереникот**

**Член 404**

(1) Должникот и назначениот повереник заеднички ќе го известат лицето обврзано да ги исплаќа платите, надоместоците или другите слични периодични исплати, за извршеното отстапување. Износите што ги примил врз основа на овие отстапени побарувања, како и сите други износи уплатени од страна на должникот или од страна на трети лица, назначениот повереник е должен да ги издвои и да ги чува одвоено од својот сопствен имот и еднаш годишно да ги распределува на стечајните доверители на начин и под условите што биле утврдени во завршниот извештај. Од износите што ги примил врз основа на отстапените побарувања и од износите примени од должникот или од трето лице, по кој било основ, назначениот повереник по истекот на три години од заклучувањето на стечајната постапка ќе му исплати на должникот 10%, по истекот на пет години од заклучувањето на постапката 15% и по истекот на период од шест години 20%.

(2) Собранието на доверителите може да го задолжи назначениот повереник да врши надзор врз начинот на кој должникот ги исполнува своите обврски. Во таков случај,назначениот повереник ќе биде обврзан веднаш да ги извести доверителите за секоја повреда на тие обврски. Повереникот ќе биде обврзан да врши ваков надзор само ако доверителите се обврзат дека ќе ги авансираат или дополнително ќе ги намират трошоците на повереникот за тој надзор и ако му обезбедат награда за извршувањето на таа дополнителна обврска.

(3) Назначениот повереник, по истекот на рокот за кој бил назначен, ќе му поднесе сметка на судот за своето работење и посебен завршен извештај. Во ваков случај соодветно се применуваат членовите 74 и 98 од овој закон, со тоа што при примената на членот 98 од овој закон секој стечаен доверител ќе може да побара разрешување на повереникот и секој стечаен доверител ќе може во предвидениот рок од осум дена да изјави жалба.

**Награда за повереникот**

**Член 405**

(1) Повереникот има право на награда за работата и право на надоместок на реално потребните трошоци. При утврдувањето на висината на наградата ќе се земат предвид времето на извршување и обемот на неговите задачи.

(2) Во овој случај соодветно се применува членот 80 од овој закон.

**Рамноправен третман на доверителите**
**Член 406**

(1)Додека трае должниковата изјава за отстапување на побарувањата на одделните стечајни доверители нема да им се дозволи извршување заради намирување од имотот на должникот.

(2)Ништовни се сите договори меѓу должникот или трето лице и одделни стечајни доверители со кои на тој доверител или доверители им се дава некоја одредена имотна корист или со кои се ставаат во поповолна положба.

(3)Лицето обврзано да ги исплаќа платите, надоместоците или другите слични периодични исплати на кои се однесува должниковата изјава за отстапување, тие должникови побарувања може да ги пребие со побарувањата што тој ги има против должникот. Во овие ситуации нема да се применува членот 329 ставови (3) и (4) од Законот за облигационите односи.

**Обврски на должникот**
**Член 407**

(1) За време на отстапувањето, должникот ќе биде обврзан:
1) да се ангажира со соодветно вработување за плата или да побара такво вработување и да не одбие ниту една разумна активност;
2) да му пренесе на повереникот половина од вредноста на сопственоста што тој ќе ја стекне по пат на наследство или во врска со неговиот иден статус на наследник;
3) веднаш да ги извести судот и назначениот повереник за секоја промена на местото на живеење или местото на вработување, да не прикрива плати, надоместоци и други слични периодични исплати на кои се однесува изјавата за отстапувањето, ниту пак да ги прикрива имотните користи примени врз основа на точката 2 од овој став и, по барање на судот или назначениот повереник, да даде изјава за своето вработување или за своите напори да најде такво вработување, како и изјава за своите примања и за својот имот и
4) износите со кои треба да се намират стечајните доверители да ги предава само на назначениот повереник, а на одделните доверители да не им дава никакви имотни користи или други погодности што нив ги става во поповолна положба.

(2) Кога должникот има статус на самовработено лице, тој ќе биде обврзан да ги намири стечајните доверители преку исплати на повереникот, на сосема ист начин како да се работи за лице вработено кај работодавач.

**Повреда на обврските**
**Член 408**

(1) По барање на стечајниот доверител, судот ќе одбие да даде ослободување од преостанатите обврски ако должникот за време на отстапувањето прекрши некоја своја обврска на начин што го загрозува намирувањето на стечајните доверители. Оваа одредба нема да се применува кога должникот ја прекршил својата обврска без своја вина. Барањето на доверителот може да биде поднесено во рок од една година од денот кога доверителот дознал за повредата на обврската. Судот ќе го прифати поднесеното барање само ако доверителот го увери судот за постоењето на причини поради кои должникот не може да биде ослободен од преостанатите обврски.

(2) Пред да го донесе решение во врска со поднесеното барање, судот ќе ги сослуша назначениот повереник, должникот и стечајните доверители. Должникот ќе ги стави на располагање сите податоци и документи во врска со исполнувањето на своите обврски и на барање на доверителот ќе ја потврди веродостојноста и сеопфатноста на своите изјави со давање посебна изјава во записник. Судот ќе одбие да даде ослободување од преостанатите обврски ако должникот без оправдана причина не ги стави на располагање бараните податоци и документи, ниту пак ја даде бараната изјава во записник во рокот утврден за таа цел или ако должникот без оправдана причина не дојде на закажаното собрание, иако бил уредно повикан од страна на судот.

(3) Против решението на судот донесено по повод барањето да не се дозволи ослободување од преостанатите обврски, учесникот што го поднел тоа барање и должникот можат да изјават жалба во рок од осум дена. Судот јавно ќе го објави решението со кое одбил да даде ослободување од преостанатите обврски.

**Осуда за сторено кривично дело**

**Член 409**

(1) По барање на доверител во стечајната постапка, судот ќе одбие да го ослободи должникот од преостанатите обврски ако во периодот меѓу завршното собрание и заклучувањето на стечајната постапка или во периодот на изјавата за отстапување на идните побарувања должникот бил осуден за кривичното дело наведено во членот 401 став (1) точка 1 од овој закон.

(2) Во овој случај соодветно ќе се применува членот 407 ставови (1) и (3) од овој закон.

**Минимална награда за назначениот повереник**

**Член 410**

(1) По барање на назначениот повереник, судот ќе одбие да даде ослободување од преостанатите обврски ако износот што тој го примил за претходната година на име награда за работењето не ја покрива ни минималната награда и ако должникот не го исплати ненамирениот износ и покрај тоа што повереникот по писмен пат побарал таква исплата од должникот, оставајќи му рок за исполнување што не бил помал од 15 дена, со изречно наведување на можноста судот да одбие да даде ослободување во случај на неисполнување.

(2) Судот ќе го сослуша должникот пред да го донесе своето решение во врска со барањето на назначениот повереник наведено во ставот (1) од овој член. Судот ќе го ослободи должникот од преостанатите обврски ако должникот, по барање на судијата, во рок од 15 дена го намири сеуште ненамирениот дел на наградата за работењето на повереникот.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член соодветно ќе се применува членот 407 став (3) од овој закон.

**Правни последици кога судот одбил да го ослободи должникот од преостанатите обврски**

**Член 411**

Кога судот според членовите 407, 408 или 409 од овој закон одбил да го ослободи должникот од преостанатите обврски, по правосилноста на судското решение престануваат овластувањата на назначениот повереник, отстапувањето на побарувањата губи правно дејство и престануваат сите ограничувања на правата на доверителите.

**Решение за ослободување од преостанатите обврски**
**Член 412**

(1) Кога рокот во кој биле отстапени должниковите побарувања истекол на нормален начин, по сослушувањето на стечајните доверители, на повереникот и на должникот, судот ќе донесе решение за ослободување на должникот од преостанатите обврски.

(2) По барање на доверител во стечајната постапка, според условите наведени во членот 407 ставови (1) и (2) или 408 на овој закон, или по барање на назначениот повереник, стечајниот судија ќе одбие да даде ослободување од преостанатите обврски според условите наведени во членот 409 од овој закон.

(3) Решението ќе биде објавено согласно со членот 10 од овој закон, а ако должникот бил ослободен од преостанатите обврски, изводот од судското решение ќе биде објавен и во "Службен весник на Република Македонија". Против судското решение, во рок од осум дена, жалба можат да изјават должникот и стечајниот доверител кој на сослушувањето, наведено во ставот (1) од овој член, побарал должникот да не биде ослободен од преостанатите обврски.

**Правно дејство на ослободувањето од преостанати обврски**
**Член 413**

(1) Кога должникот бил ослободен од преостанатите обврски, тоа ослободување ќе биде обврзувачко за сите стечајни доверители. Ослободувањето ќе произведува обврзувачко дејство и за доверителите што не ги пријавиле своите побарувања.

(2) Ослободувањето на должникот од преостанатите обврски не навлегува во правата на стечајните доверители против должниковите солидарни содолжници, гаранти и регресни обврзници, ниту во нивните права на одвоено намирување во стечајната постапка. Меѓутоа, должникот ќе биде ослободен од побарувањата на неговите солидарни содолжници, гаранти и регресни обврзници, на сосема ист начин како што бил ослободен од побарувањето на стечајните доверители.

(3) Ако по ослободувањето од преостанатите обврски доверителот кој немал право на побарување, а примил исполнување на побарувањето, не е обврзан да го врати примeното.

**Изземени побарувања**
**Член 414**

Ослободувањето од преостанатите обврски нема да се однесува на:
1) обврските на должникот што произлегуваат од намерно сторена штета и
2) паричните казни и другите слични обврски согласно со членот 312 став (1) точка 3 од овој закон.

**Одбивање да се даде ослободување од преостанати обврски**
**Член 415**

(1) По барање на стечаен доверител, судот ќе одбие да даде ослободување од преостанатите обврски ако доверителот дополнително дознал дека должникот извршил намерна повреда на некоја своја обврска, со што во значителна мера го загрозил намирувањето на доверителите во стечајната постапка.

(2) Судот ќе го прифати барањето наведено во ставот (1) од овој член само ако барањето било доставено во рок од една година по правосилноста на решението со кое

должникот бил ослободен од преостанатите обврски и само ако доверителот го увери судот дека постои причина наведена во ставот (1) од овој член, а дека тој во времето во кое судската пресуда станала правосилна не знаел за постоењето на таа причина.

(3) Судот пред да го донесе своето решение во врска со поднесеното барање ќе ги сослуша должникот и лицето кое било назначено за повереник. Против решението, во рок од осум дена, жалба можат да изјават должникот и доверителот кој го поднел барањето наведено во ставот (1) од овој член. Судот по службена должност ќе го објави решението со кое се поништува ослободувањето од преостанатите обврски.

**Дел дванаесети**

**ПОСЕБНИ ВИДОВИ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА**

**Глава прва**

**СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ВРЗ ИМОТ НА УМРЕНО ЛИЦЕ -ТРГОВЕЦ**

**Месна надлежност**

**Член 416**

Судот на чие подрачје умреното лице (оставителот) имал живеалиште е месно надлежен за стечајната постапка што треба да биде отворена врз имотот на тоа лице. Ако умреното лице имало регистрирана дејност со седиште во друго место, надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа тоа седиште.

**Можност за отворање на стечајна постапка**

**Член 417**

(1) Фактот што наследниците сé уште не го прифатиле наследството или што тие се лично неограничено одговорни за обврските на оставината, не влијае врз отворањето на стечајната постапка врз имотот на оставителот.

(2) Ако постојат повеќе наследници, стечајната постапка може да биде отворена и по извршената поделба на оставината.

(3) Нема да се водат посебни стечајни постапки за различните делови на оставината.

**Лица кои имаат право да предложат отворање на стечајна постапка**

**Член 418**

(1) Отворањето на стечајната постапка врз оставината на оставителот може да биде побарано од страна на кој било наследник, повереник, лице овластено да управува со тој имот, извршител на тестамент или доверител на тој имот.

(2) Кога барањето за отворање на стечајна постапка не било поднесено од страна на сите наследници, судот ќе го прифати тоа барање само ако утврди дека постојат причини за отворање на стечајната постапка. Пред да го донесе решението,судот ќе ги сослуша и другите наследници.

(3) Кога со оставината управува лицето кое било назначено за извршител на тестаментот на оставителот, судот ќе го сослуша тоа лице, ако предлогот за отворање на стечајна постапка бил поднесен од страна на наследник или ќе го сослуша наследникот, ако предлогот бил поднесен од страна на лицето овластено да управува со имотот на умреното лице.

**Право да се поднесе предлог за отворање на стечајна постапка на заедничкиот брачен имот**

**Член 419**

(1) Ако оставината претставува дел од заеднички брачен имот, предлогот за отворање на стечајна постапка може да биде поднесен од брачниот другар кој е наследник, но и од брачниот другар кој не е наследник, но кој самиот или заедно со другиот брачен другар управувал и располагал со заедничкиот имот на брачните другари. За поднесувањето предлог за отворање на стечајната постапка нема да се бара претходно одобрение на другиот брачен другар. Брачните другари ќе го задржат правото да поднесат ваков предлог дури и ако бракот е разведен.

(2) Ако предлогот за отворање на стечајната постапка не бил поднесен од страна на обата брачни другари, судот ќе го прифати тој предлог ако биде уверен дека постојат некои основани причини за отворање на таа постапка. Пред да донесе решение, судот ќе го сослуша брачниот другар кој не се согласува со поднесениот предлог.

**Рок за поднесување предлог за отворање на стечајна постапка**

**Член 420**

Доверителот на оставината може да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка најдоцна во рок од две години по прифаќањето на наследството од страна на наследникот.

**Причини за отворање на постапката**

**Член 421**

Инсолвентноста на оставината ќе претставува причина за отворање на стечајна постапка врз имотот на умреното лице кое имало статус на трговец. Непосредно претстојната инсолвентност, исто така, ќе претставува причина за отворање на стечајна постапка врз оставината на умрено лице ако предлогот бил поднесен од страна на наследник, од лице кое управува со оставината, повереник или од извршител на тестамент.

**Извршување по наследувањето**

**Член 422**

По прифаќањето на наследството од страна на наследникот, извршувањето заради обезбедување врз оставината не дава право на одвоено намирување за доверителот кој побарал такво извршување.

**Побивање на правните дејства на наследниците**

**Член 423**

Ако наследникот пред отворањето на стечајната постапка врз оставината на оставителот ги намирил побарувањата на другите наследници на нужниот наследен дел што ним им припаѓа, или легатите или посмртните поклони на лицата на кои тие им се наменети, овие правни дејства преземени од страна на наследникот можат да бидат побивани на ист начин како и другите бесплатни располагања на тој наследник.

**Трошоци на наследникот**

**Член 424**

Наследникот не може да одбие исполнување на ниту една своја обврска во врска со оставината, ниту пак да бара пребивање на своите обврски со побарувањата што тој ги има од оставината на име надоместок на соодветно направените трошоци.

**Обврски на стечајната маса**

**Член 425**

(1) Во имотот што влегува во стечајната маса, следниве обврски ќе се третираат како долгови поврзани со стечајната маса:

1) соодветно направените трошоци што треба да му бидат надоместени на наследникот од стечајната маса;

2) трошоците за погребот на починатиот оставител;

3) реално потребните трошоци во врска со постапката со која се пријавува и објавува смртта на умреното лице;

4) трошоците настанати во врска со отворањето и објавувањето на тестаментот на починатиот оставител, со заштитата и чувањето на оставината, со повереништвото над таа оставина, со објавувањето на повикот до доверителите на оставината за пријавување на нивните побарувања и пописот (инвентарот) на таа оставина;

5) обврските што произлегуваат од правни работи преземени од страна на повереникот или од страна на извршителот на тестаментот и

6) обврските настанати при редовното управување со оставината од страна на повереникот, од страна на извршителот на тестаментот или од страна на наследникот кој не го прифатил наследството, до степенот до кој тие обврски би паднале на товар на доверителите на оставината, ако било назначено некое друго лице да управува со таа оставина за нивна сметка.

(2) Во случај да не постои имот што влегува во стечајната маса, обврските наведени во ставот (1) од овој член ќе имаат ранг утврден со членот 331 став (1) точка 3 од овој закон.

**Обврски поврзани со оставината**

**Член 426**

Во стечајната постапка отворена врз оставината на умрено лице, доверителите можат да ги пријавуваат само оние побарувања што се поврзани со таа оставина (имот што влегува во стечајната маса).

**Побарувања на наследниците**

**Член 427**

(1) Наследникот може да ги пријави побарувањата што тој ги имал против оставителот.

(2) Ако наследникот исполнил обврска на стечајната маса, своето побарување против таа маса наследникот ќе го пријави како стечаен доверител, освен ако тој наследник не е лично неограничено одговорен за обврските на стечајната маса.

(3) Ако за обврските на оставителот наследникот му е лично неограничено одговорен на некој од доверителите на таа оставина, во стечајната постапка, отворена врз оставината на оставителот, наследникот може да го пријави побарувањето на доверителот само ако тој доверител не го сторил тоа.

**Пониско рангирани побарувања**

**Член 428**

(1) Следниве побарувања ќе бидат намирени по намирувањето на побарувањата наведени во членот 312 од овој закон и тоа по следниов редослед, со тоа што подеднакво рангираните побарувања ќе се намируваат сразмерно на нивниот износ:

1) побарувањата на нужните наследници;

2) побарувањата на легатарите и на лицата со право да примат посмртни подароци што оставителот ги утврдил во својот тестамент и

3) побарувањата на лицата кои можат да стапат на местото на наследниците.

(2) Ако оставителот во својот тестамент одредил дека еден легат ќе биде извршен пред некој друг легат или дека еден подарок ќе биде даден пред некој друг подарок, ваквите легати или подароци ќе имаат првенство.

**Враќање на предмети**

**Член 429**

(1) Предметите вратени во имотот што влегува во стечајната маса по побивањето на правното дејство на наследникот или во врска со таквото побивање не можат да се користат за намирување на побарувањата наведени во членот 427 став (1) од овој закон.

(2) Предметите што наследникот мора да ги врати во имотот што влегува во стечајната маса, доверителите на оставината можат да ги побаруваат и врз основа на правните одредби што го регулираат стекнувањето без основа (неосновано збогатување).

**Наследни спорови**

**Член 430**

Членот 422 од овој закон се применува на наследникот, дури и кога според одредбите што го регулираат наследувањето, на местото на тој наследник стапило некое друго лице.

**Купување на оставината**

**Член 431**

(1) Ако наследникот ја продал оставината на оставителот, за целите на стечајната постапка купувачот на оставината ќе стапи на местото на наследникот.

(2) Наследникот може да побара отворање на стечајна постапка како доверител на оставината, за своите побарувања од таа оставина што произлегуваат од двострано товарниот договор склучен меѓу наследникот и купувачот на оставината. Наследникот ќе ги има истите права и во врска со другите побарувања од оставината, освен ако наследникот лично неограничено е одговорен за обврските на таа оставина. Членот 435 од овој закон се применува на наследникот кој ја продал оставината, дури и по таа продажба.

(3) Ставовите (1) и (2) од овој член соодветно се применуваат и на случаите во кои лицето ја продало оставината стекната по пат на договор или на некој друг начин презело обврска да ја продаде оставината, стекната по сила на закон или на некој друг начин.

**Истовремена инсолвентност на наследник**

**Член 432**

(1) Во стечајната постапка отворена врз имотот на наследникот, во време кога е отворена или се води и стечајна постапка врз оставината на оставителот, на доверителите на оставината на кои наследникот им одговара лично и неограничено за обврските на оставината, соодветно се применуваат членовите 306, 313, 319 и 322 од овој закон.

(2) Кога едниот брачен другар е наследник, а оставината претставува дел од заедничкиот брачен имот со кој управува само другиот брачен другар, одредбата од ставот (1) на овој член ќе се применува и во стечајната постапка отворена врз имотот на тој друг брачен другар. Кога едниот брачен другар е наследник, а оставината претставува дел од заедничкиот брачен имот со кој брачните другари управуваат и располагаат заеднички и спогодбено, одредбата од ставот (1) на овој член ќе се применува и во стечајната постапка отворена врз заедничкиот брачен имот и во стечајната постапка отворена врз посебниот имот на брачниот другар кој не е наследник.

## Глава втора
## СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ВРЗ ЗАЕДНИЧКИ ИМОТ НА БРАЧНИ ДРУГАРИ
### Упатување на стечајна постапка отворена врз имот на умрено лице
### Член 433

(1) На стечајната постапка отворена врз заедничката сопственост на брачните другари соодветно се применуваат членовите од 415 до 432 на овој закон.

(2) Како доверители во стечајната постапка отворена врз заедничкиот брачен имот можат да се појават само оние доверители чии побарувања постоеле како побарувања од заедничкиот имот на брачните другари.

## Глава трета
## СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ВРЗ ЗАЕДНИЧКИОТ БРАЧЕН ИМОТ СО КОЈ ЗАЕДНИЧКИ И СПОГОДБЕНО УПРАВУВАЛЕ И РАСПОЛАГАЛЕ ОБАТА БРАЧНИ ДРУГАРИ
### Право да се поднесе барање и услови за отворање на стечајна постапка
### Член 434

(1) Отворањето на стечајната постапка врз заедничкиот имот на брачните другари што бил управуван спогодбено и заеднички од страна на обата брачни другари, може да го побара секој доверител кој има право да побара исполнување на облигација од заедничкиот имот на брачните другари.

(2) Брачниот другар, исто така, има право да поднесе барање за отворање на стечајна постапка врз заедничкиот имот. Ако барањето не било поднесено од страна на обата брачни другари, судот ќе го прифати поднесеното барање само ако се увери во инсолвентноста на заедничкиот имот. Пред да донесе решени, судот ќе го сослуша и другиот брачен другар. Ако барањето било поднесено од страна на обата брачни другари, непосредно претстојната неликвидност, исто така, ќе претставува основа за отворање на стечајна постапка.

### Лична одговорност на брачните другари
### Член 435

(1) За време на стечајната постапка, личната одговорност на брачните другари за обврските на заедничкиот брачен имот може да биде побарана само од страна на стечајниот управник или од страна на назначениот повереник.

(2) Во случај на план за реорганизација, на личната одговорност на брачните другари соодветно ќе се применува членот 350 став (1) од овој закон.

## Дел тринаесети
## МЕЃУНАРОДЕН СТЕЧАЈ
## ОПШТИ ОДРЕДБИ
### Обем на примена
### Член 436

(1)Меѓународниот стечај се спроведува кога:
1) странски суд или странски претставник (странски стечаен управник, доверители и други) побара помош во врска со постапката што се води во странска држава;
2) странска држава побара помош во врска со постапката која се води во Република Македонија во согласност со овој закон;
3) постапка во странска држава се води истовремено со постапка која се води во Република Македонија врз основа на овој закон и
4) доверители или други лица од странска држава кои имаат правен интерес, бараат поведување постапка или учествуваат во постапка која се води во согласност со овој закон.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член кои се однесуваат на меѓународниот стечај не се применуваат спрема лицата и имотот наведени во одредбите на членот 6 став (1) од овој закон.

## ~~Глава прва~~
## МЕЃУНАРОДНА НАДЛЕЖНОСТ НА СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
### Исклучива меѓународна надлежност
### Член 437

(1) Судот на Република Македонија исклучиво е надлежен за спроведување на стечајна постапка против стечаен должник чие седиште е во Република Македонија.

(2) Се претпоставува дека претежното деловно работење на стечајниот должник е во местото во кое го има запишано своето седиште.

(3) Ако се докаже дека претежното деловно работење на стечајниот должник се наоѓа во странство, а неговото седиште е запишано во Република Македонија, надлежниот суд во Република Македонија е исклучиво надлежен за спроведување на стечајната постапка против тој стечаен должник ако според правото на државата во која стечајниот должник има претежно деловно работење не може да се отвори стечајна постапка по таа основа.

(4) Постапката од ставот (1) на овој член го опфаќа целиот имот на должникот, без оглед на тоа дали имотот се наоѓа во Република Македонија или во странство (главна стечајна постапка).

(5) Кога запишаното седиште на стечајниот должник се наоѓа во странство, а неговото претежно деловно работење е во Република Македонија, за стечајната постапка исклучиво е месно надлежен судот на чие подрачје се наоѓа претежното деловно работење на стечајниот должник.

### Меѓународна надлежност спрема деловната единица, односно имотот на странскиот стечаен должник во Република Македонија
### Член 438

(1) Ако судот на Република Македонија не е надлежен според одредбата од членот 308 став (1) на овој закон, тој суд е надлежен за спроведување на стечајна

постапка против стечајниот должник ако тој должник има деловна единица без својство на правно лице во Република Македонија.

(2) Ако во Република Македонија не се наоѓа претежното деловно работење, а ниту деловна единица на стечајниот должник, туку само негов имот, стечајна постапка во Република Македонија може да се отвори во овие случаи:
1) кога во државата во која стечајниот должник има претежно деловно работење стечајната постапка против него не може да се отвори поради предвидените услови во стечајното право на таа држава, иако постои причина за стечај;
2) ако според правото на државата во која стечајниот должник има претежно деловно работење стечајната постапка ќе го опфати само имотот на стечајниот должник во таа држава;
3) ако отворањето на стечајната постапка во Република Македонија се предложи врз основа на членот 315 од овој закон и
4) ако отворањето на посебна стечајна постапка во Република Македонија се предлага во рамките на постапката за признавање на странска одлука за отворање на стечајна постапка.

(3) За спроведување на постапката од ставовите (1) и (2) точки 1, 2 и 3 на овој член, надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа деловната единица на стечајниот должник, а ако стечајниот должник нема деловна единица во Република Македонија, судот на чие подрачје се наоѓа имотот на стечајниот должник.

(4) Ако повеќе судови би биле месно надлежни, постапката ја спроведува судот кај кого прво е поднесен предлогот за отворање на стечајна постапка.

(5) Постапката од ставовите (1) и (2) на овој член го опфаќа само имотот на стечајниот должник кој се наоѓа во Република Македонија (посебна стечајна постапка).

(6) Ако стечајната постапка е веќе отворена во државата во која стечајниот должник има претежно деловно работење, при отворање на домашната стечајна постапка, врз основа на ставот (1), односно ставот (2) на овој член, судот нема да ги испитува условите за отворање на стечајната постапка.

**Основни начела**
**Член 439**

Стечајната постапка и нејзините правни последици се определуваат според правото на државата во која постапката е отворена, доколку овој закон во натамошните одредби не предвидува нешто друго.

**Излачни и разлачни права**
**Член 440**

(1) Во однос на излачните и разлачните права над предметите кои се наоѓаат во државата за признавање на странска одлука за отворање на стечајна постапка, ќе се применува правото на државата на признавањето, ако тие предмети во моментот на отворање на странската стечајна постапка не се наоѓале на подрачјето на државата на отворање на таа постапка.

(2) Доколку правата над предметите на стечајниот имот се запишани во јавниот регистар, се смета дека тие предмети се наоѓаат во државата во која се води јавниот регистар.

**Договор за работа**

**Член 441**

Во врска со дејството на стечајната постапка врз договорите за работа на вработените, исклучиво е меродавно стечајното право на државата кое е меродавно за договорите за работа.

**Пресметување**

**Член 442**

Доверителот може да го задржи она што го примил во посебната стечајна постапка која е отворена во друга држава и која го опфаќа само имотот на стечајниот должник кој се наоѓа во таа друга држава. Применото ќе се засмета во стечајната маса која припаѓа во главната стечајна постапка, откако ќе се одбијат трошоците кои доверителот ги имал во остварување на намирувањето во таа посебна стечајна постапка. Такво пресметување нема да се врши ако доверителот делумно се намирил со побарувања во посебната стечајна постапка како разлачен доверител или врз основа на дозволено пребивање.

**Соработка на стечајни управници**

**Член 443**

(1) Стечајниот управник на стечајната постапка отворена кај судот во Република Македонија и управникот на стечајната постапка отворена кај судот во друга држава над истиот стечаен должник меѓусебно ќе соработуваат. Тие управници меѓусебно се должни еден на друг да си ги дадат сите правно дозволени известувања кои можат да бидат од значење за спроведувањето на тие постапки.

(2) Стечајниот управник на главната стечајна постапка отворена во Република Македонија е должен пријавеното побарување во таа постапка да го пријави во странската стечајна постапка, ако тоа од него го побара и го овласти доверителот.

**Глава втора**

ПРЕТПОСТАВКИ И ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ СТРАНСКА ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

**Примена на општите правила за признавање странска судска одлука**

**Член 444**

За признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка на соодветен начин се применуваат општите правила на правото на Република Македонија за признавање странски судски одлуки, ако со одредбите на овој закон поинаку не е предвидено.

**Месна надлежност и состав на судот**

**Член 445**

(1) Предлогот за признавање се поднесува до судот на чие подрачје се наоѓа деловната единица на стечајниот должник во Република Македонија, а ако стечајниот должник нема деловна единица во Република Македонија, на судот на подрачјето каде што се наоѓа имотот или дел од имотот на стечајниот должник.

(2) Ако стечајниот должник има деловни единици на подрачја на различни судови или ако неговиот имот се наоѓа на подрачјето на различни судови, за донесување одлука за признавање, месно е надлежен судот на кој прво му е поднесен предлогот за отворање на стечајна постапка.

(3) Ако имотот на стечајниот должник во Република Македонија се состои во побарување, ќе се смета дека побарувањето на стечајниот должник се наоѓа во местото во кое должниците на стечајниот должник имаат свое седиште, односно престојувалиште.

(4) За признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка, како и за отворање на стечајна постапка во Република Македонија, врз основа на странска одлука, одлучува надлежниот суд.

**Предлог за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка**
**Член 446**

(1) Предлогот за признавање одлука на странски суд или на друг надлежен орган за отворање на стечајна постапка може да поднесе странски стечаен управник или доверителот на стечајниот должник.

(2) Со предлогот за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка треба да се приложи:
1) изворник или заверен препис на одлуката и заверен превод;
2) потврда од надлежниот странски орган за негова извршност и
3) попис на познатиот имот на стечајниот должник во Република Македонија и попис на неговите доверители со соодветни докази.

(3) Судот ќе го отфрли предлогот со кој нема да бидат поднесени прилозите од ставот (2) на овој член, ако недостатоците не бидат отстранети во определениот рок.

**Претпоставки за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка**
**Член 447**

(1) Странска одлука за отворање на стечајна постапка ќе се признае, ако:
1) одлуката е донесена од судот, односно органот кој, според правото на Република Македонија, е надлежен за решавање по предметите со меѓународни елементи;
2) одлуката е извршна според правото на државата во која е донесена, дури и ако не е правосилна;
3) признавањето на одлуката да не е во спротивност со јавниот поредок на Република Македонија и
4) да постои заемност.

(2) Предлогот за признавање странска одлука судот ќе го одбие ако по повод приговорот на стечајниот должник или на некој друг учесник во постапката утврди дека на стечајниот должник актот со кој постапката била покрената не е доставен во согласност со законот на државата во која одлуката е донесена и ако во таа постапка биле повредени неговите основни права за учество во стечајната постапка.

(3) Странска одлука за отворање на стечајна постапка ќе се признае под условите од ставот (1) точка 2 на овој член и ако не е правосилна.

**Одредување привремени мерки и забрана на извршување и обезбедување**
**Член 448**

(1) По поднесување на предлогот за признавање странска одлука, надлежниот суд може да одреди мерки на обезбедување, односно да именува привремен стечаен управник, во согласност со одредбите на овој закон за претходна постапка.

(2) По објавувањето на огласот на огласна табла во судот, според член 454 став (1) од овој закон, не е можно, додека тече постапката за признавање, да се покрене

парнична постапка ниту постапка за извршување и/или обезбедување во која стечајниот должник е странка. Парничните постапки и постапките за извршување и обезбедување кои биле во тек се прекинуваат со денот на објавување на огласот.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, излачните и разлачните доверители од членот 440 на овој закон, можат и за времетраење на постапката за признавање да покренат, односно да продолжат прекината извршна постапка заради остварување на своите побарувања против странскиот стечаен должник, но само под услов ако со тоа се согласи странскиот стечаен управник.

(4) Надлежниот суд по службена должност одредува, предлогот за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка, како и решението за привремени мерки, односно за поставување привремен управник, веднаш да се забележат во соодветна јавна книга, односно регистар.

**Оглас по повод предлогот за признавање**

**Член 449**

(1) По приемот на предлогот за признавање на странска одлука судот без одлагање ќе го објави огласот во "Службен весник на Република Македонија" и на огласната табла на судот во кој ќе наведе:
1) податоци за судот кој го објавува огласот со бројот на предметот;
2) податоци за странската одлука чие признавање се бара и нејзината суштествена содржина;
3) податоци за стечајниот управник, како и податоци за одлуката со која е именуван, а ако не е именуван, одлука за отворање на стечајна постапка и
4) покана на доверителите, на странскиот стечаен должник и на сите други лица кои имаат правен интерес во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на Република Македонија" да ги пријават на судот своите побарувања и со поднесокот да се изјаснат за постоење претпоставки за признавање на странската одлука и можните тешкотии за намирување на побарувањата во странската стечајна постапка.

(2) Предлогот за признавање странска одлука и објавениот оглас од ставот (1) на овој член судот ќе го достави на странскиот стечаен должник, на странскиот стечаен управник и на оние доверители чие престојувалиште, односно седиште во Република Македонија е познато.

**Испитување претпоставки за признавање**

**Член 450**

(1) При одлучување за предлогот за признавање странска одлука судот ќе се ограничи на тоа да испита дали се исполнети претпоставките за признавање наведени во членот 446 став (1) и (2) на овој закон. Потребни објаснувања судот може да побара од органот чија одлука треба да се признае, како и од учесниците во постапката.

(2) Лицето кое во оваа постапка се противи на признавањето, судот може да го сослуша.

(3) Судот ќе обрне посебно внимание на потребата за итно решавање на предлогот за признавање на странската одлука.

**Решение за признавање**

**Член 451**

(1) Решението за признавање на странска одлука за отворање на стечајна постапка во однос на кругот на лицата спрема кои дејствува има ист учинок како и решението на судот во Република Македонија за отворање на стечајна постапка.

(2) Во решението од ставот (1) на овој член судот ќе се произнесе кои правни дејства ги има признатата странска одлука.

(3) Кога со решението за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка како правно дејство се одредува отворање на стечајна постапка во Република Македонија, решението за признавање наедно има правно значење како решение за отворање на стечајна постапка.

(4) За признавањето на странската одлука за отворање на стечајна постапка ќе се објави оглас во "Службен весник на Република Македонија". Огласот ќе се објави и со истакнување на огласна табла во судот.

(5) Решението од ставот (1) на овој член се доставува до предлагачот, странскиот стечаен управник, стечајниот должник и правните лица кои за стечајниот должник вршат работи од платниот промет. Решението ќе се достави на органите каде што се водат јавни регистри кои по службена должност, врз основа на доставеното решение, ќе го евидентираат признавањето на странската одлука за отворање на стечајна постапка.

**Жалба против решение за признавање**

**Член 452**

(1) Право на жалба против решението за признавање на странската одлука за отворање на стечајна постапка имаат странскиот стечаен должник, странскиот стечаен управник и доверителите, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(2) Жалбата изјавена против решението за признавање на странската одлука за отворање на стечајна постапка, не го задржува неговото извршување.

**Признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка како претходно прашање**

**Член 453**

(1) Ако за признавање на странска одлука за отворање на стечајна постапка не е донесено посебно решение, секој суд може за признавање на таа одлука да решава во постапка како за претходно прашање, но само со дејство во таа постапка.

(2) Правните последици од признавање на странската одлука за отворање на стечајна постапка настапуваат со денот на донесувањето на таа одлука во која за наведеното признавање е одлучено како по претходно прашање. Во однос на другите правни последици на соодветен начин се применуваат членовите од 455 до 460 на овој закон.

## Глава трета

## ВАЖЕЊЕ НА ПРИЗНАТА СТРАНСКА ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ПРИЗНАВАЊЕ ПО ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Признавање странска одлука во случај на претходно отворена стечајна постапка во Република Македонија**

**Член 454**

(1) Странската одлука за отворање на стечајна постапка која ги исполнува претпоставките за признавање според членот 447 од овој закон ќе се признае иако пред поднесувањето на предлог за признавање против должникот е отворена стечајна

постапка во Република Македонија според одредбата од членот 438 став (1) или (2) на овој закон.

(2) Признатата странска одлука за отворање на стечајна постапка произведува дејство предвидено во одредбите на членовите од 463 до 467 на овој закон. Странскиот стечаен управник не може да ги оспори побарувањата кои веќе се утврдени во претходно покренатата постапка во Република Македонија.

(3) Ако на денот на поднесувањето на предлогот за признавање на странската одлука за отворање на стечајна постапка истекол рокот од 15 дена од денот на авансната распределба на стечајната маса во стечајната постапка отворена во Република Македонија, делбата нема да се спроведе врз основа на одлуката за делба донесена во странската стечајна постапка.

**Признавање без последици од отворање на стечајна постапка во Република Македонија**

**Општо правило**

**Член 455**

(1) Важноста на признатата странска одлука за отворање на стечајна постапка се определува според правото на државата во која постапката е отворена доколку не е во спротивност со основните начела на стечајното право во Република Македонија и доколку со овој закон поинаку не е предвидено.

(2) Признатата странска одлука важи од денот на објавувањето на решението за признавање на огласната табла во судот според членот 334 став (4) од овој закон.

**Извршување и обезбедување**

**Член 456**

(1) Намирувањата кои се остварени по пат на извршна постапка во Република Македонија во времето меѓу денот на отворањето на странската стечајна постапка и денот на објавувањето на огласот за предлогот за признавање на странската одлука за отворање на стечајна постапка на огласна табла, согласно со членот 449 став (1) од овој закон, како и разлачните права кои настанале по пат на извршна постапка или постапка за обезбедување во Република Македонија кои во тоа време настанале, го губат правното дејство.

(2) Во случај на губење на правното дејство според ставот (1) од овој член доверителот е должен она што го стекнал по таа основа, по одбивањето на трошоците кои настанале во извршната постапка, односно постапката за обезбедување, да го предаде на стечајниот управник.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не се применуваат на извршното намирување, односно во постапката за извршување или постапката за обезбедување на настанатите разлачни права на доверителите кои се наведени во членовите 440 и 462 став (1) од овој закон.

(4) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не се применуваат, според членот 449 став (1) од овој закон, ако поминало повеќе од една година сметано од денот на отворањето на странска стечајна постапка и денот на објавувањето на огласот на предлогот за признавање на огласната табла на судот.

**Располагање на стечајниот должник**

**Член 457**

(1) Располагањата на стечајниот должник кои се преземени во времето меѓу денот на отворањето на странската стечајна постапка и денот на објавувањето на решението за признавање на странската одлука за отворање на стечајната постапка на огласната табла во судот, според членот 451 став (4) од овој закон, го губат правното дејство ако се спротивни на интересите на доверителите на стечајниот должник и ако биде докажано дека спротивната странка знаела или морала да знае, во моментот на располагање на стечајниот должник, дека против него во странство е отворена стечајна постапка. Спротивната странка има право на противчинидба од страна на стечајната маса ако со неа се зголемува вредноста на стечајната маса.

(2) Ако располагањето на стечајниот должник настапило по објавувањето на огласот на предлогот за признавање во "Службен весник на Република Македонија", според членот 449 став (1) од овој закон, ќе се смета дека спротивната страна знаела или морала да знае,во моментот на располагањето на стечајниот должник, дека против него во странство е отворена стечајна постапка.

(3) Располагањата на стечајниот должник преземени по отворањето на странската стечајна постапка не губат правно дејство ако за нив важат општите правила за заштита на доверба во јавна книга. Тие располагања можат да се побиваат според правото на државата меродавно за побивање.

**Услуги во корист на стечајниот должник**
**Член 458**

(1) Лицето со седиште, односно престојувалиште во Република Македонија, кое е должник на странскиот стечаен должник, е должно веднаш кога ќе дознае за стечајната постапка во странство да го извести странскиот стечаен должник за постоење на својата обврска и за моментот на нејзиното пристигнување.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член е овластено својата пристигната обврска директно да ја исполни на странскиот стечаен должник ако од денот на испраќање на известувањето на странскиот стечаен управник поминале осум дена, а судот на Република Македонија до тој момент, во согласност со членот 448 став (1) од овој закон, не определил мерка на обезбедување или именувал привремен стечаен управник. Евентуалните трошоци за одлагање на исполнување на пристигнатите обврски се сметаат за трошоци на стечајната маса.

(3) Ако обврската е директно исполнета на странскиот стечаен должник во времето меѓу денот на отворање на странската стечајна постапка и денот на објавувањето, решението за признавање на странската одлука за отворање на стечајната постапка на огласната табла во судот, според членот 451 став (4) на овој закон, а без известување на странскиот стечаен управник за постоење на обврската, лицето од ставот (1) на овој член нема да биде ослободено од својата обврска ако се докаже дека во моментот на директното исполнување на обврската на странскиот стечаен должник знаело или морало да знае дека против него е отворена стечајна постапка во странство.

(4) Ако обврската директно е исполнета на странскиот стечаен должник по објавувањето на огласот за предлогот за признавање во "Службен весник на Република Македонија", според членот 449 став (1) од овој закон, ќе се смета дека должникот на стечајниот должник знаел или морал да знае дека против него е отворена стечајна постапка во странство.

**Пребивање**
**Член 459**

(1) Пребивањето не е дозволено ако побарувањето е отстапено во времето меѓу денот на отворање на странската стечајна постапка и денот на објавување на решението за признавање на странската одлука за отворање на стечајната постапка на судската табла, според членот 451 став (4) на овој закон, а ќе биде докажано дека новиот доверител (цесионер) во моментот на отстапувањето знаел или морал да знае дека против должникот е отворена стечајна постапка во странство.

(2) Ако побарувањето е отстапено по објавување на огласот за предлогот за признавање во "Службен весник на Република Македонија", според членот 449 став (1) од овој закон, ќе се смета дека новиот доверител (цесионер) во моментот на отстапувањето знаел или морал да знае дека против должникот е отворена стечајна постапка во странство.

**Привилегирани побарувања, излачни и разлачни доверители**

**Член 460**

(1) Признавањето на странска одлука за отворање на стечајна постапка не влијае на правото на доверителите своите побарувања, наведени во членот 462 став (1) точки 1 и 2 на овој закон, да ги намират во полн износ ако за тоа е доволен делот од имотот на стечајниот должник кој не е оптоварен со права на трети лица кои во моментот на објавувањето на решението за признавање на огласната табла, според членот 334 став (4) од овој закон, се наоѓаат во Република Македонија.

(2) Заради остварување и обезбедување на своите права, доверителите од ставот (1) на овој член се овластени и по признавањето на странската одлука за отворање на стечајна постапка да водат парнична постапка против должниковиот имот, како и постапка за извршување и обезбедување.

(3) Излачните и разлачните доверители од членот 440 на овој закон се овластени во Република Македонија да покренат парнични постапки и постапки за извршување, односно обезбедување под условите кои би можеле да ги водат и кога во Република Македонија би била отворена стечајна постапка.

(4) На предлог од странскиот стечаен управник надлежниот орган за извршување ќе го одложи извршувањето од ставот (2) на овој член, ако тоа е нужно за да се остварат намирувањата на доверителите на стечајниот должник во поголем процент. Одлагањето може да трае до три месеца со можност да се одреди ново одлагање, но најмногу до првата делба во странската стечајна постапка. Надлежниот орган за извршување може во секој момент, на предлог од доверителите или од странскиот стечаен управник, да го отповика одлагањето ако повеќе не постојат причините за тоа.

**Признавање странска одлука со последица за отворање на стечајна постапка во Република Македонија**

**Член 461**

(1) Во предлогот за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка, странскиот стечаен управник или доверителот може, како непосредна правна последица за признавање, да бара отворање на стечајна постапка во Република Македонија. Отворање на посебна стечајна постапка во Република Македонија стечајниот управник може да бара и со поднесок упатен до судот во рок од 15 дена од приемот на писменото од членот 465 став (2) на овој закон. Отворање на таа стечајна постапка доверителот може да бара и со поднесок што го упатува на судот врз основа на членот 448 став (1) точка 4 од овој закон.

(2) Во случаи од ставот (1) на овој член правните последици ги определува исклучиво стечајното право на Република Македонија, освен ако со членовите од 439 до 443 и од 462 до 467 на овој закон изричито нешто друго не е предвидено. Во тој случај, на соодветен начин, се применуваат членовите од 456 до 459 на овој закон.

**Отворање на посебна стечајна постапка во Република Македонија на предлог на доверителите**

**Член 462**

(1) Судот ќе отвори стечајна постапка на предлог на:
1) надлежниот фонд за здравствено осигурување и надлежните фондови за пензиско и инвалидско осигурување за побарувања кои, според закон, задолжително се издвојуваат од приходот, односно од платата, како и органите на Република Македонија и нејзините единици на локалната самоуправа и Управата за јавни приходи и други побарувања кои влегуваат како приход во Буџетот и
2) вработените кај стечајниот должник со постојано место на работење во Република Македонија.

(2) На предлог од доверителите кои не припаѓаат кон доверителите од ставот (1) на овој член, судот ќе отвори стечајна постапка во Република Македонија само ако на доверителот му се стори веројатно дека намирувањето на некои побарувања во странската стечајна постапка би било врзано со посебни тешкотии.

(3) По исклучок од одредбата во ставовите (1) и (2) на овој член заради остварување што порамномерно и поцелосно намирување на доверителите на меѓународно ниво, судот нема да отвори стечајна постапка во Република Македонија ако оцени дека отворањето на таа постапка, со оглед на големината на побарувањата на доверителите од ставовите (1) и (2) на овој член, би било економски неоправдано. При оценувањето судот може да се консултира со странскиот стечаен управник.

**Овластувања на странскиот стечаен управник**

**Член 463**

(1) Покрај стечајниот управник на посебната стечајна постапка, доверителите и странскиот стечаен управник можат во таа постапка да ги оспоруваат пријавените побарувања.

(2) Право на побивање на правните дејства на стечајниот должник во стечајната постапка во Република Македонија му припаѓа и на странскиот стечаен управник.

(3) Трошоците на странскиот стечаен управник, кои ќе настанат во врска со вршењето на овластувањата од ставовите (1) и (2) на овој член, не се сметаат за трошоци на стечајна постапка во Република Македонија.

**Намирување на доверители**

**Член 464**

(1) По намирување на трошоците и другите обврски на стечајната маса, на излачните и разлачните доверители, како и на доверителите од членот 462 став (1) на овој закон, преостанатата стечајна маса ќе се подели на доверителите во согласност со одлуката за делба, што судот ќе ја донесе врз основа на одлуката за делба или на неа соодветна делбена основа, донесена во странска стечајна постапка. Ако при изработката на странската одлука или делбена основа не се земени предвид утврдените побарувања во стечајната постапка во Република Македонија, судот преостанатата

стечајна маса ќе ја подели на доверителите чии побарувања се утврдени во стечајната постапка во Република Македонија, водејќи притоа сметка во која мера некои од нив се земени предвид при поделбата на стечајната маса во странската стечајна постапка.

(2) При поделбата на преостанатата стечајна маса, судот нема да јаземе предвид странската одлука за делба ако во неа предвидената поделба е резултат на примена на правила кои се спротивни на јавниот поредок во Република Македонија. Истото се однесува и кога странската одлука за делба не е доставена до судот во рамките на рокот што тој го одредил.

(3) Стечајната маса што ќе преостане по намирувањето на доверителите, според одредбата од ставовите (1) и (2) на овој член, веднаш ќе се предаде на странскиот стечаен управник.

(4) Ако стечајната маса не е доволна да се намират утврдените побарувања во стечајната постапка во Република Македонија, според ставовите (1) и (2) од овој член, доверителите можат ненамирениот дел од своите побарувања да го намират само во странската стечајна постапка според правилата на странското стечајно право.

**Посебна стечајна постапка во странска држава**
**Член 465**

(1) Ако доверителот делумно ги намири своите побарувања во посебната стечајна постапка која е отворена против стечајниот должник во некоја странска држава, а со која е опфатен само имотот на стечајниот должник во таа странска држава, тој може да го задржи примeното. По одбивањето на трошоците кои доверителот ги имал во остварувањето на намирувањата во странската стечајна постапка, примeното во таа постапка се пресметува во процент кој му припаѓа во посебната стечајна постапка во Република Македонија. Такво пресметување нема да има, ако доверителот делумното намирување во таа странска стечајна постапка го остварил како разлачен доверител или врз основа на дозволено пребивање.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член ќе се применат и кога доверителот делумно го намирил своето побарување по пат на извршна постапка во странска држава.

**Пријава на побарувањата во странската стечајна постапка**
**Член 466**

(1) Стечајниот управник на посебната стечајна постапка отворена во Република Македонија е должен пријавеното побарување на доверителот во таа постапка да го пријави во странска стечајна постапка, ако тоа од него се побара и ако доверителот го овласти за тоа.

(2) Домашниот стечаен управник е овластен во странската главна стечајна постапка да остварува право на глас врз основа на пријавените побарувања во посебна стечајна постапка во Република Македонија, ако доверителот на тоа побарување не учествува во гласањето.

**Соработка на стечајните управници**
**Член 467**

(1) Освен меѓусебните размени на известувања, според членот 459 од овој закон, стечајниот управник на посебната стечајна постапка во Република Македонија е должен на стечајниот управник на странската главна стечајна постапка да му овозможи да се изјасни за начинот на впаричување на имотот на стечајниот должник кој е опфатен во домашната посебна стечајна постапка.

(2) На стечајниот управник на странската главна стечајна постапка ќе му се достави и планот за реорганизација на посебната стечајна постапка во Република Македонија. Тој има право и самиот да предложи план за реорганизација на посебната стечајна постапка.

## Глава четврта

## НЕПРИЗНАВАЊЕ СТРАНСКА ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

### Одбивање предлог за признавање

### Член 468

(1) Ако го одбие предлогот за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка судот, на предлог од доверителите или стечајниот должник, ако тоа е потребно заради рамномерно намирување на сите должникови доверители, ќе отвори стечајна постапка во Република Македонија.

(2) Предлогот од ставот (1) на овој член може да се поднесе во рок од осум дена од денот на објавувањето на решението за одбивање на предлогот за признавање на странската одлука на огласната табла во судот и во "Службен весник на Република Македонија". Тој предлог може да биде содржан во поднесок кој се доставува во судот,согласно со членот 448 став (1) точка 4 од овој закон.

(3) Стечајната постапка од ставот (1) на овој член го опфаќа само имотот на стечајниот должник кој се наоѓа во Република Македонија.

### Жалба

### Член 469

(1) Против решението со кое е одбиен предлогот за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка, странскиот стечаен должник, странскиот стечаен управник и доверителите имаат право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(2) Жалбата не го задржува решението од извршување.

### Предлог за отворање на стечајна постапка кога странската одлука за отворање на стечајна постапка не може да се признае

### Член 470

(1) Секој доверител, како и стечајниот должник, се овластени да бараат отворање на стечајна постапка во Република Македонија независно од тоа што е отворена главна стечајна постапка во странска држава ако се исполнети условите поради кои предлогот за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка би можел да биде одбиен.

(2) Судот ќе дозволи отворање на стечајна постапка во Република Македонија во случајот од ставот (1) на овој член ако тоа го бара начелото на рамномерно намирување на должниковите доверители.

(3) При донесувањето на решението за отворање на стечајна постапка од ставот (1) на овој член, судот во неможност за признавање на странската одлука за отворање на стечајна постапка ќе одлучи како по претходно прашање.

(4) Стечајната постапка од ставот (1) на овој член го опфаќа само имотот на стечајниот должник кој се наоѓа во Република Македонија.

## Глава петта
## СТРАНСКИ ПОРАМНУВАЊА И ДРУГИ СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ
### Странска одлука за одобрување на порамнување или странски план за реорганизација
### Член 471

На признавањето странска одлука за одобрување на порамнување или план за реорганизација, како и признавање странска одлука донесена во некоја друга слична постапка, на соодветен начин ќе се применат одредбите на овој закон за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка.

## Дел тринаесетти
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
### Примена на досегашното право
### Член 472

(1) Стечајните постапки отворени до влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат според прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Судовите надлежни за водење на стечајната постапка се должни во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон до Централниот регистер на Република Македонија да ги достават решенијата за отворените стечајни постапки кои до влегувањето во сила на овој закон не се завршени, заради нивно евидентирање во Единствениот трговски регистар.

### Примена на овој закон
### Член 473

Овој закон се применува на постапките по предлозите поднесени од предлагачите, а по кои не е отворена стечајна постапка пред влегувањето во сила на овој закон.